РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1054
Скопје, 15 мај 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Бр. _____
__25.1. 2010_
Скопје

Содржина на Билтен број 15 мај 2013 година

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Лонгитудинална процена на менталното здравје и квалитетот на живот кај лица со долготраен посттрауматски стрес,** од **м-р Катерина Наумова,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....1-5
2. Рецензија на докторската дисертација **Дијаболичната природа на светото,** од **м-р Марија Тодоровска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....6-12

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Павле Дробаров, Гане Кочов, Љубица Томиќ, Елена Заркова, Верица Јакимовска, Даница Сокословска, Ана Крлеска, Дарко Младеновски, Александар Чочевски, Неби Адеми, Невенка Поп-Ангелова, Арсовска Марина, Виолета Даскаловска, Џелал Незири, Рахамин Мизрахи)**.....13-14

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал инвестиран во компаниите во Република Македонија,** од **м-р Александар Наумоски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....15-24

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на ЈНУ Институт за македонска литература во Скопје **(м-р Валентина Поцеска)**..... 25

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Снежана Удицки, Олгица Пецкова, Сабедин Селмани)**.....26

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на кредитниот ризик врз адекватноста на капиталот кај банките во Република Македонија,** од **м-р Драган Коцески,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....27-31

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на еден наставник по предметите од наставно-научната област телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Зоран Хаџи-Велков)**.....32-42
2. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент по предметите од наставно-научната област автоматика и системско инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Горан Стојановски)**.43-67

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Можности за користење на искуствата на Европската унија во поддршката на малите и средните претпријатија и претприемништвото во Република Македонија,** од **м-р Мартина Крстевска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....68-75

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Тина Масевска, Петар Ефремов, Страшо Ангеловски, Роберт Божинов, Катерина Пижевска. Јанаки Митровски, Александра Заринска, Златко Крстески, Андон Љакоски, Ибадете Ковачки, Александра Коцевска, Биљана Поповиќ, Христина Илиеска, Кристина Митевска, Александар Сибиновски, Филип Илиовски, Ребека Митровиќ, Иво Нешовски, Цеце Најдески, Ивана Јакимовска, Стефан Степаноски, Стојанче Наумов, Зоран Ричлиев, Даниел Ѓокески, Милена Петреска, Висар Полику, Катерина Трајкова, Кристина Томашевска, Константин Котески, Нена Спасов, Ана Маркоска, Анастазија Анастасовска, Виктор Спирески, Александра Георгиевска, Марија Антевска, Стефан Тевдовски, Васко Темелков, Александра Георгиевска, Ристе Вртовски, Кристина Петровска, сандра Чакмакова, Александра Станковска, Александра Макаровска, Александар Атанасовски, Борјан Крстевски, Сања Пендароска, Ружица Грозданова, Дара Божиноска, Емилија Трајковска, Деспина Циковска, Викторија Силјановска, Трајче Попов, Мајда Дамиковска, Викторија Силјановска, Мери Стојаноска, Мартин Богоевски, Александар Данаилов, Наташа Донева, Ивона Сиевска, Наташа Петковска, Билјана Бојковска, Елена Гунова, Елена Николоска, Маријан С. Пољавиќ, Филип Ковачески)**.....76-83
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Никола Амбарков, м-р Весна Гоцева, м-р Александар Станојевиќ**).....84

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

1. Реферат за избор на наставник во сите звања на групата наставни програми, проектирање на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**д-р Катерина Деспот**).....85-95

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Лидија Кануркова, д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, д-р Маја Поп Стефанова**).....96-130

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Љубомир Папаров, Жарко Јованоски, Христијан Настоски, Ленче Димитријевиќ, Викторија, Анита Томевска, Анита Трајаноска, Мартин Јосифовски, Марија Мургашанска, Иван Петрушевски, Дејан Стојковски, Елена Трајчевска, Марија Младеновиќ, Невена Ристовски, Маја Крстевска, Елена Апостолоска, Мартина Јанковска, Ивана Јанева, Јасминка Симоновска, Игор Спасевски, Ања Славковиќ, Виолета Димитрова, Марија Петреска**).....131-132

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје (**Валентина Велкоска-Накова, Татјана Петрушевска, Билјана Пргова, Авни Кучи, Стојан Бајрактаров**).....133

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Историскиот развој на македонската битова драма од м-р Владимир Талески,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....134-137

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(Бобан Митевски, Илија Илиевски, Томе Ефтимов, , Петар Ристоски, Кирил Кировски, Николина Дренковска, Ана Ѓорѓиева, Диана Наумовска, Даниела Милевска, Катерина Тударова, Славчо Горчески, Моника Симјановска, Александар Тенев, Јане Јовановски, Горан Николов)**.....138

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Реферат за избор во сите наставно-научно звања од областа основи на тесно-стручни наставни области по предметот основи на ликовното образование со методика за студентските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик и од областа тесно стручни наставни области по предметот куклярство и сценографија за студентската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(м-р Бурхан Ахмети)**.....139-151

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област овоштарство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Александар Марковски)**.....152-164
2. Реферат за избор на редовен професор во научната област генетика и селекција на растително призводство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Добре Андов)**.....165-188

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на 2 наставника во сите наставно-научни звања по група предмети од научната област дентална патологија на Катедрата за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Соња Апостолска, д-р Лидија Поповска)**.....189-218
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа стоматолошка протетика на Катедрата за стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Билјана Капушевска, д-р Никола Гиговски, д-р Јадранка Бундевска, д-р Весна Коруновска, д-р Сашо Еленчевски)**.....219-269
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Оливер Димитровски, д-р Едвард Јанев)**.....270-292

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите: архитектонско проектирање 4, архитектонско проектирање 6, теорија на архитектурата и архитектонско студио од 5 до 9, на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Анета Христова-Поповска)**.....293-312
2. Рецензија за оценка на дикторската дисертација **Геометриските и перспективните системи - средства за супернонирана визуелизација на сакралната слика и внатрешната архитектура во средновековна Македонија** изработена од **м-р Бојан Каранаков,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....313-317

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на редовен професор по предметите акт со пластична анатомија и методика на ликовна култура на Катедрата за ликовна педагогија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(д-р Фехим Хусковиќ)**.....318-336

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Управната функција на државата во остварување на правото на човекот на здрава животна средина,** од **м-р Јована Булатовиќ,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....337-343

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во насловно звање-вонреден професор во научната област логопедија на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Силвана Филипова)**.....344-352
2. Рецензија на докторската дисертација **Основни проблеми и особености на руската религиска философија,** од **м-р Трајче Стојанов,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....353-360

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Маја Кајганарова, Ана Блажевска, Димче Ацпоски, Весна Хриќиќ, Тања Цветковска, Нада Затараковска, Маја Муратовска-Чанговска, Мишко Штерјов, Оливера Крстевска, Виктор Илиевски, Мартин Михајловиќ, Никола Намичев, Тијана Јаќимовиќ)**.....361

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија на докторската дисертација **Деликвентното поведение на адолесцентите од средните училишта во Р. Македонија во контекст на родителското воспитување,** од **м-р Агим Салмани,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.....362-367

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Сметководствени аспекти на современите системи за мерење на резултатите: концепти, проблеми и предизвици,** од **м-р Марина Трпеска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....368-376
2. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст, со посебен осврт на Република Македонија,** од **м-р Елена Наумовска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....377-384

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Рецензија на докторската дисертација **Структура на антропометриските карактеристики, моторичките способности и психолошките особини и нивното влијание на успешната техничка изведба на елементите од спортска гимнастика кај студентите од прва година на Факултетот за физичка култура во Скопје,** од **м-р Катерина Спасовска,** пријавена на Факултетот за физичја култура во Скопје.....385-390

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмети флејта, оркестарски делници за флејта и камерна музика за дувачки инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Страшо Темков)**.....391-398
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет биг-бенд и по група наставни предмети од областа на популарните жанрови на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос **(м-р Кире Костов)**...399-405

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на насловен доцент од областа на органската хемија и биохемијата на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Олгица Тренчевска)**.....406-413
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа на наставната хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Марина Стојановска)**.....414-426

3. Реферат за избор на еден насловен вонреден професор по група предмети од областа на биохемијата на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Добрин Неделков**).....427-434
4. Реферат за избор на еден асистент од областа на аналитичката хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Јасмина Петреска Станоева**).....435-439

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по групата предмети: методика на испитување на органски соединенија, преработка на полимерите 1, карактеризација на полимерите, биоразградливи полимерни материјали, полимери и полимерни материјали за амбалажа на храна на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**д-р Александра Бужаровска**).....440-453

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Сашко Ристов, д-р Данко Илиќ**).....454-471
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област математика и теориски основи на информатиката на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Марија Михова, д-р Данко Илиќ**).....472-498
3. Реферат за избор на соработник-асистент по предмети од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**м-р Магдалена Костоска, м-р Цветанка Ацевска**).....499-506

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЛОНГИТУДИНАЛНА ПРОЦЕНА НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ КАЈ ЛИЦА СО ДОЛГОТРАЕН ПОСТТРАУМАТСКИ СТРЕС" ОД М-Р КАТЕРИНА НАУМОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0903-1665/08 од 28.3.2013 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 27.3.2013 година, формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Лонгитудинална процена на менталното здравје и квалитетот на живот кај лица со долготраен посттрауматски стрес", поднесена од м-р Катерина Наумова, во состав: проф. д-р Миклош Биро, проф. д-р Олга Мурџева-Шкарик, проф. д-р Михајло Поповски, проф. д-р Благоја Јанаков и проф. д-р Николина Кениг. Комисијата ја прегледа и ја оцени дисертацијата и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Катерина Наумова содржи 170 страници основен текст, список со 123 библиографски единици (речиси сите на англиски јазик, а половината објавени во последните 5 години) и прилог од 44 страници.

Овој труд е прв обид за проспективно следење во период од пет години на текот и промените во посттрауматските последици кај лица со долготраен посттрауматски стрес поврзан со воениот конфликт од 2001 година во Македонија. Воведот на трудот започнува со претставување на особеностите на посттрауматското стресно растројство како најистражуван одговор на различни видови траумaтизација, по што следи пресек на клучните теоретските приоди кои се обидуваат да ја објаснат неговата појава, тек и можности за третман. Прегледот на релевантните емпириски истражувања се фокусира на наоди од лонгитудинални студии кои ги испитувале позитивните и маладаптивните траектории на посттрауматски одговори, коморбидитетот на посттрауматското стресно растројство со други ментални растројства, потоа факторите на ризик за неговата појава и одржување, поврзаноста на долготрајниот посттрауматски стрес со квалитетот на животот и карактеристиките на воената траумaтизација како фактор за хроничен посттрауматски одговор.

Во истражувачкиот дел на трудот се дефинирани проблемот и целите на истражувањето, како и пет групи истражувачки хипотези. Основна цел на ова проспективно истражување е да се утврдат особеностите на процесот на посттрауматско закрепнување кај лица со долготраен посттрауматски стрес, да се споредат последиците на планот на менталното здравје и квалитетот на живот кај лица со хронично

посттрауматско стресно растројство и лица со долготраен посттрауматски стрес, но без посттрауматско стресно растројство, како и да се определат факторите што се поврзани со различни траектории на посттрауматска адаптација.

Истражувањето вклучува три процени на менталното здравје и квалитетот на живот кај лица со посттрауматско стресно растројство и две процени кај лица со долготраен посттрауматски стрес, но без посттрауматско стресно растројство. Иницијалната процена е спроведена во 2005 година во рамки на меѓународен проект CONNECT (во кој биле вклучени осум универзитетски центри од четири балкански земји и од три земји-членки на ЕУ), при што биле идентификувани 126 лица, од кои кај 54 било утврдено присуство на посттрауматско стресно растројство, а кај 72 било утврдено присуство на клинички значаен посттрауматски стрес, иако не ги задоволувале дијагностичките критериуми за посттрауматско стресно растројство. Првата последователна процена е спроведена во 2006 година, а втората последователна процена е спроведена во 2010 година, односно девет години по завршувањето на воениот конфликт и ги вклучува само лицата кај кои во иницијалната студија било утврдено присуство на сегашно посттрауматско стресно растројство. Речиси сите испитаници се етнички Македонци и етнички Албанци.

Прибирањето на податоците е вршено со повеќе инструменти: прашалник за социодемографски податоци, прашалник за процена на вид и степен на трауматизација, две скали и едно структурирано клиничко интервју за процена на менталното здравје, и еден прашалник за процена на квалитетот на животот. При обработката на прибраните податоци применети се постапки на дескриптивна, диференцијална, корелациска и регресивна анализа, како и лонгитудинално моделирање на развојни патеки.

Приказот на добиените резултати е најопсежен дел на трудот. Во него најпрво се изложени споредбените наоди за посттрауматската адаптација кај испитаниците со хронично посттрауматско стресно растројство и оние со долготраен посттрауматски стрес, но без посттрауматско стресно растројство. По нив, следуваат особеностите на текот на посттрауматското закрепнување кај двете поединечни групи испитаници. На крајот се презентирани резултатите во однос на утврдените траектории на посттрауматско стресно растројство.

Со оглед на бројноста и разновидноста на добиените резултати, ќе се задржиме само на некои од нив. Имено, наодите потврдуваат дека процесот на адаптација по кумулирана трауматизација е сложен и има варијабилен тек за голем дел од трауматизираните лица. Кај лицата со посттрауматско стресно растројство постои историја на поистакната трауматизација, како и поистакнати и посложени последици на план на менталното здравје. При двете процени овие испитаници доживувале поголем број и поистакнати посттрауматски и други видови психопатолошки симптоми. Во целост, наодите укажуваат на послаби капацитети за посттрауматска адаптација кај испитаниците со посттрауматско стресно растројство во споредба со испитаниците со долготрајни посттрауматски стресни реакции, но без присуство на посттрауматско стресно растројство. Дополнителна пречка за процесот на посттрауматско закрепнување во присуство на посттрауматско стресно

растројство е постоењето на коморбидитет од најмалку две ментални растројства. Најчести ментални растројства кај двете групи испитаници при првата процена се дистимијата и суицидалноста, што е потврда за сложената природа на посттрауматските одговори независно од степеност на дисфункционалност до кој доведуваат. Кај испитаниците со посттрауматско стресно растројство, покрај тоа, значајно повисока е стапката на преваленција на тешка депресивна епизода и на панично растројство. Наспроти тоа, кај испитаниците со долготрајни посттрауматски стресни реакции повисока е стапката на преваленција на генерализирано анксиозно растројство. Присуството на посттрауматско стресно растројство, покрај тоа, е утврдено дека е поврзано и со понизок квалитет на живот.

Истражувањето покажало дека кај мал број од испитаниците кои доживуваат долготрајни посттрауматски стресни реакции во отсуство на посттрауматско стресно растројство, може да се зборува за присуство на парцијално посттрауматско стресно растројство, иако при втората процена кај овие испитаници е утврден значаен пад во истакнатоста на трите групи посттрауматски симптоми. Кај овие испитаници се утврдени етнички разлики во однос на истакнатоста на дел од проблемите со менталното здравје и квалитетот на живот. Имено, во двата наврата, испитаниците етнички Македонци доживувале значајно поистакнати симптоми од неколку психопатолошки димензии во споредба со испитаниците етнички Албанци, а доживувале и значајно понизок степен на задоволство од неколку области од животот.

Фактори на ризик за поистакнати проблеми со менталното здравје кај испитаниците со долготрајни посттрауматски реакции се повисоката возраст и бројот на доживеани трауми, додека фактори на ризик за понизок квалитет на живот се бројот на доживеани трауми и истакнатоста на посттрауматските и другите психопатолошки симптоми. Раселувањето, од една страна, се издвоило како фактор на заштита на менталното здравје, а од друга како фактор на ризик за низок квалитет на живот.

Во однос на специфичностите на текот на посттрауматската адаптација на испитаниците со хронично посттрауматско стресно растројство, истражувањето утврдило опаѓање на стапката на преваленција на сегашно посттрауматско стресно растројство при трите процени, иако кај голем дел од испитаниците при двете последователни процени е утврдена можност за постоење на парцијално посттрауматско стресно растројство. Кај овие испитаници се утврдени и значајни варијации во истакнатоста на поединечните групи посттрауматски реакции при трите процени. Ваквите наоди ја подржуваат концепцијата за варијабилниот тек на посттрауматското стресно растројство и можноста за негова реактуелизација во различни животни периоди.

Ограничените капацитети за закрепнување кај овие испитаници се дополнително оптоварени со присуството на висока стапка на коморбидитет при трите процени. Притоа со текот на времето се зголемува процентот на испитаници кај кои е утврден коморбидитет од три или повеќе ментални растројства. Тенденцијата на усложнување на коморбидитетот не е прогресивна, но при последната процена е присутна кај третина од испитаниците.

Како претрауматски и перитрауматски фактори на ризик за поистакнати симптоми на посттрауматски стрес во оваа група се издвоиле повисоката возраст, пониското образование и поголемиот број доживеани трауматски настани. При трите процени е утврдена значајна поврзаност меѓу истакнатоста на посттрауматските стресни реакции и други психопатолошки симптоми. Не се утврдени значајни варијации во задоволството од живот при трите процени, кое овие испитаници го проценуваат како мешано (ниту се задоволни ниту се незадоволни од животот). Квалитетот на животот кај овие испитаници се покажало дека е најсилно поврзан со истакнатоста на психопатолошките симптоми, и релативно послабо со истакнатоста на посттрауматските стресни реакции. Истакнатоста на психопатолошките симптоми се издвоила како фактор на ризик за низок квалитет на живот при секоја последователна процена, додека истакнатите посттрауматски доживувања при првата процена се поврзани со пониско задоволство од животот само при втората процена.

Во однос на лонгитудиналниот тек на посттрауматската адаптација, утврдени се четири траектории на посттрауматско стресно растројство: закрепнување - кај повеќе од половина од испитаниците, ремисија - кај секој шести испитаник, релапс - кај секој десетти испитаник, и хронична траекторија на посттрауматско стресно растројство - кај секој шести испитаник. Како значајни предиктори за траекторијата хронично посттрауматско стресно растројство се издвоиле помал број доживеани трауми при првата процена, како и поистакната посттрауматска симптоматологија и постоење на коморбидитет при втората и третата процена.

Истражувањето покажало и дека траекториите на посттрауматско стресно растројство се поврзани со разлики во квалитетот на животот. Испитаниците со хронично посттрауматско стресно растројство при последните две процени го проценувале квалитетот на својот живот значајно пониско од испитаниците кои закрепнале, а при втората процена и од испитаниците кои актуелно доживувале релапс. Овој наод потврдува дека хроничното посттрауматско стресно растројство е фактор на ризик за долготрајно понизок квалитет на живот.

Во Дискусијата, како последен дел на трудот, се анализирани и толкувани наодите релевантни за целите на истражувањето и за поставените хипотези. Во Дискусијата, исто така, се образложени и импликациите и ограничувањата на истражувањето. Наодите во целост ги поткрепуваат досегашните сознанија за варијабилниот тек на процесот на посттрауматско закрепнување, особено при кумулирана трауматизација. Во процесот на адаптација до одреден момент последиците се слични за сите лица изложени на приближно идентичен контекст на воена трауматизација, но од еден момент понатаму поголема улога во текот на закрепнувањето почнуваат да играат посттрауматските околности, личносните предиспозиции, претходната историја на справување со стресни животни искуства, нарушеното ментално здравје, објективните и субјективните околности на животот. Со оглед на временската дистанца и општествените околности кои ја следат воената трауматизација, наодите ја нагласуваат потребата за интервенции на ниво на колективните траектории на посттрауматска адаптација, во чиј

контекст се развиваат и менуваат индивидуалните траектории на посттрауматско закрепнување.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација на м-р Катерина Наумова под наслов „Лонгитудинална процена на менталното здравје и квалитетот на живот кај лица со долготраен посттрауматски стрес" претставува единствено неколкугодишно проспективно истражување на текот и промените во посттрауматските последици кај лица со долготраен посттрауматски стрес поврзан со воениот конфликт од 2001 година во Република Македонија. Трудот претставува компетентен спој на досегашните теоретски и емпириски сознанија од оваа област, при што треба да се истакне вредноста на проспективниот нацрт што овозможува откривање на различни траектории на посттрауматска адаптација, како и утврдување на фактори на ризик кои влијаат врз процесот на одржување на посттрауматската симптоматологија.

Врз основа на прикажаната анализа, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија на трудот на м-р Катерина Наумова и да одобри јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 16.4. 2013 година

Комисија

Проф. д-р Миклош Биро, с.р.
Проф. д-р Олга Мурцева-Шкариќ, с.р.
Проф. д-р Михајло Поповски, с.р.
Проф. д-р Благоја Јанаков, с.р.
Проф. д-р Николина Кениг, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД
ДИЈАБИЛИЧНАТА ПРИРОДА НА СВЕТОТО
ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАРИЈА ТОДОРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 36-та редовна седница одржана на 27 март 2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторскиот труд *Дијаболичната природа на светото*, поднесен од м-р Марија Тодоровска. Комисијата во состав: проф. д-р Љубомир Цуцуловски, проф. д-р Мирко Гошевски, проф. д-р Ана Димишковска, проф. д-р Иванчо Атанасовски и доц. д-р Ристо Солунчев има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд на кандидатката м-р Марија Тодоровска опфаќа 274 страници, пишувани со стандарден проред, формат А4. Трудот е структуриран на следниот начин: покрај *Воведот*, опфаќа четири глави: *Верувањето во мана како света моќ*; *Светото како основа на религијата во теоријата на Емил Диркем*; *Определувањето на нуминозното во теоријата на Рудолф Ото* и *Концепцијата за светиот свет кај Мирча Елијаде*. Секоја од четирите глави, со исклучок напрвата глава *Верувањето во мана како света моќ*, поделенае на повеќеподзаглавија, со што кандидатката постигнува поголема систематичност и прегледност на трудот. Веднаш по четирите глави доаѓа *Заклучокот*, како и приложената Библиографија која опфаќа 273 значајни трудови, текстови или енциклопедиски одредници, кои имаат суштинско значење за докторскиот труд на кандидатката м-р Марија Тодоровска.

Во *Воведот*, м-р Марија Тодоровска го определува предметот на својот докторски труд. Според неа, тоа ќе бидат сфаќањата на најзначајните истражувачи на религиозниот феномен, според кои суштинска одлика на секоја религија, без разлика за која религија станува збор, е верувањето во светото; односно дека светот е она што религијата ја прави да биде тоа што е – религија. Во оваа смисла, кандидатката м-р Марија Тодоровска најавува дека, пред сè, ќе се задржи врз сфаќањата на познатиот француски социолог и теоретичар Емил Диркем, врз учењето и определувањето на светото кај познатиот германски теолог Рудолф Ото, како и врз анализите и пристапите кон светото на еден од најплодните религиолози од 20 век, Мирча Елијаде. Потенцирајќи дека своето внимание ќе го задржи, во основа, на овие тројца истражувачи на религијата, кандидатката м-р Марија Тодоровска додава дека нив нема да ги разгледува независно од другите

истражувачи на религијата, бидејќи нивните влијанија не можат да се исклучат врз формирањето на концепциите за религијата кај Емил Диркем, Рудолф Ото или Мирча Елијаде. Тоа значи дека уште во *Заклучокот* е најавен поопфатен пристап кон светото, како и кон религијата воопшто. Притоа, кандидатката м-р Марија Тодоровска образложува зошто својот докторски труд го насловила *Дијаболичната природа на светото*. Таа е свесна дека терминот *дијаболично* упатува на нешто што е ѓаволско, бидејќи во основата на овој термин е латинскиот збор *diabolus*, кој на македонски се преведува со терминот *ѓавол*. Сепак, м-р Марија Тодоровска се одлучува да го употребува овој термин, сметајќи дека тој поблиску ја осветлува природата на светото, сеедно што не е во целост адекватен. Имено, во природата на светото е кај верникот да предизвикува две спротивставени чувства: чувство на привлечност, на нешто убаво и посакувано, но дека, во исто време, светото е нешто што заплашува и кое, во таа смисла, одбива; односно, дека природата на светото е амбивалентна. Светото е нешто што силно се посакува, но кое, наедно, одбива и заплашува. Амбивалентноста, во секој случај, е поширок поим од поимот *дијаболично*. Во оваа смисла, м-р Марија Тодоровска напоменува: „Идејата за светото е комплексна и по природа амбивалентна, дијаболична. Дијаболичноста во оваа смисла не е разбрана како ѓаволска, сатанска карактеристика на изопаченост, нечесност и деструктивност, туку како силна и детерминирачка амбивалентност, како инхерентно повеќезначна и тензична природа, како збир на спротивставености, како нешто кое истовремено привлекува и одбива, кое утешува и се заканува, кое твори, организира, но и ограничува и потенцијално уништува. Додека сè што е дијаболично е амбивалентно, не сè што е амбивалентно е дијаболично, затоа дијаболичноста е поспецифична и, во случајов, поопределувачка категорија од амбивалентноста.“ (стр. 3). Значи, кандидатката е сосема свесна дека терминот *дијаболично* упатува на нешто сатанско, нечесно или деструктивно, но дека, сепак, се одлучува за него, бидејќи има потензична природа отколку амбивалентното и дека, во оваа смисла, уште повеќе ја истакнува амбивалентноста на светото. Потоа, во *Воведот* кандидатката м-р Марија Тодоровска упатува на методите со кои ќе се служи при изработувањето на својот докторски труд.

Првата глава, *Верувањето во мана како света моќ* (стр. 10-32), е единствената која не е поделена на подзаглавија. Во неа, кандидатката м-р Марија Тодоровска се задржува на распространетите верувања, карактеристични за примитивните, примордијални народи, во постоењето на една сеприсутна сила, која вообичаено се именува како мана. Според неа, за оние што веруваат во неа, маната претставува моќна и натперсонална сила. Меѓутоа, таа не е каква било сила, туку маната е света сила, благодарение на која постојат човекот, неговата заедница, неговата средина и сè што тој, човекот, познава и прави. (cf. стр.10). Маната, нагласува кандидатката м-р Марија Тодоровска, кај различни народи – или во различни делови од светото, сеедно – различно се нарекува. Така, кај некои северноамерикански племиња оваа сила се нарекува *вакан*, кај други *оранда*, кај трети *маниту* итн. Меѓутоа, сеедно како се нарекува, маната насекаде и кај сите примитивни заедници претставува манифестација на светото; таа е еден вид хиерофанија,

бидејќи и е света. Наедно, како света, таа поседува огромна моќ и, во таа смисла, може да се рече дека претставува еден вид кратофанија (cf. стр.10), како што истакнувал, помеѓу другите, Мирча Елијаде во делото *Митови, соништа и мистерии*.Во истражувањето и опишувањето на маната, кандидатката м-р Марија Тодоровска се задржува врз ставовите и сознанијата на повеќе истражувачи не само на овој феномен, туку на светото, како и на религијата воопшто. Во овој дел од докторскиот труд можат да се сретнат мислењата на познатите истражувачи Едвард Еванс-Причард, Роберт Р. Марет, Роберт Х. Кодрингтон или, пак, на Џејмс Фрејзер, на Емил Диркем или на Марсел Мос. Во овој дел од трудот кандидатката м-р Марија Тодоровска ги анализира и ги споредува сознанијата на овие автори, како и на многу други, кои се, повеќе или помалку, значајни во истражувањето на маната и феномените непосредно поврзани со неа. Заедничкиот заклучок скоро на сите истражувачи е дека маната е нешто различно од природата (световното), како што е и светото различно од секојдневното, профаното, и дека во таа смисла поседува застрашувачка моќ на привлекување, на нешто што е сакано и посакувано, но дека, од друга страна, поседувајќи огромна моќ, таа одбива, доведувајќи до нејзина забрана (третирана е како табу), бидејќи кај верниците предизвикува чувство на ужас. Или, како што е укажано во докторскиот труд, Марет ја поврзува со чувството на стравопочит (*awe*), кое е слично на она што Рудолф Ото на германски јазик го означува како *scheu*, односно на англиски како *shy* (cf. стр. 29). Крајниот став, односно теза на кандидатката м-р Марија Тодоровска е дека маната „... со тоа што е света, ги има основните карактеристики на светото [...] Како и да е концептуализирано светото, на каков и начин религиозниот култ да му е посветен, тоа е секогаш дијаболично, секогаш познато и блиско и сосема одделено и далечно, секогаш истовремено почитувано и посакувано, а со тоа и забрануване, дејствувачко и ограничувачко, секогаш збир на суштински спротивности." (стр. 32).

Вториот дел, *Светото како основа на религијата во теоријата на Емил Диркем* (стр. 32-112), е поделен на две подзаглавија: *Светото и религиозните феномени* и *Дихотомијата свето–профано*, притоа, секое од двете подзаглавија е поделено на посебни делови. Уште на самиот почеток од оваа глава, кандидатката м-р Марија Тодоровска нагласува дека во неа ќе биде разгледана дефиницијата на Емил Диркем за религиозните феномени, како и неговото воведување на дихотомијата на светото и профаното, меѓутоа и на концептот за светото како основа на религијата и на социјалното организирање во општествената заедница. Во анализата на Диркемовото учење за религијата, м-р Марија Тодоровска зема предвид бројни текстови и дела на овој познат француски социолог. Наедно, таа не само што ги презентира ставовите на Емил Диркем, туку ги изложува и неговите критички опсервации кон другите пристапи кон религијата. Во оваа смисла, кандидатката м-р Марија Тодоровска ги пренесува критичките забелешки на Диркем упатени кон натуралистичката теорија за религијата, но, исто така, и неговата критика на анимистичката или теистичката теорија за религијата, според која суштинска идеја на секоја религија е постоењето на Бог. Меѓутоа, кандидатката укажува дека според Диркем не е нужно да се верува во Бог за да се биде религиозен. На ова упатуваат неколку

религии, помеѓу кои се будизмот и џаинизмот (cf. стр. 35). По прикажувањето на критичките забелешки што Емил Диркем ги упатувал кон различните пристапи кон религиозниот феномен, кандидатката м-р Марија Тодоровска, заклучува дека според Диркем „... идејата за светото е, без сомнеж, основата на религискиот живот...“ (стр. 43). На тој начин, Диркем постепено се приближува до неговото дефинирање на религијата, при што предвид ги зема мислењата на Макс Милер и на Херберт Спенсер, според кои религијата е стремење кон бесконечното, обид да се разбере неразбирливото и да се изрази неискажливото (Милер) и дека религиите, сеедно што во своите догми можат да бидат дијаметрално спротивставени, сепак премолчено признаваат дека светот, со сè што содржи и со сè што го опкружува, е мистерија која бара објаснување (Спенсер). Конечно, според Диркем, заклучува кандидатката м-р Марија Тодоровска „... поделбата на светот на две подрачја, едниот кој содржи сè што е свето, и другиот сè што е профано, е основната карактеристика на религиозната мисла“ (стр. 57). Притоа, светоста не мора да биде редуцирана единствено на божествата и на духовните суштества. Тоа го потврдува, на пример, будизмот според кого најважна е идејата за спасот. Потоа, по нејзиното остварување, улогата „... на Буда е завршена и тој престанува да биде (нужен) фактор во религиозниот живот...“ (стр. 55). Констатирајќи дека кај Диркем верувањето во светото е клучната идеја на секоја религија, кандидатката м-р Марија Тодоровска укажува дека за Диркем во историјата на човековата мисла нема друг пример на категории кои се толку длабински диференцирани и толку радикално спротивставени едната на другата како што се категориите *свето* и *профано*. Односно, дека според Диркем, световите на светото и на профаното се потполно одделени еден од друг (cf. стр. 58). Затоа, преминот од едниот во другиот свет не се случува постепено, туку скоковито. Притоа, за Диркем религијата не претставува индивидуален феномен, туку колективен, односно општествен. Потоа, кандидатката ја разгледува подетално Диркемовата анализа на дихотомијата свето-профано. Тоа го прави во подзаглавието *Дихотомијата свето–профано* (стр. 62-112).

Третата глава *Определувањето на нуминозното во теоријата на Рудолф Ото* (стр. 112-179) е поделена на две подзаглавија: *Компонентите на нуминозното* и *Нуминозното, возвишеното и непријатно непознатото*. Во првото подзаглавие *Компонентите на нуминозното* кандидатката м-р Марија Тодоровска своето внимание го задржува на ефектите кои, според Рудолф Ото, ги предизвикува светото (божественото, нуминозното) кај секој верник. Тоа се чувствата кои Рудолф Ото ги именува како *mysterium tremendum* и *mysterium fascinans*. Следејќи ја идејата на Рудолф Ото, кандидатката укажува на карактеристиките на првото чувство (mysterium tremendum), кое понекогаш се појавува полека, нечујно како плима, преплавувајќи го духот со мирно расположение на најдлабоко обожување, но дека, од друга страна, може „... наеднаш да еруптира од длабочината на душата, проследено со спазми и конвулзии, или да доведе до чудна возбуда, дури и во вид на интоксицирано лудило, дури и до екстаза. Ова чувство, додава Ото, има диви и демонски форми и може да доведе до ужасна застрашеност и треперење.“ (стр. 122). Притоа, м-р Марија Тодоровска

укажува, покрај другото, на повеќе примери од Стариот завет кои го илустрираат ова чувство. Второто чувство, чувството на mysterium fascinans, се карактеризира со привлечност и фасцинираност од светото, односно од нуминозното, од божественото. На тој начин, тоа се појавува како објект на хорор и на ужас, но истовремено и на силно привлекување, со што само се потврдува дијаболичната природа на светото, нагласува кандидатката м-р Марија Тодоровска. Во крајна линија, продолжува Тодоровска: „Се добива комбинација која е чудна хармонија на контрасти, и '... резултирачкиот двоен карактер на нуминозната свесност, за која сведочи целиот религиозен развој, од нивото на демонскиот ужас понатаму, е истовремено и најчудниот и најважен феномен во целата историја на религијата'." (стр. 147) Во второто подзаглавие *Нуминозното, возвишеното и непријатно непознатото* (154-157) кандидатката се задржува врз чувствата што ги предизвикува возвишеното, а кои се многу слични со доживувањето на светото, како и со чувството на непријатно непознатото.

Четвртата глава, *Концепцијата за светиот свет кај Мирча Елијаде* (стр. 179-263), е поделена на три подзаглавија: *Светиот простор, Различни пристапи кон митот и ритуалот* и *Светото време и светоста на митот*. Оваа глава претставува продолжение на претходните три глави во кои кандидатката м-р Марија Тодоровска, во основа, ги следеше идеите на Емил Диркем и на Рудолф Ото за светото, како и верувањата во мана, во кои доаѓа до израз, според нејзиното мислење, дијаболичната природа на светото и на маната како света сила. Истиот пристап, продолжува таа, може да се сретне и кај познатиот истражувач на религиозниот живот Мирча Елијада. Сепак, според неа, теоријата „... на Мирча Елијаде е еклектичка, потпирајќи се на огромни количества разновиден етнолошки и антрополошки материјал, како и на различни концепции од областа на теориите за религијата, компаративната митологија и психологијата." (стр. 180). Еклектичната природа на мислата на Мирча Елијаде кандидатката ја наоѓа не само на планот на неговото сфаќање на светото, туку и во сфаќањето на митот како света сказна. Притоа, продожува таа, и за Елијаде светото е нешто сосема различно од профаното. Или, во познатата формулација на Елијаде, светото во однос на профаното е „нешто сосема поинакво", односно тоа е *ganz andere*. На наредните страници кандидатката го претставува, меѓутоа и го анализира, односот на Елијаде кон теоријата за светото кај Рудолф Ото. Помеѓу нивните теории има значајни допирни точки, меѓутоа и линии на разликувања и одредени критички забелешки. И за Елијаде, исто како и за Ото, за светото се знае единствено преку хиерофанијата, поим кој е поширок од поимот *теофанија* (стр. 182). Потоа, кандидатката преминува врз анализата на Елијаде на светиот простор и на светото време, наспроти на профаниот простор и историското, профаното време. Религиозниот човек, за разлика од нерелигиозниот, овие две категории не ги доживува како да се во одреден континуитет, туку во дисконтинуитет – тие, едноставно, не се хомогени (cf. 188 ff.). Наедно, во трудот на кандидатката е нагласена дијалектиката на светото, како што некои автори ја оценуваат теоријата на Мирча Елијаде.

Во *Заклучокот* (стр. 263-266) кандидатката м-р Марија Тодоровска во куси, но суштински црти ги резимира резултатите на своето истражување на светото. Дијаболичноста на светото, според нејзините заклучни размислувања, се состои во неговата спротивставеност со профаното, како и во нивната меѓусебна онтолошка зависност. Наедно, потенцира таа, религиозниот човек има емоции на стравопочит и ужаснато треперење пред семоќта на светото, меѓутоа и емоции на екстатична фасцинираност, посветеност и љубов кон него. Конечно, резимира м-р Марија Тодоровска, според ставовите на водечките теоретичари на светото, без него, без неговото дејство, без верувањето во неговите дијаболични моќи, без амбивалентните чувства кои ги предизвикува, религијата не би била можна. Односно, дека според „... овие автори, светото се наоѓа во суштината на религијата во нејзините примордијални, но и во нејзините развиени, современи форми, кои продолжуваат да бидат определувачки за онтолошкиот и аксиолошкиот статус на религиозниот човек." (стр. 264-265).

На крајот од трудот е приложена обемна библиографија која опфаќа 273 библиографски единици, објавени на повеќе светски јазици и во различни медиуми.

ОЦЕНА

Докторскиот труд *Дијаболичната природа на светото*, изработен од кандидатката м-р Марија Тодоровска, според својата тематика претставува оригинален прилог кон македонската филозофска мисла, особено на планот на филозофијата на религијата, област од филозофијата за која во Република Македонија многу малку е пишувано. Ова е редок докторски, меѓутоа и научен труд кој на систематизиран и обемен начин ја обработува оваа сложена и специфична проблематика, приближувајќи ѝ ја на македонската академска јавност.

Докторскиот труд е пишуван јасно и концизно, со едноставен, лесно читлив стил, меѓутоа во секој момент задржувајќи ја неопходната дистанца од симплифицираните или банализирани пристапи. Сето она што кандидатката во *Воведот* го определила како предмет на нејзиниот докторски труд, како и она што потоа следува, на прецизен начин кулминира во *Заклучокот*. Секоја глава, која е поделена на повеќе подзаглавија, започнува со назначување на основните проблеми и со основните тези за кои во неа ќе се расправа. Потоа, следува јасна експликација и прецизна анализа на навестените проблеми, проследена со повикување на огромна релевантна литература од повеќе истражувачи на религиозниот феномен, особено од оние автори според кои религиозниот феномен е непосредно поврзан со идејата за светото, како што се Емил Диркем, Рудолф Ото и Мирча Елијаде. Една од битните одлики на овој докторски труд е и во следново: кандидатката м-р Марија Тодоровска не се задоволува само со конкретно прикажување на различните експликации и анализи на клучните прашања за светото. Напротив, тоа е само првиот, меѓутоа и неопходниот чекор во

изработувањето на трудот, бидејќи веднаш потоа следуваат бројни информации, кои на еден или на друг начин се надоврзуваат на основните податоци. Потоа, следува нивна анализа и компарација, преку која се утврдуваат сличностите, меѓутоа и разликите што постојат кај истражувачите на светото. Притоа, кандидатката м-р Марија Тодоровска се служи со дискретна, меѓутоа јасно видлива критичка анализа на ставовите на одредени автори, кои се занимавале со проблемот на светото, потврдувајќи дека не останува само на ниво на гола дескрипција и анализа, туку дека кон суштинските прашања има и свој став, односно има своја теза. На тој начин, уште повеќе доаѓа до израз квалитетот и фината промисленост на нејзиниот докторски труд.

Прилог повеќе кон квалитетот на овој докторски труд е податокот дека за неговото пишување кандидатката консултирала обемна литература, објавена на повеќе странски јазици, помеѓу кои се: англискиот, рускиот, германскиот, италијанскиот, францускиот, српскиот и хрватскиот јазик. Наедно, видливо е и нејзиното успешно користење на податоци преземени од интернет, што е доказ повеќе за нејзината оспособност да се користи и со најсовремените наслови и технологии во изработувањето на темата за која се определила.

Имајќи ги предвид претходните елементи од трудот, имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го прифати докторскиот труд *Дијаболичната природа на светото*, изработен од кандидатката м-р Марија Тодоровска, и да го закаже денот на неговата одбрана.

Скопје, 15.4.2013 год.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Цуцуловски, с.р.
Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р.
Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.
Проф. д-р Иванчо Атанасовски, с.р.
Доц. д-р Ристо Солунчев, с.р.

Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Павле Дробаров	Улогата и значењето на водството врз потикнување на ефективноста во осигурителните компании	Проф. д-р Васил Поповски
Гане Кочов	Зголемувањето на организациските перформанси преку примена на организациските промени	проф.д-р Петар Атанасов
Љубица Томиќ	Мотивација за работа кај високообразовани лица во приватниот сектор	проф.д-р Петар Атанасов
Елена Заркова	Вреднување на дигиталните компетенции од страна на менаџерите за човечки ресурси во процесот на вработување ѝ професионално развивање на вработените	проф.д-р Мирјана Борота Поповска
Верица Јакимовска	Видови обуки и ставови кон обуките во областа на хотелиерството	проф.д-р Мирјана Борота Поповска
Даница Соколовска	Структурата на менаџментот ѝ факторите кои влијаат на задоволство на работното место во областа на спортот	проф.д-р Мирјана Борота Поповска
Ана Крлеска	Анализа на стратегиското управување со културните институции во Република Македонија	Вон.проф.д-р Ганка Цветанова
Дарко Младеновски	Улогата на менаџментот на човечки ресурси при справување со стресот кај вработените	доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ
Александар Чочевски	Причини за флуктација на вработените восекторот за информациски комуникациски технологии стратегии за ретенција	доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ

Неби Адеми	Водството како фактор за успешното тимско работење во училиштето	проф.д-р Петар Атанасов
Невенка Поп - Ангелова	Ефикасност и ефективност на користењето на ИКТ во образовниот процес	проф.д-р Јорде Јаќимовски
Арсовска Марина	Општествено одговорните претпријатија и задоволството на вработените од компензациите	проф.д-р Јорде Јаќимовски
Виолета Даскаловска	Фотографијата во време на социјалните мрежи и причините за нејзината масовна употреба	проф.д-р Петар Атанасов
Џелал Незири	Истражувачкото новинарство во печатените медиуми во Република Македонија	проф. д-р Емилија Симоска
Рахамин Мизрахи	Третманот на клеветата и навредите во медиумите	проф. д-р Емилија Симоска

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНА НА ПРЕМИЈАТА ЗА РИЗИК НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ ИНВЕСТИРАН ВО КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р АЛЕКСАНДАР НАУМОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование, одредбите од Правилникот за единствените основи за организирање потдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и одредбите на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-924/2 од 5.4.2013 година, на седницата одржана на 29.3.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **„ПРОЦЕНА НА ПРЕМИЈАТА ЗА РИЗИК НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ ИНВЕСТИРАН ВО КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,** поднесена од кандидатот м-р Александар Наумоски. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ПРИКАЗ НА СОДРЖИНАТА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Наумоски претставува самостојно изработен труд, презентиран на вкупно 430 страници, од кои 328 страници основен текст, 19 страници вовед, 17 страници заклучок, 31 страна референции на користена литература и 25 страни прилози. Основниот текст на трудот е придружен со 62 графички прикази, 1 слика, 63 табели и 110 квантитативни изрази.

Концепциски, целокупната материја во докторската дисертација детално е презентирана низ десет глави, кои се логички систематизирани во три големи целини, односно три дела. Секој од трите дела претставува една покомплексна целина која третира специфицирана проблематика. Деталната структура на трудот е следна:

Вовед (од стр. I до стр. XIX),

ДЕЛ I: РИЗИК, АВЕРЗИЈА КОН РИЗИКОТ И ПРЕМИЈА ЗА РИЗИК (од стр. 1 до *стр. 127),*

Глава 1: Аверзија кон ризикот и алокација на капитал во ризични средства (од стр. 2 до стр. 42),

Глава 2: Ризикот кај акционерскиот капитал и премијата за ризик – основни концепти (од стр. 43 до стр. 92),

Глава 3: Премијата за ризик на акционерскиот капитал во моделите за ризик и принос (од стр. 93 до стр. 127),

ДЕЛ II: ИСТОРИСКА ПРЕМИЈА ЗА РИЗИК (од стр. 128 до стр. 287),

Глава 4: Концептот на историската премија за ризик на акционерскиот капиталот (од стр. 129 до стр. 161),
Глава 5: Процена на безризичната стапка на принос (од стр. 163 до стр. 193),
Глава 6: Историска премија за ризик на акционерскиот капитал: емпириско истражување во случајот на развиените пазари и пазарите во појава (од стр. 194 до стр. 221),
Глава 7: Историска премија за ризик на акционерскиот капитал: емпириско истражување во случајот на Република Македонија (од стр. 222 до стр. 259),
Глава 8: Процена на пазарната премија за ризик преку пристапот на процена на премијата за ризик на земја во случајот на Република Македонија (од стр. 260 до стр. 287),
ДЕЛ III: ИМПЛИЦИТНА И ОЧЕКУВАНА ПРЕМИЈА ЗА РИЗИК НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ (од стр. 288 до 328),
Глава 9: Имплицитна премија за ризик на акционерскиот капитал (од стр. 289 до 308),
Глава 10: Процена на очекуваната премија за ризик на акционерскиот капитал со примена на пристапот на анкетирање во случајот на Република Македонија (од стр. 309 до стр. 328),
Заклучок (од стр. 329 до стр. 345),
Литература (од стр. 346 до стр. 375) и
Прилози (од стр. i до стр. xxv).

Првиот дел ги поставува основните концепти на аверзијата кон ризик, вториот дел дава анализа на ex-post пристапот на анализата на историската, т.е. остварената премија за ризик и врз нејзина основа процена на идната премија за ризик, а во третиот дел се анализира ex-ante пристапот на процена на идната премија за ризик. Во продолжение даваме презентација за конкретната содржината на главите.

Првата глава во оваа докторска дисертација, со наслов *Аверзија кон ризикот и алокација на капитал во ризични средства*, го третира односот на инвеститорите кон ризикот, нивната толеранција на ризик и, соодветно на тоа, влијанието кое односот на инвеститорот кон ризикот го има на неговата одлука за алокација на капитал во ризична актива. Сето ова е претставено низ призмата на теоријата на корисноста која е фундаментална за објаснувањето на ризикот и аверзијата на ризик кај луѓето.

Имајќи го предвид огромното значење на теоријата на корисноста, која ги поставува концептите кои се фундаментални во современиот менаџмент со финансиските ризици, оваа глава започнува токму со историската и емпириската основа на моделот на корисност, па сè до нејзините импликации врз одлуката за алокацијата на капитал во ризична актива. Тука кандидатот најпрво започнува со презентирање на потеклото на теоријата на очекуваната корисност и ја воведува идејата за максимизација на корисноста следејќи ги оригиналните идеи на Nicholas Bernoulli кој ги изложил пред повеќе од триста години преку неговиот т.н. парадокс од Санкт Петербург и следствено обидот да се разреши овој парадокс од неговиот внук Daniel Bernoulli (Bernoulli, 1954). На ова кандидатот ги надоврзува аргументите на Von Neumann и Morgenstern за корисноста, кои се базирани на она што тие го нарекуваат "аксиома на независност во изборот". Следствено, се воведува принципот на максималната очекувана корист и концептот на аверзија на ризик (и обратното,

толеранцијата на ризик). Понатаму, следува објаснување за тоа под кои околности принципот на максималната очекувана корисност се доведува до критериумот просек–варијанса за да се направи разлика помеѓу одделни инвестиции. Тука, посебно се акцентирани различните техники за мерење на аверзијата на ризикот кои се развиени во економијата. Преку воведување на концептот на линија на алокација на капитал и линијата на пазарот на капитал кои ги презентираат различните инвестициони алтернативи се поставува основа за носење на инвестициона одлука со примена на знаењата кои се стекнати погоре. Воедно се поставува основа за моделите на ризикот и принос од втората глава. Првата глава завршува со емпириско истражување за процена на аверзијата кон ризик на инвеститорите во Република Македонија.

Во **втората глава**, со наслов *Ризикот кај акционерскиот капитал и премијата за ризик – основни концепти*, кандидатот дава осврт врз дефинирањето на ризикот од вложувањето во акционерскиот капитал и соодветната компензација која ја бара инвеститорот за во вид на премијата за ризик на акционерскиот капитал. Поконкретно, кандидатот, за да демонстрира што е ризикот кај вложувањето во акции, анализата ја претставува во три чекори. Најпрво, го дефинира ризикот во услови на дистрибуција на остварените приноси околу очекуваниот принос. Второ, се прави разлика помеѓу ризик кој е специфичен за една или неколку инвестиции и ризик кој опфаќа поголем опсег на инвестиции. Трето, кандидатот се осврнува на алтернативните модели за мерење на систематскиот ризик и очекуваните приноси. Во оваа глава уште е дадена врската помеѓу очекуваниот принос и премијата за ризик на акционерскиот капитал. Посебен акцент во продолжение на оваа глава се дава на импликациите кои пазарната премија за ризик ги има во практичните апликации, конкретно во вреднувањето, во корпоративните финансии, во портфолио менаџментот и сл. Главата завршува со детална експликација на детерминантите на премијата за ризик, во кои најголема тежина се дава на експликацијата на аверзијата кон ризик како клучна детерминантата.

Третата глава е со наслов *Премијата за ризик на акционерскиот капитал во моделите за ризик и принос*. Акцентот во оваа глава се става на согледувањето на централното место и улога која ја има премија за ризик во компетитивните модели за вреднување кои се среќаваат во корпоративните финансии. Тие модели понатаму ќе бидат основа за нејзино детерминирање и изведување на емпириските анализи во следните поглавја. Намерата на кандидатот во овој труд не е да дава целосен опсег на анализа на моделите за мерење на пазарниот ризик, туку претставување на местото на премијата за ризик како составен дел во овие модели кои подоцна ќе се користат во емпириските анализи. Тука јасно се согледува зошто премијата за ризик е цена на ризикот која инвеститорот ја бара како дополнителна награда над безризичната стапка за да ја преземе ризичната инвестиција како компензација за дополнителниот принос. Најпрво се акцентира централното место и улогата на пазарната премија за ризик во најпознатиот и денес сè уште ненадминат класичен CAPM-модел, и неговите надградби (нула-бета модел, CAPM базиран на средства кои не се тргуваат, CAPM базиран на потрошувачката (CCAPM), ликвидносно приспособен CAPM). Во продолжение се дава поглед на премијата за ризик кај останатите алтернативни модели кои требаше да се бидат супститут на CAPM, како што се повеќе факторскиот CAPM, теоријата на арбитражно вреднување, трифакторскиот модел на Fama и French.

Четвртата глава, со наслов *Концептот на историската премија за ризик на акционерскиот капиталот*, најпрво прави разграничување на видовите премија за ризик: историска, барана, очекувана и имплицитна, кои се обработуваат последователно во наредните глави. Конкретно, во четвртата глава се поставува концептот на историската премија за ризик која е дефинирана како разлика помеѓу остварените приноси и историската безризична стапка на принос. Со оглед на тоа дека различни автори покажуваат различна големина на историската премија за ризик со користење на иста база на податоци, тука кандидатот констатира дека разликите се должат пред сè на разликите во: изборот на безризичната стапка и пазарниот индекс, должината на периодот во анализата, начинот на просечување на приносите, периодичноста на приносите. Во суштина, непостоењето на единствен стандард води кон добивање на различни резултати. Затоа, тука кандидатот се осврнува токму на овие клучни варијабли во анализата на историската премија за ризик на акционерскиот капитал и нивното влијание врз големината на идната премија за ризик на акционерскиот капитал.

Исто така, во оваа глава кандидатот ги прикажува достигнувањата на голем број автори и споредбата помеѓу очекуваната и остварената премија за ризик. Генералниот заклучок е дека остварената е необјаснливо повисока од очекуваната. На ова го надоврзува клучното сознание до кое дојдоа Mehra и Prescott во 1985 г. и отвори историска дебата која се распламти кога утврдија дека опсервираната историска премија за ризик на акционерскиот капитал е премногу висока, и дека инвеститорите би требало да имаат неуверливо висок коефициент на аверзија кон ризик за да ја побаруваат оваа премија. Ова е т.н. загатка за премијата за ризик која се трудат да објаснат голем број на научници. Во последната точка е дадена синтеза на обидите за објаснувања на загатката за премија за ризик.

Петтата глава со наслов *Процена на безризичната стапка на принос* е фокусирана на проценатa на вториот, од двата главни, параметар за квантификација на пазарната премија за ризик – безризичната стапка. Стапката на принос на ризичната инвестиција се мери во однос на оваа безризична стапка, при што ризикот креира премија за ризик (остварена, очекувана или барана) која се додава на безризичната стапка. Академиците, како и практичарите, уште многу одамна ја земаат стапката на принос на државните хартии од вредност како репер за безризична стапка, при што постојат несогласувања помеѓу нив за тоа дали да се земе краткорочна или долгорочна стапка. Кандидатот во овој труд најпрво дава осврт на тоа што е безризично средство и што го прави тоа средство да биде безризично. Како да се процени безризичната стапка преку најопшт пристап доколку се базираме на претпоставката дека безризичната стапка е наједноставно стапката на принос на државните хартии од вредност. Во овој процес ќе биде претставено и зошто безризичните стапки може да бидат различни во различни валути и како да ги прилагодиме нашите проценки да ги рефлектираат овие разлики. Но, исто така трудот нуди рамка на проблемот за случајот ако во земјата нема безризична инвестиција, а тоа би било ако во земјата нема државни хартии од вредност, ако станува збор за млад и премногу волатилен пазар, ако кај државните обврзници има изразит кредитен ризик и сл. Во овој труд кандидатот истражува зошто државата може да не ги исполни договорените обврски, дури и кај обврзници издадени во домашна валута, и соодветните последици од тоа. Исто така, дава поглед кон тоа како најдобро да се процени безризичната стапка во случај кога не постои средство без кредитен ризик и кога во земјата

воопшто нема безризична стапка или средство кое би било репер за безризично, како и ефектот од тоа врз фирмите и инвеститорите. Особено кандидатот констатира дека отсуството на безризична инвестиција ќе ги направи инвеститорите колективно повеќе аверзични на ризик, со тоа доведувајќи до намалување на цените на сите ризични средства и ќе ги предизвика фирмите помалку да зајмуваат пари и да плаќаат помали дивиденди.

Првите пет глави се повеќе теоретски осврт на проблемот на анализата на проценатa на премијата за ризик на акционерскиот капитал. Следните пет глави ја чинат сржта на емпириското истражување во докторската дисертација. Тие се фокусирани на различните пристапи за процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал инвестиран во компаниите. Во основа постојат три популарни пристапи: историскиот пристап, кој се базира на остварените приноси на акциите и безризичните средства во изминатиот период; пристапот на имплицитна премија за ризик, кој се базира на процена на премијата за ризик со примена на различните модели за вреднување што се користат во корпоративните финансии и пристапот на испитување на мислењето на инвеститорите, менаџерите и академиците за тоа која би била нивната очекувана или барана премија за ризик.

Шестата глава има наслов *Историска премија за ризик на акционерскиот капитал: емпириско истражување во случајот на развиените пазари и пазарите во појава*. Со оглед на тоа дека сите пазари во подем делат заеднички карактеристики на млади, волатилни и транзитивни серии за остварени приноси, и не овозможуваат носење на цврсти заклучоци, анализата на историската премија за ризик најпрво ќе биде направена на ниво на пазарите во подем. Тоа е особено важно за да може во продолжение на следната (седмата) глава да се сконцентрираме на случајот на Република Македонија. Во анализата се вклучени 36 земји, од кои 21 пазар во подем и 15 развиени пазари. Во анализата најпрво се дава приказ на резултатите од дескриптивната статистика, која овозможи да се направи компаративна анализа. Ова најмногу и со цел да се испита валидноста на класичниот CAPM модел кај двете категории на земји.

Седмата глава е насловена *Историска премија за ризик на акционерскиот капитал: емпириско истражување во случајот на Република Македонија*. Со користење на податоци за приносите на МБИ10 и безризичното средство најпрво е дадена дескриптивна статистичка анализа на остварената премија за ризик, а потоа вниманието се насочува кон влијанието на светската финансиска криза врз остварената премија за ризик. Најзначајниот акцент во оваа глава е даден на проценатa на идната премија за ризик преку анализа на историската временска серија со користење на економетриски модели: повеќекратна праволиниска регресија, ARIMA-моделот, ARCH-моделот, GARCH-моделот и останатите модели од фамилијата како што е TGARCH-моделот.

Осмата глава се однесува на *Процена на пазарната премија за ризик преку пристапот на процена на премијата за ризик на земја во случајот на Република Македонија*. Оваа глава, во суштина, е продолжение на претходната глава и има намера да опфати уште еден значаен аспект во проценатa на премијата за ризик со примена на историски податоци за остварените приноси. Инвеститорите денес се соочуваат со глобалната економија, и се принудени да се соочат со последиците од глобализацијата. Кандидатот најпрво докажува дека навистина треба да постои премија за ризик на земја. Тоа е бидејќи

ризикот на земја не може да се диверзифицира било заради тоа што маргиналниот инвеститор не се диверзифицира глобално, односно инвеститорите генерално имаат пристрасност кон дома или затоа што ризикот е високо корелиран помеѓу пазарите. Затоа, тој ризик мора да се инкорпорира во анализите, за што генерално постојат два начина: едниот е преку приспособување на готовинските текови, а вториот е приспособување на дисконтната стапка. Опфатени се и двата начина, а посебен акцент е ставен на вториот пристап. Најпрво се дискутира за обидите за воспоставување на глобален CAPM со неговите предности и слабости, а потоа за начините како да се измери ризикот на земја и соодветно да се изведе соодветна премија за ризик на земја. Со нејзино додавање кон базичната премија за ризик на зрел пазар на акции се добива премијата за ризик на акционерскиот капитал во пазарите во подем. На крај, кандидатот ги дава резултатите од четири алтернативни престапи за процена на премијата за ризик на земја во случајот на Република Македонија.

Следните две глави воведуваат пристап за процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал која е базирана на податоци за приноси кои се очекуваат во иднината, односно имплицитната и очекуваната премија за ризик.

Деветтата глава е фокусирана на пристапот на *Имплицитна премија за ризик на акционерскиот капитал,* каде што, премијата за ризик се проценува со примена на некој од широко употребуваните модели за вреднување на акции. Имено, кога инвеститорите го вреднуваат средството, тие имплицитно кажуваат колкава е нивната барана стапка на принос. Таа стапка намалена за безризичната стапка ја покажува премијата за ризик. Во оваа глава кандидатот ја развива токму оваа интуиција и сака да докаже дека тековната пазарна цена на акцијата, поврзана со очекуваните готовински текови, треба да продуцира процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал. Тука се применуваат Гордоновиот моделот на стабилен раст на дивиденда, моделот на слободен готовински тек, како и моделот на резидуална заработка. Оваа глава на крај ќе ги прикаже резултатите од емпириската анализа на имплицитната премија за ризик на акционерскиот капитал во Република Македонија со примена на Гордоновиот модел.

Десеттата глава има наслов *Процена на очекуваната премија за ризик на акционерскиот капитал со примена на пристапот на анкетирање во случајот на Република Македонија.* Доколку премијата за ризик е она што инвеститорите го бараат за да инвестираат во ризично средство денес, најлогичен начин да се процени е да се прашаат овие инвеститори колкава е нивната барана стапка на принос денес. Токму овој пристап на испрашување на субјектите кои се директно засегнати со идната стапка на принос преку анкетирање е предмет на истражување во оваа главата од докторската дисертација. Бројот на инвеститорите во акции може да биде огромен, па затоа предизвикот кај овој метод е да се најде најверодостоен примерок на инвеститори. Покрај тоа, резултатите ќе бидат различни помеѓу институционалните инвеститори кои перманентно користат инвестициона анализа за да донесат најдобра инвестициона одлука и индивидуалните инвеститори кои ги носат инвестиционите одлуки повеќе интуитивно. Во секој случај, анкетирањето на инвеститорите се смета за најверодостоен податок, иако во практиката овие прашалници се испраќаат и до менаџери и до професори со намера да се процени премијата за ризик на акционерскиот капитал. Одговорите се различни кај различни групи, па дури и кај исти групи во различен период. На крајот од оваа глава се претставени резултатите од

анкетата на релевантна група инвеститори, менаџери и професори во Република Македонија.

Интегрален дел на докторската дисертација се **заклучните согледувања.** Во заклучокот се дава кратко резиме на најзначајните поенти на истражувањето во докторската дисертација. Најзначајниот момент е синтетизираното претставување на сите резултати до кои се дошло во десетте алтернативни пристапи. Но, од широката лепеза на резултати, кандидатот морал да се определи само за еден број од нив кои се употребуваат во инвестиционите анализи и кои имаат соодветни импликации на деловните одлуки. Тука кандидатот дава насоки за определување на најдобриот пристап, односно како да се избере соодветната премија за ризик која би се употребувала во инвестиционата анализа.

Во ***списокот на литература*** се наведени 652 библиографски единици од кои, освен неколку домашни, сите се од странски автори, објавени во најреномирани научни списанија во периодот по 2000 година, со исклучок на одредени капитални дела кои се со постар датум.

На крајот на трудот, како аргументација на методолошките пристапи и за добиените резултати, се дадени и ***прилози***: Прилог А - Корелација помеѓу месечните US$ приноси кај 36 земји (21 пазар во подем и 15 развиени) и два еднакво пондерирани индекси. Прилозите Б - Месечни приноси на МБИ10 и безризични средства изразени во EUR и месечна премија за ризик. Прилог В - Годишни приноси на МБИ10 и безризични средства изразени во EUR и годишна пазарна премија за ризик. Прилог Г - Корелација помеѓу регресионите варијабли. Прилог Д - Анкета за очекувана вредност на МБИ10. Прилог Ѓ – Преглед на кредитниот рејтинг по земји според Standard & Poor's со состојба во март 2013 година.

II. Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Александар Наумоски**, на **тема „Процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал инвестиран во компаниите во Република Македонија“**, без сомнение, истражува една исклучително значајна, актуелна, сложена, но и интересна проблематика. Премијата за ризик на акционерскиот капитал е цената за преземање на ризик и претставува клучна компонента во очекуваниот принос кој инвеститорот го бара за вложување во ризична инвестиција. Со тоа, премијата за ризик е најзначаен параметар за правилна процена на цената на акционерскиот капитал и со тоа и на дисконтната стапка. Нејзината големина има влијание во носењето на одлуките во финансискиот менаџмент на корпорацијата, посебно во доменот на инвестиционото одлучување кај капиталните вложувања и во вреднувањето на компанијата. Нејзината големина, исто така, има импликации во одлуката за алокација на капиталот во ризични средства во портфолио менаџментот, но и пошироки макроекономски ефекти. Оттука, јасно е дека правилната процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал е од исклучително значење во деловниот свет.

Во развиените пазарни економии со долга историја на берзите на акции, проценатa на премијата за ризик е поедноставна и се врши на перманентна основа. Во тие економии постојат голем број финансиски сервиси кои во секој момент даваат ажуриран податок за големината на премијата за ризик. Но, кај пазарите во подем, како што е Република Македонија, со неразвиен пазар на

капитал и со мала историја на берзата на акции, навистина е тешко да се изврши прецизна процена на премијата за ризик. Премијата за ризик на акционерскиот капитал е цената на ризикот која треба да му даде награда на инвеститорот за вложување во акции наспроти безризичните инвестиции како што се државните записи и државните обврзници.

Кандидатот **м-р Александар Наумоски** во својата докторска дисертација со наслов **„Процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал инвестиран во компаниите во Република Македонија“** дал сеопфатен пристап во истражувањето на оваа клучна компонента на цената на капиталот на корпорациите. Значењето на овој научен труд може да го истакнеме во два значајни аспекта, т.е. теоретски и емпириски:

Прво, кандидатот извршил ***сеопфатно теоретско истражување*** на проблематиката на премијата за ризик, како цена на ризикот и најзначајна компонента на цената на акционерскиот капитал. Кандидатот успеал да продре до најстарите пионерски трудови кои го дадоа зародишот на истражувањето на оваа проблематика, па сè до најсовремениот пристап на портфолио теоријата и моделите за вреднување на средствата кои се применуваа во финансискиот менаџмент на современите корпорации. Тука се акцентира централното место и улогата на пазарната премија за ризик во најпознатиот и денес сè уште ненадминат класичен CAPM-модел, и неговите надградби (нула-бета модел, CAPM базиран на средства кои не се тргуваат, CAPM базиран на потрошувачката (CCAPM), ликвидносно приспособен CAPM). Исто така, кандидатот дава поглед на премијата за ризик кај останатите алтернативни модели на CAPM, како што се повеќе факторскиот CAPM, теоријата на арбитражно вреднување, трифакторскиот модел на Fama и French. Кандидатот користи најсовремена литература која е публикувана во последните неколку години. Тој успеал да направи разлика на четирите концепти на премијата за ризик: историска, очекувана, барана и имлицитна премија за ризик, што укажува на темелноста на теоретското истражување кое дава основа за емпириското истражување во неговата докторска дисертација. Второ, кандидатот во својата дисертација направил ***сеопфатно емпириско истражување*** во проценатa на премијата за ризик со примена на најсовремени и софистицирани статистичко-економетриски модели и модели од доменот на корпоративните финансии, како и анкетен пристап на истражување. Всушност, кандидатот во својата докторска дисертација извршил не само едно, туку серија од повеќе емпириски истражувања кои опфаќаат: процена на аверзијата на ризик кај инвеститорите во Република Македонија, процена на безризичната стапка на принос, процена на ризикот на земја во Република Македонија и процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал во Република Македонија преку пристапите на историска, имплицитна и очекуваната премија за ризик.

Кандидатот најпрво извршил процена на премијата за ризик со анализа на историската временска серија на берзанските приноси и приносот на безризичното средство. Тука започнал со комплексна анализа на историската премија за ризик во случајот на 36 земји, класифицирајќи ги во два сегмента: развиени земји и земји во подем. Проценатa на премијата за ризик токму кај пазарите во подем е најтешката задача за финансиските истражувачи. Во ова истражување кандидатот дава дескриптивна статистичка анализа, тестирање на статистички хипотези и проста праволиниска регресија во тестирањето на

валидноста на класичниот CAPM-модел и дава значајни заклучоци за натамошната анализа.

Во понатамошното истражување на историската премија за ризик, кандидатот својата анализа ја сконцентрирал на случајот на Република Македонија, која исто така претставува земја со пазар во подем. Со користење на историски податоци за остварените приноси на МБИ10 и безризичното средство, најпрво е дадена дескриптивна статистичка анализа на остварената премија за ризик, а потоа вниманието го насочува кон влијанието на светската финансиска криза врз остварената премија за ризик. Најзначајниот акцент во истражувањето е ставен на процената на идната премија за ризик преку анализа на историската временска серија со користење на комплексни економетриски модели: повеќекратна праволиниска регресија, ARIMA-моделот, ARCH-моделот, GARCH-моделот и останатите модели од фамилијата на GARCH моделите како што е TGARCH-моделот.

Во контекст на пристапот на историската премија за ризик, кандидатот уште спровел истражување за процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал преку пристапот на ризик на земја. Во ова истражување, кандидатот најпрво извршил процена на премијата за ризикот на земја за случајот на Република Македонија, а потоа со нејзино додавање кон базичната премија за ризик на зрел пазар на акции врши процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал во Република Македонија. Премијата за ризик е концепт кој гледа во иднинана, па не секогаш историските податоци се добар репрезент на иднината. Затоа, кандидатот, наспроти пристапот на историската премија за ризик, базирана на остварени приноси во минатото, во следните истражувања ги воведува пристапите за процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал врз базирана на податоци за приноси кои се очекуваат во иднината, односно имплицитната и очекуваната премија за ризик.

Тука, кандидатот спроведува емпириската анализа на имплицитната премија за ризик на акционерскиот капитал во Република Македонија со примена на Гордоновиот модел и со голема прецизност успеал да ја процени бараната премија за ризик кај инветорите во акции.

На крај, во серијата на емпириски истражувања, кандидатот со примена на методот на анкетирање извршил процена на идната, т.е. очекуваната премија за ризик кај инвеститорите во акции во Република Македонија. Имено, на почетокот на март 2013 по електронски пат беше испратена анкета до исклучително внимателно селектиран број на познавачи на состојбите на пазарот на капитал во Република Македонија (професори, аналитичари, инвеститори, финансиски менаџери и други професионалци во областа). Преку синтетизирање на индивидуалните очекувања, со примена на соодветна методологија извршил процена на генералните очекувања, кандидатот извршил процена на очекуваната премија за ризик во Република Македонија за 2013 година и за премијата за ризик по изминувањето на следните десет години.

III. МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ ЗА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Со целосна убеденост констатираме дека докторската дисертација со наслов **„Процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал инвестиран во компаниите во Република Македонија“** од кандидатот **м-р Александар Наумоски** претставува солидно изработен научноистражувачки труд. Кандидатот во целост одговорил на поставените тези кои беа прифатени при пријавувањето на дисерацијата. Ние сме сигурни дека, дисертацијата, со своите уверливи квалитети, претставува научен придонес во развојот на финансиската економија, како од аспект на применетата методологија за ова вредно научно истражување, но особено поради релевантноста на добиените сознанија од истражувањата. Исто така цениме дека сознанијата претставуваат и битен придонес и за практиката, особено во доменот на финансискиот менаџмент на современите корпорации и за портфолио менаџментот.

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатот **м-р Александар Наумоски** на тема: **„ПРОЦЕНА НА ПРЕМИЈАТА ЗА РИЗИК НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ ИНВЕСТИРАН ВО КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“** е успешно изработена;
- ***второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 26.4.2013 година

Комисија за оцена и одбрана
на докторската дисертација

1. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
2. Проф. д-р Сашо Арсов, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Филипоски, с.р.
4. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.
5. Проф. д-р Весна Буцевска, с.р.

Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

ЈНУ Институт за македонска литература Скопје

ПРЕГЛЕД

на прифатена тема за изработка на докторска дисертација на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

Студиска програма: културологија
Потпрограма: културолошки студии

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Комисија
1.	м-р Валентина Поцеска	Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија	проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева проф. д-р Метин Изети доц. д-р Ана Мартиноска

ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ Факултет за драмски уметности во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Снежана Удицки	„Примена на медуза - стратегијата во претставата „Зборувате ли австралиски“ од Угљеша Шајтинац - Театарот во Крушевац“	проф.Слободан Унковски
Олгица Поцкова	„Паралелните дејствија и нивните поимања во филмот, литературата, музиката и сликарството“	проф.Димитар Грбевски
Сабедин Селмани	„Актерскиот пристап во градењето на ликот Роберто Зуко во театар и филм“	проф.Јорданчо Чеврески

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”** ОД КАНДИДАТОТ **М-Р ДРАГАН КОЦЕСКИ**, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот **м-р Драган Коцески** под наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 90 седница одржана на 26.2.2013 година, донесе одлука бр. 02-360/2 од 6.3.2013 година, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на трудот, во состав:

1. д-р Билјана Ангелова
2. д-р Неда Петроска Ангеловска
3. д-р Климентина Поповска
4. д-р Татјана Петковска-Мирчевска
5. д-р Диана Бошковска

Членовите на Комисијата ја потребното внимание ја прегледа поднесената докторска дисертација **ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од кандидатот м-р Драган Коцески и на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје му ја достават следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот **м-р Драган Коцески** на тема: **ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, обработува современа и мошне актуелна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент.

Банкарскиот систем на Република Македонија во последните две децении се карактеризира со следниве карактеристики: окрупнување на банките во Република Македонија; влез на странскиот капитал кај домашните банки; правна регулатива која го регулира работењето на банките во Република Македонија преку донесување на соодветни закони, одлуки, упатства и други соодветни законски прописи согласно Базелската спогодба и подобрување на кредитните портфолио кај домашните банки. Со цел зголемување на профитабилноста на домашните банки потребно е исполнување на неколку услови, односно ефикасно управување со сите видови на ризици кои се појавуваат во работењето на домашните банки и исполнување на соодветниот степен на адекватноста на капиталот, односно капитализираност на банките.

Ефикасното управување со ризиците кои постојат во работењето на домашните банки е многу значајно, затоа што на директен начин влијаат врз профитабилноста на работењето на банките, а индиректно влијаат врз капиталот на банката. На тој начин се остварува и индиректно влијание и врз исполнување на степенот на адекватноста на капиталот согласно со базелските стандарди. Имајќи предвид дека банкарскиот систем во Република Македонија е традиционален, со доминантно влијание на каматните приходи во вкупниот профит на банките, актуелноста на проблематиката се рефлектира во реалноста на македонското банкарство со доминантно учество на кредитниот ризик во вкупните ризици во банкарството.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов **ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** од кандидатот **м-р Драган Коцески**, има вкупно 323 страници, од кои на основниот текст на трудот се однесуваат 299 страници, а на 24 страници се поместени прилозите и користената литература, со вкупно 139 библиографски единици. Докторската дисертација е конципирана во вовед, седум тематски поглавја, заклучок, прилози и користена литература.

Во воведот, кандидатот се фокусира на актуелноста на темата, односно мотивот за изработка на трудот, потребата од научно истражување со цел да се истакнат карактеристиките поврзани со кредитниот ризик и адекватноста на капиталот, како и поврзаните претпоставки за научно истражување. Исто така, кандидатот ги елаборира и целите кои треба да се постигнат, како и методите на истражување кои ќе се применат при изработка на трудот.

Во првата глава под наслов „Ризиците во банкарското работење" се разработени теоретските аспекти во врска со дефинирањето на ризикот, односно ризиците во банкарското работење како економска категорија. Покрај дефинирањето на ризикот во банкарското работење како веројатност на загуба, односно намалување на добивката која не настанува како резултат на дејството на неизвесни случувања во работењето на комерцијалната банка, во првите две точки на втората глава, главен акцент е ставен врз разработката на различните дефиниции на ризиците во банкарското работење од аспект на теоријата. Во третата точка од оваа глава, кандидатот ги елаборира четирите методи за заштита од ризиците кои банките ги употребуваат во своето работење, а тоа се: метода за избегнување, методата за адаптација, метода за трансфер на ризикот и методата за диверзификација. Со цел банките да работат ефикасно и профитабилно, потребно е да ги минимизираат негативните ефектите кои произлегуваат од сите видови на ризици што се појавуваат во редовното банкарско работење. Во последната четврта точка од оваа глава, кандидатот се фокусира на корпоративното управување на банките од аспект на ризиците во работењето, како еден важен услов за успешно работење на банките во банкарскиот систем на Република Македонија.

Втората глава од докторската дисертација под наслов „Управување со кредитен ризик", најпрво се фокусира на видовите на кредитниот ризик кои се појавуваат во работењето на банките во Република Македонија, а тоа се потрошувачки, корпоративен и ризик на земјата. Во третата и четвртата точка од оваа глава се разработени причините за појавата на кредитниот ризик, како и карактеристиките, односно особеностите на кредитниот ризик во банкарското работење. Во петтата точка, кандидатот ги елаборира фазите и условите кои треба да се исполнат со цел да се обезбеди ефикасност во процесот на управување со кредитниот ризик кој ќе придонесе за минимизирање на негативните влијанија врз степенот на адекватност на капиталот.

Корпоративното управување, како еден од клучните услови за успешно работење на банките, заслужува да биде посебно разработено со оглед на фактот дека најголем дел од ризиците, односно околу 80% од вкупните оштетувањата во работењето се резултат на кредитниот ризик.

Тртата глава на трудот под наслов „Кредитниот ризик од аспект на Базелската спогодба" е поделена во пет точки, од кои првите две точки се однесуваат на историјатот на Базелската спогодба I и II . Во втората точка од оваа глава подетално се елаборираат трите столба како составен дел на Базелската спогодба II, а тоа се: 1) потребниот капитал на банката за нејзиното непречено редовно работење; 2) супервизорскиот процес од интерен (интерна ревизија) и екстерен карактер (ревизија од страна на надворешна ревизорска куќа), 3) транспарентност за податоците од работењето на банките, т.е. запознавање на пошироката јавност со работењето на банката. Во третата и четвртата точка од оваа глава кандидатот се фокусира на кредитниот ризик од аспект на Базелската спогодба II, како и на принципите на кредитниот ризик кои произлегуваат од оваа спогодба. Во последната точка од оваа глава, кандидатот ја анализира Базелската спогодба III од аспект на промените кои ги донесува за работењето на банките. а со посебен осврт на промените во сферата на кредитниот ризик и адекватноста на капитал.

Кредитниот ризик ги интерпретира своите влијанија врз билансот на состојба на банките преку квантитативни и квалитативни показатели. Во четвртата глава на овој труд која носи наслов „Кредитниот ризик и резервирање на потенцијалните загуби", кандидатот детално ги елаборира резервирањата на потенцијалните загуби, односно оштетувањата на кредитите преку четири точки. Во првите две точки кандидатот се осврнува на дефинирањето на поимот за резервирање на потенцијалните загуби односно оштетувањето по основа на кредити од теоретски аспект, како и на трите фази на пристапите на управување со кредитниот ризик, согласно со Базелската спогодба II. Во последната точка од оваа глава се разработени начините за резервирање по потенцијалните загуби кои произлегуваат од билансните и вонбилансните ставки односно се анализирани поодделно билансните и вонбилансните позиции кои согласно со позитивните законските прописи подлежат на оштетување.

Во рамките на петтата глава под наслов „Индикатори за праќање на кредитниот ризик", фокусот е ставен на навремено сигнализирање на влошувањето на кредитното портфолио, бидејќи оштетувањата преку билансот на успех директно влијаат врз намалувањето на профитабилноста од работењето на банката. Народната банка на Република Македонија, со цел минимизирање на влијанието од кредитниот ризик во своите одлуки кои ја покриваат областа од кредитниот ризик, има пропишано одредени индикатори. Покрај индикаторите кои ги има пропишано Народната банка на Република Македонија, постојат и индикатори кои ги пропишува секоја банка со цел навремено да се сигнализира влошувањето на крединото портфолио. Притоа се анализирани интерните индикатори за следење на кредитниот ризик кои ги пропишуваат самите банки со цел навремено сигнализирање за зголемувањео на кредитниот ризик. Воедно, во овие точки се презентираат податоците за поодделните индикатори за банките во банкарскиот сектор на Република Макеоднија, притоа користејќи ги податоците од Народната банка на Република Макеоднија.

Шестата глава на трудот носи наслов „Управување со адекватност на каиталот" и е разработена низ осум точки. Во првата точка, кандидатот го елаборира поимот за капитал, неговата функција во работењето на банката, како и формите во кои тој се појавува, а неизбежно е и неговото дефинирање од теоретски аспект. Втората точка се осврнува на поимот за адекватност на капитал како однос помеѓу гарантниот капитал (сопствени средства) и ризичната пондерирана актива зголемена за другите ризични

пондерирани ставки. Понатаму кандидатот ги разработува причините за регулирање на адекватноста на капиталот кој треба да го поседува една банка со цел своето работење да го врши успешно и без проблеми. Во четвртата точка, кандидатот се задржал на факторите кои влијаат врз адекватноста на капиталот, како и мерките кои треба да се преземат со цел да се анулираат негативните дејствија врз адекватноста на капиталот на банката. Понатаму, кандидатот го разработува делот од менаџмент-информациониот систем кој преку извештајните форми за следење на адекватноста на капиталот има за цел ефикасно управување со оваа категорија. Треба да се напомене дека мерките што се преземаат за регулирање на стапката на адекватноста на капиталот се од различна природа, а од временски аспект се со подолг период на реализација. На крајот, кандидатот ја анализира законската рамка која ја третира адекватноста на капиталот на банките во Република Македонија, а преку податоците од Народната банка на Република Македонија кои се однесуваат за оваа тема за последните три години, даден е преглед за исполнувањето на степенот на адекватноста на капиталот од страна на банките во Република Македонија.

Во последната глава од трудот, кандидатот се фокусира на влијанието на кредитниот ризик врз адекватноста на капиталот, односно анализира дали тоа влијание е директно или индиректно. Притоа, подетално ги разработува мерките кои им стојат на располагање на домашните банки и кои можат да ги преземат со цел успешно управување со кредитниот ризик и минимизирање на влијанието врз адекватноста на капиталот.

На крајот се презентирани клучните наоди од теоретските и практичните истражувања на докторската дисертација. Имајќи ги предвид забелешките препораки и приниципи вградени во белешкиот документ кои се однесуваат на управување со ризикот од адекватноста на капиталот, кандидатот предлага систем од мерки кои треба да применуваат со цел ефикасно намалување на влијанието на кредитниот ризик врз адекватноста на капиталот.

3. Оцена и предлог

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот **м-р Драган Коцески** со наслов **ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** и заемно е мислењето дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа банкарскиот менаџмент Во докторската дисертација солидно се идентификуваат и анализираат мерките кои треба да се преземат со цел минимизирање на негативното влијание на кредитниот ризик врз адекватноста на капиталот, односно капитализираноста на банките во Република Македонија со цел успешно да ја вршат својата дејност, а воедно нивното редовно работење да го завршат со позитивни резултати. Поголемо значење, банките треба да и посветат на капитализираноста на банката, бидејќи со тоа постигнуваат поголема стабилност во своето работење и поголема сигурност кај своите комитенти, односно депоненти, истакнува кандидатот.

Со оглед на карактерот на обработуваната проблематика, трудот дава соодветен одговор на тековната дилема во банкарскиот систем во однос на висината на адекватноста на капиталот. Имено, дали банкарскиот систем треба да продолжи со високите стапки на адекватност на капиталот, кои обезбедуваат повисока сигурност и стабилност, дури и на високи екстерни шокови, но по цена на користење на скап извор на финансирање, што се одразува во високите каматни стапки. Симулациите во

дисертацијата покажуваат дека банките во Република Македонија треба да ги намалат стапките на адекватноста на капиталот (блиску до базелските стандарди), со што би се осигурале поевтини извори на финансирање на банките, но и поголема одговорност на банките за поефикасно управување со ризиците.

Комплексноста на материјата и сеопфатноста во разработката на теоретските аспекти во трудот, надополнети со оригинален пристап во истражувањето на предметната проблематика, даваат солидна основа за позитивна оцена на Комисијата дека истражувањето во трудот претставува солиден научен придонес во процесот на поефикасно управување со ризиците, пред се, на кредитниот ризик како доминантен ризик во македонското банкарство .

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена на докторската дисертација на тема: „ **ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВРЗ АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ КАЈ БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** “,

2. да формира комисија за одбрана и на кандидатот **м-р Драган Коцески** да му се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 22 април 2015 г.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

1. _____
Д-р Билјана Анѓелова с.р.

2. _____
Д-р Нада Петровска-Анѓеловска с.р

3. _____
/Д-р Климентина Попоска / с.р

4. _____
/ Д-р Татјана Петковска-Мирчевска/ с.р.

5. _____
/ Д-р Диана Бошковска/ с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии бр. 02-717/5, донесена на неговата редовна седница одржана на 27 март 2013 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област телекомуникации, според конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 7 март 2013 година.

На објавениот конкурс, во предвидениот законски рок, се пријавил кандидатот вонр. проф. д-р Зоран Хаџи-Велков за избор во наставно-научно звање - редовен професор. Врз основа на поднесените документи, сопствените сознанија и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го понесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Д-р Зоран Хаџи-Велков е роден на 24 јули 1972 година во Скопје, каде што завршил основно и средно училиште. Во октомври 1991 година ги започнал своите студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (поранешен Електротехнички факултет), насока: електроника и телекомуникации. Покажал одличен успех во текот на студиите, кои ги завршил со просек на положени испити 9,47. Својата дипломска работа ја одбранил во мај 1996 година.

Во декември 1996 година се запишал на постдипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии, насока: телекомуникации. Во декември 2000 година успешно го одбранил својот магистерски труд со наслов „Протоколи за повеќекратен случаен пристап во безжичните локални мрежи", за кој е награден со факултетска награда за најдобар одбранет магистерски труд во 2000 година.

Во мај 2003 година, д-р Хаџи-Велков успешно ја одбранил својата докторска дисертација со наслов „Придонес кон анализата на перформансите и дефинирањето на оптималните работни параметри на безжичните локални мрежи", под менторство на проф. Борис Спасеновски, и се стекнал со академски степен-доктор на технички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Д-р Хаџи-Велков се вработил на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на 25 септември 1996 година, со неговиот избор во соработничко звање-помлад асистент по предметите од наставно-научната област телекомуникации. Реизбран е во истото звање на 22 ноември 1999 година, а во мај 2001 година е унапреден во соработничко звање - асистент на истиот Факултет. На 26 ноември 2003 година, д-р Хаџи-Велков е избран во наставно-научното звање доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. На 21 август 2008 година е избран во неговото сегашно звање-вонреден професор по предметите од наставно-научната област телекомуникации на истиот Факултет.

Во текот на својата професионална кариера, д-р Хаџи-Велков реализирал куси студиски престои на повеќе познати европски универзитети: Политехничкиот универзитет во Торино, Италија, Универзитетот во Лил, Франција и Институтот за телекомуникации во Еври, Франција. Во текот на 2001 и 2002 година остварил

повеќемесечен научен престој во истражувачкиот центар Watson на компанијата IBM во Њујорк, САД, каде што работел во областа на оптичките телекомуникации. Во септември 2005 година, еден месец престојувал на Универзитетот во Модена, Италија, финансиран од TEMPUS-стипендија за индивидуална мобилност, која му била доделена на меѓународен конкурс во услови на голема меѓународна конкуренција.

Д-р Хаџи-Велков е претседател на Одделот за телекомуникации при македонската IEEE-секција. Тој е IEEE Senior Member.

Од јануари 2012, д-р Хаџи-Велков е член на уредувачкиот одбор во меѓународното списание IEEE Communications Letters.

Од октомври 2012 година, д-р Хаџи-Велков е визитинг-професор на Универзитетот во Ерланген-Нирнберг, Германија, а престојот му е финансиран со Хумболтовата стипендија за искусни истражувачи.

2. Наставно-образовна дејност

Како асистент, д-р Хаџи-Велков одржувал аудиториски и лабораториски вежби по следниве предмети на додипломските студии: основи на телекомуникации 1 и 2, пренос на податоци, телекомуникациски мрежи, микробранови системи, телекомуникациски системи, техника на врски 1 и 2. Ги подготвил аудиториските вежби по предметите телекомуникациски мрежи и пренос на податоци.

Во текот на неговиот досегашен наставнички стаж на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на додипломските студии д-р Хаџи-Велков одржувал настава (предавања, аудиториски и лабораториски вежби) по повеќе задолжителни и изборни предмети на (старата) студиската програма електроника и телекомуникации и студиската програма телекомуникации (според ЕКТС), и тоа:

- микробранови системи,
- пренос на податоци,
- основни на телекомуникации,
- дигитален пренос на информации,
- симулациски методи во телекомуникации,
- канали и пропагација.

Д-р Хаџи-Велков за првпат ги вовел предметите симулациски методи во телекомуникации и канали и пропагација, со што почнал да негува две целосно нови дисциплини на додипломските студии по телекомуникации на Факултетот. За овие два предмета, тој напишал интерни скрипти од предавања.

На магистерските студии на Факултетот (според ЕКТС), д-р Хаџи-Велков за првпат ги вовел и одржувал настава од следниве предмети:

- радиомобилни комуникации,
- безжични локални мрежи од следна генерација,
- принципи на современи комуникации,
- симулација на телекомуникациски системи.

Досега бил ментор за изработка на 50 одбранети дипломски работи, од кои 35 дипломски работи по изборот во звањето вонреден професор. По изборот во звањето вонреден професор, бил ментор на 3 одбранети магистерски работи, како и на 4 магистерски работи кои се во фаза на изработка. Исто така, тој е ментор и на една докторска дисертација која е во фаза на изработка.

3. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Како асистент, кандидатот д-р Хаџи-Велков објавил 3 труда во меѓународни научни списанија, како и 22 труда во зборници од меѓународни и домашни конференции. Овие трудови се главно во областа на безжичните телекомуникациски мрежи, и се рецензирани при неговите претходни избори во Билтенот на Универзитетот бр. 738 од 3 септември 1999 година, Билтенот бр. 778 од 3 мај 2001 година и Билтенот бр. 838 од 3 ноември 2003 година.

Како доцент, во периодот помеѓу 2004 и 2008 година, д-р Хаџи-Велков објавил 4 труда во најпрестижните светски списанија со фактор на влијание (од кои 3 во IEEE-списанија), како и 7 труда во зборници на светски конференции (од кои 6 на IEEE конференции). Овие трудови припаѓаат на поширокаата област на безжичните телекомуникации (на пример, карактеризација и моделирање на фединг канали, повеќеканални безжични системи со диверзитет), и се рецензирани при неговиот избор во звањето вонреден професор во Билтенот на Универзитетот бр. 945 од 1 јули 2008 година. Во овој период, тој веќе се етаблира како афирмиран и препознатлив истражувач во меѓународната научна јавност од областа на безжичните телекомуникации, за што сведочи и неговото ангажирање како рецензент на повеќе од 40 труда од други автори за објавување во врвни списанија и конференции (од кои повеќето се во IEEE списанија и конференции). Во овој период, тој исто така се јавува и како раководител/кораководител на 3 домашни научноистражувачки и развојни проекти, од кои 2 се финансирани од Министерството за образование и наука на РМ.

Од неговиот избор во звањето вонреден професор до денес, д-р Хаџи-Велков објавил 6 труда во меѓународни списанија со фактор на влијание и 13 труда во зборници на престижни светски конференции. Овие трудови на кандидатот се набројани во Образецот (Анекс 2) приложен кон овој Извештај. Првите шест труда (од [1] до [6]) се објавени во врвните светски списанија од телекомуникации: IEEE Transactions on Information Theory, IEEE Transactions on Wireless Communications, IEEE Transactions on Communications и IEEE Communications Letters.

Како вонреден професор, д-р Хаџи-Велков бил раководител на 2 национални научноистражувачки проекта финансирани од Министерството за образование и наука на РМ. Двата проекта се одобрени за финансирање од страна на Министерството во конкуренција на голем број поднесени предлог-проекти во сите научни области.

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Хаџи-Велков продолжува и со својата рецензентска активност во списанија од телекомуникации (повеќето се IEEE-списанија). Од август 2008 година до денес рецензирал околу 90 труда. Освен тоа, тој бил и стручен рецензент на 2 европски научни проекта од 7-та Рамковна програма (FP7) во седиштето на Европската комисија во Брисел.

Д-р Хаџи-Велков бил член во техничко програмските комитети на повеќе меѓународни конференции од телекомуникации, меѓу кои IEEE International Conference on Communications 2013 (ICC 2013) и IEEE Vehicular Technology Conference 2013.

Од јануари 2012 година, д-р Хаџи-Велков е член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание IEEE Communications Letters.

Од октомври 2012 година до март 2013 година, д-р Хаџи-Велков бил визитинг-професор на Институтот за дигитални комуникации при Универзитетот во Ерланген-Нирнберг, Германија. Неговиот престој на овој Универзитет е финансиран со Хумболтова стипендија за искусни истражувачи. Оваа стипендија ја доделува Германската фондација „Александар фон Хумболт" за научни достигнувања во сите области од науката, и се смета за една од најпрестижните светски научни стипендии со многугодишна традиција.

Дополнителен доказ за релевантноста на истражувањата кои ги спроведува д-р Хаџи-Велков е високата цитираност на неговите објавени трудови од страна на други автори. Според Google Scholar, неговите трудови досега се цитирани 450 пати.

3.1. Осврт кон објавените трудови по изборот во вонреден професор

Во трудовите [1], [7] и [8] е анализирано влијанието на „застарената" оцена на каналот во конвенционален еднонасочен релеен систем засили-и-препрати, составен од извор, реле и дестинација. Изведени се аналитички изрази за веројатноста за грешка и веројатноста за испад во услови на канал со Nakagami-m фединг, при што е претпоставено дека релето има на располагање „застарена" информација за каналот помеѓу изворот и релето. Во специјален случај на Rayleigh-иев фединг, добиените резултати може да се применат и во случај на несовршена оцена на каналот, при што грешката во оцената потекнува од адитивен бел Гаусов шум или од шум на квантизација. Иако излезната моќност од релето е проектирана на некоја константна вредност, добиените резултати укажуваат дека таа се менува при несовршена оцена на каналот. Поради оваа променлива излезна моќност, предложена е нова метрика за опис на однесувањето на системот, т.н. однос помеѓу врвната и средната моќност во релето (PAPR), која за првпат се применува во кооперативните релејни системи. Изведен е израз за распределбата на PAPR која мора да се земе предвид при дизајнот на овие системи, бидејќи постои праг за точноста во оцената на каналот под кој релето со променливо засилување ја губи предноста во однос на она со фиксно засилување.

Во трудовите [2], [12] и [13] е проучен диверзитетот во кооперативните релејни системи со мобилни јазли. Освен веројатноста за испад, телекомуникациските системи кои се одликуваат со мобилност мора дополнително да се опишат и преку други параметри, бидејќи мобилноста внесува променливост во коефициентите на фединг каналот. Имено, во овој случај, испадите во системот се временско корелирани појави, па затоа за целосен опис мора да се искористат и статистичките параметри од втор ред. Тоа се параметрите средна честота на испади (AOR), средно времетраење на испади (AOD) и средно времетраење на отсуство на испади (ANOD). Претпоставувајќи бавен Rayleigh-иев канал, во трудот се изведени точни аналитички изрази за AOR, AOD и ANOD за трите конвенционални релејни протоколи: засили-и-препрати, декодирај-и-препрати и декодирај-и-препрати со селективност. Освен тоа, при висок однос сигнал-шум (SNR), изведени се асимптотски изрази, кои овозможуваат да се добие јасна претстава за влијанието на различните системски и канални параметри. Конкретно, покажано е дека, на двојно логаритамска скала, AOR асимптотски опаѓа со SNR со стрмнина која зависи од добивката од диверзитет, додека AOD асимптотски опаѓа со стрмнина -1/2, независно од добивката од диверзитет. Асимптотската анализа открива дека зголемувањето на бројот на релеи има мал позитивен ефект врз параметарот AOD, но затоа пак има многу позитивен ефект врз параметарот ANOD.

Во трудот [3] се анализирани параметрите AOR и AOD во кооперативни системи со „опортунистички" протокол, кој постигнува целосна добивка од диверзитет и има висока спектрална ефикасност бидејќи во еден момент само „најдоброто" реле се избира да ја препраќа информацијата. Претпоставено е дека нема директна патека помеѓу изворот и дестинацијата, присуство на Rayleigh-иев фединг, како и постоење произволен број мобилни релеи меѓу кои се врши изборот. Добиени се точни аналитички изрази во случајот кога релеи применуваат протокол засили-и-препрати со фиксно засилување и протокол декодирај-и-препрати.

Во трудовите [4] и [19] е изведена апроксимација со голема точност за функцијата на распределба на збир од корелирани Nakagami-m случајни променливи. Дури и во специјален случај на Rayleigh-иев фединг, за овој збир не постои израз во затворена форма ако бројот на собироци е поголем од 2. Апроксимацијата се базира на изедначување на овој збир со соодветен збир од еквивалентни случајни променливи со Гама распределба со идентични фединг параметри. Точноста на предложената

апроксимација е потврдена преку користење на два статистички теста: Пирсонов тест и Колмогоров-Смирнов тест. Докажано е дека приближната распределба станува точна во случајот на максимална корелација. Статистиката на ваквиот збир на случајни променливи има неколку важни примени во теоријата на безжичните комуникации, како што се приемници со еднакво диверзитетно засилување (EGC). Со предложената апроксимација, перформансите на ваков EGC-приемник со корелирани гранки може да се анализираат преку разгледување на еквивалентен приемник кој врши комбинирање во максимален однос (MRC).

Во трудот [5] е дадена целосно нова аналитичка рамка за определување на статистичките параметри од втор ред, честота на пресеци (LCR) и времетраење на испади (AFD), во релејни системи со повеќе делници кои применуваат протокол засили-и-препрати и се изложени на влијание на Rayleigh-иев фединг. Изведени се нови аналитички изрази за LCR и AFD за т.н. *N**Rayleigh-иев канал. Освен тоа, за овие параметри, изведени се едноставни и ефикасни апроксимации преку користење на Лапласовата теорема за апроксимација на повеќедимензионални интегрални. Во специјален случај на 2 делници, докажано е дека добиените резултати се сведуваат на познати изрази од литературата.

Во трудот [6] е изведена апроксимација со голема точност за параметрите LCR и AFD за двоен Nakagami-*m* канал. Познавањето на овие параметри е важно за моделирањето и дизајнот на кооперативни релејни системи со повеќе делници. Добиените резултати се применети за анализа на т.н. „продупчени" МИМО (анг. multiple input multiple output) канали со фединг низ кои се пренесуваат ортогонални просторно-временско кодирани (STBC) симболи. Покажано е дека слична анализа може да се примени и за корелирани „продупчени" канали со фединг.

Во трудовите [9], [10] и [11] се изведени едноставни асимптотски изрази за веројатноста за испад и веројатноста за грешка во релејни системи со две делници кои применуваат протокол засили-и-препрати, со и без директна патека помеѓу изворот и дестинацијата. Добивка од диверзитет на овие системи порано не беше позната во литературата. Покажано е дека, без директна патека, и веројатноста за испад и веројатноста за грешка асимптотски опаѓаат според $\log(SNR)/SNR$, додека, со директна патека, тие асимптотски опаѓаат според $\log(SNR)/SNR^2$.

Во трудовите [14] и [15] се изведени приближни изрази за веројатноста за испад и веројатноста за грешка во релејни системи со две делници чии јазли располагаат со повеќе антени. Претпоставена е МИМО-комуникациска шема со Аламутиево кодирање, а протоколот засили-и-препрати е модифициран така што во релето се врши само демодулација на влезниот сигнал, без декодирање. Симулациите Монте-Карло ја потврдуваат големата точност на предложените апроксимации, како и тоа дека овој релеен систем има многу подобри перформанси од соодветниот релеен систем базиран на протоколот декодирај-и-препрати. Добивката дополнително се зголемува ако се зголеми бројот на антени во дестинацијата.

Во трудот [16] е направена оптимизација на процедурата за побарување опсег во WiMax-мрежите. Оптимизацијата се однесува на изборот на најважниот параметар во механизмот за натпревар за каналот, при што се минимизира средното доцнење за пристап кон каналот, со што се добива најдобар квалитет на сервисот кон крајниот корисник. Исто така, предложени се процедури за ефикасна и точна оцена на сите влезни параметри кои се неопходни за оптимизацијата. Предложената оптимизација може едноставно да се имплементира и доведува до значително подобрување на перформансите на мрежата.

Во трудот [17] се воведени нови метрики за опис на придонесот на секој релеен јазол во кооперативните релејни системи, и тоа: средна брзина на избор на реле, средно време на користење на едно реле, и средно време на чекање. Овие метрики се особено важни при дизајн на релејни системи со ограничувања во потрошувачката на

енергија и доцнењето. Изведени се изрази за овие параметри во случај на релејни системи засили-и-препрати со избор на реле.

Во трудот [18] е направена споредба на перформансите на безжични релејни системи засили-и препрати со повеќе делници во различни фединг канали, и тоа: Rayleigh-иев, Rice-ов, Nakagami-*m* и Weibull-ов канал. Покажано е дека системите со реле со променливо засилување имаат подобри перформанси од оние со реле со фиксно засилување, при што добивката се зголемува со зголемување на бројот на делниците.

4. Заклучок и предлог

Според сето претходно изнесено, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонр. проф. д-р Зоран Хаџи-Велков во својата досегашна професионална кариера покажал извонредни достигнувања во наставната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Особено значајни резултати во својата високообразовна дејност остварил по изборот во звањето вонреден професор во 2008 година.

Во рамките на наставниот процес, држел настава од повеќе дисциплини од областа на телекомуникациите, а вовел и повеќе нови современи предмети во студиите по телекомуникации. Бил ментор на голем број дипломски и магистерски работи и дал придонес во оспособување на млади научници.

Кандидатот д-р Зоран Хаџи-Велков особено се истакнува со постигнувањата во својата научноистражувачка дејност. Досега раководел со неколку домашни научноистражувачки проекти, од кои 2 по изборот во звањето вонреден професор, кои биле одобрени за финансирање во услови на голема конкуренција. Објавил голем број трудови во меѓународни списанија и конференции, вклучувајќи ги и најпрестижните меѓународни списанија од телекомуникации со фактор на влијание. За особено истакнување се неговите 9 објавени труда во IEEE-списанија, од кои 6 се објавени по неговиот избор во звањето вонреден професор. Показател за квалитетот на неговите истражувања е високата цитираност на неговите трудови (повеќе од 450 пати).

Кандидатот д-р Зоран Хаџи-Велков веќе е афирмиран истражувач од областа на безжичните телекомуникации, за што сведочи и неговото ангажирање како член на уредувачкиот одбор во врвно IEEE-списание со фактор на влијание. Д-р Зоран Хаџи-Велков е добитник на престижната Хумболтова стипендија за искусни истражувачи, во рамките на која бил визитинг-професор на универзитет во Германија, што претставува врвно меѓународно признание за неговите досегашни научни достигнувања.

Вреднувајќи ги вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот д-р Зоран Хаџи-Велков, од почетокот на неговата академска кариера до денес, Рецензентската комисија констатира дека без сомнение се работи за врвен наставник и научник, кој е веќе етаблиран и признат во домашната и меѓународната научна јавност. Имајќи го предвид погоре кажаното, личното познавање на кандидатот, како и дека целосно ги исполнува сите потребни услови за избор во звањето за кое конкурира, Рецензентската комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му предложи да донесе предлог-одлука за избор на вонр. проф. д-р Зоран Хаџи-Велков во звањето редовен професор по предметите од наставно-научната област телекомуникации.

Скопје, 17 април 2013 год.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Лилјана Гавриловска, претседател, с.р.
Проф. Борис Спасеновски, член, с.р.
Проф. д-р Борислав Поповски, член, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Зоран (Драган) Хаци-Велков**

Институција: **Факултет за електротехника и информациски технологии**

Научна област: **телекомуникации**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава од прв циклус студии**	**25,2**
	--Симулациски методи во телекомуникации (3 часа), зимски семестар 2008	1,8
	--Основи на телекомуникации (3 часа), летен семестар 2009	1,8
	--Канали и пропагација (3 часа), летен семестар 2009	1,8
	--Симулациски методи во телекомуникации (3 часа), зимски семестар 2009	1,8
	--Основи на телекомуникации (3 часа), летен семестар 2010	1,8
	--Канали и пропагација (3 часа), летен семестар 2010	1,8
	--Симулациски методи во телекомуникации (3 часа), зимски семестар 2010	1,8
	--Дигитален пренос на информации (3 часа), зимски семестар 2010	1,8
	--Основи на телекомуникации (3 часа), летен семестар 2011	1,8
	--Канали и пропагација (3 часа), летен семестар 2011	1,8
	--Симулациски методи во телекомуникации (3 часа), зимски семестар 2011	1,8
	--Дигитален пренос на информации (3 часа), зимски семестар 2011	1,8
	--Основи на телекомуникации (3 часа), летен семестар 2012	1,8
	--Основи на дигитални телекомуникации (3 часа), летен семестар 2012	1,8
2	**Одржување на настава од втор циклус студии**	**18**
	--Радиомобилни комуникации (3 часа), зимски семестар 2008	2,25
	--Безжични локални мрежи од следна генерација (3 часа), летен семестар 2009	2,25
	--Радиомобилни комуникации (3 часа), зимски семестар 2009	2,25
	--Принципи на современи телекомуникации (3 часа), зимски семестар 2010	2,25
	--Безжични локални мрежи од следна генерација (3 часа), летен семестар 2010	2,25
	--Радиомобилни комуникации (3 часа), зимски семестар 2010	2,25
	--Радиомобилни комуникации (3 часа), зимски семестар 2011	2,25
	--Симулација на телекомуникациски системи (3 часа), зимски семестар 2011	2,25
3	**Настава во школи и работилници**	**1**
	--Работилница на ITU Centre of Excellence „3G-HSPA and LTE mobile networks", 3-5 февруари 2010, Скопје	1
4	**Подготовка на нов предмет**	**2**
	--Радиомобилни комуникации (предавања)	1
	--Канали и пропагација (вежби)	0,5
	--Симулациски методи во телекомуникации (вежби)	0,5

5	**Консултации со студенти**	**1,448**
	зимски 2008 (35 студенти), летен 2009 (107 студенти), зимски 2009 (58 студенти), летен 2010 (125 студенти), зимски 2010 (93 студенти), летен 2011 (131 студенти), зимски 2011 (92 студенти), летен 2012 (83 студенти)	
6	**Ментор на дипломски работи (35)**	**7**
7	**Член на комисија за оцена и одбрана на докторат (5)**	**2,5**
8	**Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура (7)**	**2,1**
9	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (72)**	**7,2**
10	**Интерна скрипта од предавања за предметите**	**8**
	--Симулациски методи во телекомуникации	4
	--Канали и пропагација	4
11	**Интерна скрипта од вежби од предметите**	**6**
	--Канали и пропагација	3
	--Симулациски методи во телекомуникации	3
12	**Пакет материјали за предметите**	**5**
	--Основи на телекомуникации	1
	--Симулациски методи во телекомуникации	1
	--Канали и пропагација	1
	-- Дигитален пренос на информации	1
	--Радиомобилни комуникации	1
	Вкупно	**85,448**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Ментор на докторска дисертација (1)**	**3**
2	**Ментор на магистерска работа (6)**	**6**
3	**Раководител на национален научен проект**	**12**
	--„Карактеризација и моделирање на безжичен радио канал во затворена средина и анализа на неговото влијание врз современите безжични телекомуникациски системи“ (2006-2009, проект финансиран од МОН на РМ)	6
	--„Кооперативен диверзитет преку релејни фединг канали во идните мобилни мрежи“ (2010-2012, проект финансиран од МОН на РМ)	6
4	**Учесник во национален научен проект**	**3**
	--„Асимптотска вејвлет и Габор анализа и нивна примена“ (2011-2012, проект финансиран од ФЕИТ Скопје)	3
5	**Учесник во меѓународен научен проект**	**5**
	--Билатерален проект со Австрија „Асимптотики во Коорбит простори“, 2011-2013	5
6	**Трудови со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор**	**35,4368**
[1]	**Z. Hadzi-Velkov**, D. S. Michalopoulos, G. K. Karagiannidis, and Robert Schober, "On the Effect of Outdated Channel Estimation in Variable Gain Relaying: Error Performance and PAPR", *IEEE Transactions on Wireless Communications*, vol. 12, No. 3, March 2013 (ИФ = 2,586)	5,1516
[2]	N. Zlatanov, **Z. Hadzi-Velkov**, G. K. Karagiannidis, and R. Schober, "Cooperative Diversity With Mobile Nodes", *IEEE Transactions on Information Theory*, vol. 57, No. 10, October 2011 (ИФ = 3,009)	5,4054

[3]	**Z. Hadzi-Velkov** and N. Zlatanov "Outage Rates and Outage Durations of Opportunistic Relaying Systems", *IEEE Communications Letters*, Vol. 14 , No. 2, February 2010, pp: 148 – 150 (ИФ = 0,982)	6,2838
[4]	N. Zlatanov, **Z. Hadzi-Velkov**, and G. K. Karagiannidis, "An Efficient Approximation to the Correlated Nakagami-m Sums and its Application in Equal Gain Diversity Receivers," *IEEE Transactions On Wireless Communications*, Vol. 9, No.1, January 2010, pp: 302-310 (ИФ = 2,586)	6,8688
[5]	**Z. Hadzi-Velkov**, N. Zlatanov, G. K. Karagiannidis, "On the Second Order Statistics of the Multihop Rayleigh Fading Channel", *IEEE Transactions On Communications*, Vol. 57, No. 6, June 2009, pp. 1815-1823 (ИФ = 1,677)	6,1416
[6]	N. Zlatanov, **Z. Hadzi-Velkov**, G.K. Karagiannidis, "Level Crossing Rate and Average Fade Duration of the Double Nakagami-m Random Process and Application in MIMO Keyhole Fading Channels", *IEEE Communications Letters*, Vol. 12, No. 11, Nov. 2008, pp. 822-824 (ИФ = 0,982)	5,5856
7	**Трудови со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**30**
[7]	D. S. Michalopoulos, **Z. Hadzi-Velkov**, G. K. Karagiannidis, and R. Schober, "PAPR of Variable-Gain and Fixed-Gain Amplify and Forward Relaying", *Proc. 9th International ITG Conference on Systems, Communications and Coding*, Munich, Germany, 21-24 January 2013	1,8
[8]	**Z. Hadzi-Velkov**, D. S. Michalopoulos, G. K. Karagiannidis, and R. Schober, "Dual-hop amplify-and-forward transmission with imperfect channel estimates at the relay", *Proc. IEEE International Conference* on *Communications* (ICC 2012), Ottawa, Canada, June 2012	1,8
[9]	K. Smiljkovic, and **Z. Hadzi-Velkov**, "Asymptotic Performance of Dual-hop Non-regenerative Cooperative Systems With or Without Direct Path", *Proc. Eighth International Symposium on Wireless Communication Systems* (ISWCS 2011), Aachen, Germany, Nov. 2011	2,7
[10]	K. Smiljkovic, and **Z. Hadzi-Velkov**, "High-SNR performance of amplify-and-forward communication systems with fixed-gain relays", *Proc. 10th International Conference on Telecommunication in Modern Satellite, Cable and Broadcasting Services* (TELSIKS 2011), Nis, Serbia, 5-8 Oct. 2011	2,7
[11]	**Z. Hadzi-Velkov**, and K. Kralevska, "Performance of Amplify-and-Forward Relay Systems with On-off Relaying", *Proc. ICT Innovations International Conference 2011*, Skopje, Macedonia, 14-16 Sept. 2011	2,7
[12]	N. Zlatanov, **Z. Hadzi-Velkov**, G. K. Karagiannidis, and R. Schober, "Outage Rate and Outage Duration of Decode-and-Forward Cooperative Diversity Systems", *Proc. IEEE International Conference on Communications* (ICC 2011), Kyoto, Japan, June 2011	1,8
[13]	N. Zlatanov, R. Schober, **Z. Hadzi-Velkov**, and G. K. Karagiannidis, "Average outage and non-outage duration of selective decode-and-forward relaying", *Proc. 12th Canadian Workshop on Information Theory* (CWIT 2011), Kelowna, Canada, May 2011	1,8
[14]	J. Stosic, and **Z. Hadzi-Velkov**, "Performance analysis of dual-hop dual-antennas MIMO systems in Rayleigh fading", *Proc. International Congress on Ultra Modern Telecommunications and Control Systems and Workshops* (ICUMT 2010), Moscow, Russia, 18-20 Oct. 2010	2,7
[15]	J. Stosic, and **Z. Hadzi-Velkov**, "Perfromance analysis of Dual-Hop MIMO systems", *Proc. ICT Innovations International Conference 2010*, Ohrid, Macedonia, 12-15 Sept. 2010	2,7
[16]	P. Latkoski, **Z. Hadzi-Velkov**, and B. Popovski, "Modeling and optimization of bandwidth request procedure in IEEE 802.16 networks", *Proc. IEEE 21st International Symposium on Personal Indoor and Mobile Radio Communications* (PIMRC 2010), Istanbul, Turkey, 26-30 Sept. 2010	2,4
[17]	T. A. Tsiftsis, **Z. Hadzi-Velkov**, G. K Karagiannidis and N. Zlatanov, "Relaying utilization metrics of diamond cooperative diversity systems", *Proc. IEEE 5th International Symposium on Wireless Pervasive Computing*, Modena, Italy, May 2010	1,8
[18]	J. Stosic, and **Z. Hadzi-Velkov**, "Outage Probability of Multi-hop Relay Systems in Various Fading Channels", *Proc. ICT Innovations International Conference 2009*, Ohrid, Macedonia, 28-30 Sept. 2009	2,7
[19]	**Z. Hadzi-Velkov**, N. Zlatanov, G. K. Karagiannidis, "An Accurate Approximation to the Distribution of the Sum of Equally Correlated Nakagami-m Envelopes and its Application in Equal Gain Diversity Receivers", *Proc. IEEE International Conference on Communications 2009* (ICC 2009), Dresden, Germany, 14-18 June, 2009	2,4

8	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**3**
	„Future broadband initiative – an academic view", *International Regulatory Conference 2011*, Охрид, мај 2011	3
9	**Учество на научен собир со реферат**	**2**
	--„Second-order performance of mobile cooperative networks", состанок за COST IC0906 WiNeMO проект, октомври 2011, Лисабон, Португалија (орална презентација)	1
	--„Dual-hop amplify-and-forward transmission with imperfect channel estimates at the relay", IEEE International Conference on Communications, јуни 2012, Отава, Канада (орална презентација)	1
10	**Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет**	**3**
	„New performance metrics in mobile cooperative networks", Универзитет во Ерланген, октомври 2012, Ерланген, Германија	3
	Вкупно	**102,4368**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма**	**1**
	--Студиска програма од прв циклус: телекомуникации и информациско инженерство на ФЕИТ/УКИМ, 2011 год.	1
2	**Експертски активности**	**2**
	--Стручна ревизија на европски научен проект FP7-ICT-213952-MIMAX (Европска комисија, Брисел, 2009 год.)	1
	--Стручна ревизија на на европски научен проект FP7-ICT-215167-WiMAGIC (Европска комисија, Брисел, 2009 год.)	1
Дејности од поширок интерес		
3	**Уредник на меѓународно научно списание**	**3**
	--IEEE Communications Letters (од 2012 год.)	3
4	**Член на програмски одбор на научен собир**	**1**
	--ЕТАИ-конференција 2009, Охрид	0,5
	--ЕТАИ-конференција 2011, Охрид	0,5
5	**Член на програмски одбор на меѓународен научен собир**	**5**
	--ICT Innovations International Conference 2009, Охрид	1
	--ICT Innovations International Conference 2010, Охрид	1
	--ICT Innovations International Conference 2011, Скопје	1
	--IEEE International Conference on Communications 2013 (ICC 2013), Будимпешта	1
	--IEEE Vehicular Technology Conference Fall 2013 (VTC 2013), Лас Вегас	1
6	**Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност**	**6**
	--IEEE Communications Society, раководител во одделот за телекомуникации на РМ, 2012-2014 (член)	2
	--Менаџерски комитет на акцијата COST IC0906 (член)	2
	--Менаџерски комитет на акцијата COST IC1004 (член)	2
7	**Студиски престој во странство**	**2**

	--Универзитет во Ерланген, Германија, Хумболтова стипендија за искусни истражувачи, 2012-2013 год. (повеќе од 6 месеци)	2
8	**Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект**	**6**
	--„Institute of Telecommunications on the Path toward Excellence (EXCELPOT)", меѓународен повик FP7-REGPOT-2008 (носител)	2
	--„Building up the Western Balkan Centre of Excellence for Pervasive Computing and Networking Research (PERMANENCE)", меѓународен повик FP7-REGPOT-2010 (носител)	2
	--„Southeast European Research Centre for Advanced Telecommunications Technologies SEECATT", меѓународен повик FP7-REGPOT-2011 (носител)	2
9	**Член на факултетска комисија**	**1**
	--Комисија за клиничка настава	0,5
	--Комисија за иновирање на студиските програми од прв циклус студии	0,5
10	**Член на комисија за избор во звање (2)**	**0,4**
	Вкупно	**27,4**

Професионални референци на кандидатот за избор во звањето редовен професор	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	85,448
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	102,4368
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	27,4
ВКУПНО	**215,2848**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Лилјана Гавриловска, претседател, с.р.
Проф. Борис Спасеновски, член, с.р.
Проф. д-р Борислав Поповски, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ - ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АВТОМАТИКА И СИСТЕМСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, донесена на седницата одржана на 27.3.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во научно-наставното звање доцент по предметите од наставно-научната област автоматика и системско инженерство.

На распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“од 8.3.2013 година се пријавија двајца кандидати:

- д-р Горан Стојановски, доктор по електротехника, област: автоматика и системско инженерство, вработен како асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје;
- д-р Снежана Черепналковска-Дуковска, доктор на компјутерски науки и вештачка интелигенција, вработена во Народна банка на РМ.

Врз основа на поднесените документи и сопствените сознанија, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

А) Извештај за кандидатот д-р Горан Стојановски

1. Биографски податоци

Горан Стојановски е роден во Ресен на 1.3.1984 година. Во учебната 2002/2003 година се запишал на редовни студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика. Во текот на факултетското образование постојано е наградуван за успешно завршување на студиите во секоја студиска година со просек над 9. На истиот Факултет се стекнал со диплома дипломиран инженер по електротехника на 11 мај 2007 година, со просечна оценка на положените испити 9. Во ноември 2007 година се запишал на постдипломски студии на насоката автоматика и системско инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, под менторство на проф. д-р Миле Станковски и магистрирал во август 2009 година со магистерскиот труд под наслов „Проектирање и реализација на предвидувачки управувач базиран на модел со минимакс оптимизација“. Во септември 2010 година прифатена му е темата за изработка на докторската дисертација под наслов „Развој на напредни алгоритми за хибридно управување со предвидување базирано на модел за индустриски постројки со голема моќност“, под менторство на проф. д-р Миле Станковски. Докторската дисертација ја одбранил на 15.2.2013 и се стекнал со научниот степен доктор на науки.

2. Работно искуство

Од 2012 година до тековниот момент работи како асистент на Институтот за автоматика и системско инженерство при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Од 2009 до 2012 година работел како помлад асистент на Институтот за автоматика и системско инженерство при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Од 2007 до 2009 година работел како демонстратор избран на Наставно-научниот совет при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на Институтот за автоматика и системско инженерство со права и обврски на помлад асистент.

3. Наставно-образовна дејност

Во досегашниот период, д-р Горан Стојановски одржувал аудиториски и лабораториски вежби на Институтот за автоматика и системско инженерство при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје по следниве предмети: програмабилни логички управувачи, системи за далечинско водење и дистрибуирано управување, елементи за автоматизација и роботика, Компјутерско интегрирано производство, управување со флексибилни производни системи, моделирање, идентификација и симулација, автоматизација на производни процеси и постројки и структури со програмирање.

4. Научноистражувачка дејност

Кандидатот има објавено 4 труда во меѓународни научни списанија (1 со импакт фактор на влијание), 2 глави од книга за странски издавачи и 28 научни трудови на домашни и странски конференции. Во продолжение даваме краток опис на секој од нив, во хронолошки редослед на објавување.

4.1/. *Трудови во списанија*:

1. **Stojanovski, G.**, Stankovski, M. "A Hybrid System Approach for High Consumption Industrial Furnace Control" **Journal of Intelligent Control and Automation**, **3**(4): p, 404-412, 2012.

Во овој труд кандидатот презентира хибриден пристап кон управување со индустриска печка базирана на нов хибриден модел изграден за истата печка. Алгоритамот ги користи предностите на хибридните системи за да ги инкорпорира влијанијата на логичките и целобројните промениви во предвидувачкиот управувач и покажува значително подобрување на критериумите за квалитет во споредба со стандардните управувачи со предвидување.

2. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski and Georgi Dimirovski "Multiple-Model Model Predictive Control for High Consumption Industrial Furnaces." *Facta Universitatis–Series **Automatic Control and Robotics***, Vol. **9**, Iss. 1, 2010. (Serbia;).

Во овој труд кандидатот презентира една напредна техника за управување со индустриска печка базирана на повеќе модели. Алгоритамот користи опбсервер за детекција на тековниот работен режим на системот и врз база на тоа избира соодветен управувач со предвидување.

3. Yanyan Liu, **Goran S. Stojanovski**, Mile J. Stankovski, Georgi M. Dimirovski and Jun Zhao. " Feedback Passivation of Switched Nonlinear Systems Using Storage-like Functions." **International Journal of Control, Automation, and Systems** (2011) 9(**5**): p: 980-986, DOI 10.1007/s12555-011-0520-9, 2011.

Во оваа публикација авторите презентираат нова техника за пасивизација на повратната врска за превклучувачки системи. Во овој труд е презентирана комплетна теорија за овие системи поддржана со докази на поставените теореми.

4. Lutfi Bina, Dejan Davidovikj, **Goran Stojanovski** and Mile Stankovski. "Advanced Identification Methods for Industrial Processes with Big Time Delays", *Journal of Mechanics Engineering and Automation*, 2(4), pp. 203-207. April, 2012 David Publishing. ISSN 2159-5275.

Во овој труд е презентирана постапката за идентификација на индустриски процес на хемиска обработка на вода во термоелектрана. Презентирана е идентификација врз основа на реални податоци и споредени се неколку напредни методи. Резултатите се проверени со помош на друго множество од реални податоци.

4.2/. *Трудови објавени во книги*:

1. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, Chapter - "Model Predictive Controller Employing Genetic Algorithm Optimization of Thermal Processes with Non-Convex Constraints". *Genetic Algorithm*, ISBN 979-953-307-880-8, Edited by Dr. Rustem Popa, ISBN: 978-953-51-0400-1. DOI: 10.5772/36143. p. 19-34. Publisher: InTech, March 2012.

За решавање на проблеми на оптимизација во присуство на ограничување од некое неконвексно множество, потребно е да се искористат алтернативни методи на оптимизација во превклучувачките алгоритми. Во овој труд е претставен еден таков модел на оптимизација со помош на генетски алгоритми и детално образложен со помош на еден пример на управување на индустриска печка.

2. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, Riste Mitevski, Dragan Stankovski Chapter - "Operating SCADA Systems in Potential Risk Intrusion Network Environment and Risk Management." *Use of Risk Analysis in Computer-Aided Persuasion* Edited by Ekrem Duman, Amir Atiya. ISBN 978-1-60750-827-4. Volume 88, 2011. DOI: 10.3233/978-1-60750-828-1-256.

Во овој труд детелно е претставен пример за имплементација на напредни сигурносни мерки во еден SCADA-систем. Направена е детална анализа од аспект на можноста за внатрешни и надворешни пробивања на системот и предложени се мерки за намалување на ризикот.

4.3/. *Рецензирани статии и реферати во зборници*

1. **Goran Stojanovski** and Mile Stankovski, "Hybrid Modeling of Industrial Furnace Using HYSDEL", Proceedings of the XI International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, Nis, Serbia, 2012.

Во овој труд кандидатот презентира хибриден пристап кон моделирањето на карактеристиките на индустриска печка со голема потрошувачка. Овој модел подоцна е валидиран и покажува значително подобрување на критериумите за квалитет во споредба со претходно користените модели.

2. L. Bina, M. Stankovski, and **Goran Stojanovski**, "Model Predictive Control of a Water Treatment Plant", in Proceedings of the XI International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, 2012.

Во овој труд е презентирана постапката за хибридно управување со предвидување базирано на модел за управување со индустриски процес на хемиска обработка на вода во термоелектрана. Искористени се претходно добиени резултати за идентификација врз основа на реални податоци и добиените модели се искористени за предвидување во новиот систем.

3. **Goran Stojanovski**, G. Nadzinski, Z. Chen, M. Stankovski, and X.-W. Jiang, in Yager, R.; Sgurev, V. & Hadjiski, M. (Eds.) "A Tracking Control Synthesis for

Uncertain Delay Nonlinear Systems Based on T-S Fuzzy Model", Proceedings of 2012 IEEE 6th International Conference Intelligent Systems, 2012, II, 311-316

Авторите на трудот ни презентираат една иновативна техника за синтетизирање на управувачи со помош на Такаги-Сугено фази-модели за нелинеарни системи кои имаат несигурности во временското доцнење. Покрај теориската разработка, овие резултати се поткрепени и со илустративни примери кои го докажуваат нивниот квалитет.

4. **Goran Stojanovski**, M. Stankovski, I. Rudas and J. Jing, in Yager, R.; Sgurev, V. & Hadjiski, M. (Eds.) "Pusher Reheating Furnace Control Via Fuzzy-Neural Model Predictive Control Synthesis", Proceedings of 2012 IEEE 6th International Conference Intelligent Systems, 2012, II, 272-278.

Во оваа публикација, кандидатот и неговите коавтори презентираат можност за комбинирање на невронски мрежи со управување со предвидување базирано на модел. Презентиран е алгоритам за управување со предвидување проектиран за една специфична класа системи на автоматско управување. Теориски добиените резултати подоцна се применети и проверени на модел на индустриска печка од скопската железарница.

5. M. Stankovski, **Goran Stojanovski**, G. Nadzinski, and Z. Chen, in Yager, R.; Sgurev, V. & Hadjiski, M. (Eds.) "A Robust Quadratic Stabilization Synthesis for Uncertain Systems Based on T-S Fuzzy Model", Proceedings of 2012 IEEE 6th International Conference Intelligent Systems, 2012, II, 297-302

Авторите на трудот ни презентираат една метода за синтетизирање на управувачи кои воведуваат робусна асимптотска стабилност со примена на квадратна функција на Љапунов за системи системи кои имаат несигурности претставени со помош на Такаги-Сугено фази-модели. Покрај теориската обработка, овие резултати се поткрепени и со илустративни примери кои докажуваат успешна синтеза на управувачи според дефинираните критериуми.

6. Lutfi Bina, Dejan Davidovikj, Aleksandar Doncevski, Marija Petkovska, **Goran Stojanovski**, and Mile Stankovski. Advanced Identification Methods for Industrial Processes With Big Time Delays. In Proceeding of ETAI 2011, September 2011 Ohrid, R. Macedonia.

Во овој труд е презентирана постапка за идентификација на индустриски процес на хемиска обработка на вода во термоелектрана. Направена е детална анализа на методите за неконвенционална идентификација и избрани се неколку напредни методи. Со овие методи е извршена практична идентификација, при што како најуспешна се покажува методата за идентификација со помош на „вејвлети".

7. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, Predictive Control of Complex Industrial Thermal Processes in Proceedings of the COSY 2011, 16-20 September, Ohrid, Macedonia.

Во овој труд авторите даваат осврт на досегашните експерименти во областа на управување со предвидување базирано на модел на индустриски објекти со голема потрошувачка. Презентирани се сите досегашни експерименти кои ги работеле вработените на Институтот за автоматика и системско инженерство и дадени се предлози за идни истражувања во оваа област.

8. Yuanwei Jing, Xianyong Chen, Chunji Li, **Goran S. Stojanovski**, and Georgi M. Dimirovski, Optimal Resource Partitioning in Warfare Command Systems Using

Lanchester Equations: A Simple Solution to Complex Problem in Proceedings of the COSY 2011, 16-20 September, Ohrid, Macedonia.

Авторите во презентираниот труд се потрудиле на иновативен начин да презентираат како може една математичка метода успешно да се искористи во решавање на конфликтни проблеми. Како пример за потврдување на теоријата е земена една класична битка од воената историја, при што со имплементација на математичките техники јасно се согледуваат крајните исходи од битката.

9. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, Advanced Industrial Control Using Fuzzy-Model Predictive Control on a Tunnel Klin Brick Production in *Proceedings of the 18th IFAC World Congress Milano (Italy) August 28 - September 2, 2011.* pp. 10733- 10738.

Во овој труд е презентирана комбинирана метода на предвидувачко управување со фази-логика на повисоко ниво. Второто ниво на управување се користи за пресметување на оптималната вредност на температурата која се проследува до предвидувачкиот управувач. Резултатите се поткрепени со симулации на системот.

10. Xiangyong Chen, Nan Jiang, Yuanwei Jing, **Goran Stojanovski**, Georgi. M. Dimirovski, Differential Game Model and Its Solutions for Force Resource Complementary via Lanchester Square Law Equation in *Proceedings of the 18th IFAC World Congress Milano (Italy)* August 28 - September 2, 2011. pp. 14229-14233.

Авторите на овој труд ни презентираат интересна метода за распределување на ресурсите во теоријата на игри со помош на Ланчестер квадратниот закон. Ефективноста на оваа метода е презентирана преку симулациски пример од воената литература.

11. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski and Georgi Dimirovski "Multiple-Model Model Predictive Control for High Consumption Industrial Furnaces." *Proceedings of X Triennial International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements* Niš, Serbia, November 10th-12th, 2010.

Во овој труд кандидатот презентира една напредна техника за управување со индустриска печка базирана на повеќе модели. Алгоритмот користи опсервер за детекција на тековниот работен режим на системот и врз база на тоа избира соодветен управувач со предвидување.

12. Chun-ling Chang, Yuanwei Jing, Siying Zhang, **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, and Georgi Dimirovski, "Investigating Epidemic Diseases Characterized by Vertical Transmission and Contract: Cellular Automata Computational Model." in *Preprints of SWIIS-IFAC'10* (Simona IUliana Cramihai, Ed), Prishtina, October 27-29, IFAC, Prishtina, Kosovo 2010.

Авторите на овој труд ни претставуваат анализа на вертикалното распространување на болести со помош на компјутационен модел базиран на дискретен автомат. Резултатите се поткрепени со компјутерски симулации.

13. Hongwei Wang, Yuanwei Jing, **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski and Georgi Dimirovski, "*Novel AQM algorithm employing observer-based SMC for efficient internet congestion prevention*", Proceedings of 2010 IEEE International Conference on Systems Man and Cybernetics (SMC), ISBN: 978-1-4244-6586-6, ISSN: 1062-922X, DOI: 10.1109/ICSMC.2010.5641978, pp. 2256 - 2262, 10-13 Oct. 2010, Istanbul Turkey.

Во овој труд авторите презентираат нова метода која имплементира опсерверски базиран превклучувачки управувач за управување со сообраќајот на опрема за мрежна комуникација. Симулациските резултати покажаа дека употребата на ваков управувач ќе доведе до значително намалување на закрчувањето на интернет-сообраќајот.

14. Yanyan Liu, **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, Georgi Dimirovski and Jun Zhao, "*Passivity and feedback equivalence of switched nonlinear systems with storage-like functions*", Proceedings of 2010 IEEE International Conference on Systems Man and Cybernetics (SMC), ISBN: 978-1-4244-6586-6, ISSN: 1062-922X, DOI: 10.1109/ICSMC.2010.5641978, pp. 4137, 10-13 Oct. 2010, Istanbul Turkey

Во оваа публикација авторите презентираат нова техника за пасивизација на повратната врска за превклучувачки системи. Во овој труд е презентирана комплетна теорија за овие системи поддржана со докази на поставените теореми.

15. Georgi Dimirovski, Yan-e Mao, **Goran Stojanovski**, Yuanwei Jing and **Mile Stankovski**, "Sliding Mode Controller Employing RBF-ANN for Vehicle Anti-Lock Braking System", *Proceedings of 14th International Power Electronics and Motion Control Conference (EPE/PEMC)*, 2010, ISBN: 978-1-4244-7856-9, DOI: 10.1109/EPEPEMC.2010.5606620, pp: T10-55 - T10-60, Ohrid, 6-8 Sept. 2010.

Во овој труд авторите ни презентираат напредна техника за управување со системот за кочење на автомобили, која користи превклучувачки управувач реализиран со помош на адаптивна невронска мрежа. Резултатите од истражувањето се потврдени со детални симулации на системот во MATLAB.

16. Goran Stojanovski, Vesna Ojleska, Georgi Dimirovski and Jun Zhao, "Enhanced control of electrical power system oscillations by GA optimized damping controller", Proceedings of 14th International Power Electronics and Motion Control Conference (EPE/PEMC), 2010, ISBN: 978-1-4244-7856-9, DOI: 10.1109/EPEPEMC.2010.5606620, pp: T15-25 - T15-29, Ohrid, 6-8 Sept. 2010.

Авторите на овој труд презентираат напредна метода за управување со осцилациите на систем за амортизација. Техниката за управување се состои од имплементација на придушувачки управувач со оптимизација базирана на генетски алгоритми. Резултатите од овој труд се поткрепени со детални симулации.

17. **Goran Stojanovski** and Mile Stankovski "Multiple-Model Model Predictive Control for Nonlinear Systems." *Proceedings of ICEST 2010 Conference,* Ohrid 23-26 June, 2010. (Republic of Macedonia;).

Во овој труд кандидатот презентира една напредна техника за управување со предвидување базирано на повеќе модели на даденият систем на управување. Алгоритамот користи опсервер за детекција на активниот работен режим на системот и врз база на тоа избира соодветен управувач со предвидување. Предложената метода е презентирана преку симулациски пример на управување со ниво на резервоар.

18. **Goran Stojanovski**, Mile Stankovski, and Georgi Dimirovski, "Stability of Fuzzy Matrix Games for Conflicts: An Uncertainty Preference Scheme with Value Focused Thinking," in *Preprints of SWIIS-IFAC'09* (Simona IUliana Cramihai, Ed), Bucharest, October 28-30, Paper Thu01.3/pp.1-6. Romanian Society of Control Engineering & Technical Infromatics and the IFAC, "Politecnica" Univeristy, Bucharest, Romania 2009.

Авторите во трудот презентираат алгоритам за стабилизирање на фази-матрични игри. Алгоритамот е разработен теориски, при што се докажани теоремите и потоа илустративно е презентиран практичен пример.

19. Томислав Станковски, **Горан Стојановски**, Миле Станковски, Арисотел Тентов, „Систем за прибирање на медицински податоци: мобилност и приказ на податоци“, во *Зборникот на апстракти на 9-тата Национална конференција со интернационално учество ЕТАИ 2009*, Охрид, 26-29 септември, Друштво за ЕТАИ на Македонија, Скопје, 2009.

Во овој труд авторите презентираат оригинална идеја за имплементација на систем за прибирање на медицински податоци Покрај концептуалната идеја на системот, презентирана е и негова практична реализација на истиот со помош на макети и реални сензори.

20. **Goran S. Stojanovski**, Goran Vladev, Mile J. Stankovski and Tatjana Kolemishevska-Gugulovska, "Performance Analysis of MPC of Industrial Furnace Depending on the Control and Prediction Horizon", *Proceedings of ETAI'09*, Ohrid, September 26-29, Macedonia.

Во оваа публикација, авторот детално и систематски ја разработува зависноста на квалитетот на управување во однос на промена на вредностите на хоризонтот на предвидување и набљудување. Овие зависности се особено важни од аспект на почетно нагодување на системите. Во овој труд е покажано дека може да се најде врска помеѓу должината на хоризонтите и управувачкиот сигнал, но сепак, подобро е таа врска да се добие врз база на аналитичка метода, отколку со тука применетата метода на итеративно симулирање на голем број вредности и избирање на вредноста при која се добиваат најдобри резултати.

Во втората глава на докторската дисертација е изведена успешна анализа на политиките и мерките и инструментите на поддршка на развојот на МСП и претприемништвото во ЕУ. Во овој контекст, најпрвин е анализирано финансирањето на МСП во ЕУ и политиките на одделните земји-членки и ЕУ за олеснување на пристапот на МСП до средства за финанирање на нивниот раст и развој. Анализата на кандидатката покажува дека во ЕУ најзначаен извор на финансирање на МСП се банките (со учество од 79% во вкупните извори на финансиски средства), втор извор по значење е лизингот, со учество од 24%, а потоа следи финансирањето од јавни извори со учество од 11% (ова е интересна специфичност што говори за значајната инволвираност на државите - владите во поддршката на малите бизниси, при што како пример е елаборирана кредитната активност во поддршка на МСП на познатата германска банка за МСП - KFW), ризичниот капитал, т.е. бизнис ангелите со учество од 7% и официјалниот ризичен капитал со учество од 2%, факторингот со учество од 2% итн. Другиот комплекс на политики и инструменти за поддршка на МСП и на претприемништвото во ЕУ се однесува на т.н. иновативни мерки за помош за МСП, т.е. на бизнис - инкубаторите, технолошките паркови, бизнис - линк организациите и бизнис - мрежите. Тие, исто така, солидно се анализирани од аспект на нивната застапеност по одделни земји на ЕУ, нивната функција и нивната поддршка на МСП (во случајот на бизнис - инкубаторите во нивниот натален период), а во случајот на останатите форми во подоцнежните фази од развојот на МСП. Третиот комплекс на политиките на поддршка на малите бизниси во ЕУ ги опфаќа Програмите на Европската комисија за поддршка на МСП и претприемништвото. Во овој контекст, кандидатката детално ја анализира најпрвин Програмата за конкурентност и иновации (CIP) и нејзините основни подпрограми (Програма за претприемништво и иновации, Европска програма за "интелигентна" енергија, Програма за поддршка на информационата технологија, Седмата рамковна програма - FP7, Иницијативата за иновативни професионалци -INNOVA и LIFE+ програмата), нивните цели и домени на фокусираност итн. Во продолжение е анализирана и Програмата на Европската инвестициона банка за поддршка на МСП и претприемништвото, повторно со нејзините најзначајни подпрограми - JEREMIE, JASMINE и JESSICA. Главата завршува со елаборирање на промовирањето на претприемништвото во ЕУ, како ефикасен механизам за охрабрување на луѓето да основаат и започнат сопствен бизнис. Оваа анализа е поткрепена со студии на случај и најдобри практики на промоција на МСП во одбрани земји на ЕУ.

Третата глава на дисертацијата е посветена на развојот на МСП, на претприемништвото и на политиките на поддршка на претприемништвото во Република Македонија. Оваа глава претставува успешно изведена анализа, т.е. сублимат на динамиката на развој на МСП во Македонија, структурните карактеристики на секторот на МСП во Македонија, неговото економско значење (учеството во формирање на БДП, во вработеноста во бизнис - секторот и во бруто - додадената вредност на економијата), на политиките и инструментите на поддршка на МСП и на претприемништвото кај нас, како и на можностите на соработка на земјата со ЕУ (европска помош на македонскиот бизнис -

сектор и на претприемништвото поврзана со статусот на Република Македонија на земја-кандидат за членство во ЕУ). Во Македонија, во транзицониот период, се формира релативно богата популација на МСП. Секторот на МСП денес опфаќа 99, 7% од вкупната бизнис - популација на земјата, учествува со речиси 80% во креирањето на вработеноста во секторот на претпријатијата и има доминантно учество во формирањето на БДП, со што МСП се афирмирале како посебно значаен и витален дел на македонската економија. Во овој дел на трудот, подетално се анализирани институционалните механизми на поддршка на МСП (НЕПА, т.е. денес АПП на Република Македонија, регионалните центри, улогата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, улогата на Агенцијата за вработување итн.), како и улогата и значењето на бизнис - инкубаторите, кластерите и сл. И овој дел од анализата е поткрепен со студии на случај (на пример, бизнис - инкубаторот YES во Гази Баба во Скопје, бизнис - инкубаторот во Струмица, бизнис start -up центрите во Битола и на Машинскиот факултет во рамките на УКИМ во Скопје итн.). Тука се анализирани и најзначајните владини програми за развој и поддршка на претприемништвото, какви што се Проектот за социјални реформи и техничка помош, реализиран во раните транзициони години, понатаму деловите посветени на МСП и претприемништвото во Претпристапната економска програма, Националната стратегија за развој на МСП (2002 - 2013) и сл. Елаборацијата продолжува со прашањето на финансирање на МСП во Република Македонија - од домашни и странски извори и со јасно нотирање на суштинските проблеми во оваа сфера - особено на оние што произлегуваат од отсуството на алтернативните извори на финансирање на МСП - ризичниот капитал, факторингот, лизингот и сл. Значаен дел на политиките на поддршка на МСП и претприемништвото во Македонија е поврзан со програмите и инструментите на ЕУ достапни за македонските МСП. Во овој контекст, посебно се анализирани Инструментот за претпристапна помош (IPA), Програмата за конкурентност и иновации (CIP) и Седмата рамковна програма (FP7), нивната поставеност, опфат и функционирање, со нагласен фокус на кандидатката кон утврдување на проблемите и причините за недоволна искористеност на можностите што ги нудат овие програми. Во продолжение, изработена е и компаративна анализа на диверзитетот на мерки и инструменти за поддршка на МСП и на претприемништвото во земјите на Западен Балкан со специфицирање на сличностите и разликите помеѓу земјите и утврдување на слабите страни на политиките - од аспект на нивната имплементација и ефикасност. Оваа глава на трудот завршува со елаборација на обврските што произлегуваат за Република Македонија од нејзината стратешка ориентација кон членство во ЕУ и нејзиниот актуелен статут на земја - кандидат за членство во ЕУ. Тука, кандидатката го следи и прогресот на нашата земја во доменот на имплементирањето на Европската повелба за мали претпријатија за периодот 2007 - 2009 година, како и проблемите со кои се соочуваме во оваа област.

Четвртата глава на дисертацијата de facto е носечка и посебно значајна, бидејќи дава критички осврт врз политиките, мерките и инструментите на поддршка на МСП и на претприемништвото во

Република Македонија и ги сумира можностите за користење на европските искуства во овој домен. Анализата во овој дел на трудот е одлично изведена, врз основа на користење на современа и релевантна литература од областа, неопходна за истражување на трите комплексни групи прашања - МСП и претприемништвото во ЕУ, поддршка на МСП и претприемништвото во ЕУ и МСП, претприемништвото и политиките на поддршка на овој сектор во Република Македонија, но и врз основа на сопствено истражување на кандидатката, преку анкета (прашалник) на репрезентативен примерок кој опфати 70 македонски претприемачи - сопственици на МСП. Анкетниот лист е солидно структуиран и опфаќа три групи прашања упатени до македонските претприемачи. Првата група на прашања се однесува на ефикасноста на македонските институции за поддршка на МСП и на претприемништвото и на степенот на користење на нивните услуги од страна на претприемачите. Втората група прашања се однесува на ефикасноста на владините политики(на централно и локално ниво) за поддршка на МСП и на претприемништвото. Третата група на прашања се однесува на учеството на нашите претприемачи во достапните програми на ЕУ за поддршка на МСП и претприемништвото. Добиените одговори се добро систематизирани од страна на кандидатката и упатуваат на мошне релевантни заклучоци: (1) дека користењето на услугите на институциите задолжени за МСП и претприемништвото е многу слабо (било поради недоволна информираност на претприемачите, било поради слабиот квалитет што го нудат институциите); (2) дека, глобално гледано, владините политики (на централно и локално ниво) не се доволно ефикасни поради проблемите со јавната администрација - хипертрофираност на централно ниво, отсуство на компетентност, посебно на локално ниво, бавност, бирократија и сл; (3) дека дури и оданочувањето (и покрај фактот што даночниот товар во Македонија не е голем) е недоволно стимулативно и пропратено со високи казни; (4) дека пристапот до средства за финансирање на МСП во Македонија е тежок (посебно од аспект на високите номинални и реални каматни стапки, високиот колатерал и сл.); (4) дека во некои сегменти на бизнис-климата е забележан евидентен напредок - полесно, поедноставно и побрзо регистрирање на фирми, можност за електронско поднесување на даночни пријави и сл.; (5) дека бројот на претприемачите кои аплицираат за користење на ЕУ програмите за МСП е вонредно низок, поради вонредната комплексност на програмите, отсуството на позначајно искуство за подготвување на проектите и воопшто во аплицирањето за добивање на поддршката, недоволната информираност на претприемачите за европските програми, недоволната координираност на домашните институции задолжени за искористување на европските програми итн. Врз оваа основа е направена и SWOT анализа за мерките на поддршка на МСП и претприемништвото во Република Македонија. Анализата на кандидатката во овој дел на трудот завршува со специфицирање на можностите за користење на европските искуства за поддршка на МСП и претприемништвото во Република Македонија. Сугестиите на кандидатката се умесно изведени и профилирани и се однесуваат на трите комплексни групи на лоцираност на политиките: користење на европските искуства во зголемување на ефикасноста на институциите со компетенција во

областа на МСП и претприемништвото и на информираноста и заинтересираноста на претприемачите за пристап до нивните услуги; користење на европските искуства во подобрувањето на владините политики на централно и локално ниво за поддршка на МСП и на претприемништвото и во тој контекст посебно во олеснувањето на пристапот на малите бизниси до средства за финансирање на нивниот раст и можни пристапи за зголемување на користењето на ЕУ фондовите за МСП.

ОПШТА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Мартина Крстевска на тема: **МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИСКУСТВАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ПОДДРШКАТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** обработува исклучително значајна проблематика којашто навлегува во доменот на функционирањето на секторот на МСП и претприемничките активности поврзани со овој витален сегмент на економската структура на современите земји. Претприемништвото, денес, практично насекаде во светот претставува главен лост на стабилен и одржлив долгорочен раст и развој. Претприемништвото, како четврти развоен фактор, по дефиниција е поврзано со иновациите и има клучна улога во комбинацијата, рекомбинацијата и заемната супституција на ресурсите и во нивното насочување кон точките на најпродуктивната употреба.

Целта на ова истражување е да се сублимираат искуствата на земјите на ЕУ во развојот на МСП и на претприемништвото, да се анализираат европските политики за подршка на секторот на МСП и со него поврзаното претприемништво и да се селектираат, врз основа на ваквите искуства, применливи сугестии за подобрување, идно профилирање и зголемување на ефикасноста на политиките на поддршка на МСП и на претприемништвото во Република Македонија. Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Мартина Крстевска дојде до уверување дека таа, врз основа на добрата структурираност на трудот (тезите се добро поставени и чинат логична и кохерентна целина), евидентниот научно-истражувачки напор, користењето на модерна и релевантна литература од областа и сопственото истражување (анкетирање на репрезентативен примерок на македонски претприемачи за оцена на бизнис - климата и ефикасноста на политиките на поддршка на МСП и претприемништвото), успешно ја изработила докторската дисертација и во целост одговорила на поставените цели на истражувањето.

Комисијата, исто така, потенцира дека истражуваната материја во докторската дисертација има висока релевантност за Република Македонија со оглед на фактот што и кај нас, во транзициониот период, е создадена релативно богата популација на МСП кои имаат доминантно учество, не само во вкупниот број на активни деловни субјекти (микро, малите и средните претпријатија чинат дури 99,7% од вкупниот број на деловни субјекти кај нас), туку и во креирањето на вработеноста во бизнис - секторот на земјата (овие фирми учествуваат со, речиси, 80% во

вкупната вработеност во секторот на претпријатијата), во формирањето на БДП на земјата и сл. Оттука, МСП, денес, и кај нас го претставуваат највиталниот сегмент од економијата.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација сака посебно да ги издвои и нагласи следниве квалитативни карактеристики на трудот: ***прво,*** во трудот е дадена комплексна анализа на состојбата и развојот на секторот на МСП и на претприемништвото во земјите на ЕУ (ЕУ - 27), поткрепена со солидна и богата статистичка евиденција, како и на квалитативните процеси на претприемничката активност во ЕУ: иновативноста, бизнис - инкубацијата, супконтракторството и кластерите; ***второ,*** во трудот е поместена анализа за значењето на претприемништвото во руралните средини во ЕУ, материја којашто кај нас, речиси, и да не е посериозно истражувана, и покрај нејзината релевантност и корисност за поддршка на претприемништвото во руралните средини на Република Македонија; ***трето,*** кандидатката во трудот успешно ги анализира и ги систематизира комплексните групи прашања кои чинат интегрален дел на политиката на поддршка на МСП и претприемништвото во ЕУ: олеснувањето на пристапите на МСП до средства за финансирање на развојот, вклучувајќи го тука и финансирањето од јавни извори, Програмата и потпрограмите за конкурентност и иновации на Европската комисија, посебните Програми на Европската инвестициона банка за поддршка на МСП и пристапите за промоција на претприемништвото; ***четврто,*** посебен придонес на трудот е сопственото истражување на кандидатката м-р Мартина Крстевска, преку добро и комплексно структуриран Анкетен лист, за перцепциите на 70 македонски претприемачи на три клучни групи прашања поврзани со бизнис - климата и развојот на МСП и претприемништвото кај нас: (1) ефикасноста на македонските институции (на централно и локално ниво) за поддршка на МСП и претприемништвото кај нас и степенот на користење на нивните услуги од страна на претприемачите; (2) ефикасноста на досегашните политики за поддршка на секторот на МСП кај нас и (3) пристапот и користењето на европските програми и фондови поврзани со МСП и претприемништвото, врз основа на статусот на Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ; ***петто,*** вака изведената анализа и овозможила на кандидатката јасно да ги дијагностицира и критички да ги елаборира досегашните слабости и проблеми со кои се соочува Република Македонија во сите споменати сегменти и комплексни проблеми и прашања поврзани со развојот на МСП кај нас и, врз основа на европските искуства, да даде применливи сугестии, препораки и можни пристапи за подобрување на состојбите и зголемување на ефикасноста на институциите, на политиките и на користењето на европските фондови во поддршката на МСП и претприемништвото кај нас.

Горниве оцени, во основа, ги специфицираат и домените на научен и стручен придонес на кандидатката во испитуваната материја. Комисијата цени дека истражувањето на кандидатката, посебно од аспект на јасното утврдување на слабите страни во доменот на имплементирањето на структурираните политики за поддршка на МСП

и претприемништвото кај нас и корисните сугестии за трансферирање на европските искуства за можните пристапи за зголемување на ефикасноста на институциите (на централно и локално ниво) одговорни за поддршка на претприемништвото кај нас, можат да бидат интересни и за креаторите на политиките во Република Македонија. Ова особено се однесува на сугестиите на кандидатката за подобрување на законодавството и регулативата на МСП, зголемување на пристапот на МСП до јавните набавки, помош при интернационализацијата на нивното работење, можните пристапи за поедноставување и олеснување на даночниот третман на малите бизниси, политиките за подобрување на иновативноста на МСП, политиките за развој на алтернативните извори на финансирање на МСП и сл.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата му предлага на Наставно -научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје:

прво, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: **МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИСКУСТВАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ПОДДРШКАТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** поднесена од кандидатката м-р Мартина Крстевска;

второ, да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, април 2013 год.

Членови на Комисијата

1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.
3. Проф. д-р Димитар Бојациоски с.р.
4. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.
5. Проф. д-р Наталија Николовска с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 26.04.2013 година

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Тина Масевска	Новите алтернативи на затворот во кривичното законодавство во Република Македонија	Д-р Методија Каневчев
Петар Ефремов	Кривични дела против имотот, со посебен осврт на кривичните дела разбојништво и разбојничка кражба	Д-р Никола Тупанчески
Страшо Ангеловски	Интегрираното гранично управување во функција на сузбивање на организираниот криминал	Д-р Никола Тупанчески
Роберт Божинов	Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем – казненоправни аспекти	Д-р Никола Тупанчески
Катерина Пижевска	Помагањето како облик на соучесништво во казненото право	Д-р Никола Тупанчески
Јанаки Митровски	Легализацијата како метод во сузбивање на трговијата со наркотици	Д-р Гордана Бужаровска
Александра Заринска	Еднаквост на оружјата како начело во казнената постапка	Д-р Гордан Калајџиев
Златко Крстески	Обидот како стадиум на извршување на умислено казнено дело	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Андон Љакоски	Системот на кривични санкции за правните лица и неговата реформа со новелата на КЗМ од 2009-та година	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Ибадете Ковачии	Правен статус и надлежности на Државниот инспекторат	Д-р Борче Давитковски

	за труд	
Александра Коцевска	Односите во администрацијата и односите помеѓу администрацијата и граѓаните	Д-р Драган Гоцевски
Биљана Поповиќ	Предизвиците на електронската управа: намалување на бирократските бариери и сузбивање на коруптицните однесувања со посебен осврт на постоечките состојби во Република Македонија низ споредбени искуства	Д-р Драган Гоцевски
Христина Илиеска	Вооружените конфликти и правата на децата	Д-р Татјана Петрушевска
Кристина Митевска	Инволвираноста на САД во случајот Асанж	Д-р Татјана Петрушевска
Александар Сибиновски	Надворешно политичките функции на Европскиот совет на Европската унија	Д-р Татјана Петрушевска
Филип Илиовски	Процесот на донесување на одлуки во ОБСЕ	Д-р Татјана Петрушевска
Ребека Митровиќ	Присилно исчезнатите лица и меѓународното право	Д-р Љубомир Фрчкоски
Иво Нешовски	Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Република Македонија	Д-р Елена Михајлова
Целе Најдески	Примената на мерката притвор пред Основниот суд Охрид	Д-р Гордан Калајџиев
Ивана Јакимовска	Продолжено кривично дело	Д-р Никола Тупанчески

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Стефан Степаноски	политики (The role of the European Patent Office in the Development of Patent Policy)"	проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Стојанче Наумов	Сопственичката структура и медиумскиот плурализам во електронските медиуми во Република Македонија	**проф.д-р Томе Груевски**
Зоран Ричлиев	Улогата на автоматската агрегација во онлајн медиумската сфера	**проф.д-р Зоран Костов**
Даниел Ѓокески	Стратегиски односи со јавноста на меѓународни организации – случајот на Советот на Европа (Strategic Public Relations of International Organizations – the case study of Council of Europe)	**доц. д-р Зоран Илиевски**
Милена Петреска	Американската дипломатија и процесот на осамостојување и меѓународно признавање на Република Македонија	**доц. д-р Мишо Докмановиќ**
Висар Полику	Надворешната политика на американскиот претседател Хари Труман (1945-1953)	**доц. д-р Мишо Докмановиќ**

Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје Наставно-научен совет-26.04.2013

Кандидат	Тема	Ментор
Катерина Трајкова,	Преиначување на тужба во парнична постапка	д-р Татјана Зороска Камиловска
Кристина Томашевска	Фидуцијарниот пренос на сопственоста на предмети и на права како средство за обезбедување на побарувањата	д-р Татјана Зороска Камиловска
Константин Котески	Граѓанскоправна заштита на правата од интелектуална сопственост во законодавството на Република Македонија и во судската практика	д-р Арсен Јаневски
Нена Спасов	Поделена одговорност за причинета штета во македонското право и практика	д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска
Ана Маркоска	Постапка во споровите поради смеќавање на владение во правото на Република Македонија и во судската практика	д-р Татјана Зороска Камиловска
Анастазија Анастасовска	Споредбено правни аспекти на обврските на трговецот во потрошувачкото право на Европската унија и Република Македонија	д-р Неда Здравева
Виктор Спирески	Наследување во втор наследен ред	д-р Ангел Ристов
Александра Георгиевска	Правно регулирање на телекомуникацијската дејност	д-р Димитар Гелев
Марија Антевска	Правна рамка на навредата и клеветата во медиумскиот простор со посебен осврт на Република Македонија	д-р Димитар Гелев
Стефан Тевдовски	Осигурителни измами	д-р Димитар Гелев
Васко Темелков	План за реорганизација во стечајната постапка (de lege lata, de lege ferenda)	д-р Горан Коевски

Александра Георгиевска	Воведување на моделот плаќање по учинок во болничкиот систем во Република Македонија – дилема и перспективи	д-р Тодор Каламатиев
Ристе Вртовски	Друштво со ограничена одговорност (ДОО)	д-р Димитар Гелев
Кристина Петровска	Принципи и правила на правна заштита на учесниците во постапките за доделување на договор за јавна набавка – пракса и проблеми на судската заштита и ревизија	д-р Александар Климовски
Сандра Чакмакова	Влијанието на општествената корпоративна одговорност врз деловните перформанси на корпорацијата	д-р Александар Климовски
Александра Станковска,	Фактори на специфичниот развој на системите на корпоративно управување и тенденции за нивна конвергенција	д-р Александар Климовски
Александра Макаровска	Права и обврски на договорот за регулирање на односите помеѓу друштвата и извршен член на одборот на директори, член на управен одбор (менаџерски договор) – проблеми и пракса	д-р Александар Климовски
Александар Атанасовски	Спроведување на постапка за престанување на работење и за стечај над трговецот поединец	д-р Горан Коевски
Борјан Крстевски	Даночен третман на физичките лица во Република Македонија и во споредбеното право	д-р Весна Пендовска

Сања Пендароска	Нови тенденции во развојот на даночното право на глобално ниво	д-р Весна Пендовска
Ружица Грозданова	Правна регулација на даночната основа на данокот на добивка во домашното и споредбеното право	д-р Весна Пендовска
Дара Божиноска	Правна регулација на даночната основа на персонален данок во домашното и споредбеното право	д-р Весна Пендовска
Емилија Трајковска	Регулација на девизниот пазар во Република Македонија	д-р Јован Зафироски
Деспина Циковска	Организација на новиот модел за супервизија на банките во Европската унија	д-р Јован Зафироски
Викторија Силјановска	Поврзани ризици во банкарското работење	д-р Димитар Гелев
Трајче Попов	Холандски пензиски фондови	д-р Димитар Гелев
Мајда Даминовска	Механизми за колективно обезбедување во банкарството и трговијата	д-р Димитар Гелев
Викторија Силјановска	Поврзани ризици во банкарското работење	д-р Димитар Гелев
Мери Стојаноска	Осигурување на живот и друштва на осигурување кои ја вршат дејноста осигурување на живот во Република Македонија	д-р Димитар Гелев
Мартин Богоевски	Трговски регистар и упис во трговскиот регистар	д-р Димитар Гелев

Александар Данаилов	Преносот на побарувањата (факторингот) како начин на финансирање на трговските друштва	д-р Димитар Гелев
Наташа Донева	Пазарот на пари и банкарскиот систем на Република Македонија	д-р Димитар Гелев
Ивона Сиевска	Современи системи на социјално здравствено осигурување со посебен осврт на системот на социјално здравствено осигурување во Република Македонија	д-р Димитар Гелев
Наташа Петковска	Здравствено осигурување и неговата организациска структура (институции) во системот на здравствено осигурување во Република Македонија	д-р Димитар Гелев
Билјана Бојковска	Сопственост врз хартиите од вредност	д-р Димитар Гелев
Елена Гунова	Лондонска берза	д-р Димитар Гелев
Елена Николоска	Современи тенденции во банкарството-понуда E bank	д-р Димитар Гелев
Маријан С. Пољавиќ	Меѓународни документи и стандарди во функција на спречувањето на перење пари	д-р Никола Тупанчески
Филип Ковачески	Заштита на приватноста на интернет	д-р Јадранка-дабовиќ-Анастасовска
Филип Ковачески	Заштита на приватноста на интернет	д-р Јадранка-дабовиќ-Анастасовска

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 26.04.2013 година

Кандидат	Тема	Комисија
М-р Никола Амбарков	Специфики на изборните и на партиските системи во земјите со консоцијална демократија	Д-р Гордана Силјановска Давкова Д-р Рената Дескоска Д-р Тања Каракамишева Јовановска
М-р Весна Гоцева	Регионалниот развој и Европскатата унија	Д-р Борче Давитковски Д-р Ванчо Узунов Д-р Марика Ристовска
М-р Александра Станојевиќ	Принципи на реформата на јавната администрација во Република Србија и во Република Македонија	Д-р Симеон Гелевски Д-р Борче Давитковски Д-р Тања Каракамишева Јовановска

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ГРУПАТА НАСТАВНИ ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИРАЊЕ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0201-431/1-XI на Наставно – научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје од XI седница одржана на 10.12.2012 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите звања во состав: д-р Владимир Каранаков, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Елена Никољски Паневски, доцент на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје и д-р Ѓорѓи Груевски, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

На конкурсот објавен на 22.11.2012 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, се пријави кандидатката д-р Катерина Деспот, наставник- доцент на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот "Гоце Делчев“ во Штип за избор на наставник во сите звања на групата наставна програма проектирање на мебел и ентериер.

Врз основа на доставената документација од кандидатката го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1.Биографски податоци

Д-р Катерина Деспот е родена на 6. 11. 1977 година во Прилеп, каде што го завршила основното и средното образование. Во 1996 година се запишала на Националната ликовна академија во Софија, Р. Бугарија на Факултетот за применета уметност, каде што дипломирала. Потоа, се запишала на постдипломски студии од областа на индустрискиот дизајн кои успешно ги завршила на 22.06.2001 година со што се стекнала со академскиот степен магистер по индустриски дизајн.

Во 2002 година се запишала на докторски студии на Националната ликовна академија во Софија, Р. Бугарија, на Факултетот за применета уметност. Докторската дисертација под наслов „ уметничко проектирање на опрема за седење (стол)“ ја одбранила на 21.10.2008 година, со што се стекнала со образовен и научен степен „доктор“ по научна специјалност уметност и ликовни уметности.

Од 2004 до 2009 година д-р Катерина Деспот работела како професор по ликовна уметност во гимназијата „Мирче Ацев“ во Прилеп.

Со Одлука на Наставно – научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот "Гоце Делчев“ во Штип од 15.12.2009 година, д-р Катерина Деспот е избрана во наставно – научното звање доцент. Од тој период е ангажирана на научното подрачје архитектура, урбанизам и планирање.

Покрај тоа, ангажирана е и во наставата од втор циклус студии на студиската програма графика и дизајн.

Активно ги владее англискиот, бугарскиот и српскиот јазик и има добри познавања на алатките Microsoft Office, Auto Cad, Adobe, OS Windows, Internet Explorer итн. Поседува и возачка дозвола од категорија Б.

2.Наставно – образовна дејност

Во наставниот процес кандидатката доц. д-р Катерина Деспот е ангажирана во првиот циклус на студии за научното подрачје архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, на предметите: историја на архитектурата, уметност и урбанизам 1 и 2, методи и инструменти на дизајнот, визуелно изразување, индустриски дизајн, основи на дизајнот, дизајн и графика. Покрај тоа, одржува настава по предметите индустриски дизајн и графика на студиската програма компјутерски дизајн во Кавадарци.

Кандидатката е ангажирана и во наставата на втор циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип на предметите: графички форми, методологија на дизајнот, индустриска графика, уметност и дизајн, финализација на дизајнот и советодавен дизајн.

Наставата ја изведувала на високо педагошко ниво, користејќи ги искуствата во научноистражувачката и применувачката работа и бројните контакти кои ги имала во земјата и во странство.

3.Научноистражувачка дејност

Во својата досегашна работа, д-р Катерина Деспот изготвила сама или како соработник со други автори повеќе рецензирани трудови објавени во стручни и научни списанија.

1.XX-ТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕНИЏМЪНТ И КАЧЕСТВО" ЗА МЛАДИ УЧЕНИ 20 – 21 октомври 2011 г. – Учебно-опитна база на ЛТУ – Јондола

доц. д-р Васка Сандева, доц. д-р Катерина Деспот

Взаимозависимост на зелената система спрямо различните функционални системи на селищната територия (обитаване, труд, отдих, техническа инфраструктура) на град Скопие, Република Македония

2.XX-ТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕНИЏМЪНТ И КАЧЕСТВО" ЗА МЛАДИ УЧЕНИ 20 – 21 октомври 2011 г. – Учебно-опитна база на ЛТУ – Јондола

доц. д-р Васка Сандева, доц. д-р Катерина Деспот

Опит за "Екологично" райониране на територията на град Скопие, Република Македония по степен на благоприятност

3.XX-ТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕНИЏМЪНТ И КАЧЕСТВО" ЗА МЛАДИ УЧЕНИ 20 – 21 октомври 2011 г. – Јондола

доц. д-р Катерина Деспот, доц. д-р Васка Сандева, Александар Донев

Перцепцията и психологията за цветовете и тяхното прилагане в дизайна

4. XXI МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЮЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЮНДОЛА.

Димоска А.,А.Митаноска,В.Сандева,К.Деспо,Т.Митев. Интегриране на архитектурното произведение в ландшафта.-с.75-85.

5. XXI МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЮЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЮНДОЛА.

Димоска А.,А.Митаноска,,К.Деспо,В.Сандева,Т.Митев.Конструктивни и формообразуващи характеристики на традиционната архитектура в Македония.-с.85-93.

6. XXI МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЮЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЮНДОЛА.

Тасев Г.В.Сандева,К.Деспот Структура и елеменети на увода на дисертационното изследване.- с.252-262.

7. XXI МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЮЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЮНДОЛА.

Тасев Г.,К.Деспот ,В.Сандева.- Полезни препоръки при защита на дисертацията.-с.242-252.

8. XXII International Conference for Young Researchers

A.Mitanoska , A.Dimoska , V.Sandeva, K.Despot

Evaluation and improvement on bicycle – friendly envioronment in the urban city center in a developed country (the case of Sapporo, Japan),

9. XXII International Conference for Young Researchers

V.Sandeva , K.Despot, A.Dimoska , A.Mitanoska

Profesion od landscape architects – situation in the Republic of Macedonia and some neighboring countries

10. XXII International Conference for Young Researchers

K.Despot, V.Sandeva

CONCEPTUAL – COMPOSITE DECISION OF BOTANICAL GAREDEN (CITY OF STRUMICA, REPUBLIC OF MACEDONIA)

11. XXII International Conference for Young Researchers

K.Despot, V.Sandeva, A.Dimoska, A.Mitanoska, I. Anastasov

ARTISTIC PERCEPTION ANGLE BETWEEN UNPAID DOMESTIC SANITARY LANDFILLS CHILDREN

12. Васка Сандева*, Катерина Деспот*

Бюлетин "КАЧЕСТВО", 2011 година, София, България.

Качеството на зелените площи и съпоставка между екологичните фактори и ефективността на съществуващите озеленени площи на град Скопие, Република Македония.

13.XIV-th International Scientific Conference on Management and Sustainable Development, Yundola, Bulgaria 2012

Катерина Деспот, Васка Сандева, Винета Сребренкоска

ВЛИЯНИЕТО НА ПАРК МОГИЛА, ГРАД ПРИЛЕП – ИНСТРУМЕНТ ЗА УСТОЙЧИВО РАЗВИТИЕ НА ТУРИЗМА

14.XIV-th International Scientific Conference on Management and Sustainable Development, Yundola, Bulgaria 2012

Васка Сандева, Катерина Деспот, Винета Сребренкоска

УСТОЙЧИВО РАЗВИТИЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПЛОЩИ НА ГРАД СКОПИЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ

15.Природни ресурси и технологии – ноември 2011 - УГД, ФПТН, Штип

Александар Донев, Катерина Деспот, Зоран Панов

ТЕОРИЈА ЗА МЕШАЊЕ И КЛАСИФИКАЦИЈА НА БОИТЕ

16.Природни ресурси и технологии –2012 - УГД, ФПТН, Штип

Катерина Деспот [1], Васка Сандева [1], Ивица Анастасов [2]

Присуството на заедничка врска помеѓу ликовниот израз и градината. Композициско решение на ботаничка градина Струмица

17.Природни ресурси и технологии –2012 - УГД, ФПТН, Штип

Васка Сандева [1], Катерина Деспот [1], Александра Димоска [1], Ана Митаноска [1]

Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот "Могила" – Прилеп

18.Скопје- UKIM FoF in skopje FORESTRY REVIEW xliii-2012- October 15th

Emil Galev[1], Vaska Sandeva[2], Katerina Despot[2]

AESTHETIC EVALUATION OF FOREST LANDSCAPES WITHIN THE TRAINING AND EXPERIMENTAL FOREST RANGE (TEFR) YUNDOLA, R. BULGARIA

19.Скопје- UKIM FoF in skopje FORESTRY REVIEW xliii-2012- October 15th

Emil Galev[1], Vaska Sandeva[2], Katerina Despot[2]

CREATING A DATABASE FOR THE DENDRARIUM USING REMOTE SENSING AND GIS TECHNOLOGIES – EXAMPLES OF EXPERIMENTAL FOREST DEPARTMENT "PETROHAN", R. BULGARIA

20.Скопје- UKIM FoF in skopje FORESTRY REVIEW xliii-2012- October 15th

Vesko Rangelov[1], Vaska Sandeva[2], Katerina Despot[2]

THE NEED FOR LEGISLATIVE INITIATIVES IN THE EUROPEAN LANDSCAPE

4.Стручно-апликативна дејност

1. Идејно – дендрологичен проект за ботаничка градина (арборетум). По проектот „Интегрирана селекција, заштита и промоција на балканските генетски шумски ресурси со естетска вредност" – "Integrated Selection, Protection and Promotion of Balkan Forest Genetic Resources with Aesthetic Value – ISOPREN FORGEN"- Васка Сандева, Катерина Деспот
2. Идејно – дендрологичен проект за противерозино и флористичко уредување на зелениот појас АЛЕКСАНДРИЈА, парк Адора – Скопје - "Адора Инженеринг" – ДООЕЛ Скопје, Македонија - Васка Сандева, Катерина Деспот
3. Идејно – дендрологичен проект за хортикултурно уредување на резиденцијален, станбено-деловен комплекс СКОПЈЕ – "Под Водно" - "Адора Инженеринг" – ДООЕЛ Скопје, Македонија - Катерина Деспот, Васка Сандева
4. Ентериерно уредување на деловен простор – јавен објект Оркан импекс Орданчо ДООЕЛ – Кавадарци - Катерина Деспот, Васка Сандева
5. Ентериерно уредување на деловен простор – јавен објект "Тритекс трејд" ДОО Прилеп - Васка Сандева, Катерина Деспот
6. Ентериерно уредување на деловен простор – ресторан Лидер "ДТУ КиГ" ДООЕЛ Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева
7. Ентериерно уредување на деловен простор – кафе-пицерија Арт "СТЕФ-АЛ" ДООЕЛ, Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева
8. Ентериерно уредување на деловен простор – Пицерија Леоне "Т. П Леоне " – Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева
9. Ентериерно уредување на деловен простор – Ноќен клуб Тхе енд, " Т. П Леоне" – Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева
10. Ентериерно уредување на станбен објект "Агроинвест" Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева

5.Дејности од поширок интерес:

1. Комисија за оцена на квалитетот на стручната редактура на книги/учебници. Проект за превод на 500 книги/учебници од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија. Министерство за образование и наука - Васка Сандева, Катерина Деспот.

6.Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката д-р Катерина Деспот, може да се истакне дека покажала забележителни резултати во образовната, научната и применувачката работа.

За групата наставна програма проектирање на мебел и ентериер има стекнато искуство, особено во делот кој ги опфаќа стручно - уметничките предмети како слободорачно цртање и историја на уметноста.

Освен тоа, преку богатата научноистражувачка и применувачка работа, самостојно или со соработници, публикувала значителен број на трудови. Со ангажираноста во наставата на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип стекнала педагошко искуство за изведување на настава на додипломските и постдипломските студии.

Имајќи го предвид напред изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно–научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, **д-р Катерина Деспот** да биде избрана во звањето **доцент на групата наставна програма проектирање на мебел и ентериер, на предметите од стручно уметничка област, слободорачно цртање и историја на уметност.**

Членови на Комисијата

1. Д-р Владимир Каранаков, вонреден професор, с.р.

2. Д-р Елена Никољски Паневски, доцент, с.р.

3. Д-р Ѓорѓи Груевски, вонреден професор, с.р.

Кандидат: Катерина Трајче Деспот (име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје

Научна област: проектирање на мебел и ентериер

НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста	Поени
1.	Учебна 2010/11 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 1 (1+1+1), архитектура и дизајн (зимски семестар) предавања	1,2
2.	Учебна 2010/11 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 1 (1+1+1), архитектура и дизајн (зимски семестар) вежби	0, 45
3.	Учебна 2010/11 Методи и инструменти на дизајнот (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, предавања	2,24
4.	Учебна 2010/11 Методи и инструменти на дизајнот (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, вежби	1,26
5.	Учебна 2010/11 Визуелно изразување (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, предавања	2,24
6.	Учебна 2010/11 Визуелно изразување (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, вежби	1,26
7.	Учебна 2010/11 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн, предавања	1,2
8.	Учебна 2010/11 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн, вежби	0,45
9.	Учебна 2010/11 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн – Кавадарци, предавања	1,2
10.	Учебна 2010/11 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн – Кавадарци, вежби	0,45
11.	Учебна 2010/11 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 2 (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), предавања	1,2
12.	Учебна 2010/11 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 2 (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), вежби	0,45
13.	Учебна 2010/11 Основи на дизајнот (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), предавања	1,2
14.	Учебна 2010/11 Основи на дизајнот (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), вежби	0,45
15.	Учебна 2010/11 Дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), предавања	1,2
16.	Учебна 2010/11 Дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), вежби	0,45
17.	Учебна 2010/11 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), предавања	1,2
18.	Учебна 2010/11 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), вежби	0,45
19.	Учебна 2010/11 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн - Кавадарци (летен семестар), предавања	1,2
20.	Учебна 2010/11	0,45

	Графика (1+1+1), компјутерски дизајн - Кавадарци (летен семестар), вежби	
21.	Учебна 2011/12 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 1 (1+1+1), архитектура и дизајн (зимски семестар), предавања	1,2
22.	Учебна 2011/12 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 1 (1+1+1), архитектура и дизајн (зимски семестар), вежби	0,45
23.	Учебна 2011/12 Методи и инструменти на дизајнот (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, предавања	2,24
24.	Учебна 2011/12 Методи и инструменти на дизајнот (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, вежби	1,26
25.	Учебна 2011/12 Визуелно изразување (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, предавања	2,24
26.	Учебна 2011/12 Визуелно изразување (2+2+1), дизајн и технологии на мебел и ентериер, вежби	1,26
27.	Учебна 2011/12 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн, предавања	1,2
28.	Учебна 2011/12 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн, вежби	0,45
29.	Учебна 2011/12 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн – Кавадарци, предавања	1,2
30.	Учебна 2011/12 Индустриски дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн – Кавадарци, вежби	0,45
31.	Учебна 2011/12 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 2 (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), предавања	1,2
32.	Учебна 2011/12 Историја на архитектурата, уметност и урбанизам 2 (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), вежби	0,45
33.	Учебна 2011/12 Основи на дизајнот (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), предавања	1,2
34.	Учебна 2011/12 Основи на дизајнот (1+1+1), архитектура и дизајн (летен семестар), вежби	0,45
35.	Учебна 2011/12 Дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), предавања	1,2
36.	Учебна 2011/12 Дизајн (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), вежби	0,45
37.	Учебна 2011/12 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), предавања	1,2
38.	Учебна 2011/12 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн (летен семестар), вежби	0,45
39.	Учебна 2011/12 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн - Кавадарци (летен семестар), предавања	1,2
40.	Учебна 2011/12 Графика (1+1+1), компјутерски дизајн - Кавадарци (летен семестар), вежби	0,45
41.	Учебна 2011/12 Графички форми (3+0+0+3), постдипломски студии	2,25
42.	Учебна 2011/12 Методологија на дизајнот (3+0+0+3), постдипломски студии	2,25
43.	Учебна 2011/12 Индустриска графика (3+0+0+3), постдипломски студии	2,25
44.	Учебна 2011/12 Уметност и дизајн (3+0+0+3), постдипломски студии	2,25
45.	Учебна 2011/12 Финализација на дизајнот (3+0+0+3), постдипломски студии	2,25
46.	Учебна 2011/12 Советодавен дизајн (3+0+0+3), постдипломски студии	2,25
	Вкупно	**57,2**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста	Поени
1.	1.XX-ТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕНИЏМЪНТ И КАЧЕСТВО" ЗА МЛАДИ УЧЕНИ 20 – 21 октомври 2011 г. – Учебно-опитна база на ЛТУ – Јондола доц. д-р Васка Сандева, доц. д-р Катерина Деспот Взаимозависимост на зелената система спрямо различните функционални системи на селищната територия (обитаване, труд, отдих, техническа инфраструктура) на град Скопие, Република Македония	2,7
2.	2.XX-ТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕНИЏМЪНТ И КАЧЕСТВО" ЗА МЛАДИ УЧЕНИ 20 – 21 октомври 2011 г. – Учебно-опитна база на ЛТУ – Јондола доц. д-р Васка Сандева, доц. д-р Катерина Деспот Опит за "Екологично" районирање на територијата на град Скопие, Република Македония по степен на благоприятност	2,7
3.	3.XX-ТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕНИЏМЪНТ И КАЧЕСТВО" ЗА МЛАДИ УЧЕНИ 20 – 21 октомври 2011 г. – Јондола доц. д-р Катерина Деспот, доц. д-р Васка Сандева, Александар Донев Перцепцията и психологията за цветовете и тяхното прилагане в дизайна	2,4
4.	4. XXI МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЈУЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЈОНДОЛА.Димоска А.,А.Митаноска,В.Сандева,К.Деспот,Т.Митев. Интегриране на архитектурното произведение в ландшафта.-с.75-85.	1,8
5.	5. XXI МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЈУЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЈОНДОЛА. Димоска А.,А.Митаноска,,К.Деспо,В.Сандева,Т.Митев.Конструктивни и формообразуващи характеристики на традиционната архитектура в Македония.-с.85-93.	1,8
6.	6. XXI МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЈУЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЈОНДОЛА. Тасев Г.В.Сандева,К.Деспот Структура и елеменети на увода на дисертационното изследване.- с.252-262.	2,4
7.	7. XXI МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ УЧЕНИ"2012,5-7 ЈУЛИ 2012Г.,УОБ НА ЛТУ-ЈОНДОЛА. Тасев Г.,К.Деспот ,В.Сандева.- Полезни препоръки при защита на дисертацията.-с.242-252.	2,4
8.	8. XXII International Conference for Young Researchers A.Mitanoska , A.Dimoska , V.Sandeva, K.Despot Evaluation and improvement on bicycle – friendly envioronment in the urban city center in a developed country (the case of Sapporo, Japan),	1,8
9.	9. XXII International Conference for Young Researchers V.Sandeva , K.Despot, A.Dimoska , A.Mitanoska Profesion od landscape architects – situation in the Republic of Macedonia and some neighboring countries	1,8
10.	10. XXII International Conference for Young Researchers K.Despot, V.Sandeva CONCEPTUAL – COMPOSITE DECISION OF BOTANICAL GAREDEN (CITY OF STRUMICA, REPUBLIC OF MACEDONIA)	2,7
11.	11. XXII International Conference for Young Researchers K.Despot, V.Sandeva, A.Dimoska, A.Mitanoska, I. Anastasov ARTISTIC PERCEPTION ANGLE BETWEEN UNPAID DOMESTIC SANITARY LANDFILLS CHILDREN	1,8

12.	12. Васка Сандева*, Катерина Деспот* Бюлетин "КАЧЕСТВО", 2011 година, София, България. Качеството на зелените площи и съпоставка между екологичните фактори и ефективността на съществуващите озеленени площи на град Скопие, Република Македония.	2,7
13.	13.XIV-th International Scientific Conference on Management and Sustainable Development, Yundola, Bulgaria 2012 Катерина Деспот, Васка Сандева, Винета Сребренкоска ВЛИЯНИЕТО НА ПАРК МОГИЛА, ГРАД ПРИЛЕП – ИНСТРУМЕНТ ЗА УСТОЙЧИВО РАЗВИТИЕ НА ТУРИЗМА	1,8
14.	14.XIV-th International Scientific Conference on Management and Sustainable Development, Yundola, Bulgaria 2012 Васка Сандева, Катерина Деспот, Винета Сребренкоска УСТОЙЧИВО РАЗВИТИЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПЛОЩИ НА ГРАД СКОПИЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ	2,4
15.	15.Природни ресурси и технологии – ноември 2011 - УГД, ФПТН, Штип Александар Донев, Катерина Деспот, Зоран Панов ТЕОРИЈА ЗА МЕШАЊЕ И КЛАСИФИКАЦИЈА НА БОИТЕ	2,4
16.	16.Природни ресурси и технологии –2012 - УГД, ФПТН, Штип Катерина Деспот [1], Васка Сандева [1], Ивица Анастасов [2] Присуството на заедничка врска помеѓу ликовниот израз и градината. Композициско решение на ботаничка градина Струмица	2,4
17.	17.Природни ресурси и технологии –2012 - УГД, ФПТН, Штип Васка Сандева [1], Катерина Деспот [1], Александра Димоска [1], Ана Митаноска [1] Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот "Могила" – Прилеп	1,8
18.	18.Скопје- UKIM FoF in skopje FORESTRY REVIEW xliii-2012- October 15th Emil Galev[1], Vaska Sandeva[2], Katerina Despot[2] AESTHETIC EVALUATION OF FOREST LANDSCAPES WITHIN THE TRAINING AND EXPERIMENTAL FOREST RANGE (TEFR) YUNDOLA, R. BULGARIA	2,4
19.	19.Скопје- UKIM FoF in skopje FORESTRY REVIEW xliii-2012- October 15th Emil Galev[1], Vaska Sandeva[2], Katerina Despot[2] CREATING A DATABASE FOR THE DENDRARIUM USING REMOTE SENSING AND GIS TECHNOLOGIES – EXAMPLES OF EXPERIMENTAL FOREST DEPARTMENT "PETROHAN", R. BULGARIA	2,4
20.	20.Скопје- UKIM FoF in skopje FORESTRY REVIEW xliii-2012- October 15th Vesko Rangelov[1], Vaska Sandeva[2], Katerina Despot[2] THE NEED FOR LEGISLATIVE INITIATIVES IN THE EUROPEAN LANDSCAPE	2,4
	Вкупно	**42,6**

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ

Реден број	Назив на активноста	Поени
1.	Идејно – дендрологичен проект за ботаничка градина (арборетум). По проектот „Интегрирана селекција, заштита и промоција на балканските генетски шумски ресурси со естетска вредност" – "Integrated Selection, Protection and Promotion of Balkan Forest Genetic Resources with Aesthetic Value – ISOPREN FORGEN"- Васка Сандева, Катерина Деспот	1,0
2.	Идејно – дендрологичен проект за противерозино и флористичко уредување на зеленият појас АЛЕКСАНДРИЈА, парк „Адора" – Скопје - "Адора Инженеринг" – ДООЕЛ Скопје, Македонија - Васка Сандева, Катерина Деспот	1,0
3.	Идејно – дендрологичен проект за хортикултурно уредување на резиденцијален, станбено-деловен комплекс СКОПЈЕ – "Под Водно" - "Адора Инженеринг" – ДООЕЛ Скопје, Македонија - Катерина Деспот, Васка Сандева	1,0
4.	Ентериерно уредување на деловен простор – јавен објект Оркан импекс Орданчо ДООЕЛ – Кавадарци - Катерина Деспот, Васка Сандева	2,0
5.	Ентериерно уредување на деловен простор – јавен објект "Тритекс трејд" ДОО Прилеп - Васка Сандева, Катерина Деспот	2,0

6.	Ентериерно уредување на деловен простор – ресторан Лидер "ДТУ КиГ" ДООЕЛ Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева	2,0
7.	Ентериерно уредување на деловен простор – кафе-пицерија Арт "СТЕФ-АЛ" ДООЕЛ, Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева	2,0
8.	Ентериерно уредување на деловен простор – Пицерија Леоне "Т. П Леоне " – Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева	2,0
9.	Ентериерно уредување на деловен простор – Ноќен клуб Тхе енд, " Т. П Леоне" – Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева	2,0
10.	Ентериерно уредување на стамбен објект "Агроинвест" Прилеп – Катерина Деспот, Васка Сандева	2,0
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
1.	Комисија за оцена на квалитетот на стручната редактура на книги/учебници. Проект за превод на 500 книги/учебници од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија. Министерство за образование и наука. - Васка Сандева, Катерина Деспот	2,0
9	**Учество во комисии и тела на државни и други органи:** **- учество во изработка на програма за прв циклус студии** - учество во изработка на програма за трет циклус студии -учество во изработка на програма за специјализации и специјализантски книшки -потпретседател на Здружението на ортодонти на Македонија -потпретседател на Македонското стоматолошко друштво	1 1 1 1 1
	Вкупно	75, 5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	215,58
НАУЧНОИСТРА@УВАЧКА ДЕЈНОСТ	146, 7
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	75, 5
Вкупно	437,78

3. Основни биографски податоци

Ас. д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска е родена во Скопје на 1962 година каде што го завршила основното училиште и средното образование со одличен успех.На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1981/82 година, а дипломирала во септември 1986 со среден успех 9,87. Како најдобар дипломиран студент на генерацијата во учебната 1986/87 година била наградена и добила Пофалница од Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", како и признание од Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија.

По повод 40-годишнината од основањето на Универзитетот и била доделена повелба во знак на признание за завршувањето на Стоматолошкиот факултет со највисок среден успех меѓу двата јубилеја на Универзитетот. За време на студиите била активен член и претседател на Клубот за научно-истражувачка дејност "Стомаско". Во текот на студиите се занимавала и со научноистражувачка работа, изработувајќи 3 труда.

Во учебната 1986/87 година се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот ортодонција, а во декември 1992 година го одбранила магистерскиот труд под наслов "Гнатометриски карактеристики на нормална оклузија кај македонско население".

Во јуни 1989 се вработила на Клиниката за ортодонција при Стоматолошки клиники како клинички лекар, а за помлад асистент била избрана во ноември 1992 година. По завршувањето на задолжителниот едногодишен лекарски стаж во јули 1990 година го положила стручниот испит пред испитната комисија на Здравствениот дом во Скопје. Специјализацијата по предметот ортодонција започната во јули 1991 година ја завршила со полагање на специјалистичкиот испит во април 1994 година.

На 17.3.1995 година била избрана во звањето асистент по предметот ортодонција, а реизбрана во декември 1998 година. Во звањето асиситент по трет пат била реизбрана во мај 2003 година, а за научен соработник била избрана во јуни 2004 година. Во септември 2008 избрана е во звањето насловен доцент, а во септември 2010 година повторно за асистент.

Во јуни 1996 година пријавила докторска дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје под наслов "Цервикалните прешлени како индикатори за одредување на мандибуларниот раст", а истата ја одбранила во јули 2000 година.

Во ноември 2003 година престојувала на Одделот за ортодонција на Универзитетот во Атина, Грција, каде што ја следела клиничката работа на Одделот и ги посетувала сите теоретски и практични часови од студентската и постдипломската настава.

Има добиено Пофалница од Стоматолошкиот факултет по повод 30-годишнината од основањето на Факултетот во знак на признание за успешна работа и придонес во основањето и извршувањето на задачите. По повод Светскиот ден на здравјето, во 1995 добитник е на Диплома од Македонското лекарско друштво, а во 1996 година на Благодарница. Од III конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество има добиено Благодарница во знак на признание за придонес во реализацијата на научната програма на Конгресот. Доделена и е и пофалница во 2009 година, по повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како асистент, научен соработник, а и како насловен доцент на Клиниката за ортодонција вклучена е во секојдневната рутинска работа и учествувала во одржување на студентските вежби и предавањата за студентите на високите школи за сестри и забни техничари со теоретска настава од 2004 до 2009 година, предавања за специјализанти во учебната 2006/2007 год. како и во изработката на научни и стручни трудови. Покрај изведувањето на практичната и теоретската настава, учествувала и во изготвувањето на прашањата за писмениот дел од испитот по предметот ортодонција и програмата за докторски студии, била член во комисијата за ЕКТС и комисијата за ревизија на наставните програми. Исто така била вклучена и во работата со студентите како ментор на четири студентски теми и повеќе студентски семинарски трудови. Автор е на книгата „Морфофункционални корелации меѓу темпоромандибуларниот зглоб и мастикаторните мускули", во 2009 г., коавтор а на учебното помагало „Превентива на оралните заболувања" 2010 година и коавтор во поглавие од „Ортодонција" I од 2012 година. Во рамките на проектот на Владата на Р. Македонија за превод на странски учебници превела и стручно лекторирала четири книги од странски автори во 2010 и 2011 година.

Исто така, активно учествувала и на повеќе домашни и странски конгреси, симпозиуми, семинари и курсеви: конгреси на Балканското стоматолошко друштво во Истанбул, 1999, во Солун 2000 и 2010, и во Охрид 2004; Европски ортодонтски конгреси: 79. конгрес во Прага 2003, 81. конгрес во Амстердам, 2005, 82. конгрес во Виена, 2006, 86. конгрес во Порторож, 2010, 87. конгрес во Истанбул, 2011 година; и на конгресите на стоматолозите од Македонија првиот во 1994

год, вториот во 1998 год, III - 2002 год. и 2006 год. каде што била и член во Научниот одбор на 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија; I Македонски имунолошки конгрес во Охрид, 1996 и Првиот конгрес на ортодонтите на македонија во Охрид, 2009 година, како активен учесник на самиот Конгрес и во Научниот одбор на Конгресот, како и на Вториот конгрес на ортодонтите на Македонија во Скопје, 2012 год. Исто така активно присуствувала и на трансфери на наука на стоматолозите од Македонија, во Дојран, 1993 (VII собир на стоматолозите од Р.Македонија), и пасивно, 1996 и 1997 година.

Присуствувала на Првиот симпозиум на ортодонтите на Југославија во Ниш 1996 год, научниот симпозиум „Примена на ласерите во стоматологијата", Скопје, 2002, на III стручно-едукативен симпозиум со меѓународно учество од здружението на приватните стоматолози во Скопје 2003 год, симпозиумите на ортодонтите на Македонија во Велес и Струмица, 2005, меѓународниот симпозиум на ортодонтите во 2006 година во Крушево, "Актуелности во стоматологијата во 21 век" - 2007, симпозиум со меѓународно учество "Клиничка ортодонција – Скопје, 2007, симпозиуми организирани од ЗОМ - "Фацијални асиметрии ортодонтско-хируршки аспект", март 2010, Скопје, „Темпоромандибуларни пореметувања" во Куманово 2010 организирано од Стоматолошко здружение на Македонија „Детекција, превенција и третман на импактирани заби", 2011 Скопје, ме|ународен симпозиум: „Современи концепти во оралната хирургија", октомври 2012, симпозиум со ме|ународно учество "Биолошки концепти во конзервативната стоматологија", Скопје, ноември 2012.

Учесник била и на семинари организирани од Стоматолошкиот факултет: "Примена на ласерот во оралната патологија" - март 2006; "Дентални фокални инфекции - профилакса и менаџмент" март 2007; Алергии во стоматологијата", октомври 2008; "Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата" - март 2010; семинар на Асоцијацијата за дезинфекција и стерилизација за "Нови стандарди и трендови во стерилизацијата во здравствени установи „Скопје 2010; есенски семинар „Од колеги за колеги", 2011, во Маврово.

Активно учествала на постедукативниот курс по ортодонција во Скопје, 1993 година, организиран од Стоматолошкиот факултет, на I семинар на забни техничари на Р.Македонија во Охрид, 1999, на постедукативниот курс - II собир на ортодонтите на Македонија во Маврово 2000, постедукативен курс по ортодонција, октомври 2005 Скопје, организиран од Здружението на специјалисти по ортодонција, како и на сите конгреси кои ги има посетено.

Присуствувала и на следниве курсеви: постедукативен курс по ортодонција, декември 1993 година; Мулинова техника и Делерова маска од Verdon, 2000; од германската фирма Дентаурум за техниката на прав лак одржан во Скопје, февруари 2001 Strait arch technique I и во 2005 година Strait arch technique II; курс од Il Bon Kim 2003; курс "Clinical orthodontics-strait wirw appliance I" март и јуни 2005 од д-р Милачи}; постедукативен курс од областа на ортодонција - октомври 2005; едукативни курсеви за "Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа" Скопје, 2007 година; "Примена на non-complience апарати во ортодонтскиот третман на малоклузија Класа II" проф. д-р Moschos Papadopoulos, одржан во Скопје во мај 2007 год.; курс "Thomas-pins - Mini screws as absolute anchorage in orthodontics" од д-р Thomas Lietz одржан во Скопје март 2008 год., едукативен курс "Миофункционално влијание на развитокот на лицеви структури врз забите" октомври 2008; "Релевантни концепти во третманот на малоклузиите" од проф. R. Nanda Охрид, 2009 година; "Getting to grips with Damon Philosophy" од д-р P. Van Heerden во Скопје 2011, курс од Vittorio Cacciafesta "Changes in the treatment mechanics by the implementation of modern bracket designs" – Скопје, март 2012.

Како член на редакцискиот одбор на Стоматолошката ревија - информативно гласило на Стоматолошкиот факултет ги изготвувала статиите од областа на ортодонцијата. Исто така била член на Претседателство на Здружението на ортодонтите од 2005 до 2009, а до 2013 и член на едукативниот одбор на ДСАМ. Активно се служи со англиски, а пасивно со германски и грчки јазик.

Досега објавените трудови на ас. д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска се рецензирани: трудовите од реден број 1 до реден број 4 се рецензирани во Билтенот бр. 581 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1992 година, трудовите од реден број 5 до реден број 11 се рецензирани во Билтенот бр. 630 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1994 година, трудовите од реден број 12 до реден број 19 се рецензирани во Билтенот бр. 710 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1998 година, трудовите од реден број 20 до реден број 29 се рецензирани во Билтенот бр. 826 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2003 година, трудовите од реден број 30 до реден број 34 се рецензирани во Билтенот бр. 850 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2004 година, трудовите од реден број 35 до реден број 44 се рецензирани во Билтенот бр. 945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, јули 2008 година, од реден број 45 до 50 во Билтен бр. 992 од 2010 година, а од реден број 50 до 58 во Билтен 1026 од 2012 година.

ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

51. М. Поп Стефанова-Трпоска, Д. Шуменковска. Лоши навики и нивно влијание врз дентофацијалните структури. Скопје, Макед. стоматол. прегл 2009;3-4,191-197.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1043 од 1.12.2012 година на УКИМ.

52. M. Pop Stefanova-Trposka, V.Korunoska-Stevkovska, G. Curcieva-Cuckova. Cervical vertebra anatomy in patients with normal occlusion and Class III malocclusion 86th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Portoroz, 2010.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1043 од 01.12.2012 година на УКИМ.

53. G. Curcieva-Cuckova, M. Pop Stefanova-Trposka, S.Popovski, R.Dimovska. Hyoid bone position, mandibular growth direction and head posture in mouth breathers 86th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Portoroz, 2010.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1043 од 01.12.2012 година на УКИМ.

54. М Јанкуловска, Е Георгиевска, М. Поп Стефанова- Трпоска. Превентива на оралните заболувања. Скопје, 2010.
Учебното помагало е рецензирано во Билтен број 992, 2010 г. на УКИМ.

55. B.Bogdanovska, B.Daskalova, M. Pop Stefanova-Trposka, I.Gavrilovic. Gonial angle associated with vertical disorders. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1043 од 1.12.2012 година на УКИМ.

56. I.Gavrilovic, M. Pop Stefanova-Trposka, B.Bogdanovska, B.Daskalova. Changes associated with Class II division 1 and Class II division 2 malocclusions. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1043 од 1.12.2012 година на УКИМ.

57. M. Pop Stefanova-Trposka, B.Bogdanovska, I.Gavrilovic. The cervical vertbrae as indicators for determination of mandibular growth direction. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1043 од 1.12.2012 година на УКИМ.

58. М.Зужелова, Г.Ќурчиева-Чучкова, М.Поп Стефанова-Трпоска. Ортодонција I, Скопје 2012.
Учебното помагало е рецензирано во Билтен бр.1026 на УКИМ, 2012 год.

59. М.Марковска-Арсовска, М.Поп Стефанова, Љ.Симјановска, З.Арсовски, С.Симјановски. Прекубројни заби-причина за одложено никнување на перманентните заби. 6-ти конгрес на стоматолозите на Македонија, Зборник на апстракти; 282-283, Охрид, 2012.
Во овој труд е прикажан случај со прекубројни инцизиви кај единаесетгодишно девојче со задоцнета дентиција. Опишана е терапевтската процедура која опфаќа екстракција на прекубројните инцизиви (мезиоденс и лев централен инцизив) и поставување на фиксен ортодонтски апарат со цел поставување на импактираниот централен лев инцизив во забниот низ.
Трудот има практично значење.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Маја Поп Стефанова -Трпоска
(име, татково име и презиме)
Институција: Стоматолошки факултет-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ортодонција

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на настава од прв циклус студии - настава на Високата школа за техничари - настава на Високата школа за стом.сестри - настава за специјализанти - настава за студенти	 5,4 1,2 2,25 0,6
2.	Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)	

	-претклинички вежби за студенти -клинички вежби за студенти -вежби на Висока школа за техничари -семинарски трудови и студентски теми	27,0 77,4 21,6 0,3
3.	Настава во школи и работилници, курсеви -учесник - курсеви (15 x1,0 бод) - семинари и симпозиуми (22 x1,0 бод)	37,0
4.	Подготовка на нов предмет -предавања на висока школа за техничари -вежби Ортодонција 1 и 2	1,0 0,5
5.	Консултации со студенти	2,8
6.	Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса	14,0
7.	Ментор на специјализанти (10 x 1,0 бод)	10,0
8.	Позитивно рецензиран универзитетски учебник -коавтор (2 учебника x 6 бода)	12,0
	Вкупно	213,05

НАУЧНОИСТРА@УВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (2 труда x 3,2 бода и 3 x 3,6) -Кануркова Л, Поп Стефанова-Трпоска М. Ретки случаи на клеидокранијален синдром со хипо-хиперодонција. Макед. стоматол. прегл. 1993:17(3-4):138-40. (усна презентација), -Илиески В, Поп Стефанова-Трпоска М. Карактеристики на вилиците и забите кај различни раси кучиња. Македонски ветеринарен преглед 1996; 25 (1-2):129-135. -Зужелова М., Смилева М., Поп Стефанова-Трпоска М. Третман на втора класа со помош на PENDULUM и TWIN апарат.Apolonia, 2000;3,19-27. -Даскалова Б, Поп Стефанова-Трпоска М, Јанев Р. Примена на разни типови на ретенциони апарати. Макед. стоматол. прегл. 2007:31(1-2):10-14. -М. Поп Стефанова-Трпоска, Д. Шуменковска. Лоши навики и нивно влијание врз дентофацијалните структури. Скопје, Макед. стоматол. прегл. 2009;3-4,191-197.	17,2
2.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со ме|ународен уредувачки одбор Pop Stefanova-Trposka M, Curcieva- Cuckova G, Nikolov G. Uporegjivanje dimenzija dentalnih lukova kod osoba sa normalnom okluzijom i kod osoba sa uvecanim adenoidnim vegetacijama uzrasta od 8 do 12 godina. I Simpozium ortodonata Jugoslavije Nis 1996. Bilten UOJ XXIX 1-2, 1996:25-30, (усна презентација),	4,8
3.	Секциско предавање на научен/стручен собир (3 x 1 бод) -постедукативнен курс по ортодонција во Скопје 1993 година, организиран од Стоматолошкиот факултет; -постедукативниот курс - II собир на ортодонтите на Македонија во Маврово 2000; -постедукативен курс по ортодонција во октомври 2005 Скопје, организиран од Здружението на специјалисти по ортодонција.	3
4.	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (1 x 3 бода) Pop Stefanova-Trposka M. Possibilities of using cervical vertebra in cephalometric analysis. 5th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts) Thessaloniki, 2000:12.	3
5.	Учество на научен/стручен собир со реферат -усна презентација (8 x 1 бод) -Поп Стефанова М. Епидемиологија трауме зуба код деце. XXVII конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија (Зборник на апстракти). Нови Сад: Сојуз на студентите на Југославија, 1985:171. -Поп Стефанова М. Корелација изме|у суме инцизива и предње ширине денталних лукова код индивидуа са нормалном оклузијом. XXVIII конгрес на	8

	студентите по медицина и стоматологија на Југославија (Зборник на апстракти). Тузла: Сојуз на студентите на Југославија, 1986:413. -Бојаџиев Т, Даскалова Б, Поп Стефанова М, Василева Б. Ортодонтски пристап во третманот на импактирани заби. Стручен собир на стоматолозите од Македонија. Струга:1992. (усна презентација) -Кануркова Л, Поп Стефанова-Трпоска М. Ретки случаи на клеидокранијален синдром со хипо-хиперодонција. Макед. стоматол. прегл. 1993:17(3-4):138-40. (усна презентација) -Pop Stefanova-Trposka M, Curcieva- Cuckova G, Nikolov G. Uporegjivanje dimenzija dentalnih lukova kod osoba sa normalnom okluzijom i kod osoba sa uvecanim adenoidnim vegetacijama uzrasta od 8 do 12 godina. I Simpozium ortodonata Jugoslavije Nis 1996. Bilten UOJ XXIX 1-2, 1996:25-30. (усна презентација) -Поп Стефанова-Трпоска М., Даскалова Б., Симоновски Н. Видови ортодонтски ретенциони апарати. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:58. (усна презентација) -Тодоровска С., Маркиќ Г., Поп Стефанова-Трпоска М. TWIN BLOCK апарат. I семинар на забни техничари на Р. Македонија. Охрид: Здружение на забни техничари на Р. Македонија, 1999. (усна презентација) -Поп Стефанова-Трпоска М. Насоката на мандибуларниот раст и морфологијата на првите два цервикални прешлена. 3. Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Охрид, 2002. (усна презентација) -постер (12 x 0,5 бода) -Бајрактарова-\орчулеска Н, Поп Стефанова-Трпоска М, Ќурчиева-Чучкова Г. Ефектот од раното губење на млечните заби врз просторот за перманентните заби. 1 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1994:23. -Петрова Е, Поп Стефанова-Трпоска М, Димировска М, Поленакови} Б. Концентрација на IgE во плунка кај деца со и без ортодонтски апарати. I Македонски имунолошки конгрес Охрид 1996. Мак мед преглед 50:(Суплемент 23) Скопје 1996:25-6. -Pop Stefanova-Trposka M., Curcieva-Cuckova G., Tosevska-Spasova N. Impacted central incizors-Case report. 4th Congress of the Balcan Stomatological Society (Abstracts) Istanbul, 1999: 268. -Поп Стефанова-Трпоска М., Зужелова М., Смилева Нацевска М. Апликација на FUJI ORTHO LC во ортодонтската практика. 3. Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Охрид, 2002:99. -Pop Stefanova-Trposka M., Curcieva-Cuckova G. Impaction of the maxillary second primary molar and second premolar-a case report. 79th Congress of the European Orthodontic Society, (Abstracts), Prague, 2003. -Pop Stefanova-Trposka M., Curcieva-Cuckova G. Correlation between morphology of the first cervical vertebra, head posture and mandibular growth direction. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abstract book), Ohrid, 2004. -Curcieva-Cuckova G., Pop Stefanova – Trposka M., Maneva M. The effects of nasal obstruction on airway dimensions and cranio-cervical angulation. 81st Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Amsterdam, 2005. -Curcieva-Cuckova G., Pop Stefanova M. Craniofacial form and function related to nasopharyngeal obstruction. Eur J Orthod Suppl (abstract of posters) 2006; e197-e198, 82nd Congress of the European Orthodontic society, Vienna. -Ќурчиева-Чучкова Г, Поп Стефанова-Трпоска М, Манева М, Симјановска Љ. Радиографска процена на ерупцијата на максиларните канини. IV Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. (Зборник на апстракти), Охрид, 2006. -М. Поп Стефанова-Трпоска, Г. Ќурчиева - Чучкова. Морфологија на цервикалните прешлени, положбата на главата и лицева висина кај пациенти со орален и назален тип на дишење. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009. -M. Pop Stefanova-Trposka, V.Korunoska-Stevkovska, G. Curcieva-Cuckova. Cervical vertebra anatomy in patients with normal occlusion and Class III malocclusion 86th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Portoroz, 2010.	

	-B.Bogdanovska, B.Daskalova, M. Pop Stefanova-Trposka, I.Gavrilovic. Gonial angle associated with vertical disorders. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011.	
6.	Апстракти објавени во зборник на конференција ме|ународна (29 х 1 бод) -\оргова Ј, Поп Стефанова М, Лазаревска Е, Левенска Г. Антропометриске карактеристике лица и главе код деце узраста од 7 до 14 година. 6 Конгрес ортодоната Југославије (Зборник на апстракти). Сараево: Удружење ортодоната СЛДЈ, 1990:145-6. -Pop Stefanova-Trposka M, Zografska N. Reference values of albumin concentracion in saliva. Second Meeting of the Balcan Clinical Laboratory Federation (Balkan Journal of Clinical Laboratory). Istanbul: 1994;1(2):19. -Pop Stefanova-Trposka M, Churchieva-Chuchova G. Determination of the incisors possition at individuals with normal occlusion. 2nd. Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts) Belgrade April 1997:91-2. -Fildisevski A, Pop Stefanova M, Iljovska S, Pavlevska M, Stevanovic MM, Stojanovska V. Clinical assesment of the oral health of children aged 9. Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts) Belgrade April 1997:74. -Kirovski I, Pop Stefanova M, Spiroski D. The incisive position in children with class III malocclusion determined by roetgencephalometric method. Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts) Belgrade April 1997:93-4. -Simjanovska Lj, Janev J, Peeva M, Grncarovski A, Pop Stefanova M, Dimova C. Surgical treatment of impacted praemolars in maxille. Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts) Belgrade April 1997:116. -Iljovska S, Bogdanovski S, Pop Stefanova-Trposka M, Pavleska M. Estetic restauration of intercanine area. 85th Congress FDI Seul 1997. -Pop Stefanova-Trposka M., Curcieva-Cuckova G., Tosevska-Spasova N. Impacted central incizors-Case report. 4th Congress of the Balcan Stomatological Society (Abstracts) Istanbul, 1999: 268. -Curcieva-Cuckova G., Pop Stefanova-Trposka M. The clinical use of the facial height index in Class II division 1 malocclusion. 4th Congress of the Balcan Stomatological Society (Abstracts) Istanbul, 1999: 267. -Pop Stefanova-Trposka M., Curcieva-Cuckova G. Impaction of the maxillary second primary molar and second premolar-a case report. 79th Congress of the European Orthodontic Society, (Abstracts), Prague, 2003. -Pop Stefanova-Trposka M., Curcieva-Cuckova G. Correlation between morphology of the first cervical vertebra, head posture and mandibular growth direction. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abstract book), Ohrid, 2004. -Curcieva-Cuckova G, Pop Stefanova-Trposka M. Orthodontic problem of ectopic premolar eruption: Case report. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abstract book), Ohrid, 2004. -Curcieva-Cuckova G., Pop Stefanova-Trposka M. The effects of nasopharyngeal obstruction on head posture, mandibular rotation and vertical dimensions. 2nd International Orthodontic Congress of Serbia and Montenegro, (Abstract Book), Beograd, 2005. -Curcieva-Cuckova G., Pop Stefanova – Trposka M., Maneva M. The effects of nasal obstruction on airway dimensions and cranio-cervical angulation. 81st Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Amsterdam, 2005. -Pop Stefanova – Trposka M., Curcieva-Cuckova G. Correlation between morphology of the first and second cervical vertebra, head posture and mandibular growth direction. Eur J Orthod Suppl (abstract of posters) 2005; 81st Congress of the European Orthodontic society, Amsterdam. -Curcieva-Cuckova G., Pop Stefanova M. Craniofacial form and function related to nasopharyngeal obstruction. Eur J Orthod Suppl (abstract of posters) 2006; e197-e198, 82nd Congress of the European Orthodontic society, Vienna. -Pop Stefanova – Trposka M, Curcieva-Cuckova G. Morphological characteristics of the atlas and axis in relation to mandibular rotation. 82nd Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Vienna, 2006. -Ќурчиева-Чучкова Г, Поп Стефанова-Трпоска М, Манева М, Симјановска Љ. Радиографска процена на ерупцијата на максиларните канини. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. (Зборник на апстракти),	29

	Охрид, 2006. -Поп Стефанова -Трпоска М, Ќурчиева-Чучкова Г. Димензии на цервикалните прешлени кај испитаници со нормална оклузија и со отворен загриз. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. (Зборник на апстракти), Охрид, 2006. -G. Curcieva-Cuckova, M. Pop Stefanova-Trposka, M.Maneva. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84 Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Lisbon, 2008 -М. Поп Стефанова-Трпоска, Г. Ќурчиева - Чучкова. Морфологија на цервикалните прешлени, положбата на главата и лицева висина кај пациенти со орален и назален тип на дишење. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009. -Г. Ќурчиева - Чучкова, М. Поп Стефанова-Трпоска, М.Манева, С.Поповски, Р.Димовска. Влијанието на назофарингеалната обструкција врз типот на лицевиот раст и дентофацијалната морфологија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009. -Ц. Димова, М. Поп Стефанова-Трпоска, Е. Јанев, Б. Евросимовска, И. Ковачевска, С. Стојановска. Фолокуларна циста кај долен прв молар-Приказ на случај. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009. -M. Pop Stefanova-Trposka, V.Korunoska-Stevkovska, G. Curcieva-Cuckova. Cervical vertebra anatomy in patients with normal occlusion and Class III malocclusion 86th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Portoroz, 2010. -G. Curcieva-Cuckova, M. Pop Stefanova-Trposka, S.Popovski, R.Dimovska. Hyoid bone position, mandibular growth direction and head posture in mouth breathers 86th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Portoroz, 2010. -B.Bogdanovska, B.Daskalova, M. Pop Stefanova-Trposka, I.Gavrilovic. Gonial angle associated with vertical disorders. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011. -I.Gavrilovic, M. Pop Stefanova-Trposka, B.Bogdanovska, B.Daskalova. Changes associated with Class II division 1 and Class II division 2 malocclusions. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011. -M. Pop Stefanova-Trposka, B.Bogdanovska, I.Gavrilovic. The cervical vertbrae as indicators for determination of mandibular growth direction. 87th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Istanbul, 2011. -М.Марковска-Арсовска, М.Поп Стефанова, Љ.Симјановска, З.Арсовски, С.Симјановски. Прекуброjни заби-причина за одложено никнување на перманентните заби. 6-ти конгрес на стоматолозите на Македонија, Зборник на апстракти; 282-283, Охрид, 2012. -национална (17 x 0,5 бода) -Каламарас П, Јовчевска Л, Поп Стефанова М. Основни антрополошки показатели на феталниот развиток. XXV конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија (Зборник на апстракти). Плитвички езера: Сојуз на студентите на Југославија, 1983:169. -Поп Стефанова М. Епидемиологија трауме зуба код деце. XXVII конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија (Зборник на апстракти). Нови Сад: Сојуз на студентите на Југославија, 1985:171. -Поп Стефанова М. Корелација изме|у суме инцизива и предње ширине денталних лукова код индивидуа са нормалном оклузијом. XXVIII конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија (Зборник на апстракти). Тузла: Сојуз на студентите на Југославија, 1986:413. -Бојациев Т, Даскалова Б, Поп Стефанова М, Василева Б. Ортодонтски пристап во третманот на импактирани заби. Стручен собир на стоматолозите од Македонија. (Апстракти) Струга:1992. -Бајрактарова-\орчулеска Н, Поп Стефанова-Трпоска М, Ќурчиева-Чучкова Г. Ефектот од раното губење на млечните заби врз просторот за перманентните заби. 1 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1994:23. -Поп Стефанова М, Иљовска С, Стефанови} ММ, Поп Стефанова А, Груев А.	8,5

	Некои карактеристики на плунката кај деца кои носат или не носат ортодонтски апарати. 1 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1994:24. -Стефанови} ММ, Иљовска С, Поп Стефанова М, Филдишевски А. Споредба на каналната инструментација: рачна и машинска, со екскалибур. 1 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1994:16. -Петрова Е, Поп Стефанова-Трпоска М, Димировска М, Поленакови} Б. Концентрација на IgE во плунка кај деца со и без ортодонтски апарати. I Македонски имунолошки конгрес Охрид 1996. Мак мед преглед 50:(Суплемент 23) Скопје 1996:25-6. -Поп Стефанова-Трпоска М., Даскалова Б., Симоновски Н. Видови ортодонтски ретенциони апарати. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:58. (усна презентација) -Поп Стефанова-Трпоска М., Даскалова Б., Симоновски Н. Длабочината на антегонијалната инцизура како показател на правецот на раст на мандибулата. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:57. -Даскалова Б., Поп Стефанова-Трпоска М., Симоновски Н. Лакови во фиксната ортодонтска техника. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:52. -Коруноска В., Поп Стефанова-Трпоска М., Коруноски В. Рендгенкефалометриско одредување на меѓувиличните односи кај пациенти со тотални протези. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:181. -Ќурчиева-Чучкова Г., Тошеска Н., Поп Стефанова-Трпоска М. Стадиум на развој на хипердонтичните заби. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:42. -Стојановска В., Иљовска С., Поп Стефанова-Трпоска М., Ќорнаков К., Јованова К. Здравствено воспитни мерки во детската возраст од стоматолошки аспект. 2 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:23. -Тодоровска С., Маркиќ Г., Поп Стефанова-Трпоска М. TWIN BLOCK апарат. I семинар на забни техничари на Р. Македонија. (zbornik na apstrakti), Охрид: Здружение на забни техничари на Р. Македонија, 1999. -Поп Стефанова-Трпоска М. Насоката на мандибуларниот раст и морфологијата на првите два цервикални прешлена. 3 Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Охрид, 2002. -Поп Стефанова-Трпоска М., Зужелова М., Смилева Нацевска М. Апликација на FUJI ORTHO LC во ортодонтската практика. 3. Конгрес на стоматолозите на Македонија (Зборник на апстракти). Охрид, 2002:99.	
7	Учество на научен/стручен собир со реферат/усна презентација (8 x 1 бод) -XXVII конгрес на студентите по медицина и стоматологија на, Југославија, Нови Сад,1985; -XXVIII конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија, Тузла,1986; - Стручен собир на стоматолозите од Македонија. Струга:1992. -трансфер на наука на стоматолозите од Македонија во Дојран 1993 (VII собир на стоматолозите од Р.Македонија) - I Simpozium ortodonata Jugoslavije, Nis 1996. -2 Конгрес на стоматолозите на Македонија Скопје: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998: - I семинар на забни техничари на Р. Македонија. Охрид: Здружение на забни техничари на Р. Македонија, 1999. - 3. Конгрес на стоматолозите на Македонија. Охрид, 2002.	8
8	Учество на научен/стручен собир со реферат/постер презентација (15 x 0,5 бода) -конгреси на Балканското Стоматолошко друштво во Истанбул, 1999, во Солун, 2000 и 2010, и во Охрид, 2004; -Европски ортодонтски конгреси: 79. Конгрес во Прага 2003, 81. Конгрес во	7,5

	Амстердам, 2005, 82. Конгрес во Виена, 2006, 86. Конгрес во Порторож, 2010, 87. во Истанбул, 2011 година; -конгресите на стоматолозите од Македонија, I во 1994 год, вториот во 1998 год, III - 2002 год. и IV во 2006 год. -I Македонски имунолошки конгрес во Охрид, 1996 -Првиот конгрес на ортодонтите на Македонија, Охрид, 2009	
	Вкупно	89

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Стручна монографија	8
2.	Поглавје во книга -автор	3
3.	Превод -книга (4 книги x 3 бода)	12
4.	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, систематизација, методологија (4 комисии x 2)	8
Дејности од поширок интерес		
1.	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание -стоматолошка ревија (6 x 0,5 бода)	3,0
2.	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (4 x 0,5 бода)	2,0
3.	Член на организационен или програмски одбор на ме|ународен научен/стручен собир (3 x 1 бод)	3,0
4.	Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството	2,0
5.	Награда за научни постигнувања од струкова организација -самостоен (7 x 3 бода)	21,0
6.	Студиски престој во странство -до три месеци	0,5
	Вкупно	62,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	213,05
НАУЧНОИСТРА@УВАЧКА ДЕЈНОСТ	89,0
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	62,5
Вкупно	364,55

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата детално ја разгледа севкупната приложена документација на кандидатите кои се пријавија на конкурсот за избор на два (2) наставника во сите наставно-научни звања од областа ортодонција: насл. доц.д-р Лидија Кануркова, ас.д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова и ас.д-р Маја Поп Стефанова од Катедрата за ортодонција.

Врз основа на приложената документација, согласно со Правилникот за критериумите и постапката во избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (2011 год.) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и врз основ на измените и дополнувањата на Законот за високото образование (2013 год.) член, 132 став 6 според кој е предвидено во постапката за избор на кандидати во наставно-научни звања во рефератот да се вреднуваат севкупните наставни, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок со предлог:

Анализирајќи го доставениот материјал и документацијата на насл. доц. д-р Лидија Кануркова и врз основа на направената бодовна анализа според образецот приложен кон извештајот, особено во периодот по изборот во звањето насловен доцент (по 2008 год.) Рецензентската комисија констатира дека кандидатката насл. доц. д-р Лидија Кануркова покажува континуиран наставно-педагошки развој, интерес кон научноистражувачката работа и ги исполнува критериумите за избор во звањето вонреден професор.

Врз основа на извршениот увид на доставената документација на ас.д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова и направеното бодирање според образецот приложен кон извештајот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ас. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова покажува континуиран наставно-педагошки развој, интерес кон научноистражувачката работа и ги исполнува критериумите за избор во звањето доцент.

Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја избере насл. доц. д-р Лидија Кануркова во звањето вонреден професор на Катедрата за ортодонција, а ас.д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова да биде избрана во звањето доцент на Катедрата за ортодонција, и му предлага на Советот да донесе одлука за понатамошна процедура на постапката.

Членови на комисијата

1. Проф.д-р Јулијана Ѓоргова, dr.sci- претседател с.р.

2. Проф.д-р Предраг Николиќ, dr.sci- член с.р.

3. Проф.д-р Славе Наумовски, dr.sci- член с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Љубомир Папаров	„Државен долг, мерење, менаџирање и ефекти”	проф.д-р Михаил Петковски
Жарко Јованоски	„Реосигурувањето - процес на трансфер на ризиците на глобално ниво”	проф.д-р Михаил Петковски
Христијан Настоски	„Улогата на монетарната политика и на нестандардните мерки на монетарната политика за време на глобалната финансиска криза (2007 -), со посебен осврт на Република Македонија”	проф.д-р Михаил Петковски
Ленче Димитријевиќ	„Употреба на платежните картички во безготовинското плаќање – трендови и перспективи”	проф.д-р Михаил Петковски
Викторија Трпкоска	„Економската динамика во транзициските економии од 2007 до 2013, со посебен осврт на нејзиното влијание врз банкарскиот систем”	проф.д-р Михаил Петковски
Анита Томевска	„Управување со ризиците во процесот на спречување на перењето пари”	проф.д-р Горан Петревски
Анета Трајаноска	„Примарен пазар на корпоративни хартии од вредност и случајот на Република Македонија”	проф.д-р Владимир Филиповски
Мартин Јосифовски	„Употреба на индикаторите за финансиска стабилност за конструирање на агрегатен индекс за стабилност на банкарскиот систем на Република Македонија”	проф.д-р Михаил Петковски
Марија Мургашанска	„Мултимедијално презентирање на обука при едукација на човечките ресурси”	проф.д-р Кирил Постолов
Иван Петрушевски	„Стратегии за развој на „зелените” бизниси во претпријатијата”	проф.д-р Бобек Шуклев
Дејан Стојковски	„Управувањето со разновидноста во организацијата, предизвик за современиот менаџер”	проф.д-р Бобек Шуклев

Елена Трајчевска	„Улогата на одборот на директори, менаџерите и акционерите во корпоративното управување"	проф.д-р Бобек Шуклев
Марија Младеновиќ	„Иднината на менаџментот и лидерството во претпријатијата"	проф.д-р Бобек Шуклев
Невена Ристовски	„Тимска динамика"	проф.д-р Љубомир Дракулевски
Маја Крстевска	„Улогата на фамилијарното повлекување и фамилијарниот совет во управувањето со фамилијарните бизниси"	проф.д-р Бобек Шуклев
Елена Апостолоска	„Економската пропаганда преку интернет на мобилните оператори во Македонија"	проф.д-р Анита Ц.Шулеска
Мартина Јанковска	„Влијанието на електронската трговија врз менаџментот на односите со добавувачите и потрошувачите"	проф.д-р Лидија П.Ивановска
Ивана Јанева	„Е-бизнис модели на е-трговија како фактор во зголемувањето на продажбата на малите претпријатија во Република Македонија"	проф.д-р Сашо Јосимовски
Јасминка Симоновска	„Знаењето како стратегиски ресурс"	проф.д-р Љубомир Дракулевски
Игор Спасевски	„Диференцирање на латерален производ преку промотивни активности"	проф.д-р Снежана Р.Јовановска
Ања Славковиќ	„Процес на брендирање преку современи медиуми"	проф.д-р Снежана Р.Јовановска
Виодета Димитрова	„Влијанието на фиксните и варијабилните трошоци врз финансискиот резултат кај лон производството"	проф.д-р Зоран Миновски
Марија Петреска	„Системи на социјална здравствена заштита во ЕУ со посебен осврт на Република Македонија"	академик д-р Таки Фити

Наставно-научниот совет на УКИМ-Медицинскиот факутлет во Скопје на својата XVI редовна седница одржана на 11.04.2013 година ги донесе следниве одлуки за усвоен извештај на комисијата за оцена на тема за изработка на докторска дисертација

Ред. бр.	Име и презиме	Наслов на тема	ментор
1.	Валентина Велкоска-Накова	"ЕВАЛУАЦИЈА НА ЕФЕКТОТ ОД ТИРОИДНА СУПСТИТУЦИОНА ТЕРАПИЈА НА ЛЕВОВЕНТРИКУЛАРНАТА СИСТОЛНА И ДИЈАСТОЛНА ФУНКЦИЈА КАЈ СУПКЛИНИчКИ ХИПОТИРОИДИЗАМ"	Проф. д-р Бранкица Крстевска
2.	Татјана Петрушевска	"УПОТРЕБА НА БЕНЗОДИАЗЕПИНИ КАЈ ПАЦИЕНТИ НА МЕТАДОНСКИ ТРЕТМАН"	Проф. д-р Весна Велиќ-Стефановска
3.	Билјана Пргова	"МАГНЕТНО-РЕЗОНАНТНА ХОЛАНГИОПАНКРЕАТОГРАФИЈА-РАДИОЛОшКИ МЕТОД ВО ДИЈАГНОСТИКА НА БОЛЕСТИТЕ НА ПАНКРЕАТО-БИЛИЈАРНИОТ СИСТЕМ"	Проф. д-р Билјана Таушанова
4.	Авни Кучи	"АТЛАНТО-АКСИЈАЛНА НЕСТАБИЛНОСТ КАКО ЕДЕН ОД ПРОБЛЕМИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО РЕВМАТОИДЕН АРТРИТИС"	Проф. д-р Снежана Мишевска-Перчинкова
5.	Стојан Бајрактаров	"КАРАКТЕРОТ И ТЕМПЕРАМЕНТОТ КАКО ПРЕДИКТИВНИ ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВАТА И ЗА ИСХОДОТ НА ТРЕТМАНОТ НА УНИПОЛАРНО ДЕПРЕСИВНО РАСТРОЈСТВО"	Проф. д-р Антони Новотни

ДЕКАН

Проф. д-р Никола Јанкуловски

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА БИТОВА ДРАМА* ОД М-Р ВЛАДИМИР ТАЛЕСКИ, ПРИЈАВЕНА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје бр. 10-66/2 од 10.3.2013 год. Определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација*Историскиот развој на македонската битова драма* од кандидатот м-р Владимир Талески, во состав: проф. д-р Танас Вражиновски, проф. д-р Симо Младеновски, проф. д-р Марко Китевски, проф.д-р Билјана Ристовска-Јосифовска и проф. д-р Силвана Сидоровска Чуповска. Откако Комисијата со особено внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Историскиот развој на македонската битова драма* од м-р Владимир Талески претставува сериозен и научно документиран труд кој внесува многу новини во македонските драматуршки истражувања. Авторот покажа сериозно познавање на проблематика како во едни македонски рамки, така и пошироко: балкански и европски. Во нашата наука, битовата драма е доста истражувана и има богата литература од познати наши проучувачи. Во изработката на докторската дисертација, авторот со умеење и суштински ја користи литературата онаа постарата и современата, внесувајќи го притоа и своето искуство и како актер и како режисер, што во извесна смисла му помогна во реализацијата на поставените задачи во истражувањето и нивната анализа. Во тој поглед, авторот се задржува на повеќе познати македонски автори и нивните трудови, во многу случаи зазема и свој критички став, давајќи свои мислења, кои се аргументирани, така што трудот во некои делови има полемички карактер. Темата претставува заокружување и надградување на досегашните проучувања на македонската битова драма, како што и самиот автор тврди од *еден друг агол.* А тој другиот агол е современиот начин и пристап во анализата на драмите кои се предмет на оваа докторска дисертација. Тука, меѓу другото, лежи и успехот на ова проучување Самиот наслов на темата укажува дека авторот се зафати со една проблематика во која историскиот елемент зазема важно место, покрај социјалниот, политичкиот, односно општествениот. Битовата драма има историска и економска подлога, така што при анализата на драмите авторот поаѓа од една историска и економска перспектива. Историскиот момент, главно, е поврзан со борбата на македонскиот народ за отфрлање на турскиот поробувач, а економскиот е поврзан со тешкиот и сиромашниот живот на народот: како во времето на турското владеење во Македонија, така и на подоцнежните владетели на македонскиот народ од времето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

Предмет на истражувањето на македонската битова драма се четири значајни автори, кои оставиле видливи траги во развојот на македонската драматургија, воопшто, кои до денешен ден не ја загубиле својата актуелност и свежина. Тоа се авторите: Војдан Чернодрински, со познатата драма *Македонска крвава свадба,* Васил Иљоски, со драмата *Бегалка,* Антон Панов, со драмата *Печалбари,* и Ристо Крле, со драмата *Паритe се отепувачка.* Речено со еден збор, драми кои зборуваат за животот на нашиот народ во

минатото, но кои не ја губат својата актуелност. Овие драми имаат историско значење во развојот на македонската драмска и театарска уметност.

Во воведот, м-р Владимир Талески ја образложува целта на своето истражување и притоа истакнува дека македонската битова драма ја поттикнувала националната свест на нашиот народ, градејќи го сопствениот идентитет, за ослободување на својата таковина и осамостојување. Со нејзината појава се потврдува фактот дека македонското драмско творештво уште од почетокот се артикулира преку исклучителни македонски автори, кои веднаш се наметнале со својот исклучителен талент. Важно место му посветува на методолошкиот пристап, притоа укажува дека во своето истражување го применил историскиот метод, функционалниот, компаративниот и дискриптивниот метод. Врз основа на истрискиот метод го согледува историскиот развој на битовата драма. Тоа го прави на еден многу прегледен и современ начин врз основа на табеларно прикажување на основните карактеристики на драмата. Ваквиот начин на прикажување и анализа е редок случај во нашите драматуршки истражувања. Тоа му дава посебен акцент на проучувањето на битовата драма.

Посебна глава им е посветена на драмските форми и појавата на драмата. Авторот ги анализира историските периоди во развојот на македонската битова драма од почетоците на нејзината појава. Со право тој во оваа глава се осврна на народниот театар и фолклорот, бидејќи во појавата на битовата драма посебна улога одигрува фолклорот. Фолклорот ја претставува есенцијалната алка на битовата драма. Во неа се застапени обредот, народната песна, поговорките, верувањата, клетвите и сл. Во продолжение тој се задржува на начините на пишување на драми. Драмата ја разгледува како текст и како жанр, со посебен осврт на фабулата. Важна е улогата на битовата драма и театарската дејност кај македонското иселеништо во прекуокенските земји. Изведбата на битовите драми ги потсетува иселениците на нивниот живот во старата татковина, а младите генерации ги запознава со татковината на нивните предци. Таа во Америка се појави во првата половина на XX век, нешто подоцна и во Канада и Австралија, а нивни носители биле културно-социјалните друштва на македонските иселеници, кои потекнувале од целата територија на етничка Македонија.

Второто поглавје е посветено на улогата на битовата драма во националното осознавање на Македонците. Во времето кога таа се појавила, а и подоцна, одигрувала значајна улога во националното самоосознавање на македонскиот народ и афирмација на народниот македонски јазик, кој подоцна прераснал во национален и литературен јазик на Македонците. Овој момент, покрај другите споменати историски и социјално-економски состојби имаше важна улога во изборот на темите, ликовите, просторот, времето, драмските ситуации, песни, музика и сл. од страна на посочените автори на битовите драми. Феноменот на македонската битова драма се појавил под притисок на времето во кои тие се создавале и општествените услови. На таков начин, творците на битовата драма знаеле својот креативен свет и талент да му го доближат на народот. Една од основните причини во тој поглед е фактот дека авторите на споменатите битови драми потекнувале од секојдневието на македонскиот народ: едниот е револуционер, другиот столар, третиот оперски пејач и четвртиот чевлар, така што и нивните јунаци потекнуваат од народот. Фабулата на драмите е изградена врз основа на вистински случки.

Посебно внимание во следните поглавја, авторот на докторската дисертација *Историскиот развој на македонската битова драма,* м-р Владимир Талески им посвети на драмските ситуации, на драмските функции и актанцијалниот модел како основа на секое драмско дело. Драмските ситуации и драмските функции во македонската битова драма се главна цел на истражувањето. Без нив не може да се прави значајна анализа. Авторот се служи со литература од познати светски автори, истражувачи на оваа проблематика. Во таа смисла, треба да се истакне актанцијалниот модел на Ан

Иберсфелд, како и методолошкиот принцип на Етјен Сурио, кој авторот со умеење ги користи при анализата на драмските дела. Примената на овие модели прецизно ја разоткриваат внатрешната структура на драмските дела.

Драмските ситуации и драмските функции на битовите драми се разгледувани врз примери на посочените драмски дела, кои се групирани во соодветни периоди. Првиот период се однесува на драмата *Македонска крвава свадба* од Војдан Чернодрински, драма која го прикажува тешкиот живот на македонскиот човек пред Илинденското востание. Во преден план истакната е љубовта на двајца млади: младиот овчар Спасе и младата жетварка Цвета, која е нарушена и уништена од претставниците на поробувачот. Осман-бег сака убавата Цвета да ја внесе во својот харем, а таа му се спротивставува. Тука настапува трагиката на драмата во која главните протагонисти меѓусебно се убиени. Авторот се задржува на поодделните ликовите, кои извршуваат конкретни драмски функции.

Вториот период го претставуваат авторите Васил Иљоски, со драмата *Бегалка,* Антон Панов, со драмата *Печалбари* и Ристо Крле, со драмата *Париште се отепувачка.* Во овие драми доминантна тема е печалбарството, како резултат на тешката социјално-економска положба на нашиот народ во времето меѓу двете светски војни и настојувањата за еден подобар живот, кој во овие драми не секогаш има добар крај. Авторот поодделно ги разгледува овие драми. Се задржува на нивната фабула, ликовите застапени во нив. Анализата на драмите од првиот и вториот период е направена врз основа на споменатиот модел на Ан Иберсфелд, кој се потпира на лингвистичко семантичкиот пристап. Тоа го прави на еден современ и модерен начин, служејќи се со соодветни табели, кои даваат прегледност на изложените анализи.

ЗАКЛУЧОК

	ВКУПНО	**51,48**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Експертски активности: Програма за подигнување на насад од леска во с. Горни Полог – Кочанско (2009).	1
2.	Експертски активности: Стручни прегледи на материјал за размножување и саден материјал од јаболко, круша, дуња, мушмула, орев, бадем, лешник во ДПТУ Опитно поле (2008, 2009, 2010, 2011).	4
3.	Експертски активности: Утврдување на квалитет и животоспособност на семе од овошни култури во ДПТУ Опитно поле (2008, 2009, 2010).	3
4.	Експертски активности: Стручни прегледи за сортна чистота на овошен саден материјал од јаболко, вишна,	1

	слива, праска, кајсија во Агро-Мит Свети Николе (2011).	
5.	Експертски активности: Стручни прегледи за сортна чистота на овошен саден материјал Агро-Калем, с. Тимјаник, Неготино (2010).	1
6.	Експертски активности: Методологија за изработка на фитохормонски препарат за ожилување на резници од овошните видови, 2008.	1
7.	Експертски активности: Вештачење за оштетен насад од вишна во месноста Градошорци- струмичко (2008).	1
8.	Експертски активности: Проценка на оштетен насад од круша локалитет Кисела Вода, Скопје (2008).	1
9.	Експертски активности: Проценка на оштетен насад од кинеска урма локалитет Кисела Вода, пожар на Трафостаница, Скопје (2009).	1
10.	Експертски активности: Проценка за оштетен насад од кинеска урма локалитет Кисела Вода - електричен портал, Скопје (2008).	1
11.	Експертски активности: Проценка за штета во насадите при процесот на денационализација, насад орев, локалитет Цијанкомора-Кисела Вода, Скопје (2009).	1
12.	Експертски активности: Проценка на штета на насад од вишна при процесот на денационализација во Кисела Вода, Скопје (2011).	1
13.	Експертски активности: Проценка на штета во насадите при процесот на денационализација, насад кинеска урма -Кисела Вода, Скопје (2011).	1
14.	Експертски активности: Стручно мислење на судско рочиште во Основен Суд Скопје 2 за овошните колекциони насади во локалитет К. Вода, Скопје при процесот на денационализација (2010).	1
15.	Експертски активности: Вештачење за оштета на земјоделски култури при поставување на подземна гасоводна инсталација од страна на АД Гама, Скопје (2011).	1
16.	Експертски активности: Стручно мислење на судско рочиште за сортна чистота на производен насад праска, Кавадарци (2008).	1
17.	Експертски активности: за рентабилност на матичен насад јаболко Проценка, ОПО Кочани (2008).	1
18.	Експертски активности: Проценка за рентабилност на колекционен насад кајсија, ОПО Долно Лисиче, Скопје (2009).	1
19.	Експертски активности: Стручно мислење на вештачењето за производен насад од јаболко, локалитет Патерица, Охрид (2009).	1
20.	Експертски активности: Проценка на штета во селекциониот насад од кинеска урма, локалитет Кисела Вода, Скопје (2012).	1
21.	Експертски активности: Проценка на вредноста на	1

	одземена површина под вегетативни подлоги за јаболко со денационализација, локалитет Долно Лисиче, Скопје (2011).	
22.	Експертски активности: Проценка на штетата во опожарен насад од кајсија, праска и орев, локалитет Долно Лисиче, Скопје (2008).	1
Дејности од поширок интерес		
23.	Изготвување и пријавување на национален научен проект: Евакуација, колекционирање и селекција за сортопризнавање на типови кинеска урма (Zizyphus jujuba Mill.), МЗШВ, 2009 (носител)	1
24.	Изготвување и пријавување на национален научен проект:Евакуација, колекционирање и селекција за сортопризнавање на типови кинеска урма (Zizyphus jujuba Mill.), МЗШВ, 2010 (носител)	1
25.	Изготвување и пријавување на национален научен проект: Колекционирање и селекција за сортопроучување на типови кинеска урма, МОН, 2011 (носител)	1
26.	Изготвување и пријавување на национален научен проект: Детерминација на автохтоните сорти цреши во Охридскиот регион, МОН, 2011 (соработник)	0,5
27.	Изготвување и пријавување на национален научен проект: HPLC методи за определување на некои хербициди и органофосфорни инсектициди во препарати и нивни остатоци во вода и овошни сокови, МОН, 2011 (соработник)	0,5
28.	Изготвување и пријавување на национален научен проект: Заштита на крушата (Pyrus communis) од стопански значајни болести, МОН, 2011 (соработник)	0,5
29.	Раководител на Одделение, 2008-2009	3
30.	Член на Комисија за изготвување на нормативни акти на УКИМ-Земјоделски институт-Скопје, 2010 – 2012.	0,5
31.	Член на Комисија за јавни набавки на УКИМ-Земјоделски институт-Скопје, 2007 – 2012.	0,5
32.	Член на Комисија за конзервација на автохтони овошни сорти при МЗШВ, 2013.	1
33.	Член на Комисија за попис на имот на Земјоделски институт-Скопје - 2008, 2009, 2010, 2011, 2012.	2,5
	ВКУПНО	**39,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	30,54
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	51,48
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	39,00
ВКУПНО	**121,02**

Рецензентска комисија

1. Д-р Радмила Спировска - научен советник, с.р.
2. Д-р Мелпомена Поповска - вонреден професор, с.р
3. Д-р Климе Белески - вонреден професор, с.р

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 7 . III 2013 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на растително производство и врз основа на одлуката на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, број 02-321/1 од 24. IV 2013 година, донесена на 42 седница од 17. IV 2013 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Михајло Николовски, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Љубомир Маринковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Даница Андреевска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисијата, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од научната област генетика и селекција на растително производство, во предвидениот рок се пријавил само кандидатот д-р Добре Андов, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Добре И. Андов, вонреден професор на Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е роден на 8. XII.1960 година во с. Полаки, општина Кочани, Република Македонија. Основно училиште и средно-гимназија завршил во Кочани.

Во учебната 1979/80 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Скопје, насока: поледелство. Дипломирал 1983 година со просечна оценка 8,00.

Од 1. IV 1985 година се вработил во Институтот за ориз во Кочани, во секторот селекција и семеконтрола, а од 1988 година работи како раководител во секторот за семепроизводство на ориз.

Во учебната 1985/86 година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, група: генетика и селекција на растенијата, подгрупа: житни култури. Предвидените испити ги положил со просечен успех 9,50.

Магистерскиот труд под наслов: “Морфолошко–биолошки и хемиско-технолошки својства на некои сорти ориз одгледувани како прва и како втора култура” го одбранил на 3. XII 1997 година, со што се стекнал со научното звање магистер на земјоделски науки, група: генетика и селекција.

Во периодот 1992-1993 година бил претседател на Советот на работната заедница во Институтот за ориз- Кочани, а од 1993 до 1999 година бил директор на овој Институт. Во периодот од 1994 до 1999 година бил член на Универзитетската управа на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од 1. IX 1999 година работи во Одделението за житни култури во ЈНУ Земјоделски институт- Скопје (ОПО за ориз-Кочани). Во истата година е избран за асистент во Одделението за житни култури.

Во периодот од 1999 до 2006 година бил управник на ОПО за ориз во Кочани.

Во февруари 2003 година ја одбранил докторската дисертација под наслов: "Наследување на квантитативните својства кај хибридите добиени со циклично крстосување кај оризот (*Oryza sativa L*)" на Земјоделскиот факултет во Скопје.

На 9. VII 2003 година е избран за научен соработник, а на 3.VII. 2008 година за виш научен соработник во Одделението за житни култури во ЈНУ Земјоделски институт – Скопје.

Од 2009 година на УКИМ - Земјоделски институт-Скопје е ангажиран како вонреден професор на втор циклус студии на студиската програма одржливо земјоделство, а од 2011 година на студиската програма растително производство, потпрограма: семепроизводство на поледелски и градинарски растенија.

Во периодот од 2005 до 2009 година бил избран за член на Советот на Земјоделскиот институт во Скопје, а во 2009 за раководител на Одделението за поледелство и член на Институтската управа.

Учесник е во изработувањето на Елаборатот и претседател на Комисијата за заштита на ознаката на потеклото, односно за контрола на посебните својства на *кочанскиот ориз* - Биро за заштита на индустриската сопственост.

Учествувал на обука за органско производство, организирана како дел од проектот: Органското земјоделство – начин на одржливост на Југоисточна Европа, реализиран со помош на регионалниот еколошки центар за Централна и Источна Европа, Sentendre, Унгарија.

Кандидатот д-р Добре Андов бил ангажиран како член на Рецензентска комисија за избор-преизбор во научни и наставно-научни звања, рецензент на научно истражувачки проекти, научни трудови и стручни публикации.

Во изминатиот период има учествувано на повеќе научни и стручни собири во земјата и во странство и на повеќе предавања и работилници.

Како резултат на досегашната работа во селекцијата на ориз создал повеќе хибридни популации и нови перспективни линии ориз. Коавтор е на две новосоздадени сорти ориз, *Прима риска* и *Монтеса,* одобрени за воведување во производството од државната сортна комисија за запишување во регистарот на новосоздадени домашни сорти ориз во 2004 година.

Во периодот од 2005 до 2013 година бил претседател и член на Комисијата за земјоделство во општина Кочани и учесник во тимот за изготвување на Стратегијата за рурален развој на општина Кочани.

Со решене на министерот за земјоделство, од 31. I 2012 година, кандидатот д-р Добре Андов е член на советодавната група за уредување на земјоделски пазари на жита при МЗШВ на Република Македонија.

2. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Добре Андов учествувал во изготвувањето на програмата за едногодишни и двегодишни магистерски студии по семепроизводство на поледелски и градинарски растенија.

Во рамките на наставно - образовната дејност на УКИМ- Земјоделски институт - Скопје, кандидатот д-р Добре Андов е ангажиран во наставата и вежбите на вториот циклус на студии на студиската програма растително производство, и тоа на две потпрограми: семепроизводство на поледелски и градинарски растенија и интегрално производство.

На потпрограмата семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (двогодишни студии), ангажиран е во наставата и вежбите по предметите:

- основи на селекција на растенијата,
- основи и технологија на семепроизводство,
- селекција на поледелски растенија,
- семепроизводство на поледелски растенија,
- стручна контрола на семенските посеви кај поледелски растенија.

На истата потпрограма (едногодишните студии), ангажиран е во наставата и вежбите по предметите:

- основи на селекција на растенијата,
- основи и технологија на семепроизводство,
- селекција и семепроизводство кај поледелски култури.

Во рамките на потпрограмата интегрално производство, д-р Добре Андов е ангажиран во наставата и вежбите по предметот интегрално производство на житни култури.

3. НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот Д-р Добре Андов, од почетокот на вработувањето до денес, во рамките на истражувачката и апликативната дејност на Институтот активно е вклучен како истражувач во научноистражувачки и апликативни проекти од областа на селекцијата и семепроизводството на оризот и другите житни култури, од областа на агротехниката на оризопроизводството (вкупно 17), како и во експертски активности околу испитувањето на квалитетните својства на семето од ориз и белиот (консумен) ориз, во стручна контрола (апробација) на семенски посеви и др.

По изборот во звањето виш научен соработник (вонреден професор), д-р Добре Андов учествувал во изработката и реализацијата на следниве проекти:

1. Учесник: Правилното ѓубрење-значаен фактор за постигнување на високи и квалитетни приноси во растителното земјоделство. Конкурс на МЗШВ на Р. Македонија. Финансирање на проекти од областа на растителното и сточарското производство и општите мерки од Програмата за финансиска

подршка во земјоделството за 2010 година. По точката 1.6. Издавање на едукативни, информативни, научни и пропагандни материјали, 2010.

2. Учесник во национален научен проект: Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Р. Македонија, УКИМ, 2012.

Како главен истражувач-носител или соработник-истржувач, д-р Добре Андов учествувал во изготвувањето и пријавувањето на повеќе научно/образовни национални проекти, развојноистражувачки, апликативни и меѓународни-билатерални проекти одобрени од Научниот совет на Земјоделскиот институт (вкупно 20).

До изборот за виш научен соработник (вонреден професор), д-р Добре Андов како автор или коавтор има објавено дваесет (20) научни и стручни трудови . Трудовите се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 747 од 29. XII 1999 година, при изборот за асистент; бр. 831 од 16. VI 2003 година, при изборот за научен соработник и бр. 943 од 2. VI 2008 година, при изборот за виш научен соработник.

Во периодот од изборот за виш научен соработник (вонреден професор), кандидатот д-р Добре Андов како автор или коавтор ги има објавено следниве трудови:

1. **Добре Андов**, Верица Илиева, Даница Андреевска. (2006): Наследување на должината на метличката кај хибридите добиени со циклично вкрстување кај оризот (*Oryza sativa* L). Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Година 6, 71-81. Штип.

Во овој труд, предмет на истражувања се десет сорти ориз (Oryza sativa L.) и нивните хибриди од генерациите F_1 и F_2 добиени со циклично крстосување (top-cross), при што се употребени две сорти како татко (*монтичели* и *лоцо*) и осум сорти како мајка (*м-101, драго, осоговка, панда, месен блатец, роса маршети, корал* и *крцпто*). Анализирано е својството должина на метличката и се испитани средните вредности, варијабилноста, начинот на наследување, херитабилноста и комбинативната способност. Наследувањето е анализирано за секоја комбинација посебно и различно. Авторите утврдиле дека во наследувањето на ова својство, значајна улога имаат адитивните и неадитивните гени, но сепак поголем удел имаат адитивните гени. Во двете испитувани хибридни генерации, вредностите на варијансата за ОКС (општата комбинативна способност) и СКС (специфична комбинативна способност) се статистички значајни.

2. Верица Илиева, **Добре Андов**, Даница Андреевска, Тања Зашева. (2006/2007): Влијанието на плодоредот врз приносот на оризот и заштитата на животната средина. Екологија и заштита на животната средина том X , број 1-2, стр. 3-9, Скопје.

Во овој труд авторите го испитувале влијанието на монокултурата и плодоредот врз приносот на арпа, рандманот на бел ориз и вкупниот принос на бел ориз. Според добиените резултати, авторите констатирале дека при висока агротехника, оризот добро ја поднесува монокултурата, но одгледуван во плодоред и при пониска агротехника дава подобри резултати, што е од особен интерес за самото производство, а посебно за производството на здрава храна и заштита на животната средина.

3. Даница Андреевска, Верица Илиева, **Д. Андов**. (2007): The contents of proteins with some Italian rice varieties grown in the region of Kocani-Macedonia. Сборник доклади – Конференциа с международно участие "Диверсификација на селските реони в Блгариа". Центар за евроинтеграции и култура кам Висше училише "Земеделски колеж", 188-196. Пловдив.

Во овој труд е испитувана содржината на вкупен азот и протеини во зрното кај десет интродуцирани италијански сорти ориз во споредба со две стандардни сорти ориз. Врз основа на добиените резултати, авторите констатирале дека, во споредба со 2002 година (кога сортите биле одгледувани во Италија), кај италијанските сорти одгледувани во почвено-климатските услови во Кочанско во 2003 година се забележува значајно намалување на содржината на вкупен азот и белковини во зрното и на арпата и на белиот ориз, но со тенденција за нивно зголемување во наредната 2004 година. Сортите со повисока содржина на протеини овозможуваат да бидат користени во идните програми на селекцијата.

4. Верица Илиева, Даница Андреевска **Добре Андов**, Тања Зашева, Наталија Марковска. (2007): Споредбени испитувања на некои производно-технолошки карактеристики кај интродуцирани и стандардни сорти на ориз (*Oryza sativa* L). Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Година 7, 35-47. Штип.

Во трудот авторите вршеле испитувања на најзначајните морфолошко-биолошки, производствени и технолошки карактеристики кај десет интродуцирани италијански сорти на ориз (*кастелмохи, цистела, диана, италмохи, прометео, ринто, селенио, андола дедало* и *пегасо*) во споредба со стандардните сорти ориз кај нас (*монтичели* и *бисер-2*). Според добиените резултати за приносот на арпа, рандманот на бел ориз (цели зрна) и останатите фракции при преработката на арпата, ниту една од интродуцираните сорти не покажала супериорност во однос на стандардните сорти. Поради тоа, ниту една од тие сорти не е препорачана за директно воведување во производството на ориз кај нас. Врз основа на одредени позитивни морфолошко-биолошки карактеристики кои ги поседуваат, сите сорти се вклучени во селекционата програма и се користат како родителски сорти при хибридизацијата и создавањето на варијабилни популации со нова генетска полиморфност.

5. Даница Андреевска, Верица Илиева, **Добре Андов**, Тања Зашева. (2007): Дејство на основното ѓубрење и прихранувањето со различни азотни ѓубрива врз приносот и квалитетот на *прима риска* - новосоздадена сорта ориз. Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев„ Штип, Година 7, 87-96. Штип.

Во овој труд, во текот на две вегетации било испитувано дејството на основното ѓубрење и прихранувањето со различни азотни ѓубрива врз приносот и квалитетот на оризот-сорта *прима риска*, новосоздадена сорта која е призната и регистрирана во 2004 година. Имено, испитувани се вкупно 8 варијанти, од која една е контрола. Според добиените резултати, авторите го утврдиле влијанието на ѓубривата врз приносот на суров ориз-арпа, слама, рандманот на

бел ориз (цели зрна) и приносот на бел ориз. Добиените резултати од истражувањата имаат посебно значење за оризопроизводството кај нас.

6. Даница Андреевска, **Добре Андов**, Верица Илиева, Тања Зашева 2008: Плевелната вегетација кај оризот одгледуван на претпосев од некои фуражни култури. Зборник на трудови од III конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, 297-302, Скопје.

7. **Добре Андов**, Даница Андреевска, Верица Илиева 2008: Примена на зеленото ѓубре од фуражни култури како предуслов за органско производство на ориз. Зборник на трудови од III конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, 325-329, Скопје.

Во трудовите 48 и 49 е спроведено истражување со цел да се испитаат можностите за воведување на органско земјоделско производство кај културата ориз, со примена на зелено ѓубрење од фуражни култури, а испитувана е и плевелната вегетација кај оризот. За реализација на истражувањата поставени се полски макроопити со четири варијанти, од кои за контрола е користено конвенционалното производство на ориз (преткултура од ориз-монокултура). Меѓутоа, во испитуваните варијанти од фуражните култури биле користени: добиточен грашок, граор и смеска од добиточен грашок + пченица. Од добиените резултати авторите констатирале дека највисоки приноси на зелена маса, сено, оризова арпа и бел ориз се добиени кај варијантата II. Меѓутоа, најниски приноси на оризова арпа и бел ориз е добиен кај контролата-конвенционално производство на ориз.
Што се однесува, пак, до плевелната вегетација кај оризот, бројот на плевели на m^2 од : *Echinochloa spp., Heteranthera limosa* (Sw) Wild и *Leersia orizoides* во варијантите I, II и III во споредба со контролата е значајно намален, додека од *Cyperus ssp.* и *Scirpus maritimus* е поголем.

8. Verica Ilieva, C. Stojkovski, Sonja Ivanovska, **D. Andov,** Danica Andreevska. (2008): Diallel analysis for productive tillering in rice. Bulgarian Journal of Ecological Sciense "Ecology and future", Vol. VII. No 1, p. 3-8. Association Ecological Alliance, Sofia.

Во трудот авторите го анализираат начинот на наследување и ефектот на гените врз продуктивното братење во F_1 и F_2 кај диалелни крстоски на 7x7 сорти ориз. Начинот на наследување е оценуван за секоја комбинација посебно и тој е различен и зависи од хибридната комбинација. Во експресијата на својството, учествувале и адитивните и неадитивните гени.

9. Андреевска Даница, **Андов Д.**, Илиева Верица. (2008/2009): Оризот - значајна стратешка култура во Република Македонија. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје „65 години Земјоделски институт-Скопје", т. XXVI/XXVII, 31-46, Скопје.

Во овој труд авторите ја прикажуваат целокупната научноистражувачка работа кај оризот. Од досегашната работа, во Институтот се создадени домашните сорти ориз: *осоїовка, кочански, бисер-2, нада-115, ранка, ѝрима риска* и *монѝеса,* и интродуираните италијански сорти: *монѝичели, р-76/6* и *сан андреа,* кои се детално опишани. Институтот посебен придонес има дадено и во одржувањето и чувањето на генетските ресурси од културата ориз (поседува

колекција од 220 сорти ориз од целиот свет и голем број новосоздадени домашни генотипови). Воедно, табеларно е прикажано и производството на семенски материјал од ориз по години и сорти во Македонија. Авторите го истакнуваат значењето на оризот кој освен во исхраната, се користи и како суровина во индустријата за производство на скроб, алкохол и алкохолни пијалаци, во козметиката, маслодајната индустрија итн.
Трудот е прегледен и е од значење за земјоделската практика.

10. Андреевска Даница, **Андов Д.**, Илиева Верица, Зашева Тања. (2008/2009): Дејство на ѓубрењето врз приносот и некои морфолошко-биолошки и продуктивни својства кај *ūрима риска-* новосоздадена сорта ориз. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје „65 години Земјоделски институт-Скопје", т. XXVI/XXVII, 141-152, Скопје.

Во овој стручен труд е истражувано дејството на основното ѓубрење и прихранувањето со различни азотни ѓубрива врз приносот и некои морфолошко-биолошки и продуктивни својства кај *ūрима риска,* новосоздадена сорта ориз, која е призната и регистрирана во 2004 година. Според добиените резултати било утврдено влијанието на ѓубривата врз биолошкиот принос (надземен дел-зрно+слама), бројот на продуктивни братимки на m^2, височината на стеблото, должината на метличката, масата на 1000 зрна и хектолитарската маса на зрното.

11. **Добре Андов**, Даница Андреевска., Верица Илиева 2008/2009: Производни и технолошки својства на некои новосоздадени хибридни генотипови ориз. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје „65 години Земјоделски институт-Скопје", т. XXVI/XXVII, стр.133-140, Скопје.

Во трудот се испитувани шест генотипови ориз, создадени во Институтот по пат на хибридизација, заради издвојување на генотиповите со подобри производни и технолошки својства, а подоцна и нивно воведување во производството како нови сорти.

12. Верица Илиева, Даница Андреевска, **Д. Андов**, Наталија Маркова. (2009): Влијанието на различни дози гама зраци врз 'ртливоста и појавата на мутантни форми кај некои генотипови ориз. Заштита на растенија, година XX, бр.20, 120-126, Скопје.

Во овој труд авторите го имаат истражувано влијанието на различни дози гама-зраци (50, 100 и 150 Gy гама-зраци - Co^{60}) врз 'ртливоста и појавата на мутантни форми кај некои генотипови ориз (три сорти и седум линии), сите од типот *japonica.* Нивната реакција на употребените дози од гама-зраци е анализирана во M_1 и M_2 генерацијата. Авторите констатирале дека ефектот на гама-зраците врз појавата на пожелни мутантни форми во M_2- генерацијата е најголем при варијантата со 150 Gy, а најголем број од селектираните перспективни мутантни генотипови се добиени од генотипот *1/1-2-4.*

13. Илиева Верица, Андреевска Даница, **Андов Д.**, Маркова Наталија, Јанкуловска Мирјана. (2009): Рандманот на белиот ориз во зависност од времето на жетвата на оризот. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 54, 19-27, Скопје.

Во двегодишни истражувања, авторите вршеле анализа на рандманот на бел ориз кај пет сорти ориз (*монтичели, бисер-2, сан андреа, P-76/6* и *прима риска*), од пет различни термини на жетва. Според добиените резултати, авторите констатирале дека добиените вредности на рандманот на белиот ориз, освен од годината на испитување, сортата и времето на жетва, се резултат и од интеракцијата година х сорта, година х време на жетва, сорта х време на жетва и година х сорта х време на жетва. Констатирано е дека корелациските коефициенти помеѓу рандманот на бел ориз и содржината на влагата не се сигнификантни.

14. Verica Ilieva, Natalija Markova, Danica Andreevska, **Dobre Andov**. (2010): Breeding and evaluation for improved rice varieties in Macedonia. Plant science agricultural academy-Bulgaria, Vol. XLVII, No. I, 17-22, Sofia.

Истражувањата во овој труд претставуваат континуитет во селекционата работа на оризот во Македонија, чија програма е насочена кон следење на домашните, регионалните и глобалните потреби и трендови во производството и потрошувачката на ориз. Создадени се голем број хибридни комбинации помеѓу генетски дивергентни родителски парови, носители на позитивни својства. Авторите по евалуацијата на одделните линии за должина на вегетација, висина и тип на растение, карактеристики на зрното и други карактеристики, најперспективните хомозиготни линии ги тестирале за принос на арпа и бел ориз, заедно со две стандардни сорти (*monticelli* и *biser-2*). Супериорност во однос на двете стандардни сорти покажал генотипот *79/22-2*.

15. **Добре Андов**, Даница Андреевска, Верица Илиева, Љупчо Јанкуловски (2010): Некои морфолошки својства на новосоздадени генотипови ориз. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 55, 31-45, Скопје.

Испитувани се некои морфолошки својства кај шест генотипови ориз создадени во Институтот по пат на хибридизација во споредба со стандардната сорта *монтичели*. Според добиените резултати, авторите кај испитуваните генотипови ги утврдиле вредностите за височината на стеблото, должината на метличката, бројот на продуктивни братимки по m² и масата на 1000 зрна.

16. Даница Андреевска, Вјекослав Танасковиќ, **Добре Андов**, Верица Илиева, Марјан Андреевски. (2010): Влијание на времетраењето на наводнувањето на оризот по фазата метличење врз времето на жетва и приносот. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 55, 39-45, Скопје.

17. Даница Андреевска, Вјекослав Танасковиќ, **Добре Андов**, Емилија Симеоновска, Марјан Андреевски (2011): Влијание на времетраењето на наводнувањето после фазата на метличење врз рандманот на белиот ориз. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, Година 56, 17-26.

Во трудовите 16 и 17 авторите вршеле истражувања за влијанието на времетраењето на наводнувањето и испуштањето на водата по фазата метличење врз времето на жетва, приносот на арпа и бел ориз и рандманот на белиот ориз, кај сортата *сан андреа*. Во полските опити биле застапени вкупно четири варијанти од кои една е контрола, а времето на жетвата (четири, пет и

шест недели по прекинот на наводнувањето-време на исушување на оризовите парцели) претставувало подваријанти во главните третмани. Врз основа на добиените резултати авторите констатирале дека нема статистички значајни разлики во просечните приноси на суровиот ориз (арпа) помеѓу варијантите и подваријантите на испитување и дека со наводнувањето на оризот може да се прекине една недела по метличењето без загуба врз приносот и квалитетот на оризот. Исто така според добиените резултати, авторите го утврдиле рандманот на белиот ориз (цели зрна), фракциите на скршени зрна ориз, кредните зрна и процентот на трици и плевици. Авторите констатирале дека кај сите варијанти рандманот на белиот ориз се намалува со пролонгирање на времето на испуштање на водата од оризовите парцели, односно времето на жетвата на оризот.
Резултатите од овие трудови се значајни како за науката, така и за практиката од областа на наводнувањето и заштедата на водата во оризопроизводството.

18. **Добре Андов**, Даница Андреевска, Емилија Симеоновска, Љупчо Јанкулоски (2011): Влијание на начинот на сеидба кај оризот (*Oryza Sativa* L.) врз приносот и потрошувачката на вода. Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, Година 56, 7-15.

Авторите во овој труд го истражуваат влијанието на начинот на сеидба кај оризот врз приносот и потрошувачката на вода. Испитувани се три начини на сеидба: рачна распрсната сеидба во воден слој (стандарден начин на сеидба) - контрола, распрсната рачна сеидба на суво и сеидба на суво со редосеалка.
Испитувањата биле извршени во Кочанскиот оризопроизводен регион, во текот на 2009 и 2010 година, при што експериментите биле спроведени со стандардна агротехника за производство на ориз во Македонија кај сортата *сан андреа*. Авторите го анализирале приносот на суров ориз, биолошкиот принос, рандманот на белиот ориз и бројот на продуктивни братимки по m^2, како и потрошувачката на вода по хектар до фазата на поникнување на оризот.
Според добиените резултати за приносот на суров ориз, биолошкиот принос и бројот на продуктивни братимки во двете години на испитување, авторите констатирале статистички значајни разлики помеѓу стандардниот начин на сеидба и рачната распрсната сеидба на суво.

19. **Dobre Andov**, Danica Andreevska, Vladimir Medarski (2012): Byproducts of production of rice good raw material for animal production in Macedonia. "Macedonian Journal of Animal Science", Vol. 2 No.2, pp.193-200. On line ISSN 1857-7709.

Во овој труд авторите ги презентираат и ги анализираат резултатите од истражувањата (дваесетгодишен просек) на засеаните површини, на производството на суров ориз (арпа), оризова слама и споредни производи добиени при преработката на арпата (оризови лушпи и трици) како суровина за сточарското производство. Авторите констатирале дека во Македонија оризот бил застапен во просек на површина од 4189 ha, при што водечки сорти биле: *монтичели* (2471 ha), *р-76/6* (1381 ha), *сан андреа* (1301 ha) и *прима риска* (392 ha). Исто така, авторите констатираат дека годишно се произведувале просечно 19157 тони оризова арпа, 37411 тони слама, 3615 тони лушпи и 2067 тони оризова плева. Резултатите од овој труд, покрај научно значење, имаат и практично значење во сточарството за расположливиот потенцијал на суровините од оризопроизводството.

20. Даница Андреевска, **Добре Андов**, Емилија Симеоновска, Марјан Андреевски, (2012): Дејството на прихранувањето со фолијарното ѓубре „Лактофол О" врз приносот и рандманот на оризот (*Oryza sativa* L.). Годишен зборник на Земјоделскиот институт-Скопје, том XXVIII/XXIX, 20-35.

Двегодишните истражувања во овој труд биле насочени кон утврдување на дејството од прихранувањето со фолијарното ѓубре *„Лактофол О"* врз приносот и рандманот на оризот. Биле испитувани две варијанти (контрола и варијанта третирана со *„Лактофол О"*) и четири сорти ориз: *прима риска* -домашна и *Р-76/6, сан андреа* и *монтичели*- интродуцирани италијански сорти ориз, широко застапени во производството на ориз. За основно ѓубрење во варијантите било употребено по 400 kg/ha комбинирано ѓубре NPK (15-15-15). Дејството на прихранувањето со *„Лактофол О"* во дози од 2+2 l/ha било испитувано во споредба со контрола во која прихранувањето било вршено со калциум амониум нитрат (KAN 27% азот) во количина од 100 +100 kg/ha. Според добиените резултати, авторите го утврдиле влијанието на фолијарното прихранување со ѓубрето *„Лактофол О"* врз приносот на суровиот ориз-арпа, рандманот на бел ориз –цели зрна и приносот на бел ориз кај четирите испитувани сорти на ориз.

Добиените резултати се значајни и од научен и од практичен аспект за производството на ориз кај нас.

21. **Добре Андов**, Даница Андреевска, Емилија Симеоновска (2012): Енергијата на ‘ртење и вкупната ‘ртливост на семенскиот материјал од ориз- во зависност од времето на чување. Годишен зборник на Земјоделскиот институт-Скопје, том XXVIII/XXIX, 9-19.

Во овој труд, авторите вршеле испитување на енергијата на ‘ртење и вкупната ‘ртливост на семе старо од 1 до 4 години од различни сорти ориз (*Oriza sativa L.*). Во испитувањето биле вклучени 11 сорти ориз, од кои: 3 домашни (*бисер 2, прима риска* и *монтеса*), 3 одомаќинети италијански сорти ориз (*монтичели, р-76/6* и *сан андреа)* и 5 поновоинтродуирани италијански сорти (*бианка, брио, галилео , елеби* и *опале*). Енергијата на ‘ртење и вкупната ‘ртливост на семето била испитувана во 2012 година. Кај сите испитувани сорти, енергијата на ‘ртливост и вкупната ‘ртливост била испитувана на незапрашено семе, а кај 6 од сортите (*сан андреа, бианка, галилео брио, елеби* и *опале*), испитувањата биле направени и на запрашено семе.

Врз основа на резултатите добиени од испитувањето, авторите констатирале дека енергијата на ‘ртење и вкупната ‘ртливост на незапрашеното семе, кај сите сорти на ориз се задржува над минималното пропишано ниво за ‘ртливост само во првата и во втората година на старост, додека во третата и четвртата година на старост семето немало стопанска долговечност. Кај сортите кај кои била испитувана енергијата на ‘ртење и вкупната ‘ртливост на запрашено семе, тоа ја задржало стопанската долговечност само со старост на една година.

Овој труд е значаен како за науката, така и за поширокатa практика во семенарството кај културата ориз.

22. Емилија Симеоновска, **Добре Андов**, Даница Андреевска (2012): Некои основни аспекти на производството на хибриден ориз. Годишен зборник на Земјоделскиот институт-Скопје, том XXVIII/XXIX, 36-49.

Авторите во овој прегледен труд ги презентираат општите аспекти на производство на хибриден ориз. Дадени се дефиницијата, кусиот историски преглед и деталната технологија на добивање. Објаснети се хетерозисот како феномен употребен за постигнување на повисоки приноси од ориз, тролинискиот и дволинискиот систем за добивање на хибридно семе. Авторите ја анализираат улогата на хибридниот ориз и неговото ширење во Кина, Азија и земјите од тропскиот регион, како и состојбата со хибридниот ориз во Европа и земјите со слични услови на одгледување со Македонија. Разгледани се можностите за одгледување на хибриден ориз во Македонија и можноста оваа технологија да се вклопи во постојниот национален програм за селекција на ориз. Со оглед на сегашните околности, авторите констатирале дека технологијата на хибриден ориз не е погодна за оризопроизводството кај нас, а не е погодна ни како метода за селекција. Затоа, авторите препорачуваат јакнење на постојниот селекционен програм и негово подобрување со воведување на нови методи.

23. Гордана Глаткова, **Добре Андов**, Даница Андреевска (2012): Најзастапени плевели во оризот во Кочанско и мерки за нивно сузбивање. Годишен зборник на Земјоделскиот институт-Скопје, том XXVIII/XXIX, 50-62.

Авторите во овој стручен труд го презентираат флористичкиот состав на плевелната вегетација во оризовите полиња во Кочанско- Република Македонија. Најзастапени плевели се: *Echinochloa spp., Cyperus spp., Scirpus spp., Heteranthera spp., Potamogeton spp., Amannia spp.* и др. Авторите констатирале дека како резултат на севкупното негативно влијание на плевелите, доаѓа до намалување на приносот и квалитетот на оризот. Во зависност од интензитетот на заплевеленоста приносот може да се намали 40-70%. Борбата против плевелите во оризиштата е сложена и претставува комплекс од превентивни, агротехнички, хемиски и др. мерки, со чија правилна и навремена примена заплевеленоста значително се намалува.
Трудот има големо практично значење за оризопроизводството на Македонија.

24. **Dobre Andov**, Danica Andreevska, Emilija Simeonovska, (2012): Yield and some morphological properties of newly introduced Italian rice varieties grown in Macedonia. Agroznanje, vol. 13, br.1. 2012, 47-54.

Во овој труд се презентирани резултатите од испитувањето на три новоинтродуирани италијански сорти ориз: *брио, елеби* и *опале* во споредба со две стандарни сорти: *прима риска* и *P-76/6*. Истражувањата биле спроведени во текот на 2010 и 2011 година во полски експерименти по методот на рандомизиран блок систем во агроеколошките услови на Кочанскиот регион. Според добиените резултати, авторите го утврдиле приносот на суров ориз – арпа, висината на стеблото, должината на метличката и бројот на продуктивни братимки по m^2 кај новоинтродуираните италијански сорти ориз и стандардните сорти. Во согласност со резултатите од испитувањата, авторите истакнуваат дека новоинтродуираните италијански сорти ориз: *брио, елеби* и *опале* може да бидат вклучени во идните програми за селекција на сорти со пониски стебло.
Трудот има посебно значење за оризопроизводството кај нас.

25. Danica Andreevska, **Dobre Andov**, Zoran Jovović, Emilija Simeonovska. (2012): Morphological Characters and Yield Analysis of *Bianka* and *Galileo* – Two Newly introduced Varieties of Rice (*Oryza sativa L.*) in Macedonia. Agriculture & Forestry, Vol. 58. Issue 4: 15-24, Podgorica

Во овој труд се презентирани двегодишните резултати од испитувањето на две новоинтродуирани италијански сорти ориз: *бијанка* и *ѓалилео*. Нивните својства се споредувани со две стандарни сорти: *ѓрима риска* (македонска сорта) и *P-76/6* (одомаќинета италијанска сорта), одгледувани во агроеколошките услови на Кочанскиот регион. Според добиените резултати авторите го утврдиле приносот на зрно-суров ориз, биолошкиот принос, висината на стеблото, должината на метличката и бројот на продуктивни братимки по m² кај новоинтродуираните италијански сорти ориз и двете стандардни сорти.

Трудовите под реден број 26 и 27 се презентирани на 4-тиот Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество во Охрид 2012 година и се во тек на печатење.

26. **Dobre Andov**, Danica Andreevska, Emilija Simeonovska (2012). Yield of white rice and byproducts of rice milling in some newly introduced Italian rice varieties grown under agro-ecological conditions of Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment (peer-reviewed international journal). (во печат).

27. Danica Andreevska, **Dobre Andov**, Emilija Simeonovska (2012). Dressing percentage and yield of white rice in Bianca and Galileo – two newly introduced rice varieties (*Oryza sativa L.*), grown under agro-ecological conditions of Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment (peer-reviewed international journal). (во печат).

Д-р Добре Андов е автор на две стручни публикации и коавтор на еден универзитетски учебник за втор циклус на студии кои имаат практично и едукативно значење:

1. Селекција на ориз. Стручна публикација. Општина Кочани, стр.80, Кочани, 2010.
2. Производство на семе од ориз (*Oryza sativa* L.), УКИМ Земјоделски институт, стр. 104.
3. Производство на сертифициран семенски материјал кај житни растенија. Универзитетски учебник. УКИМ- Земјоделски институт-Скопје, стр. 120.

Учество на научни собири

По изборот за виш научен соработник (вонреден професор), д-р Добре Андов, како автор или коавтор, активно учествувал на повеќе научни собири (симпозиуми и конгреси):

- конференција со меѓународно учество "Диверсификација на селските реони в Блгариа", 24 октомври 2007 година во Пловдив, Р. Бугарија;

- XXXIII традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, 15 - 18. XII 2008 година во Охрид, Македонија.
- IV International Symposium of Livestock Production, 9 - 12 септември 2009 година во Струга, Р. Македонија;
- меѓународна научна конференција "Sustainable and competitive agriculture", посветена на 110- годишниот јубилеј на земјоделската наука во Стара Загора, 1 - 2 октомври 2009 година во Стара Загора, Бугарија;
- меѓународен научен собир: Структура и динамика екосистема Динарида (стање, могучности и перспективе), посветен на животот и научното дело на професор емеритус д-р Муса Диздаревиќ, 15-16 јуни 2011, Природноматематички факултет/Академија на науките и уметностите на БиХ, Сараево, Босна и Херцеговина;
- I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska, Trebinje, March 19-22, 2012;
- I International Conference: Role of research in sustainable development of agriculture and rural areas, May 23-26, 2012, Podgorica, Montenegro;
- научна трибина: Оризот и другите земјоделски култури во кочанскиот регион – сегашна состојба и перспектива, 2012 година, Кочани, Македонија;
- 14th ICC Cereal and Bread Congress and Forum on Fats & Oils August 6-9, 2012 Beijing International Convention Center, Beijing, China;
- V International Symposium of Livestock Production „ Sustainable Livestock Production , Biotechnology and Food Safety„ Skopje 5-7.09. 2012;
- XXXVII традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, 20-21. XII 2012 година, Охрид, Македонија;
- 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation.Ohrid, 12-15 October 2012.

Општествена активност

Врз основа на приложениот материјал и личното познавање на кандидатот, Комисијата би сакала да ја истакне и општествената активност на д-р Добре Андов во рамките на Институтот и надвор од него. Во одреден период бил член на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирили Методиј" во Скопје, член на Советот и член на Институтската управа на Земјоделскиот институт во Скопје. Од 2009 година до денес е раководител на Одделението за поледелство. Бил член на Советот на општина Кочани и претседател на Комисијата за земјоделство, член на советодавната група за уредување на земјоделски пазари на жита при МЗШВ на Република Македонија и претседател на Комисијата за заштита на ознаката на потеклото, односно за контрола на посебните својства на кочанскиот ориз.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот материјал за севкупната активност и постигнатите резултати, како и личното познавање на д-р Добре Андов, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Добре Андов поседува научни, стручни и педагошки квалитети. Според Законот за високото образование на Р.

Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор од научната област генетика и селекција на растително производство.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје да му препорача кандидатот д-р Добре Андов, досегашен вонреден професор, да биде избран во звањето редовен професор од научната област генетика и селекција на растително производство.

Рецензентска комисија

1. Д-р Михајло Николовски, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје с.р.

2. Д-р Љубомир Маринковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. Д-р Даница Андреевска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Д-р Добре Андов**

Институција: **УКИМ, Земјоделски институт - Скопје**

Научна област: **генетика и селекција на растително производство**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): основи на селекција на растенијата (5+0) ½ (ЗИ)	1,88
2.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): основи и технологија на семепроизводство (5+0) 1/3 (ЗИ)	1,25
3.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): селекција на поледелски растенија (4+0) ½ (ЗИ)	1,5
4.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): семепроизводство на поледелски растенија (4+0) 1/3(ЗИ)	0,75
5.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): стручна контрола на семенските посеви кај поледелски растенија (4+0) ½ (ЗИ)	1,5
6.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): основи на селекција на растенијата (0+3) ½ (ЗИ)	0,68
7.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): основи и технологија на семепроизводство (0+3) 1/3 (ЗИ)	0,45
8.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): селекција на поледелски растенија (0+2) ½ (ЗИ)	0,45
9.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*двогодишна програма*): семепроизводство на поледелски растенија (0+2) 1/3(ЗИ)	0,3
10	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски	0,45

	растенија (*двогодишна програма*): стручна контрола на семенските посеви кај поледелски растенија (0+2) ½ (ЗИ)	
11.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*едногодишна програма*): основи на селекција на растенијата (4+0) ½ (ЗИ)	1,5
12.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*едногодишна програма*): основи и технологија на семепроизводство (4+0) 1/3 (ЗИ)	1
13.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*едногодишна програма*): селекција и семепроизводство кај поледелски култури (3+0) 1/3 (ЗИ)	0,75
14.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*едногодишна програма*): основи на селекција на растенијата (0+2) ½ (ЗИ)	0,45
15.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*едногодишна програма*): основи и технологија на семепроизводство (0+2) 1/3 (ЗИ)	0,3
16.	Вежби 2. циклус студии: студиска програма растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (*едногодишна програма*): селекција и семепроизводство кај поледелски култури (0+1) 1/3 (ЗИ)	0,15
17.	Настава 2. циклус студии: студиска програма растително производство – интегрално производство (*едногодишна програма*): интегрално производство на житни култури (3+ 0) 1/3(ЗИ)	2,25
18.	Вежби 2 циклус студии: студиска програма растително производство – интегрално производство (*едногодишна програма*): интегрално производство на житни култури (0+ 1) 1/3(ЗИ)	0,45
19.	Подготовка на настава за предмети од втор циклус на студии (ЗИ)	9,00
20.	Подготовка на вежби за предмети од втор циклус на студии (ЗИ)	4,5
21.	Предавања на работилница: Федерација на фармерите на Република Македонија, Плевелите во оризот и мерки за заштита од нив,10.7.2012 година.	1
22.	Работилница: Кластер за ориз и национален совет за ориз, Преглед на состојбите во оризопроизводството во 2012 година. (учесник).	1
23	Работилница: Мрежа за рурален развој на Р. Македонија, Проценка на потребите за обука на членките на Мрежата за рурален развој на Р. Македонија, Проект на УСАИД-Македонија за адаптација на земјоделството кон климатските промени, 20 септември, Пехчево, (учесник).	1
24	Работилница: Мрежа за рурален развој на Р.Македонија, Биодинамично земјоделство, 18.1.2013 година, (учесник).	1
	ВКУПНО	33,56

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учесник во национален научен проект: Правилното ѓубрење-значаен фактор за постигнување на високи и квалитетни приноси во растителното земјоделство. Конкурс на МЗШВ на Р. Македонија. Финансирање на проекти од областа на растителното и сточарското производство и општите мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година. По точката 1.6. Издавање на едукативни, информативни, научни и пропагандни материјали, 2010.	3
2.	Учесник во национален научен проект: Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Р. Македонија, УКИМ, 2012.	3
3.	Труд со оригинални научни резултати: **Добре Андов**, Верица Илиева, **Даница Андреевска.** (2006): Наследување на должината на метличката кај хибридите добиени со циклично вкрстување кај оризот (*Oryza sativa* L). Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Година 6, 71-81. Штип.	1,6
Бил ментор на четири студентски теми по орална хирургија.

СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ:

-Од февруари 2003 година до август истата година учествувал во шест месечен научноистражувачки проект под наслов: „Употреба на коскено супституитивни графт материјали: автогена коска, алографтови, и алопластични материјали" на Клиниката за орална и максилофацијална хирургија при Универзитетот во Анкара, Турција, под покровителство на НАТО-ТУБИТАК (НАТО-ТУБИТАК), а под менторство на проф. Нецат Бора Сајан.
Учествувал на повеќе курсеви:
-Во 2001 година партиципирал на Курс по остеологија-орална имплантологија во Барселона, Шпанија, запознавајќи се со основните и фундаменталните услови, фактори и критериуми за денталните импланти и примени на алопластичните материјали во оралната имплантологија.
-Во 2002 година учествува на Курсот за примена на коскени графтови и алопластични материјали на Медитеранскиот конгрес за орална имплантологија во Грција, Крф.
-Во 2004 година во Бремен, Германија, партиципирал на Меѓународниот курс по имплантологија организиран од Оралтроникс,каде што преку предавања и практична работа на модели се запознава со трите различни типови на импланти и имплантолошки системи.
-Во 2004 година на Клиниката за орална хирургија при СКЦ „Св.Пантелејмон" во Скопје зел активно учество на интензивен курс по имплантологија под водство на Д-р Пиере Винкелман,од фирмата „Оралтроникс".
-Во 2005 година учествувал на 11 Меѓународен симпозиум за имплантологија во Дрезден, Германија, организиран од Фриадент (Фриадент), запознавајќи ги најновите Фриалит и Анкилос импланти и имплантолошки системи.
-Во 2007 година под покровителство на фирмата БиБ Дентал (Б&Б Дентал), партиципира активно во напредниот Курс за имплантологија воден од проф д-р Клаудио Банзи.
-Во Скопје, во 2008 година учествувал во Курсот за поставување на мини-импланти наменети за анкараза во ортодонцијата, под водство на Д-р Томас Лец (Др.Томас Лец)од фирмата Дентаурум (Дентаурум).
-Во Росбах-Франфуркт, Германија,во 2009 година партиципирал на Курсот за тродимензионално планирање на поставување на импланти 3Д-навигација, организиран од Шутз Дентал.
-Во 2011 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје го организира и активно учествува на едукативниот семинар по имплантологија под покровителство на МегаГен (МегаГен).
-Во 2012 година учествувал на едукативен курс/работилница под наслов „Различни аугментативни техники со автологни коскени графтови и коскени субституенти во третманот на атрофиран алвеоларен гребен", воден од Наташа Хрен, Словенија.

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС:

Од 2006 до 2009 година ја извршуваше функцијата раководител на ноќна служба и инфективниот оддел на Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон".
Доделени му се признанија од поширок интерес(прилог анекс 2).

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Јанев за прв пат во Македонија ја воведува методата на екстракција на заби кај пациенти со антитромбоцитна терапија без нејзино прекинување со намалување на ризикот од тромбоемболички испади и третирање на хеморагичните компликации преку воспоставување на локални мерки за хемостаза.

Од 2010 година, како член на Управниот одбор на Здружението на специјалисти по орална хирургија при МСД, учествува во спроведување и реализирање на стручно-научниот дел на Здружението.

ЗА ТЕКОВНИОТ КОНКУРС ГИ ПРИЈАВИ СЛЕДНИВЕ ТРУДОВИ:

1. Јанев Е.

БИОМАТЕРИЈАЛИ И БИОКОМПАТИБИЛНОСТ

Македонски стоматолошки преглед 2004 год.,XXVIII,бр. 1-4,стр.3,(1-129);

Современата стоматологија,заедно со имплантологијата, не можат да се замисли без употребата на биоматеријалите.Авторот прави своевидна класификација на материјалите согласно со нивното потекло,начинот на изработка и карактеристиките,односно остеоиндуктивноста и остеокондуктивноста.Широкото поле на индикации во оралната и максилофацијалната хирургија наоѓа се поголема потреба од примена на биоматеријалите преку докажаната форсирана коскена регенерација,од изведените научни студии во времетраење од 3, 6 до 12 месеци.

Трудот има научно –апликативна вредност.

2. Димова Ц, Костовска С., Јанев Е .,Нечева В.

ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА ИИ

Конгрес на трансфузиолозите на Македонија,Охрид, 2004

Книга на абстр. 266-267.

Авторите потенцираат дека во современата научна литература се почесто се застапени суштествената улога и учеството на т-ПА и ПАИ-1 од системот на фибринолизата во многубројните физиолошки процеси кај човекот.Влијанието на оралнохируршките интервенции врз нивото на на специфичните параметри на фибринолитичкиот систем беше определено со Елисса тестот пред и по екстракциите.Резултатите укажуваат дека забната екстракција како стресоген фактор има влијание врз фибринолизата преку ослободување на т-ПА и ПАИ-1 што се манифестира со појава на едем во постекстракциониот период.Параметрите на фибринолитичкиот систем на т-ПА и ПАИ-1 претставуваат најсезитивни маркери на реакција кон оралнохируршкиот стрес.

Трудот има стручно-научен придонес.

3. Димова Ц, Костовска С.,Ковачевска И., Јанев Е

ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА

Македонски стоматолошки преглед . 2004; 28 (1-4): 9-16.

Во современата научна литература се почесто се застапени суштествената улога и учеството на т-ПА и ПАИ-1 од системот на фибринолизата во многубројните физиолошки процеси кај човекот.Авторите си поставиле за цел да испитаат дали оралнохируршките интервенции како психофизиолошка и оперативна траума влијаат врз одговорот на фибринолитичкиот систем на крвта и дали промените во нивото на активаторите и инхибиторите на фибринолитичкиот систем се манифестираат со препознатлива клиничка слика.Резултатите укажуваат дека забната екстракција како стресоген фактор има влијание врз фибринолизата преку ослободување на т-ПА и ПАИ-1Аг, што се манифестира со појава на едем во постекстракциониот период.

Трудот има научно-апликативна вредност.

4. Димова Ц, Јанев Е., Андоновска Б .

INTERNATIONAL NORMALIZED RATIO IN EXTRACTIVE DENTAL SURGERY IN PATIENTS TREATED WITH ORAL ANTICOAGULANTS.

10th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.),

Belgrade, 2005; 57.

Целта на испитувањето била да се процени инциденцата на постоперативното оралнохируршко крвавење кај пациенти со орални антикоагуланси,без прекин на нивната терапија .Во трудот се потенцира употребата на интернационалниот нормализирачки сооднос(ИНР).Локалната хемостаза е воспоставена со примена на желатински препарати и сутури,што се покажало како солиден избор на локален метод за воспоставување локална хемостаза по оралнохируршките интервенции.

Трудот има стручен и практичен придонес

5 .Јанев Е., Менчева Ж.,Јанев Р., Д.Јосифов.,Франгов М.,Бојковска Д.

ОРАЛНОХИРУРШКИ АСПЕКТ НА ТРАНСПОЗИЦИОНАЛНО ПОСТАВЕНИ МАКСИЛАРНИ МОЛАРИ

Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија,Зборник на апстракти,Научен одбор Охрид, 22-25 јуни, 2006 година.

Во стоматолошката пракса најчесто се среќаваме со пациенти со транспозиција на максиларните канини, инцизиви и премолари,многу поретко оваа појава е присутна кај моларите.Атипичната локализација на овие заби може да доведе до колизија со соседните анатомски структури како што се синус максиларис,апертура пириформис и каналис инцизивус. Авторот во оваа студија преку презентирање на индивидуа на 22- годишна возраст со палатинално поставен втор молар(индициран за оперативна екстракција),и букално локализиран трет молар, сака да истакне дека постапката во вакви случаи може да варира од едноставна рутинска амбулантна постапка до комплексна оперативна екстракција со евентуални компликации.
Трудот има стручен и практичен придонес.

6. Јосифов Д.,Пеева М.Каранфилски,Герасимова С.,Јанев Е.;
МОРБУС ХОДЧКИН-ОРАЛНОХИРУРШКИ АСПЕКТИ
Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија ,Зборник на апстракти,Научен Одбор Охрид, 22-25 јуни 2006 год.
Најновите сознанија во поглед на дијагностиката и прогресијата на ова малигно заболување ,како и современиот концепт во однос на терапијата кај овие пациенти допринесува да повеќето оралнохируршки интервенции може да се изведуваат непречено и без посебна подготовка. Авторите истакнуваат дека само четвртиот стадиум претставува исклучок во поглед на хемостазата поради зафатеност на слезинката,коскената срцевина и хепарот пради лимфоидната хиперплазија.Покрај нарушената функција на хепарот,хематопоезата,нмалениот имунитет и честите инфекции се пропратни компликации кај овие пациенти.
Трудот има стручно- научно значење.

7.Јанев Е.
ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ ИМЕДИЈАТНОТО ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ФРОНТАЛНАТА МАКСИЛАРНА РЕГИЈА
Македонски стоматолошки преглед 2006 год.,XXX,бр.2,стр.230,(175-290)
Популаризацијата на имплантолошката терапија е значително зголемена преку методата на имедијатното вградување на импланти,непосредно по изведената екстракција,а потоа и нивно брзо функционално оптеретување со протетски конструкции.Прикажан е случај на имедијатно поставен дентален имплант во постекстракционата рана(фронтална максила- регија 11),кај пациент на 28 - годишна возраст,графтуван со синтетски биоматеријал и ресорптивна мембрана.Авторот во оваа студија истакнува дека зависно од состојбата на околното располагачко меко и тврдо ткиво,оваа метода има свои предности и недостатоци.Покрај успешноста на осеоинтеграцијата и долгорочноста на имплантолошкиот третман, имплантирањето во високо естетските регии претставува дополнителен предизвик за стоматолозите.
Трудот има стручно- научно значење.

8. Јанев Е., Димова Ц., Менчева Ж., Д.Јосифов.
ODONTOGENIC MYXOFIBROMA IN FRONTAL MAXILLARY REGION.
12th congress of the BaSS Istanbul,turkey 12-14April 2007.
Во овој труд се опишува приказ на случај кај индивидуа на 14 годишна возраст,со необична лезија на миксофибром од одонтогено потекло кој деструира поголема коскена маса во фронталната максила оштетувајќи ги централните и латералните инцизиви.Авторот истакнува дека овие лезии се ретки во детската популација.Патохистолошките наоди укажуваат дека туморозната маса содржи епителни клетки со различна големина и форма,аморфни калцифицирани тела во јасно демаркиран дентален емајл.Наодот јасно потенцира дека патолошката лезија е од одонтогено потекло.
Трудот има стручно научно значење.

9 .Е.Јанев. Ј.Јанев ,Н.Јанева
ОРАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО ТОТАЛНА И СУБТОТАЛНА ЕДЕНТАЦИЈА СО ПОМОШ НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ
Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Тетово, 11-13 Мај 2007- усна презентација

10. М.Франгов,С.Поп Ристов,Е.Јанев
РЕТЕНЦИЈА НА ДОЛНА ТОТАЛНА ПРОТЕЗА СО ПОМОШ НА ИМПЛАНТИ
Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Тетово, 11-13 мај 2007- усна презентација

11. Јанев Е.
ОПТИМАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ЕСТЕТСКИ ЗОНИ

Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Струга,2007- усна презентација

12 . Јанев Е., Димова Ц.
ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ
ПОД КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА
Македонски стоматолошки преглед 2007 год.,XXX,бр.3- 4,стр.179,
(101-196).

Иницијативата на оваа студија е да се евалуира ефектот на антитромбоцитните агенси врз крвавењето кај испитаниците во текот на оралнохируршките зафати.Испитуваната група броела 40 индивидуи поделени во 2 групи и тоа: една со прекината антитромбоцитна терапија и другата со продолжена.Сите испитаници го мереле времето на крвавење еден час пред интервенциите,а за време на оралнохируршките зафати количината на загубената крв.Кај пациентите со стопирана антиагрегациска терапија времето на крвавење било 1.8-0.47, во споредба со тестираната група каде изнесувало 3.1-0.65,што е статистички сигнификантно (П= 0.04),но е сепак во границите на нормалните вредности.Локалните мерки на хемостаза се покажале суфициентни во контролирањето на хеморагијата,не биле забележани епизоди на неконтролирано интраоперативно и постоперативно крвавење.
Трудот има стручна и апликативна вредност.

13. Е.Јанев. Ј.Јанев ,Н.Јанева
ПРИМЕНА НА МИНИ ИМПЛАНТИ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ТОТАЛНИ ПРОТЕЗИ
Научен симпозиум за Орална и Максилофацијална хирургија со меѓународно учество,Свети Николе 2008 - усна презентација

14 .Ц.Димова,С.Ристеска,Л.Поповска,Е.Јанев, И.Ковачевска
ВЛИЈАНИЕ НА КАНАЛНОТО ПОЛНЕЊЕ НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА КЛИНИЧКА СЛИКА
5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество,Зборник на апстракти,Охрид 2009; бр.016,стр.32
Целта на овој труд е да го прикаже влијанието на преоперативното и постоперативното канално полнење врз пост оперативниот клинички статус.Авторите во оваа студија вклучиле вкупно 20 испитаници,подделени во две групи според времето на изведување на каналното полнење(пред и во тек на интервенциите).Според добиените резултати заклучено е дека не посоти сигнификантно влијание на видот на изведеното канално полнење врз постоперативниот клинички период.
Трудот има стручна и апликативна вредност.

15 .Д.Јосифов ,Е.Јанев,М.Пеева,Г.Апостолова,Н.Писевска,
Ж.Менчева
ХИРУРШКИ ПРИСТАП КАЈ СЛУЧАЈ СО НАМАЛЕНО ИНТЕРАЛВЕОЛАРНО РАСТОЈАНИЕ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ
5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид 2009; бр.050,стр.55
Кај пациентите со зголемен максиларен тубер,како резултат на фиброматозно хипертрофирана гингива,имаат реална потреба од изведување на претпротетски оперативен третман како би се постигнала адеквана протетска рехабилитација.Авторите прикажуваат пациентка на 40-годишна возраст со тотална анодонција и билатерално зголемени максиларни тубери.Со помош на конвенционална хируршка техника била намалена големината на туберите и воспоставени се нормални меѓувилични односи.
Трудот има стручно- научен придонес.

16. Е.Јанев,Е.Петрова,С.Ристеска
ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАН ЦЕНТРАЛЕН МАКСИЛАРЕН ИНЦИЗИВ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА ДВА ПРЕКУБРОЈНИ ЛАТЕРАЛНИ ИНЦИЗИВИ
5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид, 2009, бр.051,стр.55
Авторот прикажува исклучително редок случај кај пациент на 11 годишна возраст со импактиран централен инцизив во горната вилица,како резултат на присуство на два прекубројни латерални инцизиви.Неколку месеци по започнатиот ортодонтски третман изведена е оперативна екстракција на двата прекубројни латерални инцизиви и кортикотомија на централниот.Координиран мултидисциплинарен ортодонтски и оралнохируршки пристап овозможил формирање на слободен простор и правилно позиционирање на импактираниот централен инцизив.Авторите истакнуваат дека хируршкиот третман треба да биде во корелација со претходното ортодонтско планирање.
Трудот има стручно- научен придонес.

17 .Ж.Менчева ,Е.Јанев, Ц. Димова, Н.Цветановски, Д.Бојкова
ЗНАЧЕЊЕ НА РТГ-ДИЈАГНОСТИКА ВО ПРЕДОПЕРАТИВНИОТ ПРИСТАП НА РАДИКУЛАРНИТЕ ЦИСТИ
5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид, 2009; бр.052,стр.5
Целта на овој труд е да прикаже случај со дискретен рендгенолошки наод на радикуларна циста, во регија кај прв десен максиларен молар, кај пациент на 24 годишна возраст.Ретроалвеоларната снимка покажала непрецизна и неспецифична контура на радикуларна циста со возможна комуникација на подот од максиларниот синус.Со подигнувањето на флап, направена е цистектомија и апикотомија на вториот премолар со ретроградно полнење (поради ширењето на патолошкиот процес), и синуспластика.Водејќи се од вакви искуства авторите сакаат да посочат на фактот дека РТГ- наодот,како дијагностичка метода треба да биде во секундарен план и доминација, и дека може, ама и не мора да коренспондира со интраоперативните фактички состојби.
Трудот има апликативна вредност.

18. Јанев Е.

STIMULATED BONE REGENERATION AFTER REMOVAL CYSTIC LESIONS IN MANDIBULA
15th congress of the BaSS Thessaloniki 22-25April 2010.
Радикуларните цисти во вилиците статистички се со окулу 60% застапеност,уште познати како периапикални или апикални цисти.Тие се со периапикална локализација како резултат на инфламаторни појави на пулпиното ткиво,проследени со некроза и формирање на грануломи,кои како високо васкуларизирани ткива содржат воспалително имунолошки компетентни клетки како што лимфоцитите,плазма клетките и макрофагите.Авторот во овој труд прикажува индивидуа на 26- годишна возраст со огромна циста, локализирана во мандибуларната премоларна и моларна регија,каде што е изведена оперативна екстракција на забите и цистектомија со графтирање на коскен субституенс.Благодарение на опсежните клинички испитувања и искуства, авторот препорачува пополнување на коскените дефекти со биостимулирачки графт материјали за постигнување на акцелерирана регенерација.
Трудот има научно- стручен придонес.

19.Е.Јанев, М.Пеева
ХЕМОРАГИЈА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА
Научен симпозиум за орална хирургија и општите стоматолози со меѓународно учество,Скопје 2011 - усна презентација

20. Е.Јанев
КОМБИНИРАНА ПРОТЕТСКА РЕСТАВРАЦИЈА ПОДДРЖАНА ОД ЕДНОФАЗНИ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ ПРИ ТОТАЛНА АНОДОНЦИЈА ВО МАНДИБУЛА
6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија
24-27 мај 2012,Охрид –усна презентација

21. М.Пеева,Е.Јанев,Д.Велевска,Н.Писевска,Г.Кристиновски,Д.Спасов
КОСКЕНИ ГРАФТ МАТЕРИЈАЛИ И КЛИНИЧКИ МОЖНОСТИ
6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија
24-27 мај 2012,Охрид - усна презентација

22. Е.Јанев, Р.Јанев, Д.Јосифов, С.Герова, З.Шушек
ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ОДОНТОМ ЛОКАЛИЗИРАН ВО ДОЛНА ВИЛИЦА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ
6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија
24-27 мај 2012,Охрид,бр.стр.290-291
Одонтомите се најчести тумори од одонтогено потекло,кои кога се потполно развиени во себе содржат емајл,дентин со различна густина на пулпа и цемент.Тие не се вистински неоплазми туку се сметаат како развојни аномалии- хемартоми.Според степенот на диференцијација и распоредот на забните ткива се делат на повеќеделни(сложени), и едноделни сложени(комплексни).Компонираните одонтоми содржат мултипни структури кои наликуваат на заби,додека комплексните се составени од големи напластувања на емајл и дентин кои не покажуваат сличност со забите.Авторот презентира случај кај индивидуа на 15 годишна возраст каде рендгенографски се дијагностицира атипична структура во фронталната мандибуларна регија со перзистенција на млечен и ретиниран канин.Интраоперативниот наод оди во прилог на компонираните одонтоми.
Трудот има стручно- научен придонес.

23. Д.Јосифов, М.Пеева, Е.Јанев, Б.Џафери, З.Шушек
ПАРЕСТЕЗИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИЛИЧНА ЦИСТА
6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија
24-27 мај 2012,Охрид,бр.стр.274-275
Растот и развојот на виличните цисти се одвива во подолг временски период и најчесто е асимптоматски проследен.Карактеристични се појава на оток на вестибуларната ламина и промена на бојата во таа регија, од кога цистата ке добие прилично голема димензија.Дипитреновиот феномен, флуктуацијата заедно со рендгенолошките наоди се сигурни дијагностички симптоми кои се јавуваат во доцниот стадиум како резултат на масивна коскена деструкција и афектирање на околното ткиво.Целта на овој труд е да се прикаже радикуларна циста со експанзивен раст во постериорната регија во долната вилица кај пациентка на 43 годишна возраст со присуство на унилатерална парестезија на долната уста(Винцент-ов знак).
Трудот има стручно научно значење.

24. Н.Маркоски, Д.Бизевски, Е.Јанев, Н.Цветановски
СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ОБОСТРАНА ТЕРМИНАЛНА БЕЗАБОСТ КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ
6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија
24-27 мај 2012,Охрид,бр. Стр.264-265
Билатералната терминална анодонција претставува сериозен хендикеп кај младата популација кога треба да се употреби мобилна реставрација, затоа поставувањето на дентални импланти во таа регија треба да биде императив кај овие пациенти.Целта на овој труд е да се прикажат хируршко-протетските методи при постоење на вакви индикации.Авторите презентираат два посебни случај на возраст од 27 и 40- годишна возраст,каде што мобилните протези не ги задоволувале стандардите во поглед на естетиката и функцијата кај индивидуите.Со поставувањето на имплантите во трансканинската регија и изработката на металокерамичките фиксни конструкции,пациентите го постигнале посакуваниот ефект и резултат.Со тоа авторите сугерираат секогаш кога е можно во поглед на анатомоморфолошкиот и финансискиот аспект, недвосмислено да се изработуваат фиксни протетски реставрации поддржани од импланти кај младата популација.
Трудот има научно- апликативна вредност.

25. Д.Бизевски, Е.Јанев, Н.Цветановски, Н.Маркоски
СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ПРИ ГУБЕЊЕ НА ПРВ ТРАЕН МОЛАР КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ
6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија
24-27 мај 2012,Охрид,бр. Стр.266-267
Губењето на првиот траен молар како најчеста појава кај младата популација предизвикува нарушување во поглед на оклузалната хармонија,мастикацијата и Годоновиот феномен.Целта на овој труд претставува прикажување на современ концепт со оперативно протетско решавање на поединечната загуба на моларите преку поставање на дентален имплант, без при тоа да се наруши интегритетот на соседните заби.Со изработка на самостојна, соло металкерамичка коронка кај пациентка на 35- годишна возраст, авторите го истакнуваат бенефитот од имплементирањето на овој принцип кај младите индивидуи како едноставна постапка со добра прогноза.
Трудот има стручно- научно значење.

АНЕКС 2
ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Едвард Јордан Јанев**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Стоматолошки факултет Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **Орална хирургија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Настава прв циклус студии: 2000/2005 Орална и максилофацијална хирургија (1+3)	32,4
	Настава прв циклус студии: 2005/2013 Орална и максилофацијална хирургија (3+4)	37,8
	прв циклус студии: 2006/2007 Анестезиологија со реанимација (1+1)	7,2
	Вежби прв циклус студии: Орална хирургија – предклиника (2+3) 2010- 2013	3,6
	Консултации со студенти за сите предмети на кои ја изведува наставата	2,4
	Пакет материјали за одреден предмет: орална и максилофацијална хирургија, орална и максилофацијална хирургија 2, анестезиологија со реанимација	3
	Вкупно	**86.4**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одбранета докторска теза:**„Импликација на континуираната антитромбоцитна терапија врз интраоперативното и постоперативното крварење при изведувањето на оралнохируршките интервенции"- Стоматолошки факултет, Универзитет „ Св Кирил и Методиј"- Скопје, 2012 година.	
2.	**Одбранета магистерска работа:** „Рендгенолошка евалуација на коскениот ткивен одговор на вилиците по апликација на алопластични материјали" Стоматолошки факултет, Универзитет „ Св Кирил и Методиј", Скопје, 2004 година.	
3.	**Коавтор во книга со стручно-научни референци:** Современи дострели,Стоматолошки факултет,Скопје, 2009: 78-88 Пеева М, Величковски Б, Јанев Е, Писевска Н. Коскена аугментација во оралната хирургија	3,2
4.	**Коавтор во книга со стручно-научни референци:** Современи дострели,Стоматолошки факултет,Скопје, 2009: 98-106 Јанев Е, Величковски Б, Пеева М. Современи имплантолошки тераписки модалитети во оралната хирургија	3,6
5.	**Учесник во национален научен проект:** Костовска С., Димова Ц., Јанев Е.,,ФИБРИНОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ НА КРВТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ", Медицински факултет,Скопје,2000-2003 година,научноистражувачки проект.	3
8.	**Учесник во меѓународен научен проект:** Јанев Е., USAGE OF BONE SUBSTITUES GRAFT MATERIALS: AUTOGENOUS BONE,ALLOGRAFTS AND ALLOPLASTIC MATERIALS	5

	Department of oral and maxillofacial surgery,Faculty of Dentistry,Ankara University;Research programe perfomed from 03-08-2003; Научноистражувачки проект	
9.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Јанев Е. БИОМАТЕРИЈАЛИ И БИОКОМПАТИБИЛНОСТ Македонски стоматолошки преглед 2004 год., XXVIII,бр. 1-4,стр.3, (1-129);	4
10.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Јанев Е. ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ПОД КОНТИНУИРАНА АНТИТРОМБОЦИТНА ТЕРАПИЈА Македонски стоматолошки преглед 2007 год., XXXI,бр.3- 4,стр.179, (101-196).	4
11.	**Секциско предавање на научен стручен собир со меѓународно учество:** Јанев Е. ОПТИМАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ЕСТЕТСКИ ЗОНИ, Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Струга 2007- усна презентација	2
12.	**Секциско предавање на научен стручен собир со меѓународно учество:** Е.Јанев, ХЕМОРАГИЈА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА Научен симпозиум за орална хирургија и општите стоматолози со меѓународно учество,Скопје 2011 - усна презентација	2
13.	**Секциско предавање на научен стручен собир**: Е.Јанев, ПРИМЕНА НА МИНИ ИМПЛАНТИ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ТОТАЛНИ ПРОТЕЗИ Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија, Свети Николе, 2008 - усна презентација	1
14.	**Пленарно предавање на научен стручен собир со меѓународно учество:** Е.Јанев КОМБИНИРАНА ПРОТЕТСКА РЕСТАВРАЦИЈА ПОДДРЖАНАОД ЕДНОФАЗНИ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ ПРИ ТОТАЛНА АНОДОНЦИЈА ВО МАНДИБУЛА 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај 2012, Охрид –усна презентација	3
15.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:**Димова Ц, Костовска С., Јанев Е .,НечеваВ. ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА Конгрес на трансфузиолозите на Македонија,Охрид, 2004	1,2
16.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Димова Ц, Костовска С.,Ковачевска И., Јанев Е ВЛИЈАНИЕ НА ЗАБНАТА ЕКСТРАКЦИЈА КАКО СТРЕСОГЕН ФАКТОР ВРЗ ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ ОДГОВОР НА КРВТА Македонски стоматолошки преглед . 2004; 28 (1-4): 9-16.	2,4
17.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Димова Ц, Јанев Е., Андоновска Б . INTERNATIONAL NORMALIZED RATIO IN EXTRACTIVE DENTAL SURGERY IN PATIENTS TREATED WITH ORAL ANTICOAGULANTS. 10th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Belgrade, 2005; 57	2,4
18.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Јанев Е., Менчева Ж.,Јанев Р., Д.Јосифов.,Франгов М.,Бојковска Д. ОРАЛНОХИРУРШКИ АСПЕКТ НА ТРАНСПОЗИЦИОНАЛНО ПОСТАВЕНИ МАКСИЛАРНИ МОЛАРИ Меѓународен Конгрес на стоматолозите од Македонија ,Зборник на апстракти,Научен Одбор Охрид, 22-25 јуни 2006 год.	1,8
19.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:**Јосифов Д.,Пеева М.Каранфилски,Герасимова С.,Јанев Е.;	1,8

	MORBUS HODGKIN -ОРАЛНО-ХИРУРШКИ АСПЕКТИ Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија ,Зборник на апстракти,Научен Одбор Охрид, 22-25 јуни 2006 год.	
20.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Јанев Е. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ ИМЕДИЈАТНОТО ИМПЛАНТИРАЊЕ ВО ФРОНТАЛНАТА МАКСИЛАРНА РЕГИЈА Македонски стоматолошки преглед 2006 год.,XXX,бр.2,стр.230, (175-290)	4
21.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Јанев Е., Димова Ц., Менчева Ж., Д.Јосифов. ODONTOGENIC MYXOFIBROMA IN FRONTAL MAXILLARY REGION. 12th congress of the BaSS Istanbul,turkey 12-14April 2007	1,8
22.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ц.Димова,С.Ристеска,Л.Поповска,Е.Јанев, И.Ковачевска ВЛИЈАНИЕ НА КАНАЛНОТО ПОЛНЕЊЕ НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА КЛИНИЧКА СЛИКА 5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид 2009; бр.016,стр.32	1,8
23.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Д.Јосифов ,Е.Јанев,М.Пеева,Г.Апостолова,Н.Писевска,Ж.Менчева ХИРУРШКИ ПРИСТАП КАЈ СЛУЧАЈ СО НАМАЛЕНО ИНТЕРАЛВЕОЛАРНО РАСТОЈАНИЕ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ 5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид 2009; бр.050,стр.55	1,8
24.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Е.Јанев,Е.Петрова,С.Ристеска ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАН ЦЕНТРАЛЕН МАКСИЛАРЕН ИНЦИЗИВ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА ДВА ПРЕКУБРОЈНИ ЛАТЕРАЛНИ ИНЦИЗИВИ 5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид 2009, бр.051,стр.55	2,4
25.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ж.Менчева ,Е.Јанев, Ц. Димова, Н.Цветановски, Д.Бојкова ЗНАЧЕЊЕ НА РТГ-ДИЈАГНОСТИКА ВО ПРЕДОПЕРАТИВНИОТ ПРИСТАП НА РАДИКУЛАРНИТЕ ЦИСТИ 5-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ,Зборник на апстракти,Охрид 2009; бр.052,стр.5	1,8
26.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Јанев Е,ет алл STIMULATED BONE REGENERATION AFTER REMOVAL CYSTIC LESIONS IN MANDIBULA 15th congress of the BaSS Thessaloniki 22-25April 2010.	1,8
27.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Е.Јанев, Р.Јанев, Д.Јосифов, С.Герова, З.Шушек ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ОДОНТОМ ЛОКАЛИЗИРАН ВО ДОЛНА ВИЛИЦА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај 2012,Охрид,бр.стр.290-291	1,8
28.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество** :Д.Јосифов, М.Пеева, Е.Јанев, Б.Џафери, З.Шушек ПАРЕСТЕЗИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИЛИЧНА ЦИСТА 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај 2012,Охрид,бр.стр.274-275	1,8
29.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на**	1,8

	трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество :Н.Маркоски, Д.Бизевски, Е.Јанев, Н.Цветановски СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ОБОСТРАНА ТЕРМИНАЛНА БЕЗАБОСТ КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај 2012,Охрид,бр. Стр.264-265	
30.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество** :Д.Бизевски, Е.Јанев, Н.Цветановски, Н.Маркоски СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА ХИРУРШКО ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ПРИ ГУБЕЊЕ НА ПРВ ТРАЕН МОЛАР КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27 мај 2012,Охрид,бр. Стр.266-267	1,8
31.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество**:М.Пеева,Е.Јанев,Д.Велевска,Н.Писевска,Г.Кристиновски,Д.Спасов КОСКЕНИ ГРАФТ МАТЕРИЈАЛИ И КЛИНИЧКИ МОЖНОСТИ 6-ти Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија 24-27мај 2012,Охрид - усна презентација	1,8
32.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** М.Франгов,С.Поп Ристов,Е.Јанев РЕТЕНЦИЈА НА ДОЛНА ТОТАЛНА ПРОТЕЗА СО ПОМОШ НА ИМПЛАНТИ Научен симпозиум за орална и максилофацијална хирургија со меѓународно учество, Тетово 11-13 мај 2007- усна презентација	2,4
33.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Јанев Е. АКУТНИ ОДОНТОГЕНИ СИНУЗИТИ :ДИЈАГНОЗА,КЛИНИЧКА СЛИКА И ТЕРАПИЈА. II Конгрес на студентите по стоматологија на Македонија (Програма и апстракти)Сојуз на студентите по стоматологија, Дојран, 1995; 44.	1
34.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Јанев Ј.,Пеева М.,Грнчаровски А.,Јанев Е.,Ристевски Д. КЛИНИЧКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ХИДРОКСИЛАПАТИТОТ (АЛГИПОРЕ) ЗА РЕСТАВРАЦИЈА НА КОСКЕНИТЕ ДЕФЕКТИ НА ВИЛИЦИТЕ. Македонски стоматолошки преглед 1997; 21 (3-4): 101-7.	2,4
35.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Грнчаровски А.,Јанев Ј.,Стаменковски.,Јанев Е.,ДугановаС. ПАТОХИСТОЛОШКА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ИНТРАОПЕРАТИВНИОТ НАОД ПРИ ХРОНИЧНИ ПАРАДОНТИТИ II конгрес на стоматолозите на Македонија-Охрид 1998; 157.	1,2
36.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Стаменковски Т.,Јанев Ј.,Грнчаровски А.,Величковски Б.,Јанев Е. ПРИМЕНА НА КОРТИКОСТЕРОИДИТЕ ВО РЕДУЦИРАЊЕТО НА ПОСТХИРУРШКИОТ МОРБИДИТЕТ КАЈ ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ II Конгрес на стоматолозите на Македонија-Охрид 1998; 158	1,2
37.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**: Трајковски Г.,Јанев Ј.,Јанев Е.,Поп-Ацев С.,Ивановски К. МЕХАНИЧКИ ПОВРЕДИ НА НЕРВИТЕ ПРИ ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ И НИВНА СОВРЕМЕНА ТЕРАПИЈА II конгрес на стоматолозите на Македонија-Охрид 1998; 159.	1,2
38.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир :** Петровски Б.,Кедев С.,Бушлетиќ О.,Јанев Ј.,Јанев Е. МОДИФИКАЦИЈА НА АНТИКОАГУЛАНТНАТА ТЕРАПИЈА ПРИ ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ СРЦЕВИ БОЛНИ II конгрес на стоматолозите на Македонија-Охрид 1998; 163	1,2

39.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Кедев С.,Петровски Б.,Бушлетиќ О.,Јанев Ј.,Јанев Е. ОРАЛНОХИРУРШКИ ПРОЦЕДУРИ ПО ИМПЛАНТИРАН ИНТРАКОРОНАРЕН СТЕНТ II конгрес на стоматолозите на Македонија-Охрид 1998; 164	1,2
40.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** :Кедева Д.,Кедев С.,Јанев Ј.,Јанев Е. СТОМАТОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН ИНСУЛТ II конгрес на стоматолозите на Македонија-Охрид 1998; 615	1,2
41.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Јанев Ј.,Величковски Б.,Јанев Е.,Јанев Р. ХИРУРШКО-ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАНИ МАКСИЛАРИ КАНИНИ Македонски стоматолошки преглед 1999; 23(1-4): 5-13.	1,2
42.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Грнчаровски А.,Јанев Ј.,Стаменковски.,Јанев Е.,Серафимов,П.,Богдановски С. SENSITIVE ABERRATIONS OF N. MENTALIS AS A RESULT OF SURGERY TRAUMA. 5 th Congress of the BaSS - Thessaloniki: 2000; 284	1,8
43.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество** : Стаменковски Т.,Јанев Ј.,Грнчаровски А.,Јанев Е.,Серафимов П.,Шуков А. DENTAL ROOTH PUSHED INTO THE RADICULARE CYSTE AS A COMPLICATION DURING TOOTH EXTRACTION. 5 th Congress of the BaSS - Thessaloniki: 2000; 284	1,8
44.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество** :Симјановска Љ.,Јанев Ј.,Јанев Е. УПОТРЕБАТА НА АЛВОГИЛ ПРИ ТРЕТМАН НА АЛВЕОЛИТ 5th Congress of theBalkan Stomatological Society(Abstracts). Thessaloniki; BalkanStomatologycalSociety ,2000:281	1,8
45.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Јанев Ј.,Велески Д.,Јанев Е., Јанева Н. THE FRIALIT-2 SYSTEM-10 YEARS CLINICAL RESULTS. XII World Congress-Kualla Lumpur,Malezia,2000	1,8
46.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Грнчаровски А.,Јанев Ј.,Пеева М.,Стаменковски Т.,Јанев Е.,Јосифов Д. Дуганова С ЕПУЛИС: ФРЕКВЕНЦИЈА,ТЕРАПИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА НЕГОВО МАЛИГНИЗИРАЊЕ 6thCongress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts). Bucharest /Romania; 2001:146	1,8
47.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир :** Јанев Ј.,Јанев Е. КОМПЛИКАЦИИ И НЕУСПЕСИ ВО ОРАЛНАТА ИМПЛАНТОЛОГИЈА III Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти),Охрид , 2002;60-1.	1,8
48.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Јанев Ј.,Јанев Е.,Јосифов Д.,Франгов М.,Велеска Д. ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ПЕРИИМПЛАНТИТОТ СО ПРИМЕНА НА АЛОПЛАСТИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ III Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти),Охрид,2002;172-3	1,2
49.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Франгов М., Јанев Ј.,Јанев Е.,Јосифов Д. ПРИМЕНА НА БИОСТИМУЛИРАЧКОТО ДЕЈСТВО НА ЛАСЕРОТ ПО ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ III Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти),Охрид, 2002;174;	1,2
50.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на**	1,2

	трудови од научен/стручен собир: Мујовиќ Х.,, Јанев Ј.,Јанев Е.,Телеграфчиски В. ЕКСТРАКЦИИ НА ЗАБИ СО АКОПУНКТУРНА АНЕСТЕЗИЈА III Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти),Охрид, 2002;174	
51.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Митева Н.,Димова Ц.,Јанев Е., Стојкоска М. CLINICAL ASPECTS OF THE MULTIPLE EXTRACTIONS. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Kushadasi, 2002; 167.	1,8
	Вкупно	**95,2**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Студиски престој до 6 месеци:** Февруари 2003-август 2003 студиски престој- Клиниката за орална и максилофацијална хирургија при Универзитетот во Анкара, Турција	1
2	**Воведување на нова лабараториска/клиничка метода:** Аграгометриски анализи на тромбоцитите каи пациенти со антитромбоцитна терапија	4
3	**Автор на поглавје во книга од стручна област:** Дијагностички и тераписки протоколи,Стоматолошка комора на Македонија,Скопје,2010 Книгата е рецензирана во Билтенот бр. 998 од 15.12.2010 година	3
4	**Автор на поглавје во книга од стручна област:** „Современи дострели" - Стоматолошки факултет- Скопје, 2009	3
5	**Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството:**специјалист во областа орална хирургија, 2000 година	2
Дејности од поширок интерес		
6.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи:** Член на Управен одбор на Здружение на специјалисти по орална хирургија на Македонија при МСД	1
7.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи:** Учесник во тимот за изработка на испитни прашања при имплементирање на проектот за воведување на компјутерски модел на испитни прашања за студенти на Стоматолошки факултет во Скопје (2004-2005)	1
8.	**Раководител на внатрешна организациона единица:** Раководител на ноќна и инфективна служба при Стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во период од 2006-2009	3
9.	**Учество во промотивни активности на факултетот:** Координатор на соработката помеѓу УКИМ- Стоматолошкиот факултет,Скопје и Универзитетот во Анкара,Турција	1,5
10.	**Учество во промотивни активности на факултетот:** Организација и презентација на Стоматолошки факултет на Денови на образование во организација на УКИМ- 2011,2012, 2013	1,5
11.	**Награда за научни достигнувања добиени од струкова организација:** Диплома за придонес и ангажирање во работата на Македонско лекарско друштво 2001 година,Пофалница за 40 и 50 години од основањето на Стоматолошкиот Факултет	9
Спортска дејност		
11.	**Награди и признанија добиени на државна официјална спортска манифестација:** Медикал Опен XIII, 2007, Скопје, отворено првенство на тенис за доктори, 1. место	5
	Вкупно	**35**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**86,4**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**95,2**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	35,0
Вкупно	216,6

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ:

Рецензентската комисија ја разгледа приложената документација на кандидатите кои се пријавија на конкурсот за избор на еден (1) наставник во сите звања од областа на оралната хирургија: насл. доц. д-р Оливер Димитровски и ас. д-р Едвард Јанев од Катедрата за орална хирургија.
По извршениот увид на доставената документација и направеното бодирање на кандидатите според образецот приложен кон извештајот согласно со Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни звања (2011 год.) на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и измените и дополнувањата на Законот за високото образование (2013 год), Комисијата констатира дека кандидатот насл. доц. д-р Оливер Димитровски покажува континуиран наставно-педагошки развој и интерес кон научноистражувачката работа и му предлага на Наставно- научниот совет на Стоматолошкиот факултет да го избере во звањето вонреден професор по група предмети од областа на оралната хирургија.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Владимир Поповски, д-р сци., претседател с.р.

2. Проф. д-р Борис Величковски, д-р сци , член с.р.

2. Проф. д-р Даница Поповиќ-Моневска, д-р сци , член с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 4, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 6, ТЕОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД 5 ДО 9, НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, донесена на 47. седница одржана на 18.4.2013 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по предметите архитектонско проектирање 4, архитектонско проектирање 6, теорија на архитектурата и архитектонско студио од 5 до 9, на институтот за архитектонско проектирање при архитектонскиот факултет во состав на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во состав:

1. д-р Михаило Волканов, редовен професор, во пензија - претседател
2. д-р Митко Хаци-Пуља, редовен професор – член
3. д-р Мирослав Грчев, редовен професор – член.

На конкурсот распишан и објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ на 30.3.2013 година, се пријави кандидатката д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на увидот во поднесените документи и врз основа на познавањето на работата и делото на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Анета Христова-Поповска е родена во Скопје. Основно и средно-гимназиско образование (Гимназија „Раде Јовчевски–Корчагин“) завршила во Скопје. Студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги завршила во 1981-1986 год., каде што одбранила дипломска работа со оцена 10 под менторство на проф. Георги Константиновски, стекнувајќи се со стручен назив дипломиран инженер архитект. Во 1984 год., преку IAESTE, завршила едномесечна студентска практика во проектантското биро на компанијата Arab Contractors во Каиро, Египет. Добитник е на специјална награда за студентски проекти на БИМАС 85.

Во 1989 година престојувала три месеци на стручно усовршување во проектантската фирма Ahern & MacVittie Architects Ltd во Темпи, Аризона, САД, во рамките на билатералната размена на млади стручни кадри помеѓу Скопје и Темпи.

Постдипломските магистерски студии ги завршила на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2000 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Влијанието на скопскиот железнички јазол врз концептите на урбанистичките планови за Скопје (1873-1963)“, изработен по менторство на проф. Живко Поповски, здобивајќи се со академски степен магистер по архитектура и урбанизам.

Докторската дисертација со наслов: „Теоретски аспекти во архитектонското проектирање - перпетуелен модел на структурирање на проектниот процес - прилог во развивањето на аналитичка теорија на архитектурата“, работена под менторство на проф. Живко Поповски, ја одбранила во 2002 година, со што се здобила со научен степен доктор на технички науки.

Работно искуство

Во периодот од 1991 до 1992 год кандидатката била вработена во Заводот за урбанизам и архитектура - Скопје, каде што го стекнала звањето проектант - планер. На Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е вработена од септември 1992 година како помлад асистент на предметите проектирање општествени згради I и проектирање општествени згради II. Во истото звање е реизбрана 1996 год., а во 2000 год. е избрана за асистент по истите предмети и по предметите теорија и архитектонско истражување во редовната настава и архитектонско проектирање и теорија и истражување во архитектурата во продлабочената настава.

Во звањето доцент по истите предмети, д-р Анета Христова-Поповска е избрана 2003 год. Во учебните 2003/2004 и 2004/2005 год. ја изведувала наставата по предметот теорија на архитектурата на Градежно-архитектонскиот факултет на Универзитетот во Ниш. За вонреден професор по предметите проектирање општествени згради I, проектирање општествени згради II, теорија и архитектонско истражување (во редовната настава) и архитектонско проектирање и теорија и истражување во архитектурата (во продлабочена настава) е избрана во 2008 година.

Во 2009 год. д-р Анета Христова-Поповска е избрана за продекан за наставни и студентски прашања на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во мандатниот период 2009 - 2013 година.

Наставно-образовна дејност

Од изборот во соработничко звање на предметите проектирање општествени згради I и II и теорија и архитектонско истражување (во редовната настава) и архитектонско проектирање и теорија и истражување во архитектурата (во продлабочена настава) била ангажирана во изведување на проектантски вежби, теренска настава низ градовите на Македонија и одржување на одделни блокови на тематски предавања. Исто така, учествувала во промотивни активности на Факултетот, организација на јавни изожби на студентски проекти, одржувала јавни предавања од реализирани студиски престои, работилници и патувања во странство. Во учебната 2002/2003 година, под менторство на проф. д-р Мартин Гулески ја водела наставата по предметот теорија и архитектонско истражување, за кој изготвила обновена и дополнета наставна програма, како и интерна скрипта за студентите со преводи на референтни библиографски единици (Х. Валтер Круфт, Д. С. Кејпон, Р. Кларк и М. Пос).

По изборот во наставно-научното звање доцент, од почетокот на учебната 2003/2004 година кандидатката ја водела наставата по истите предмети, а во рамките на продлабочената настава учествувала во проектите:

- Подградие (раководител: проф. д-р Мартин Гулески) 2003/2004
- Општинска зграда во Сарај (раководител: проф. д-р Т. Стојков) 2004/2005
- Општинска зграда во Прилеп (раководител: проф. д-р Т. Стојков) 2005/2006
- Археолошки музеј на Скопско Кале (раководител: проф. д-р М. Токарев) 2007/2008
- Акватик (раководител: доц. д-р В. Пајвански) 2008/2009 и
- Облакодер (раководител: проф. д-р М. Бакалчев) 2009/2010.

По изборот на д-р Анета Христова-Поповска во наставно-научното звање вонреден професор од учебната 2008/2009 год., таа ја водела наставата по предметите од старата студиска програма до нејзиното згаснување и по предметите од ЕКТС-студиската програма за кои изготвила нова и дополнета наставна програма:

- задолжителни предмети: архитектонско проектирање IV, архитектонско проектирање VI, теорија на архитектурата, архитектонско студио V2, VI2, VII2, VIII2 и одделни семестрални програми за интегративното студио IX2;

- изборни предмети: теории во проектирањето, архитектонска критика и селектирани теми од јавни објекти.

Во својство на ментор учествувала во изготвувањето на вкупно шеесет и седум дипломски работи на теми од областа на архитектонското проектирање на јавни згради. Од учебната 2003/2004 год. кандидатката е вклучена во изведувањето на наставата на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет при УКИМ како ментор во изработката на семинарски трудови од изборниот предмет теорија на архитектурата. До воведувањето на ЕКТС студиската програма, била ментор на двајца кандидати во изработката на магистерски работи, ментор на една кандидатка на докторска дисертација (во тековна изработка) и член на комисијата за оцена и одбрана на две докторски дисертации. На интегрираните петгодишни студии по архитектура според ЕКТС, била ментор на три одбранети магистерски труда, член на комисијата за оцена и одбрана на три магистерски труда, а во тековниот семестар е ментор на девет кандидати. Во својство на коментор учествувала во изработката на магистерската работа: „Integrative Potential of the Fringe Belt as Heterotopic Enclave in the Fragmented City– Debar Maalo, Skopje, Case Study", Bauhaus University Weimar, Institute for European Studies, Weimar, 2007, од кандидатите Нина Ѓоргон и Гордана Гоциева.

На Меѓународната летна школа за архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски" учествувала на сесиите: 1993 („Куќа") како секретар, 1999 („Архитектурата на неместа") како ментор и предавач, 2000 („Архитектура за масовни движења") како ментор и предавач и 2010 („Архитектурата е сета за луѓето") како раководител.

Поради обилните докази за исклучителните квалитети на кандидатката, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја избере д-р Анета Христова-Поповска во звањето редовен професор по предметите архитектонско проектирање 4, архитектонско проектирање 6, теорија на архитектурата и архитектонско студио од 5 до 9, на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Михајло Волканов, редовен професор (во пензија), претседател, с.р.
2. Д-р Митко Хаџи-Пуља, редовен професор, член, с.р.
3. Д-р Мирослав Грчев, редовен професор, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕОМЕТРИСКИТЕ И ПЕРСПЕКТИВНИТЕ СИСТЕМИ - СРЕДСТВА ЗА СУПЕРПОНИРАНА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА НА САКРАЛНАТА СЛИКА И ВНАТРЕШНАТА АРХИТЕКТУРА ВО СРЕДНОВЕКОВНА МАКЕДОНИЈА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БОЈАН КАРАНАКОВ Д.И.А., ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

По известувањето бр. 07-134/1 од 29.IV 2013 година од страна на менторот за предадена докторска дисертација, со Одлуката за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на Наставно–научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје бр. 08-6/99 од 29.IV 2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Геометриските и перспективните системи - средства за суперпонирана визуелизација на сакралната слика и внатрешната архитектура во средновековна македонија“, изработена од м-р Бојан Каранаков д.и.а., асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

По прегледот на поднесената докторска дисертација, чест ни е до Наставно–научниот совет на Архитектонскиот факултет да го доставиме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Техничка, методолошка и структурна издржаност на тезата

Докторската дисертација „Геометриските и перспективните системи – средства за суперпонирана визуелизација на сакралната слика и внатрешната архитектура во средновековна македонија“ е презентирана на вкупно 260 страници со 168 комплексни графички прилози, од кои сосема мал дел не се авторски прилози, туку се преземени од литература. На крајот е приложен список на користена литература со 90 библиографски единици и 2 прилога – Генеративна геометрија (3 страни) и Компаративна табела на празници на светци според византиски, православен и католички календар (2 стр.).

Докторската дисертација е изработена на техничко ниво според потребните стандарди, со што ги задоволува условите за изработка на докторска дисертација. Материјата, дефинирана со содржината, консеквентно е разработена и ги покрива методолошките постапки најавени со пријавата на темата.

По воведот, во кој се објаснети целите, областа, предметот и методите на истражување, структурата на содржината од тезата е поделена во два дела.

А. Историја и хередитети во примената на феноменолошки, геометриски и перспективни системи во сакралниот архитектонски простор и слика

Б. Средства за трансфигурација на внатрешниот архитектонски реалитет во трансцендентен (и)реалитет – средновековна македонија версус византија

Двата дела се расчленети во повеќе функционални и дефинирани поглавја. Воочлива е беспрекорна доследност и логичност на аналитичката метода која кандидатот ја спроведува во секој содржински сегмент, таргетирајќи точно одбрани проблемски аспекти битни за дисертацијата. На одддлни, мошне релевантни нивоа на истражувањето, кандидатот изведува заклучни синтетизирања. Тие претставуваат потврдено хипотетско рамниште од и во кое е единствено можно внесување на нови повисоко релевантни истражувачки аспекти. На тој начин е развиена еден вид пирамидална методска анализа во која на врвот, во завршното истражувачко ниво се појавуваат најсложените и обединувачки системи.

Овој аспект на методолошка цврстина е еден од особените квалитети на тезата, особено заради фактот дека во фокусот на истражувањето се сложени суперпозиции и визуелно илузионистички трансфигурации како на архитектонскиот простор така и на сликарството, светлината, перспективните системи, литургиско дејство, реч и слично.

2. Содржинска издржаност на тезата

Првиот дел, **Историја и хередитети во примената на феноменолошки, геометриски и перспективни системи во сакралниот архитектонски простор и слика,** се состои од три поглавја:

- Египет – суперпонираните системи за космографска објективизација и материјализација на сакралниот простор;
- Грција и Рим – средства за хипостаза на идеалната убавина на храмот;
- Ранохристијанство – средства за илузионистичко симболична визуелизација на внатрешната архитектура на храмот.

Аналитичкиот избор кандидатот го сведува на овие три цивилизациски корпуси со оглед на тоа што тие извршиле најдиректно влијание на византиските системи, согласно со фактот дека средновековна географска Македонија која е во фокусот на истражувањето на оваа теза, припаѓа на византискиот културен круг.

Заокружувајќи го овој сегмент од истражувањето, кандидатот заклучува дека: постои недвосмислен континуитет во изборот на скоро идентични средства и системи за архитектонска трансфигурација, симболизација и суперпонирана визуелизација на внатрешниот сакрален простор и слика; дека тие средства и системи се пренесувале хронолошки, синхронично и дијахронично со мали промени кои генерално се однесуваат на нивното философско – религиозно предзначење и порака; дека во сите анализирани историски периоди тие средства и системи се во цврста меѓусебна интеракција и суперпозиција. Притоа, тие опфаќаат, односно формираат четири до пет методолошки, но истовремено креативно творечки столба кои се повторуваат:

- математичка архитектонска концептуализација (нумеролошка, аритметичка, геометриска) која се базира на космогониско – космографски (Египет), чисто естетски (Грција и Рим) или теолошко симболични (ранохристијански) сфаќања;
- сликарството, перспективните системи и нивните техники врзани симбиотски за внатрешните архитектонски површини (за внатрешната „кожа“) како систем од средства со кои се создава религиозна или реална илузионистичка претстава на невидливото или видливото, но секогаш со религиозен поттекст кој го афирмира вечното, а не минливото;
- светлината како природна феноменолошка или илузиско божествена категорија, чие вклучување во внатрешната архитектура е аспект на високи епистемолошки техники ставени во нејзина функција, бидејќи таа со својот продор е визуелна потврда за божествен продор, односно присутност во објектот и тоа точно во определено време и на определени места.

Вториот дел од дисертацијата, **Средства за трансфигурација на внатрешниот архитектонски реалитет во трансцендентен (и)реалитет – средновековна Македонија версус византија** - се состои од четири поглавја тематски расчленети на повеќе потпоглавја, притоа хипотетски базирајќи се на заклучоците од првиот дел за еквивалентноста на употребените системи и средства во дијахрониска, хронолошка и синхрониска смисла.

Анализите се спроведени компаративно на примери од Константинопол како исходиште на секогаш иновативни концепти, од Света Гора и престолнички примери од Македонија (Охрид, Преспа, Солун, Скопје) со цел да се дојде до релевантни, научно базирани заклучоци за еквивалентните методски интерпретации и дистинкциите во реинтерпретациите на територија на средновековна Македонија, кои се во фокусот на интерес на тезата.

Затоа, кандидатот истражувањата ги врши на специфични типоморфолошки сакрални видови – куполни базилики, кои го оцртуваат патот на една голема архитектура која настанува во X и XI век далеку од престолнината Константинопол и е типично решение за Македонија. Освен базиликалните куполни модели анализирани се и крстовидни модели како типично византиски кои се присутни од IX до XIV век. Во оваа смисла, како главни реперни објекти од Македонија кандидатот ги зема црквите, „Света Софија" во Охрид, „Свети Ахил" во Мала Преспа и „Свети Димитрија" во Марковиот манастир крај Скопје.

Во првото поглавје, **Математичката (геометриско аритметичка) концептуализација на просторот како базичен метод за семантичка архитектонска транспозиција и визуелизација**, кандидатот компаративно ги анализира евклидовските и неопитагорејските математичко архитектонски транспозиции на номографската симболизација општо во Византија и интерпретации и реинтерпретации на истите врз повеќе од десет примери од географска Македонија како целина, констатирајќи дека со инкорпорирање на овие системи се обезбедувало базичното рамниште за сакралност на градбата – таа станува *логос* бидејќи е конструирана со христијаските симболи. Сознанијата ги синтетизира во потпоглавјето „Синтеза – симболична морфолошка лингвистика на крстовидните и базиликалните типологии во Македонија".

Во второто поглавје, **Иконографска топографија – средство за трансфигурација на математичкиот симболичен модел на внатрешна архитектура во модел на божествен космос,** методолошки сосема издржано, во еден сукцесивен редослед, кандидатот продолжува да анализира нови интеракции и степени на суперпозиции врз веќе дефинираниот математичко симболичен модел на внатрешната архитектура.

Во таа насока се истражувани интеракции на следниве рамништа:

- аналогна хиерархија помеѓу иконографска и архитектонска симболична топологија како примарно ниво на транспозиции (еквиваленции);
- интерактивни преклопи на архитектонски топос, иконографија и литургиско дејствие во насока на обезбедување литургиско сценографски визуелен ефект како секундарно ниво на транспозиции;
- дефинирање на факторите за постигнување на ефикасна визуелна комуникација како терцијарно ниво на транспозиции.

Во третото поглавје, **Светлината како средство за негација на материјалното и трансцендентна визуелна комуникација,** се истражуваат многу посложени суперпозиции во посебни потпоглавја и тоа:

- светлината во сликарството – нејзината улога, дистинктивните видови и нивната сликарска презентација;
- интеракциите помеѓу природната светлина, внатрешната архитектура, иконографијата и визуелните комуникации. Овие аспекти се анализирани преку следниве рамништа: природна светлина и иконографски циклуси – патеки на природната светлина низ просторот и иконографијата; калибрираност на интензитетот на светлина во различни по значење просторни секвенци; светлосни трансформации на значењата на просторни секвенци и сликарски композиции под дејство на светлината. Посебно се анализирани светлинските синхронизации во црквата „Св. Димитрија" во Марковиот манастир;
- методи за трансформација на директната светлина во дифузна - овде кандидатот прави повеќе споредбени анализа: концептот на „светлечка купола" во „Аја Софија" во Константинопол според „Антемиевиот модел за закривен рефлектор"; методите за конструкција на поткуполни прозорци и прозорски банкини со цел за ентериерна трансформација на директната светлина во дифузна и апсорпција на рефлексии; трансформација на директната во дифузна светлина во црквата „Свети Димитрија" во Марков манастир.

Во поглавјето **Методи на артикулација на директната светлина во апсидата,** со посебна обемност компаративно се анализирани аспектите на ротациските отстапувања од аксијалата исток – запад, каде што кандидатот заклучува дека тие се резултат на календарско литургиски интеракции. Овие анализи кандидатот постапно ги развива на цркви во Константинопол, Света Гора и средновековна Македонија со Солун, Охрид, Преспа и Скопско користејќи компјутерско георефернцирање на црквите и симулација на упадот на сончева светлина во различни периоди од годината и делови од денот, како и 3Д-компјутерски генерирани модели од дел од анализираните објекти.

Во потпоглавјето, **Суперпозицијата на директната светлина од прозорците со иконографијата и литургијата,** се содржани круцијални истражувања кои главно се однесуваат на карактеристиките на суперпозициите во црквите од крстовиден тип со централна купола - црква „Св. Димитрија" во Марковиот манастир, во цркви од базиликален тип со централна купола - црква „Света Софија" во Охрид и во цркви од бескуполен транзициски базилиликален тип (со куполи во олтарната зона) - црква „Свети Ахил" во Мала Преспа.

Во поглавјето **Перспективниот систем како симболична форма и средство за негација на материјалното,** кандидатот компаративно ги анализира карактеристиките на проекциските системи во претставите на простор во сакралното сликарство: оние со паралелни правци (со ортогоналниот систем и косата проекција), и оние со фокусирачки правци (со перспективата со недогледи и обратната перспектива) како и улогата на насликаниот архитектонски простор во обратната перспектива. Според кандидатот, една од главните карактеристики во обратната перспектива е кинетичноста на очната точка во сите правци со што синхроното гледање на статична слика е заменето со сукцесивно доживување на претставениот простор, при што се воспоставува визуелна и психолошка интеракција помеѓу гледачот и сликата. Вториот битен фактор е замената на недогледите со фокусни точки кои акцентираат идејно јадро, лик или дејствие претставено на сликата.

Заклучоци од истражувањето:

Во заклучниот дел кандидатот ги синтетизира резултатите заклучувајќи дека во истражуваното предметно подрачје – *средствата за суперпонирана визуелизација на внатрешната сакрална архитектура и сликарство на територијата на средновековна географска Македонија* – се дефинираат како синхрониски појави во однос на општо византиските (кои од своја страна претставуваат дијахрониски хередитет) и тие според истражувањата се еквивалентни само до одредено ниво на канонска неизбежна субординираност. Надвор од ова ниво заради типоморфолошки концепти на цркви карактеристични само за територија на географска Македонија (транзициски базилики со куполи во олтарна зона, централно куполни базилики како и одредени типови на крстовидни цркви со отворен нартекс кон наосот или поликонхални цркви во рамките на четирите столбови на системи и нивни средства за суперпонирана теолошко илузионистичка визуелизација, се појавуваат мултипликации во суперпозициите кои се појавност само во средновековна Македонија. Како такви тие носат печат на особености со висок степен на автентичност која е плод на вкрстени западни и византиски влијанија. Како такви, тие со ова истражување се дефинираат како посебен придонес на средновековна географска Македонија за византиската, но и општата историја на христијанска естетика, архитектура, уметност, графички и визуелни комуникации.

ЗАКЛУЧОК

Комисијата констатира дека докторската теза на кандидатот м-р Бојан Каранаков д.и.а., по својот обем, содржина, применета методологија, како и според добиените резултати целосно ги исполнува поставените задачи и евидентно претставува самостоен научноистражувачки труд.

Сложените проблеми кои се истражувани во дисертацијата се високо релевантни бидејќи претставуваат прво научно истражување не само во нашата научна средина, туку и пошироко во меѓународни размери. Одделни системи се проучувани во контекст на внатрешната архитектура и во сликарството, но никогаш од аспект на нивна заемна суперпозиција. Токму затоа е значењето на оваа дисертација во која за првпат интегрирано се анализирани интерактивните содејства на овие средства и системи – математичко (аритметичко - геометриска) симболичната концептуализација на просторот како базичен метод за семантичка архитектонска транспозиција и визуелизација, иконографската топографија како средство за транспозиција на математичкиот симболичен модел на внатрешната архитектура во модел на божествен космос, перспективниот систем во сликарството како симболична форма и средство за негација на материјалното и светлината како средство за трансцендентна визуелна комуникација.

Освен гореизнесената дисертацијата претставуваат научен придонес и во однос на неколку други домени:

- *теориски науки* – историски (историја и теорија на архитектурата и на уметноста, применета уметност, применети математички дисциплини, историја на визуелни комуникации) културологија, естетика, философија на религија и сл. Особен придонес на дисертацијата во овие научни подрачја е во дефинирањето на специфики кои се карактеристични за средновековна Македонија, а кои како такви имаат сопствен придонес и значење особено во доменот на одредени научни редефиниции на византискиот културен корпус.
- *реставраторско конзерваторски домен* – бидејќи во тезата се истражени одредени методи на средновековните архитекти како што се методи за трансформација на директна во дифузна светлина, за апсорпција на несакани рефлексии,за контрола на упад и количество на светлина во внатрешни просторни секвенци и сл. (кои денес се заборавени) и може да се користат при реставраторски практики, но и истражувања;
- *современо креативно творештво* - во архитектонското проектирање и практика, каде што на современ начин може да се користат искуствата за суперпозиции на светлината во архитектонскиот простор, на математичко моделирање и сл., со цел постигнување специфична естетика и значења во визуелизациите на просторот, негова трансфигурација итн.

Врз основа на претходното образложение Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисеретација под наслов **„Геометриските и перспективните системи – средства за суперпонирана визуелизација на сакралната слика и внатрешната архитектура во средновековна Македонија“**, изработена од м-р Бојан Каранаков д.и.а., асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ да го прифати овој реферат и да ја спроведе понатамошната постапка за јавна одбрана на дисертацијата.

Комисија

1. Проф. д-р Бранко Трпковски – претседател, с.р.
2. Проф. д-р Јасмина Хаџиева–Алексиевска – ментор, с.р.
3. Проф. м-р Владимир Георгиевски – член, с.р.
4. Проф. д-р Митко – Хаџи Пуља – член, с.р.
5. Доц. д-р. Елизабета Касапова – член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ АКТ СО ПЛАСТИЧНА АНАТОМИЈА И МЕТОДИКА НА ЛИКОВНА КУЛТУРА НА КАТЕДРАТА ЗА ЛИКОВНА ПЕДАГОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на ден 13.3.2013 година, формира Рецензентска комисија во состав: ред. проф. д-р Трајче Блажевски, претседател, ред. проф.м-р Рубенс Корубин, член и ред. проф. д-р Жељко Филиповиќ, член.

На конкурсот, објавен во весникот „Дневник" на 7.3.2013 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по предметите акт со пластична анатомија и методика на ликовна култура на Катедрата за ликовна педагогија при Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на конкурсот се пријави кандидатот вонр. проф. д-р Фехим Хусковиќ.

Врз основа на приложената документација од страна на пријавениот кандидат, како и врз основа на неговата педагошка и ликовна дејност и останатите референци, Рецезентската комисија има чест да го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Фехим Хусковиќ е роден 1967 година во Оризари, Велес, Р. Македонија. Средно уметничко училиште завршил во Скопје, оддел: графика. Академија за ликовни уметности и постдипломски студии на одделот графика ги завршил во класата на проф. Зоран Јовановиќ–Добротин во Приштина. По магистрирањето се вработил како ликовен педагог во Основното училиште ОУ „Рајко Жинзифов" и дополнува часови во УСО „Коле Неделковски" и во УСО „Јовче Тесличков". Хусковиќ воспоставува воннаставна активност и учествува со ученички творби на конкурси во државата и надвор од неа, за што има добиени 12 награди. Во 1995 година ја иницирал изложбата на средношколци во Македонија која станува традиционална. Истата година на работничкиот универзитет „Благој Стрaчков" формирал училиште за цртање и сликање, и истата година почнува со работа меѓународното графичко ателје во Велес во негова организација и работа преку цела година. Во 1996 година Хусковиќ ја формирал меѓународната ликовна колонија од сите подрачја на ликовната уметност, со што градот Велес се здоби со постојана колекција на уметнички дела. Организатор бил и на

Меѓународното графичко биенале на мал формат. Фехим Хусковиќ докторирал од областа педагогија и методика на ликовната уметност на Уневерзитетот во Софија, Р. Бугарија. Работи како професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Организирал 67 самостојни изложби во земјата и во странство: Македонија, Србија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Словенија, Турција, Австрија, Германија, Норвешка и САД. Од 1990 година учествувал на повеќе од 550 групни изложби во земјата и во странство. Исто така учествувал на повеќе од 78 меѓународни колонии и симпозиуми низ светот. Добитник е на 25 награди од областа на ликовно-педагошката дејност и ликовните медиуми цртеж, графика и сликарство,како и на сертификати и дипломи од донации. Неговите дела се наоѓаат во познати светски музеи, галерии, фондации, асоцијации и приватни колекции.

Адреса:
Ул.Сараевска бр. 33, нас. Оризари, 91408 Велес, Македонија
Тел.: 078 454 117
Е-адреса: huskovic@flu.ukim.edu.mk

Објавени трудови

- Коавтор е на Планот и програмата по ликовно образование за средното уметничко училиште „Лазар Личеноски" во Скопје.
- Коавтор е на планот и изборната програма од прва до четврта година, проектна програма за гимназии.
- Изработил прирачник за типолошка поделба на ученици (приложен примерок во електронска форма).
- Го изработил прирачникот „Детското ликовно изразување преку линија, форма и боја низ ликовните подрачја"(приложен во електронска форма).

2009 - Воспитание „Списание за теорија и практика"
- Наставни објекти Државен универзитет „Гоце Делчев", Штип
- Сплит, Р.Хрватска, „Дјеца и младеж у свијету умјетности", „Уметничке галерије и ликовне способности дјетета".
2013 – Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј", „Методика на ликовно образование за студенти и професори", книга во печат.

Покрај споменатото, Фехим Хусковиќ е учесник на комисии и семинари во Сојузот на ликовните педагози и Бирото за развој на образованието .

Селектирани самостојни изложби
Реализирал 67 изложби во земјата и во странство во периодот од 1993 до 2013 година.
1993- Приштина, Галерија „ Боро и Рамиз"
1994- Куманово, Градска галерија

1995–Нови Пазар, Р. Србија, Галерија на градот
1997 - Велес, Галерија на градот
2002- Софија, Р. Бугарија, Галерија сезони
2002- Пловдив , Р. Бугарија, Галерија мексикански музеј
2003-Сараево, Р. БИХ, Галерија „Роман Петровиќ"
2004- Тузла, Р. БИХ, галерија БКС
2005-Штип, Уметничка галерија „Безистен"
2007- Зеница, БИХ, Галерија-музеј
2008- Ниш, Р. Србија, Галерија НКЦ
2008-Берлин, Р. Германија, МКЦ „Прима центар"
2008-Виена,Р. Австрија , Галерија „Хрватски културен центар"
2009-Смедерево, Р. Србија, изложба на слики, Галерија на современата уметност, Смедерево
2009-Сплит, Р. Хрватска, изложба, Галерија на градот- Музеј Сплит.
2009-Хвар, Р. Хрватска, изложба на слики Ф. Хусковиќ и Ж. Филиповиќ
2009-Њујорк, САД, Изложба на хартија, цртеж слика, графика, комбинирани техники, галерија „MC NEW YORK"
2010-Шибеник, Р. Хрватска, изложба на слики, Градска библиотека „Јурај Шишгориќ"
2010-Плав, Р. Црна Гора, изложба на слики, Дом на културата
2010–Бијело Поље, Р. Црна Гора, изложба на слики, „Утро", Дом на културата
2011–Љубљана, Р. Словенија, изложба на слики, „Мајчинство", Галерија „Водникова Домачија"
2011 –Виена, Р. Австрија, изложба на слики, „Мајчинство", Галерија „SPRADINSTITUT WONDER"
2011-Анкара, Р. Турција, изложба на слики, Саем на уметноста, Национална галерија
2011-Анкара Р.Турција Изложба на слики Галерија Гази универзитет
2011-Бихаќ Р.Б.Х. Изложба на слики Ф.Хусковиќ ,Т,Блажевски и Н.Бекири Градска галерија.
2011 –Магдебург ,Р,Германија ,Magdeburg Zuklus der Mutterschaft
2012-Крагуевац, Р.Србија, Изложба на слики, Градска галерија ,,Мостови на балканот"
2012-Лесковац, Р.Србија, Изложба на слики, Градска галерија .
2013- Скопје, Порта Македонија (во подготовка).

Селектирани групни изложби
Реализирал над 550 изложби во земјата и во странство во периодот од 1993 до 2013 година
1990- Приштина , Галерија Боро и Рамиз
1994- Скопје и други градови низ Македонија , изложба на отвоено графичко ателје
1995 – Гевгелија и градови низ Македонија , графичка колонија Гевгелија
1995- М.Брод и други градови низ Македонија, графичка колонија-М.Брод
1997- Битола 2-ро Меѓународно графичко триенале
1998- Рециборз ,Р.Полска , 2-ро Меѓународно биенале
1998-Битола, изложба ,,Македонски дрворез"

1999-Пазарџик-Р.Бугарија и др градови, Меѓународна колонија
1999- Ниш –Р.Србија и во други градови,графика мал формат -НГК
1999-Скопје и други градови, изложба на мал формат
2003-Битола, меѓународно графичко триенале
2003-Марибор - Р.Словенија, Галерија „ЛМ“
2003- Скопје , Скопје-100 години Илинден - 50 години ДЛУМ
2004- Ниш-Р.Србија, Галерија на современата уметност
2004-Тетово, 2-ро Меѓународно графичко биенале на мал формат
2004-Приштина-Косово, Меѓународно биенале на цртеж
2004-Скопје, зимски салон, музеј на современа уметност
2004-Велес , 2-ро Меѓународно графичко биенале
2004-Скопје, 35-та графичка изложба ДЛУМ
2004- Анкара Р.Турција , галерија на современата уметност
2004- Богусров – Горце Р.Полска,2-ро Меѓународно биенале на екслибрис и мала графика
2004-Осиек – Р.Хрватска , Млада македонска графика, Хрватски народен театар
2004- Београд-Р.Србија, екслибрис балкан култ
2004-Скопје, 30 годишна изложба на цртеж ДЛУМ-НУБ „ К. Охридски“
2004-Баја Маре –Р.Романија , Меѓународна изложба - мал формат
2004-Тузла –Р.БИХ , 6-та Меѓународна биенална изложба на портрет
2004-Сараево-Р.БИХ , изложба-мал формат, Галерија „Роман Петровиќ“
2005-Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ
2005-Клапеда –Р.Латвија, изложба екслибрис „ Губернија „
2005-Истанбул-Р.Турција , 2-ра Меѓународна изложба на графика
2005-Каиро –Р.Египет , 5-то Меѓународно графичко триенале
2005-Тузла – Р.БИХ , 2-ро Биенале на уметност
2005-Ужице –Р.Србија , 8-мо Меѓународно графичко биенале
2005-Малме – Р.Шведска , 12 Македонски уметници, Галерија J.T . APT
2005- Софија-Р.Бугарија, Македонска графика
2006- Тузла –Р.БИХ , 3-то Биенале- мал формат
2006- Панчево – Р.Србија , 4-то Меѓународно биенале екслибрис
2006-Скопје – мал формат- Македонско ликовно творештво
2007-Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ- Музеј на град Скопје
2007- Битола, меѓународно триенале на графика, музеј-галерија
2007- Риека –Р.Хрватска, Ревијална изложба УЛУ БИХ
2007-Барол Пио Царло –Италија, изложба екслибрис
2007-Огњал-Р.Полска, Изложба на графика
2007-Варна –Р.Бугарија, Меѓународно биенале на графика
2008-Тетово ,Меѓународно графичко биенале, Дом на културата .
-Нови Пазар,Р.Србија,Јесенски салон, Галерија Мулти медиални центар
-Ниш Р.Србија, ,Нишки графички круг, Галерија,, Тврѓава“.
2009 -Мостар,БиХ.Годишна изложба на цртеж Б и Х.
-Ужице Р.Србија ,Меѓународно графичко биенале на сува игла „Градска галерија .
-Сараево,Б и Х .Ревијална изложба УЛУ Би Х „Колегиум Артистикум“
-Ниш, Р.Србија, Нишки цртеж 2009, Галерија „Србија“.
-Сараево ,БиХ,Изложба мал формат 2009 Галерија „Роман Петровиќ“.
-Задар,Р.Хрватска,Меѓународна изложба ECNSI-ZADAR 2009 Музеј Античког Града

2010-Бијело Поље.Р.Црна Гора,Муѓународна ликовна колонија 2010,Дом на Култура
-Нови Пазар.Р.Србија-Прва меѓународна изложба мал формат на хартија Мултимедијален центар .
-Ниш.Р.Србија-Меѓународна изложба четиринаест начина да се опише дожд.
Галерија Клуб Академије Ниш 2010
-Погдорица.Р.Црна Гора-Изложба-Хепенинг-Градски плоштад-Подгорица, 2010
-Нови Пазар.Р.Србија-Јесењи салон 2010, Галерија Мултимедијален центар
-Espania- VII Muestra Internacional De Arte Pastal Cludad De Ceuta
-Панчево.Р.Србија-Трето меѓународно бијанале Ex Libris 2010
-Бихаќ.Р.БиХ-Ликовна колонија Ценат Дуга-Кулен Вакуф-Градска Галерија Бихаќ
-Скопје.Р.Македонија-Светска галерија на ументоста на хартија Остен
-Ниш.Р.Србија-XVI Изложба НГК-2010 Галерија савремене уметности
2011- Русе-Р.Бугарска-Дунав реката на Европа - екслибрис
- Варна.Р.Бугарија-16 Интернатионал Принт Бианале Варна 2011
-Ниш.Р.Србија- Фуга смрти Paul Celan-Галерија Синагога 2011
-Призрен.Р.Косово-8 ULUSTRASI „Sahta Uyanmk" Festival
- France – Pripriac Assoiciatin Francaise pour la Cannaisance de Ex-Libirs Aleier Jan Brito Ville de Pipraic Jun 2011
-Ужице,Р.Србија-International Graphic Art Biennial Dry Point Uzice 2011
-Анкара-Р.Турција-Gazi Universitesi International Art Sumposim Turkis
-Н.Пазар-Р.Србија-Есеенски салон 2011-Мултимедијални центар
-Kiew-Polska-Mini Print International
-Ниш-Р.Србија-Нишки цртеж 2011-Галерија „Србија"
-Ниш-Р.Србија-Инспирација на Пикасо-Галаерија Синагога
2012-Ниш Р. Србија Изложба УЛУС 2012 „Галерија савремене метности".
-Коње, Р.Турција, Изложба на ликовна колонија „Каратај Универзитет",
-Коње, Р.Турција Изложба на меѓународна колонија„Градска галерија"
-Скопје, 30 години ФЛУ- Скопје „Музеј на современа уметност"
-Скопје, 100 уметници со 100 дела,Национална галерија „ Даут пашин амам".
-Анкара, Р.Турција- Колекција „ЧАСАВ"-Галерија Часав.
-Едерне,Р.Турција„ Деваци Хан Култур „ Туркези Серги Салону"
-Сараево,Би.Х. Изложба УЛУ Б и Х 2012 „Колегиум Артикстум".
-KONYVLAR,Madjarska III Balaton Salon 2012. Medjunarodno Bijenale Muvelcdesi Itazes- Konyutar Madjarska
-Кавадарци-20 Меѓународна колонија Лесново 2011, Дом на културата
-Едерне Р.Турција Изложба „САНАТЛА –УЈМАК 2012 ",Галерија „Мехмед пашин амам".
-Чачак, Р.Србија, Меѓународно биенале графике -Чачак 2012.
- Zhejiang, Р.Кина INTERNACIONAL ARTS EXCHANGE OF MUSEUM
-Штип, Изложба 20 Меѓународна ликовна колонија Лесново 2011 „Дом на културата".
-Ужице, Р.Србија,Меѓународно бијенале на сува игла- Ужице

-Тетово, V Меѓународно биенале на Мала графика
-Русе Р.Б.угарија „ EX Libris Ruse“..
-Струмица, 20 Меѓународна ликовна колонија Лесново, 2011 „Дом на културата“.
- Нитра-Словакија-Изложба Меѓународен симпозиум 2012, Нитра
-Скопје-40 светкса галерија на цртеж Остен –Биенале на цртеж, Скопје, 2012
-Мостар.Р.БиХ-15 Анале на цртеж Мостар, 2012
-Ниш.р.Србија-Изложба.Нишки културен центар, 2012
-Едрене.Р.Турција-Изложба на дела,Меѓународен Синпозиум „Sanatla-Ujanmak”
Тракиски универзитет Едрене, 2012
2013- Алексинац.Р.Србија-Изложба „Син Јавач” 2013 Дом на култура
-Македонски Брод-Изложба на графики од Меѓународна колонија Македонски Брод
-Ниш-Р.Србија-Прво меѓународно бијанале мале графике 2013
-Ниш-Р.Србија-Нишки цртеж 2013 Идентитети Галерија „Србија“ Павиљон у тврѓави
-Панчево-Р.Србија-Четвртово меѓународно бијанале EX-ЛИБРИС 2013
-Прилеп-Изложба на графики меѓународна колонија Македонски Брод, 2013
-Скопје-Хуманитарна изложба,Кука на уметноста КИЦ-Скопје, 2013
-Скопје-Прва иинтернационална балканска изложба „МОСТ’ КИЦ Скопје, 2013

Учество на поважни меѓународни ликовни колонии

Земал учество на 78 ликовни колонии во земјата и во странство во периодот од 1991 до 2013 година

1991-Врњачка Бања - Р.Србија,
1992-Грачаница – Косово
1995-Сопучани – Р.Србија
1999- Созопол – Р.Бугарија, на ликовни педагози
2004- Плав –Црна Гора
2004-Улцин Црна Гора
2005- Панаѓуриште – Р.Бугарија
2005- Решетари-Хрватска
2006- Сребреник – БИХ
2007- Врање – Р.Србија
2008-Велес
2009-Бијело Поље Р,Црна Гора
2010-Кулен Вакув Р,Б.и Х
2010 -Бијело Поље Р.Ц .Гора
2010-Кавадарци
2010-Призрен ,Р.Косово
2011 -Пробиштип
2012-Коња, Р.Турција.
2012-Едерне, Р.Турција
2012-Нитра, Р Словакија
2012-Пробиштип
2012-Одемиш, Р.Турција
2012- М.Брод

Избор на награди

Добитник е на 25 награди во земјата и во странство од 1992 до 2013 година за педагошка и ликовна дејност.

Награди со ученици

1994- Италија, за мир и заеднички живот на Балканот
1994- Торун, Р.Полска, 9-то меѓународно биенале
1996- Торун, Р Полска, втора награда
1998- Торун,Р.Полска, 11-то меѓународно биенале
1999- Созопол, Р.Бугарија,награда за најдобра колекција

Организатор е на ученички изложби во земјата и во странство: Велес, Битола, Торун, Созопол, Софија и др.

Награди од ликовната дејност

1992 –Награда за графика ФЛУП
1994- Приштина , бесплатни студии на ФЛУП
2000- Велес , Деветоноемвриска награда на градот
2002 – Софија –Р.Бугарија , Диплома-Национална галерија
2002- Тузла –БИХ , диплома 10-то Меѓународно биенале на цртеж
2003- Битола ,Меѓународно графичко триенале – награда на град Битола
2004- Награда за цртеж „Ристо Калчевски", Сојуз на ликовните педагози на Македонија
2004- Награда за сликарство мал формат „ Димитар Пандилов", ДЛУМ
2007 – Награда за цртеж „Никола Мартиновски", ДЛУМ
2009 –Нови Пазар, Р.Србија, Јесењи ликовни салон, Награда за цртеж.
2010-Коња, Р.Турција, Мевлана интернационал Арт DAYS
2011-Анкара ,Р.Турција, Гази Универзитет, самостојна изложба
2012-Ниш,Р.Србија,награда „Сини Јахач"

Учество – графичко ателје

1995 -1996, Скопје , отворено графичко атлје КИЦ- Скопје
1997-Велес,Работнички универзитет „Благој Страчковски"
1998–Ниш , Р.Србија, отворено графичко атлје Нишки графички круг
2000–Габрово - Р.Бугарија- симпозиум

Наставно-образовна дејност и дејност од поширок интерес

Во доменот на научноистражувачката дејност, во периодот од 1994 до 2013 година има објавено повеќе трудови: во 2009 година-Воспитание-списание за теорија и практика. 2009- Наставни објекти – Државен универзитет „Гоце Делчев"-Штип, Сплит-Хрватска 2009 год. "Дјеца и младеж у свјету умјетности"-2009 год. Умјетничке галерије и ликовне способности дјетета, 2013 год Скопје-Универзитет " Св. Кирил и Методиј" – Методика на ликовно образование за студенти и професори (книга во печат).Проф. Хусковиќ е коавтор на планови и програми за стручни средни училишта и

гимназии, автор на прирачници за ликовната проблематика во образовниот процес, како и учесник во комиси и семинари во друштвото-Сојузот на ликовните педагози и Бирото за развој на образованието.

Проф. Хусковиќ има одржано предавања по покана од странски универзитети; 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 година -Универзитет за ликовни уметности во Сараево-БиХ,2011 година на ГАЗИ универзитетот-Анкара-Турција, 2011 година на Каратај универзитетот-Коња- Турција и други. Член е во комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови,а исто така бил ментор и коментор на повеќе докторски дисертации во земјата и во странство од областа на методиката на универзитетите во Битола-Р.Македонија,Сараево-БиХ и други универзитети.

Проф.д-р Фехим Хусковиќ има одржано настава со начин на преземање на Факултетот за обработка на дрво и дизајн на ентериер при УКИМ во студиската 2011/2012 година.

Проф.д-р-Хусковиќ на Катедрата за ликовна педагогија е вработен од 2000 година во звањето асистент по предметот методика на настава по ликовна култура. Надоградувајќи го асистентскиот стаж со иницијатива, со перманентна ангажираност, прераснал како вреден соработник во унапредувањето на методолошкиот пристап, како и пренесување на програмските содржини на студентите за нивна поголема едуцираност во процесот на наставата. Позитивните карактеристики на колегата Хусковиќ се манифестираат по неговиот избор во 2003 година во звањето доцент по предметите: методика на ликовно образование и акт. Во своето работење продолжува со активностите во научно-истражувачкото поле и ликовното творештво и неговото презентирање н во земјата и во странство, за во 2008 година да биде избран во звањето вонреден професор на Катедрата за ликовна педагогија по предметите методика на ликовна култура и акт со пластична анатомија.

По споменатиот реизбор, продолжува со научноистражувачката работа во полето на методиката, педагогијата и ликовното творештво со негова презентација.

Творечка активност

Ликовното творештво на професорот Хусковиќ главно е фокусирано во ликовните медиуми графика и сликарство, а во поновиот период експериментира и со амбиенталниот простор, со перформансот (два пати во Анкара во Националната галерија и Универзитетот ГАЗИ во Турција, во Бијело поље во Црна Гора и во Нови Пазар, во Србија). Во сликарскиот медиум, од сликарските техники повеќе ја користи маслената техника, а во последниот период и акрилната техника, не запоставувајќи ги и останатите сликарски техники. Хусковиќ по вокација е графичар-сликар, а ваквиот впечаток го добиваме од неговите слики, каде што покрај колоритот, застапена е и линијата и плохата. Енформелскиот пристап е присутен во неговите дела, како во сликите, така и во графиките со употребата на графичките техники колографија и линогравура. Покрај наведените графички техники, Хусковиќ во своето графичко творештво е препознатлив во последниот период по

8

употребата на високиот печат, дрворезот и линорезот во повеќе пастелни бои, сето тоа реализирано во големи формати, споени или засебно поставени. Особено внимание предизвикуваат графиките со формат Б2, во кои е застапено комбинирањето по механички пат на обработка (режење) на линолеумот со негово длабоко печатење (линогравура) и високо печатење (линорез), комбинирано со колографијата, каде што имаме обратна постапка од режењето–надградба со разни материјали, текстури и лепила. Во минијатурата и малиот формат ги негува графичките техники медзотинта и сува игла, како механички техники во графичкиот израз, каде што доминира црно-сивата градација, т.е. графицизам во ликовното. Хусковиќ е вљубеник и на цртежот како засебна ликовна дисциплина - медиум, каде што со посебен сензибилитет и ракопис преку линеарното и црно-сиво степенување го негува својот поглед на светот кој го опкружува.

Во внатрешниот имагинарен простор на ликовните дела, слики, графики и цртежи егзистираат асоцијативни форми на препознатливи елементи, простори и мотиви, апстрахирани и споени во естетска целина од плошни решенија, структурални делови и присутност на линии, емоционално и експресивно пренесени. Хусковиќ, со јагленот, четката, иглата, длетото, се радува, копнее, тагува, слави, размислува, создава од животот, за животот. Во неговото творештво секогаш е присутно непознатото, и прашањето кој сум, каде сум, од кого сум, каде ќе одам, вечниот човеков интерес и неизвесноста. За неговото ликовно творештво, од 2009 до 2013 година, говорат и самостојните претставувања, од кои ендендел се по повик, како изложбите во Сплит, Р. Хрватска, Галерија и Музеј на градот Сплит, Шибеник, Анкара, Турција, Галерија ГАЗИ Универзитет, Саем на уметноста-Анкара, Виена-Австрија, Галерија "Spradinstitut wonder ,,, потоа Магдебург, Германија, Љубљана, Словенија, Сараево, Бихаќ, Р.БиХ и во други држави. Покрај наведените самостојни изложби по повик, самостојно има излагано и во други држави во странство: Берлин, Германија, КЦ „Прима центар", Њујорк, САД, „МС New York", Хвар, Хрватска, Крагуевац, Смедерево, Лесковац, Р. Србија и др. Во стручно-уметничката дејност тој имал самостојно јавно претставување во нашата држава, како во Куманово, Штип, Тетово, Гостивар и Скопје (реализација во април 2013 година, Мултимедијален простор „Порта Македонија").

Покрај групните претставувања во странство, професорот Хусковиќ е присутен со ликовни дела и во земјата: Скопје – *100 уметници со 100 дела*, Национална галерија Даут пашин амам, Тетово, *5-то Меѓународно графичко биенале*, Скопје, *Остен-Меѓународно биенале на цртеж*, Скопје-*Прва меѓународна балканска изложба „Мост"*, следат: Кавадарци, Прилеп, Штип и многу други. Учесник е на меѓународни симпозиуми-колонии: Коње-Р.Турција, Меѓународен симпозиум–Каратај универзитет, Нитра–Р.Словакија, Кулен Вакуф-.Р.БиХ,Призрен-Р.Косово, Плав-Р.Црна Гора и др.

За своето педагошко и ликовно творештво во периодот од 1992 до 2013 година има добиено 25 награди, од кои 12 за ликовно-образовна дејност и 13 за творечка дејност: 2002, Тузла, БиХ, Меѓународно биенале 2003, Битола,

Меѓународно тиранале, 2008 година-награда на градот Велес за творештво,2009 година–награда за цртеж Есенски ликовен салон“ во Р. Србија-Н.Пазар, 2010 год. Награда за самостојна

изложба во Анкара-Турција-Гази универзитетот,2010, Коње-Турција, мевлана International art days,2013 Ниш-Р.Србија, прва награда-меѓународна изложба „Син јавач“. Неговите ликовни остварувања се наоѓаат во странски и домашни збирки на фондации, асоцијации, галерии и музеи.

Значајно е да се нагласи дека д-р Фехим Хусковиќ е добитник на дипломи, благодарници и други сертификати за учество и донација во домашни и странски збирки.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Континуираните достигнувања на вонр.проф. д-р Фехим Хусковиќ во научните истражувања во педагогијата и методиката, како и ликовното творештво на меѓународната и домашната ликовна сцена, и резултатите во неговото севкупно ангажирање во педагошко-образовниот процес и коректниот однос кон колективот на ФЛУ, придонесе Рецензентската комисија да донесе заклучок дека пријавениот кандидат ги исполнува сите услови за избор за наставник во повисоко звање. Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да му предложи, вонредниот проф. д-р Фехим Хусковиќ да биде избран во звањето **редовен професор** по предметите акт со пластична анатомија и методика на ликовна култура на Катедрата за ликовна педагогија.

Рецензентска комисија

Ред. проф. д-р Трајче Блажевски, претседател с.р.

Ред. проф. м-р Рубенс Корубин, член с.р.

Ред. проф. д-р Желько Филиповиќ, член с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **вонр. проф. д-р. Фехим Хусковиќ**
Институција: **Факултет за ликовни уметности - Скопје**
Уметничка област: **Катедра за ликовна педагогија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава од прв циклус студии**	
	Вечерен акт 1-2 2007/8 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 3-4, 2007/08, /зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Вечерен акт 5, 6, 7, 8, 2007/08, /зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Методика на ликовна култура, 2007/8, зим./лет. 4x15 x 0.04=	2.4
	Вечерен акт 1-2 2008/9 зим./лет., 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 3-4, 2008/09, зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Вечерен акт 5, 6, 7, 8, 2008/09, зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Методика на ликовна култура , 2008/9, зим./лет. 4x15 x 0.04=	2.4
	Вечерен акт 1-2 2009/10 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 3-4, 2009/10, зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Вечерен акт 5, 6, 7, 8, 2009/10, зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Методика на ликовна култура , 2009/10 зим./лет. 4x15 x 0.04=	2.4
	Вечерен акт 1-2 2010/11 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 1-2 2010/11 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 5, 6, 7, 8, 2010/11, зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Методика на ликовна култура , 2010/11,зим./лет. 4x15 x 0.04=	2.4
	Вечерен акт 1-2 2010/12 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 3-4 2011/12 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 5-6-7-8, 2011/12, зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Методика на ликовна култура, 2011/12, зим./лет. 4x15 x 0.04=	2.4
	Вечерен акт 1-2 2012/13 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 3-4 2012/13 зим./лет. 10x15 x 0.04 =	6
	Вечерен акт 5, 6, 7, 8, 2012/13, /зим./лет. 10x15 x 0.04=	6
	Методика на ликовна култура , 2012/13, зим./лет. 4x15 x 0.04=	6
2	**Хоспитаци со студенти од прв циклус**	
	2008/09, летен 3x15x0.002=	0.9
	2009/10, летен 3x15x0.002=	0.9
	2010/11, летен 3x15x0.002=	0.9
	2011/12, летен 3x15x0.002=	0.9
	2012/13, зимски 3x15x0.02=	0.9

3	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**	
	2008/9 – 1; 2009/10 – 1; 2 x 0.3 =	**0.6**
4	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	
	2007/08-7 2008/2009-4 2009/2010 -1 2010/2011-5 2011/2012-2 19x0.1=	**1.9**
	Вкупно	**135,5**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
	Ментор на докторска дисертација	
	2010/2011– 1 2012/2013-1 2x3=	**6**
	Коментор на докторска дисертација	
	2011/2012-1 1x1.5=	**1.5**
	Објавени трудови	
1	- Коавтор на планот и програмата по ликовно образование за Средното уметничко училиште „ Лазар Личеноски“ во Скопје	**4**
2	- Коавтор на планот и изборната програма од прва до четврта година, проектна програма за гимназии.	**4**
3	-Изработил прирачник за типолошка поделба на ученици (приложен примерок во електронска форма)	**4**
4	-Го изработил прирачникот „Детското ликовно изразување преку линија форма и боја низ ликовните подрачја“ (приложен во електронска форма)	**4**
5	**2009** - „Воспитание“ - Списание за теорија и практика	**4**
6	-Наставни објекти: Државен уневерзитет „Гоце Делчев“- Штип	**4**
7	-Сплит, Р.Хрватска, „Дјеца и младеж у свијету умјетности“ , „Уметничке галерије и ликовне способности дјетета“.	**4**
8	**2013** – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” „Методика на ликовно образование“ за студенти и професори.(книга во печат)	**4**
	Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет	
1	2008-Универзитет во Сараево-БиХ	**3**
2	2009-Универзитет во Сараево-БиХ	**3**
3	2010-Универзитет во Сараево-БиХ	**3**
4	2011-Универзитет во Сараево-БиХ	**3**

5	2011-Тракиски универзитет-Коња-Р.Турција	**3**
6	2011-Гази универзитет-Анкара-Р.Турција	**3**
7	2011-Тракиски универзитет-Коња-Р.Турција	**3**
8	2012-Универзитет во Сараево-БиХ	**3**
	Вкупно	**63,5**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
9	**Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство по повик)**	
1	2009-Смедерево,Р.Србија .Изложба на слики Галерија на современа уметност Смедерево.	7
2	2009-Сплит, Р.Хрватска ,Изложба Галерија на градот музеј Сплит	7
3	2010-Шибеник ,Р Хрватска Изложба на слики Градска библиотека „Јурај Шишгорић“	7
4	2010 –Бијело Поље, Р.Црна Гора ,Изложба на слики „Утро„Дом на културата“.	7
5	2011 –Љубљана Р.Словенија Изложба на слики„Мајчинство.Галерија Водникова Домачија	7
6	2011 –Виена -Р.Австрија, Изложба на слики „Мајчинство“,Галерија „ SPRADINSTITUT WONDER .	7
7	2011-Анкара Р.Турција, Изложба на слики, Саем на уметноста Национална галерија .	7
8	2011-Анкара Р.Турција Изложба на слики Галерија Гази Уневерзитет	7
9	2011-Сараево, БиХ, Слики ,цртежи и графики . Постојана поставка Бошњачки центар на интелектуалци.	7
10	2011-Бихаќ, БиХ. Изложба на слики Ф.Хусковиќ ,Т,Блажевски и Н.Бекири Градска галерија.	7
11	2011 –Магдебург,Р.Германија ,Magdeburg Zuklus der Mutterschaft	7
12	2012-Крагуевац,Р.Србија, Изложба на слики Градска галерија „Мостови на Балканот”	7
	Позначајни самостојни изложби – во странство	
1	**1993**- Приштина,Галерија „ Боро и Рамиз“	4
2	**1995** – Нови Пазар, Р.Србија, Галерија на градот	4
3	**2002**- Софија, Р.Бугарија , Галерија „Сезони“	4
4	**2002**- Пловдив , Р.Бугарија, Галерија „Мексикански музеј“	4
5	**2003**-Сараево ,БиХ , Галерија „Роман Петровиќ“	4
6	**2004**- Тузла , БиХ ,Галерија БКС	4
7	**2007**- Зеница ,БиХ , Галерија-музеј	4
8	**2008**- Ниш, Р.Србија , Галерија НКЦ	4

9	**2008**-Берлин, Р.Германија , МКЦ Прима центар	**4**
10	**2008**- Виена ,Р.Австрија ,Галерија,, Хрватски културен центар“	**4**
11	**2009**-Смедерево,Р.Србија .Изложба на слики Галерија на современа уметност Смедерево.	**4**
12	**2009**-Сплит, Р.Хрватска ,Изложба Галерија на градот музеј Сплит.	**4**
13	**2009**-Хвар,Р.Хрватска ,Изложба на слики Ф.Хусковиќ Ж.Филиповиќ	**4**
14	**2009**-Њујорк, САД ,Изложба на хартија цртеж слика ,графика ,комбинирани техники, Галерија „MC NEW YORK”	**4**
15	**2010**-Шибеник ,Р Хрватска Изложба на слики Градска библиотека ,Јурај Шишгорић,,	**4**
16	**2010**-Плав, Р.Црна Гора ,Изложба на слики Дом на култура.	**4**
17	**2010** –Бијело Поље, Р.Црна Гора ,Изложба на слики „Утро,,Дом на културата.	**4**
18	**2011** –Љубљана, Р.Словенија Изложба на слики„Мајчинство..Галерија Водникова Домачија	**4**
19	**2011** –Виена,Р.Австрија Изложба на слики „Мајчинство..Галерија „ SPRADINSTITUT WONDER .	**4**
20	**2011**-Анкара, Р.Турција, Изложба на слики Саем на уметноста Национална галерија .	**4**
21	**2011**-Анкара, Р.Турција Изложба на слики Саем на уметноста Национална галерија .	**4**
22	**2011**-Бихаќ, БиХ. Изложба на слики Ф.Хусковиќ ,Т,Блажевски и Н.Бекири Градска галерија.	**4**
23	**2011** –Магдебург ,Р,Германија ,Magdeburg Zuklus der Mutterschaft	**4**
24	**2012**-Крагујевац Р.Србија, Изложба на слики Градска галерија „Мостови на балканот”	**4**
25	**2012**-Лесковац, Р.Србија, Изложба на слики Градска галерија	**4**
	Позначајни самостојни изложби – во земјата	
1	**1993** –Скопје , Културно информативен центар	**3**
2	**1994**-Куманово,Градска Галерија	**3**
3	**1995**-Штип,Галерија „Безистен”	**3**
4	**1997** - Велес, Галерија на градот	**3**
5	**2003**-Скопје,Културно информативен центар	**3**
6	**2008**-Велес,Галерија на град Велес	**3**
	Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во странство)	
1	**1990**- Приштина , Галерија Боро и Рамиз	**2**
2	**1998**- Рециборз ,Р.Полска , 2-ро меѓународно биенале	**2**
3	**1999**-Пазарџик-Р.Бугарија и др градови , меѓународна колонија Срница 99.	**2**
4	**1999**- Ниш –Р.Србија и во други градови,графика мал формат -НГК	**2**
5	**2003**-Марибор - Р.Словенија , Галерија „ЛМ“	**2**
6	**2004**- Ниш-Р.Србија, Галерија на современа уметност	**2**

7	**2004**-Приштина,Косово, Меѓународно биенале на цртеж	**2**
8	**2004**- Анкара, Р.Турска , Галерија на современа уметност	**2**
9	**2004**- Богусров – Горце, Р.Полска,2-ро Меѓународно биенале на екслибрис и мала графика	**2**
10	**2004**-Осиек – Р.Хрватска , млада Македонска графика , Хрватски народен театар	**2**
11	**2004**- Београд-Р.Србија, екслибрис балкан култ	**2**
12	**2004**-Баја Маре –Р.Румунија , Меѓународна изложба мал формат	**2**
13	**2004**-Тузла –Р.БИХ , 6-та Меѓународна биенална изложба на портрет	**2**
14	**2004**-Сараево-Р.БИХ , изложба мал формат , Галерија „Роман Петровиќ“	**2**
15	**2005**-Клаапеда ,Р.Латвија , изложба екслибрис „ Губернија“	**2**
16	**2005**-Истанбул,Р.Турција , 2-ра Меѓународна изложба на графика	**2**
17	**2005**-Каиро ,Р.Египет , 5-то Меѓународно графичко триенале	**2**
18	**2005**-Тузла ,БиХ , 2-ро Биенале на уметност	**2**
19	**2005**-Малме, Р.Шведска , 12 Македонски уметници, Галерија J.T . APT	**2**
20	**2005**- Софија,Р.Бугарија, Македонска графика	**2**
21	**2006**- Тузла,Р.БИХ , 3-то Биенале мал формат	**2**
22	**2006**- Панчево, Р.Србија , 4-то Меѓународно биенале екслибрис	**2**
23	**2007**- Риека,Р.Хрватска, Ревијална изложба УЛУ БИХ	**2**
24	**2007**-Барол Пио Царло, Италија , изложба екслибрис	**2**
25	**2007**-Огњал-Р.Полска, изложба на графика	**2**
26	**2007**-Варна –Р.Бугарија, Меѓународно биенале на графика	**2**
27	. -Нови Пазар,Р.Србија , Јесенски салон 2008, Галерија „Мулти медијални центар“ .	**2**
28	-Ниш Р.Србија, ,Нишки графички круг Галерија тврѓава.	**2**
29	**2009** -Мостар ,Р.БиХ.Годишна изложба на цртеж Б и Х.	**2**
30	-Ужице Р.Србија ,Меѓународно графичко биенале на сува игла „Градска галерија“.	**2**
31	-Сарајево, Б и Х ,Ревијална изложба УЛУ БиХ „Колегиум Артистикум“	**2**
32	-Ниш Р.Србија Нишки цртеж 2009 Галерија „Србија“	**2**
33	-Сарајево Р,БиХ.Изложба мали формат 2009 Галерија „Роман Петровиќ“.	**2**
34	-Задар,Р.Хрватска,Меѓународна изложба ECNSI-ZADAR 2009	**2**
35	**2010**-Бијело Поље.Р.Црна Гора,Муѓународна ликовна колонија 2010,Дом на Култура	**2**
36	-Нови Пазар.Р.Србија-Прва меѓународна изложба мал формат на хартија, 2010	**2**
37	-Ниш,Р.Србија-Меѓународна изложба четрнаест начина да се опише киша. Галерија Клуб Академије - Ниш 2010	**2**
38	-Погдорица.Р.Црна Гора-Изложба-Хепенинг-Градски плоштад Подгорица 2010	**2**
39	-Нови Пазар.Р.Србија-Јесењи салон 2010 Галерија	**2**

	Мултимедијални центар	
40	-Espania- VII Muestra Internacional De Arte Pastal Cludad De Ceuta	2
41	-Панчево.Р.Србија-Трето меѓународно бијанале Ex Libris 2010	2
42	-Бихаќ, БиХ-Ликовна колонија Ценат Дуга-Кулен Вакуф-Градска Галерија Бихаќ	2
43	-Ниш.Р.Србија-XVI Изложба НГК-2010 Галерија савремене уметности	2
44	**2011**- Русе-Р.Бугарска-Дунав реката на Европа - екслибрис	2
45	- Варна.Р.Бугарија-16 Интернатионал Принт Бианале Варна 2011	2
46	-Ниш.Р.Србија- Фуга смрти Paul Celan-Галерија Синагога 2011	2
47	-Призрен.Р.Косово-8 ULUSTRASI „Sahta Uyanmk" Festival	2
48	- France – Pripriac Assoiciatin Francaise pour la Cannaisance de Ex-Libirs Aleier Jan Brito Ville de Pipraic Jun 2011	2
49	-Ужице,Р.Србија-International Graphic Art Biennial Dry Point Uzice 2011	2
50	-Анкара-Р.Турција-Gazi Universitesi International Art Sumposim Turkis	2
51	-Н.Пазар-Р.Србија-Есеенски салон 2011-Мултимедијални центар	2
52	-Kiew-Polska-Mini Print International	2
53	-Ниш-Р.Србија-Нишки цртеж 2011-Галерија „Србија	2
54	-Ниш-Р.Србија-Инспирација на Пикасо-Галаерија Синагога	2
55	**2012**-Ниш, Р. Србија Изложба УЛУС 2012 „Галерија савремене метности".	2
56	-Коње, Р.Турска Изложба на Ликовна колонија „Каратај Уневерзитет".	2
57	-Коње, Р.Турција Изложба на меѓународна колнија„Градска галерија" Коње.	2
58	-Анкара Р,Турција Колекција „ЧАСАВ„„Галерија Часав„.	2
59	-Едерне „Р.Турција„ Деваци Хан Култур „ Туркези Серги Салону "	2
60	-Сарајево Р.Би.Х. Изложба УЛУ Б и Х 2012 „Колегиум Артикстум".	2
61	-KONYVLAR,Madjarska III Balaton Salon 2012. Medjunarodno Bijenale Muvelcdesi Itazes Konyutar Madjarska	2
62	-Едерне Р.Турција Изложба „САНАТЛА –УЈМАК 2012" „Галерија Мехмед пашин хамам".	2
63	-Чачак Р.Србија Меѓународно Бијенале Графике Чачак 2012.	2
64	- Zhejiang, Р.Кина INTERNACIONAL ARTS EXCHANGE OF MUSEUM	2
65	-Ужице, Р.Србија „Меѓународно Бијенале на Сува Игла Ужице	2
66	-Русе, Р.Б.угарија „ EX Libris Ruse".	2
67	- Нитра,Словакиа-Изложба Меѓународен синпозим 2012 „Нитра	2
68	-Мостар,БиХ-15 Анале на цртеж- Мостар 2012	2
69	-Ниш,Р.Србија-Изложба-Нишки културен центар 2012	2

70	-Едрене,Р.Турција-Изложба на дела,Меѓународен Синпозиум „Sanatla-Ujanmak"	**2**
71	**2013-** Алексинац.Р.Србија-Изложба „Син јавач" 2013- Дом на култура	**2**
72	-Ниш.Р.Србија-Прво меѓународно бијанале мале графике 2013	**2**
73	-Ниш/р.Србија-Нишки цртеж 2013 Идентитети Галерија „Србија" Павиљон у тврѓави	**2**
74	-Панчево/Р.Србија-Четвртово меѓународно бијанале EX-ЛИБРИС 2013	**2**
	Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во земјата)	
1	**1994-** Скопје и други градови низ Македонија , изложба на отвоено графичко ателје	**1**
2	**1995** – Гевгелија и градови низ Македонија , графичка колонија Гевгелија	**1**
3	**1995-** М.Брод и други градови низ Македонија , графичка колонија М.Брод	**1**
4	**1997-** Битола 2-ро меѓународно графичко триенале	**1**
5	**1998**-Битола, изложба „Македонски дрворез"	**1**
6	**1999**-Скопје и други градови, изложба на мал формат	**1**
7	**2003**-Битола, Меѓународно графичко триенале	**1**
8	**2003-** Скопје , Скопје-100 години ,Илинден - 50 години ДЛУМ	**1**
9	**2004**-Тетово, 2-ро Меѓународно графичко биенале на мал формат	**1**
10	**2004**-Скопје, Зимски салон , Музеј на современа уметност	**1**
11	**2004**-Велес , 2-ро Меѓународно графичко биенале	**1**
12	**2004**-Скопје, 35-та графичка изложба ДЛУМ	**1**
13	**2004**-Скопје, 30 годишна изложба на цртеж ДЛУМ-НУБКО	**1**
14	**2005**-Скопје , годишна изложба на ДЛУМ	**1**
15	**2006**-Скопје, мал формат,, Македонско ликовно творештво"	**1**
16	**2007**-Скопје, годишна изложба на ДЛУМ- „Музеј на град Скопје"	**1**
17	**2007-** Битола, Меѓународно триенале на графика , музеј - галерија	**1**
18	**2008**-Тетово, Меѓународно графичко биеанале „Дом на култура"	**1**
19	**2010**-Скопје.Р.Македонија-Светска галерија на ументоста на хартија „Осте" 2010	**1**
20	**2012**-Скопје 30 години ФЛУ Скопје -Музеј на современата уметност	**1**
21	**2012**-Скопје 100 уметници си 100 дела -Национална галерија „Даут пашин амам".	**1**
22	**2012**-Скопје, 100 уметници со 100 дела „Национална галерија „Даут пашин амам".	**1**
23	**2012**-Штип, Изложба 20 Меѓународна Ликовна Колонија-Лесново 2011 „Дом на културата"	**1**
24	**2012**-Тетово, V Меѓународно Биенале на Мала графика	**1**
25	**2012**-Струмица 20 меѓународна Ликовна Колонија Лесново 2011 „Дом на култура,,.	**1**

26	**2012**-Скопје-40 Светска галерија на цртеж „Остен“ –Биенале на цртеж, Скопје, 2012	**1**
27	**2013**-Македонски Брод-Изложба на графики од Меѓународна колонија, Македонски Брод	**1**
28	**2013**-Прилеп-Изложба на графики од Меѓународна колонија Македноски Брод 2013	**1**
29	**2013**-Скопје-Хуманитарна изложба,Куќа на уметноста „КИЦ“-Скопје 2013	**1**
30	**2013**-Скопје-Прва иинтернационална балканска изложба „МОСТ' КИЦ Скопје 2013	**1**
	Учество на меѓународни ликовни колонии- избрани (во странство) во периодот од 199 до 2013 година	
1	**1991**-Врњачка Бања -,С.Р.Југославија	**4**
2	**1992**-Грачаница – Косово	**4**
3	**1995**-Сопучани – Р.Србија	**4**
4	**1999**- Созопол – Р.Бугарија, на ликовни педагози	**4**
5	**2004**- Плав –Црна Гора	**4**
6	**2004**-Улцин- Црна Гора	**4**
7	**2005**- Панаѓуриште – Р.Бугарија	**4**
8	**2005**- Ресцтари-Р.Хрватска	**4**
9	**2006**- Сребреник – БиХ	**4**
10	**2007**- Врање – Р.Србија	**4**
11	**2009**-Бијело Поље Р,Црна Гора	**4**
12	**2010** -Бијело Поље, Р.Ц .Гора	**4**
13	**2010**-Кавадарц,Р.Македонија	**4**
14	**2010**-Призрен,Р.Косово	**4**
15	**2012**-Коња, Р.Турција.	**4**
16	**2012**-Едерне Р.Турција	**4**
17	**2012**-Нитра, Р. Словакија	**4**
18	**2012**-Одемиш, Р.Турција	**4**
	Учество на ликовни колонии – избрани во земјата во период од 1991-2013 година	
1	**1994**-Куманово	**2**
2	**1995**-Гевгелија	**2**
3	**1998**-Велес	**2**
4	**2004**-Кавадарци	**2**
5	**2005**-Струга	**2**
6	**2006**-Гостивар	**2**
7	**2012**- М.Брод	**2**
8	**2012**-Пробиштип	**2**
	Позначајни награди и признанија	
1	1992-Приштина ,награда за графика ФЛУП	
2	1994-Приштина Бесплатни студии од ФЛУ Приштина	
3	-Велес Деветтоноемвриска награда на градот Велес -Лом Р.Бугарија Награда на општина Лом Р.Бугарија	

4	2002 Софија –Национална галерија Софија	
5	-Тузла Р.Би.Х,Голема диплома на 10. Меѓународно биенале на портрет Тузла 2002	
6	2003-Битола ,меѓународно триенале, Награда за графика на град Битола	
7	2004-Награда за цртеж „Ристо Калчевски„ Сојуз на ликовните педагози на Македонија	
8	2004-Награда за сликарство мал формат „Димитар Пандилов „ДЛУМ	
9	2007-Награда за цртеж „Никола Маттиновски„ДЛУМ	
10	-2009 –Нови Пазар Р.Србија Јесењи ликовни салон Награда за цртеж.	
11	- 2010 Коња Р.Турција Мевлана И нтернационал Арт DAYS	
12	-Анкара ,Р.Турција Гази Уневерзитет самостојна изложба	
13	2013-Ниш Р,Србија Прва награда меѓународна изложба „Син јавач„	
	Позначајни награди со ученици	
1	1994-Италија –за мир и заеднички живот меѓу народите со различна националност на Балканот	
2	-Торун (Полска) IX Меѓународно биенале	
3	1996-Торун)Полска) .Втора награда	
4	1998-Торун (Полска), XI меѓународно биенале на детска градинка (специјална графика)	
5	1999-Созопол –(Р.Бугарија),најдиобра колекција од творбите на колонијата	
	Вкупно	**456**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
	Член на национална жири комисија	
	2011/2012-координатор на меѓународна ликовна колонија „Лесново“-Пробиштип	2x1= **2**
	Член на комисија за избор во звање	
	2012/13-3 3 x 0.2=	**0.6**
	Вкупно	**2.6**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	135,5
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	63,5
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	468
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	2,6
Без поени за награди и признанија	669,6

Рецензентска комисија

Ред. проф .д-р Трајче Блажевски, претседател с.р.
Ред. проф. м-р Рубенс Корубин, член с.р.
Ред. проф. д-р Желько Филиповиќ, член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УПРАВНАТА ФУНКЦИЈА НА ДРЖАВАТА ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЧОВЕКОТ НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА" ОД М-Р ЈОВАНА БУЛАТОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 26.2.2013 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката ***м-р Јована Булатовиќ*** под наслов:***Управната функција на државата во остварување на правото на човекот на здрава животна средин***, во состав: проф. д-р Борче Давитковски (ментор), проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска, проф. д-р Ана Павловска-Данева, проф. д-р Данило Марковиќ и доц. д-р Јасна Бачовска Недиќ.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Управна организација на државата во остварување на правото на човекот на здрава животна средина", изработена од кандидатката м-р Јована Булатовиќ, опфаќа текст од 205 страници во компјутерска техника со проред 1.5, и Times New Roman 12, 298 фусноти и 90 странски и домашни библиографски единици, законски прописи, извештаи и електронски извори. Структурата на дисертацијата се состои од кратка содржина, вовед, шест глави, заклучни согледувања и преглед на литература.

Во **воведот** (**стр. 7-8**) кандидатката го поставува реалниот проблем на нарушување на "поредокот во природата", односно изместување од еколошката рамнотежа, што за последица може да предизвика неможност за опстанок на човекот и општеството. Со размислувањата дали е можно да се избегне оваа и опасност и со кои средства, кандидатката уште во воведните страници од дисертацијата ја нагласува потребата да се води сметка за преработувачко-присвојувачкиот однос на општеството кон животната средина и законитостите кои постојат во неа. Во овој контекст, управната функција на државата во остварувањето на правата на човекот на здрава животна средина кандидатката ги разгледува во рамките на методолошките пристапи кон државата, животната средина, функциите на државата во современите општествени услови, па и нејзината управната функција во остварувањето на правата на здрава животна средина.

Во подготовката на дисертацијата кандидатката настојува да констрултира што поширока литература, мултидисциплинарен пристап и храбро формулирање на заклучокот.

Во **првата глава** (**стр. 11-72**) кандидатката ги анализира современите сфаќања за државата и нејзините функции. Главата кандидатката ја почнува со историско-правна анализа на првите сфаќања и развојот на поимното определување на државата изложувајќи ги најзастапените теории и учења, сумирајќи дефиниција за државата како парцијална територијална општествена група во која постои посебен, од општеството одвоен апарат на власта, кој има моќ на донесување општи обврзувачки правила на однесување (правни прописи) и располага со легитимен монопол на употреба на физичка присила, вршејќи суверена власт на одредена територија, и штитејќи класни и општи општествени интереси.

Главата кандидатката ја продолжува со класификација на државите врз основа на спецификите во начинот на нивната организација и конституирање на органите на власт. Во продолжение на главата кандидатката дава образолжение и толкувања на карактерот на "државната политика", извршување на државните одлуки, поимот на државна цел, а подетално се задржува на управната функција на државата.

Во вториот дел од оваа глава кандидатката се фокусира на државната функција во заштита на човековата животна средина. Точката кандидатката ја започнува со преглед на теориите за заштита на човековата животна средина и што значи преземање мерки заради отстранување на последици на дејствување на човекот врз природата кои веќе довеле до нарушување на еколошката рамнотежа. Етаблирањето на проблемот за адекватна правна заштита како

глобален проблем, кандидатката го анализира преку преглед на меѓународната и меѓународноправната соработка во заштитата на животната средина.

Во **втората глава** (**стр. 73-129**) кандидатката ја анализира дилемата која го одбележа развојот на еколошкото право, а која не е само од терминолошки карактер. Имено, дали за наведената област на правото треба да се користи израз "еколошко право" или "право на животна средина". Пристапувајќи на проблематиката на правната регулатива на еколошките вредности, странските автори ги употребуваат изразите еколошко право и право на животна средина. Еколошкото право, кандидатката заклучува, претставува нормативно уредување, регулирање на општествените односи во однос на животната средина, односно систем на правни норми кои утврдуваат услови, начини и постапки во користење на животната средина, со цел да се намали или избегне нарушување на еколошката рамнотежа во животната средина и да се овозможи стопански и општествен развој. Понатаму, кандидатката ги анализира елементите на животната средина како предмет на регулација на еколошкото право, односот на елементите на човековата средина, односот на елеметите на животната и работната средина, квалитетот на човековата животна средина и еколошката криза.

Во третата точка од оваа глава кандидатката ги анализира правата на човекот и нивната универзализација, ставајќи го во контекст и правото на здрава животна средина како основно право на човекот и правото на одржлив развој. Главата кандидатката ја окончува со расправа за цивилизацијско-етичките аспекти на биосферното газдување и екологизацијата на новите технологии.

Во **третата глава** (**стр. 130-149**) кандидатата ги анализира еколошките политики во светот и во балканскиот регион. Во оваа глава, кандидатката врз основа на научни сознанија за екосистемите и постоењето покрај еднопричински, мултикаузални и верижни влијанија во екосистемите може да се предвидат одредени промени во природата, па дека согласно со очекуваните промени можно е да се одреди човековото однесување спрема природата. Оттука, кандидатката констатира дека е потребно да се води одредена политика во општеството во односот спрема природата заради заштита и зачувување на човековата животна средина. Кандидатката врши определување на еколошката политика, како свесна и организирана општествена насочувачка дејност со која со посредство на државата и општествените, особено политичките организации, го насочува односот на општеството спрема природата заради заштита и унапредување на човековата животна средина. Кандидатката ја завршува главата со преглед на принципите и целите на еколошката политика.

Во **четвртата глава** (**стр. 149-166**), м-р Јована Булатовиќ преку исторископравна и компаративна анализа, го проследува развојот на правната заштита на животната средина во поранешната СФРЈ, и во Србија низ различните историски преиоди, поврзувајќи го развојот на системот на заштита на животната средина во Србија тесно со фазите во развојот на системот во Југославија како нејзина интегрална членка. Во Југославија, еколошките проблеми како проблеми на општествениот развој стануваат предмет на поширок научен и општествено-политички интерес во средината на седумдесеттите. Во текот на седумдесеттите до крајот на осумдесеттите се јавува и свест за поврзаноста со еколошките проблеми и меѓународниот контекст, како и потребата од нивно заедничко решавање. Во овој период се востановува уставно право на здрава животна средина, а основни субјекти на заштитата и унапредувањето на човековата средина се организации на здружениот труд и општествено-политички заедници, пред се, како субјекти на самоуправно организирање. Улогата на државата се уште е многу скромна и пред се само контролна. Посеризона улога во заштитата на животната средина државата добива кон крајот на осумдесеттите со напуштањето на концептот на социјалистичкото самоуправување и востанувањето на политичкиот плурализам, плурализам на сопственички облици, пазарно стопанство и правна држава. Овој преглед кандидатката го врши со анализа на уставите и законските прописи на СФРЈ од 1963, 1974 па се до Уставот на СРЈ од 1992 година. Главата кандидатката ја продолжува со анализа на правото на здрава животна средина во Србија, надоврзувајќи се на претходно споменатата регулатива. Уставното право на здрава животна средина на Република Србија се востановува во 1991 година како обврска, должност на секого во согласност со законот да ја штити и унапредува животната средина. Во продолжение, кандидатката дава сегментарна анализа на уставни законски обврски кои во Република Србија ја регулираат оваа проблематика. Главата ја завршува со анализа на правната рамка за заштита на здравата животна средина во Република Македонија.

Во **петтата глава** (**стр. 167-190**) кандидатката ја анализира меѓународноправната соработка во областа на заштитата на животната средина. Кандидатката истакнува дека меѓународноправното уредување на заштитата и унапредувањето на животната средина не е нова дејност. Имено, зачетоци на правна регулација во оваа област се сретнуваат уште во 1839 година со конвенција склучена меѓу Велика Британија и Франција. Од половината на дваесеттиот век е одбележан со поинтензивна меѓународна соработка и зголемена правна регулација со тоа што пристапот на одделни држави останува различен и одреден со карактерот на општествено-економското уредување и степенот на развојот на производните сили. Одвивањето на меѓународната соработка кандидатката го групира на три

начини: во рамките на организацијата на Обединетите нации, регионалните сојузи на држави и во рамките на континенталната соработка на одделни држави. Посебен осврт кандидатката дава врз учеството на Србија во меѓународната заштита на животната средина. Прво како членка на СФРЈ, а потоа во ракмите на СРЈ и, конечно, како независна држава која тежнее кон интегрција во ЕУ и усогласување на прописите од еколошката област со оние од Европската унија. Понатаму, кандидатката се осврнува на балканската соработка во заштитата на животната средина како особено значајна имајќи предвид дека Балканот во географски поглед претставува единствено пространство.

Во **шестата глава (стр. 184-191)**, кандидатката воспоставува теоретска и правна врска помеѓу правото на здрава животна средина и општествениот развој. Имено, правото на човекот на здрава животна средина кандидатката го разгледува и како природно право и како уставноправна категорија. Како природно право, таа го гледа како право на услови за живот и на животна средина, кои му овозможуваат да живее како човечко суштество. Воедно, тоа има своја содржина која е историски одредена. Како уставноправна категорија, правото на човекот на здрава животна средина е вградено во уставот, неговото остварување е обезбедено по правило на начин пропишан со самиот устав. Ова право за обичниот човек има повеќекратно значење кое се исполнува во сите облици на неговиот живот од работната средина до различни облици на животот надвор од работата. Сепак, успешната заштита и унапредување на човековата средина не може да се постигне со целосно дефинирање на уставното право на таа заштита. Кандидатката истакнува дека е неопходно донесување на законски и подзаконски правни акти со кои оваа пробрлемататика се разработува. За остварување на оваа заштита, кандидатката укажуван а потребата од постојано развивање на еколошка свест која би се засновала на сознанија за причините и облиците на еколошка криза која би содржела морални начела како основ за развој на самоодговорност за почитување на еколошки прописи.

Самоодговорноста, пак, според кандидатката би придонела кон спречување на одредени рехнолошки решенија чија примена би претставувала ирационална експлоатација на човековата средина. Општествениот напредок за кандидатката претставува не само вредносна оцена на веќе остварен општествен развиток, една негова етапа или фаза од апсект на фундаментални човечки вредности или потреби, туку нешто кон што се тежнее и што треба да се оствари како пожелно. Сумирано, кандидатката нагласува дека развојот мора да се сфати како нешто сложено, повеќе значајно, нешто што истовремено е економско, општествено, научно и културно.

Во последната глава од докторската дисертација (**стр. 193-198**), кандидатката изложува заклучни совладувања и коментар на десетте најзначајни ставови во Декларацијата за одржлив развој РИО+20, усвоена 20-22 јуни 2012 година во Рио де Жанеиро: сиромаштија, негово искоренување, потреба за редовен одржлив развој, забрзано остварување на меѓународни цели, фокус на луѓето како центар на остварливиот развој, кревање на свест за слобода и безбедност, владеење на правото и демократијата, меѓународна соработка во остварувањето на одржливиот развој, поставување на конкретни и брзи постапки за одржлив развој и изнаоѓање на начини за надминување на незадоволителните резултати во одржливиот развој од 1992 година.

Според кандидатката, концепцијата на управно уредување во заштитата на животната средина мора да биде територијално ограничена со надлежностите на државата која ги остварува своите управни функции. Главата завршува со конкретни мерки и препораки за обезбедување на одржлив развој и соодветна правна заштита на правото на човекот на здрава животна средина во Република Србија и во Република Македонија.

II. Оцена, заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов „Управна организација на државата во остварување на правото на човекот на здрава животна средина", изработена од кандидатката м-р Јована Булатовиќ, претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин се елаборора значајна и исклучително комплексна материја. Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот, односно ставововите на авторот за предметот на поставеното истражување.

Дисертацијата се истакнува со исклучителна вредност, бидејќи применува мултидисциплинарен и компаративен пристап во анализата на повеќе нивоа на правна регулација на две меѓусебно поврзани проблематики: одржлив економски и општествен развој и истовремено обезбедување на уставно загарантираното право на човекот на здрава животна средина. Кандидатката во дисертацијата анализира две национални законодавства, институционалната инфраструктура за меѓународна соработка во заштитата на правото на здрава животна средина во балканскиот регион и меѓународните организации во глобални димензии.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува стандардите за изработка на научни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска

регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Јована Булатовиќ - причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 2013 година

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Борче Давитковски,с.р.
2. Проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска,с.р.
3. Проф. д-р Ана Павлова-Данева,с.р.
4. Проф. д-р Данило Марковиќ,с.р.
5. Доц. д-р Јасна Бачовска-Недиќ,с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ - ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛОГОПЕДИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, донесена на неговата XXXIV редовна седница одржана на 23.I 2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во насловно звање - вонреден професор во научната област логопедија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Славица Голубовиќ, проф. д-р Зора Јачова и проф. д-р Владимир Трајковски, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс во весникот „Дневник" од 6.XII 2012 година, за избор на наставник во наставник во насловно звање - вонреден професор во научната област логопедија, во предвидениот законски рок, се пријавил еден кандидат: насл. доц. д-р Силвана Филипова, која досега беше ангажирана како истакнат стручњак од практиката на Филозофскиот факултет во Скопје.

Кандидатката заедно со пријавата доставила: куса биографија, преглед на објавени трудови и текстови на објавени трудови.

1. Биографски податоци и професионален развој

Доц. д- р Силвана Филипова е родена на 25.4.1967 година во Кавадарци. Основното училиште го завршила во Неготино, а средното медицинско училиште во Штип.

Студиите на Дефектолошкиот факултет во Белград ги завршила во 1990 година со просечен успех 8,96. Предвидените испити со планот и програмата на постдипломските студии на Дефектолошкиот факултет во Белград ги завршила во 1990 година со просечен успех 9,4, а на 24.12.2001 година ја брани магистерската теза под наслов: „Проценка на комуникативните способности кај децата со Даунов синдром".

На 24.1.2007 година на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје ја брани докторска дисертација насловена како „Испитување на организираноста на говорот и мисловните операции кај децата со говорни тешкотии".

Работела волентерски како логопед во ОУ „Гоце Делчев", ОУ „Страшо Пинџур" и детската градинка „Фемо Кулаков" во Неготино. Во почетокот на 1995 година работела како логопед во проектот „ Чекор по чекор" во детската градинка „ Фемо Кулаков", финансиран од Фондацијата „Сорос".

Во јуни 1995 година се вработила на неопределено време во ЈЗО Клинички центар, ОЕ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас, Скопје.

Од ноември 2001 до 2004 работела како логопед на проектот „Деинституционализација на децата со тешка ментална ретардација" во Специјалниот завод во Демир Капија, финансиран од УНИЦЕФ.

Член е на невладината организација „Грански центар за превентива и ресоцијализација". Исто така член е на Друштвото на дефектолози на Р. Македонија, Друштвото на логопеди на Р. Македонија, како и на Меѓународното здружение за аутизам.

Учествува на повеќе стручно-научни конгреси и семинари во земјата и во странство. Од 23 септември до 2 октомври 2003 година го посетувала едукативниот семинар насловен „Дијагностика и терапија на пелтечење кај деца и возрасни", во траење од 70 часа, во организација на Заводот за психофизиолошки пореметувања и говорна патологија „Проф. д-р Цветко Брајовиќ" во Белград.

Од учебната 2007/2008 година е ангажирана како стручњак од практиката за предметот логопедија на Институтот за дефектологија, при Филозофскиот факултет во Скопје.

На 18.6.2008 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, изабрана е во звањето насловен доцент за научната област логопедија.

Во 2010/2011, како одговорен дефектолог за општина Неготино и општина Кавадарци учествувала во проектот „Унапредување на воспитно образновиот процес на децата со посебни образовни потреби на локално ниво" работела на изработка на Стратегија за унапредување на инклузивното образование на територијата на општина Неготино и општина Кавадарци.

Во периодот 2009-2013 е избрана за советник во Советот на општина Неготино. Како член на Комисијата за еднакви можности, учествува во изготвувањето на Стратегија за социјална инклузија, социјална заштита и намалување на сиромаштијата за општина Неготино.

Во 2011 година, во Софија, посетувала обука и успешно го положила испитот за биофидбек методи- терапевт.

Во моментот работи како логопед во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје.

2. Наставно-образовна дејност

Во изминатиов период, од изборот во звањето насловен доцент, д-р Силвана Филипова ја реализира наставата од првиот циклус студии со студентите од Институтот за дефектологија. Од учебната 2008/2009 година до денес доц. д-р Силвана Филипова е вклучена во реализација на наставата по предметите: логопедија, методика на логопедска работа и клиничка логопедија.

Во учебната 2009/2010 година доц. д-р Силвана Филипова е вклучена и во реализацијата на наставата на вториот циклус студии на Институтот за дефектологија, по предметот растројства на говорот и гласот.

Доц. д-р Силвана Филипова е ментор на 7 дипломски труда, како и член на комисии за оцена и одбрана на научни трудови (2 магистерски тези).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), доц. д-р Силвана Филипова остварила вкупно **18,85 поени од наставно-образовната дејност** и со тоа не го освоила минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за избор во звањето вонреден професор.

3. Научноистражувачка дејност

Доц. д-р Силвана Филипова од изборот во звањето насловен доцент е ментор на 1 магистерска теза.

Во изминатиов период (од 18.6.2008 година), таа зема учество во два национални проекта (од 2010 до 2011 година): „Унапредување на воспитно-образовниот процес на децата со посебни образовни потреби на локално ниво", реализиран од страна на Сојузот на дефектолози на Република Македонија во рамките на програмата CIVICA и „Човекови права и социјална инклузија во Македонија", реализиран од страна на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман".

Доц. д-р Силвана Филипова има објавено 12 апстракти во зборници на конференции, како и 2 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор. Таа има објавено 4 труда со оригинални научни резултати, во научно списание со меѓународен уредувачки одбор.

Анализата на научните трудови на доц. д-р Силвана Филипова во периодот од претходниот избор укажува дека се занимава со истражувачки проблеми во научната област: логопедија. Комисијата оцени дека само пет труда се релевантни за областа на избор на кандидатката.

Христова АТ, **Филипова С**. Процена на правописното ниво на ракописот кај лесно ментално ретардираните ученици. *Дефектолошка теорија и практика, Скопје, 10 (3-4) стр 110-121 2009*. Во трудот е извршена процена на правописното ниво кај децата со лесна интелектуална попреченсот во посебните училишта со помош на инструментите од

дефектолошката дијагностика. Резултатите од истражувањето покажале ниско ниво на ракописот кај децата со лесна интелектуална попреченост, кое е во зависност од возраста, полот и успехот по македонски јазик.

Филипова С, Поповска А, Шостер Д, Ѓурчиновска Л. Нивото на развојот на мисловните операции кај децата со говорни тешкотии. *Дефектолошка теорија и практика,* Скопје, 9 (3-4) *стр. 39-50* 2008. Авторите анализираат стадиуми во развојот на интелектуални операции. Во истражувањето биле опфатени 120 испитаници со говорни нарушувања на возраст од 5,5 до 12 години. Резултатите од истражувањата покажуваат дека со зголемување на возраста на испитаниците растат и просечните постигнувања на задачите за испитување на мисловните операции. Мисловните операции кај испитаниците со говорни нарушувања на возраст од 11 до 12 години не се усвоени во целост.

Поповска А, **Филипова** С. Компаративна анализа на фонолошко-артикулативните растројства во функција на диференцијална дијагноза. *Дефектолошка теорија и практика,* Скопје, 11 (1-2) *стр. 53-65* 2010. Целта на истражувањето е да се утврди фреквенцијата, видот и артикулативно-акустичката особеност на оштетениот глас кај децата со дислалија и развојна дисфазија. Во истражувањето е опфатен 71 испитаник на возраст 6-8 години. Заклучоците од истражувањето укажуваат дека кај децата со дислалии најфреквентни се дисторзиите, додека кај децата со развојна дисфазија-супституцијата.

Шостер Д. Доброта Давидовиќ Н. **Филипова** С. Лозановска Б. Значењето на групната терапија во третманот на пелтечењето. *Дефектолошка теорија и практика,* Скопје, 2011, 12 (3-4): 77-89. Овој труд има за цел да го утврди значењето на групниот третман во сите проблематични ситуации кои го зголемуваат пелтечењето. Примерокот се состои од 13 пациенти вклучени во 15-дневен стационарен групен третман. Свесната синтеза на развојот на когнитивното-бихејвиоралниот дел од програмата во групниот стационарен третман даваат позитивни ефекти во лечењето и намалувањето на анксиозноста во специфичните провокативни говорни ситуации.

Филипова С, Поповска А. (2011). Рана интервенција и развојни нарушувања. Симпозиум со мегународно учество. Охрид, 19-21 мај 2011. Зборник на трудови, стр. 399-408. Целта на истражувањето е да се прикаже значењето на раната интервенција кај 25 пациенти кои побарале стручна помош од страна на логопед заради доцнењето во говорно-јазичниот развој. Резултатите укажуваат дека најголем број од родителите започнуваат да се грижат за состојбата во говорот на своето дете на возраст од 3 до 3,5 години. Најмногу од пациентите со задоцнет говорно-јазичен развој имале лош рецептивен говор и отсуство на експресивен говор.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), доц. д-р Силвана Филипова остварила вкупно **32,6 поени од научноистражувачката дејност** и со тоа го надминала минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за избор во звањето вонреден професор.

4. Стручно-апликативна дејност

Доц. д-р Силвана Филипова во рамките на дејности од поширок интерес учествувала во научниот одбор на меѓународната конференција во Битола (26 до 27 мај 2010 година) „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија". Таа реализирала студиски престој во Софија во периодот од октомври до декември 2011 и учествувала во обуката за „Биофидбек методи-терапевт".

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), доц. д-р Силвана Филипова остварила вкупно **1,5 поени од стручно-апликативната дејност** и со тоа не го освоила минималниот потребен број на поени (5) по овој основ за избор во звањето вонреден професор.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), д-р Силвана Филипова остварила вкупно **18,85 поени од наставно-образовната дејност** и со тоа не го освоила минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за избор во звањето вонреден професор. Насл. доц. д-р Силвана Филипова остварила вкупно **1,5 поени од стручно-апликативната дејност** и со тоа не го освоила минималниот потребен број на поени (5) по овој основ за избор во звањето вонреден професор.

Од наведените активности во извештајот, Комисијата утврди дека кандидатката во целост не ги исполнува сите услови наведени во конкурсот и не ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Комисијата констатира низа неправилности во изготвувањето на анекс 2 образецот и грешки при пресметувањето на поените по сите основи за избор во насловно звање - вонреден професор, односно согласно со официјалната приложена документација, насл. доц. д-р Силвана Филипова остварила вкупно **52,95 поени** и со тоа не го освоила минималниот потребен број на поени (80) по сите основи за избор во насловно звање - вонреден професор.

Врз основа на нејзините стручни постигања, научниот развој и активностите во наставниот процес, Комисијата заклучи и му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје насл. доц. д-р Силвана Филипова **да не биде избрана** во насловно звање - вонреден професор во научната област логопедија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Славица Голубовиќ, с.р.

Проф. д-р Зора Јачова, с.р.

Проф. д-р Владимир Трајковски, с.р.

АНЕКС2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Силвана Анѓел Филипова
Институција: Филозофски факултет- Скопје, Институт за дефектологија
Научна област: логопедија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на настава од прв циклус студии	
1.	Логопедија (3+3), зим.сем.2008/2009 3x15x0,04	1,8
2.	Логопедија (3+3), зим.сем.2009/2010 3x15x0,04	1,8
3.	Клиничка логопедија 3 (2+2), зим.сем.2009/2010 3x15x0,04	1,2
4.	Логопедија (2+3), зим.сем.2010/2011 3x15x0,04	1,2
5.	Логопедија (2+3), лет.сем.2011/2012) 3x8x0,04	1,2
6.	Методика на логопедската работа (3+0), лет.сем.2011/2012 3x7x0,04	0,6
	Одржување на настава od vtor ciklus studii	
1.	Растројства на говорот и гласот(30/8), зим.сем.2009/2010 8x0,05	0,4
	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	
1.	Логопедија (3+3), зим.сем.2008/2009 3x15x0,03	0,45
2.	Логопедија (3+3), зим.сем.2009/2010 3x15x0,03	0,45
3.	Клиничка логопедија 3 (3+3), зим.сем.2009/20010 3x15x0,03	0,9
4.	Логопедија (3+3), зим.сем.2010/2011 3x15н0,03	1,35
5.	Логопедија (3+3), лет.сем.2011/2012) 3x8x0,03	0,45
6.	Методика на логопедската работа (3+2), лет.сем.2011/2012) 3x8x0,03	0,45
	Подготовка на нов предмет	
1.	Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со оштетување на говорот	1
2.	Растројства во ритамот и темпото на говорот	1
3.	Нарушување на гласот	1
4.	Развојни говорно-јазични нарушувања	1
	Консултации со студенти	

1.	**Консултации со студенти, 2008/2009**	**0,06**
2.	**Консултации со студенти, 2009/20010**	**0,38**
3.	**Консултации со студенти, 2010/2011, просек 30 студенти**	**0,06**
4.	**Консултации со студенти, 2011/2012, просек од сите групи 50**	**0,1**
	Ментор на дипломски работи 7	**1,4**
	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 2	**0,6**
1.	**Компаративна анализа на структурата на Американскиот Знаковен Јазиј (ASL) и Британскиот Знаковен јазик (BSL)** **Кандидат: Оливера Ковачева, 2009**	
2.	**Ниво на организираноста на психомоториката и развојот на говорот кај лица со умерена интелектуална попреченост** **Кандидат: Билјана Лозановска, 2009**	
	Вкупно	**18,85**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Ментор на магистерски и докторски трудови	
1.	**Ментор на магистерска работа на 1 кандидат: Ана Поповска,** **Артикулативните специфичности кај деца со развојна дисфазија во рана училишна возраст, Скопје, 2009**	1
	Учество во национален проект: „Унапредување на воспитно-образовниот процес на децата со посебни образовни потреби на локални ниво“, спроведуван од Сојузот на дефектолози на Р. Македонија, а овозможен во рамките на програмата од CIVICA mobilitas, имплементирана од Центарот за институционален развој ЦИРа, а финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка SDC. Проектот е реализиран од јануари 2010 до јануари 2011 година.	3
	Учество во национален проект: ,,Човекови права и социјална инклузија во Македонија“ и учество во изработката на ,,Стратегија за социјална инклузија, социјална заштита и намалување на сиромаштијата“ за општина Неготино во периодот од октомври 2010 до мај 2011 година, спроведен од Институтот за човекови права ,,Лудвиг Болцман“.	3
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание	
1.	Христова А.Т. **Филипова С.:** Процена на правописното ниво на ракописот кај лесно ментално ретардираните ученици. *Дефектолошка теорија и практика, Скопје, 10 (3-4) стр*	3,6

	110-121, 2009.	
2.	**Филипова С,** Поповска А, Шостер Д, Ѓурчиновска Л.: Нивото на развојот на мисловните операции кај децата со говорни тешкотии. *Дефектолошка теорија и практика,* Скопје, 9 (3-4) *стр. 39-50,* 2008.	2,4
3.	Поповска А. **Филипова С.:** Компаративна анализа на фонолошко-артикулативните растројства во функција на диференцијална дијагноза. *Дефектолошка теорија и практика*, Скопје, 11(1-2) *стр.53-65*, 2010.	3,6
4.	Шостер Д. Доброта Давидовиќ Н. **Филипова С.** Лозановска Б. : Значењето на групната терапија во третманот на пелтечењето. *Дефектолошка теорија и практика*, Скопје, 2011, 12 (3-4), стр. 77-89.	2,4
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/стручен собир	
1.	**Филипова С,** Поповска А. (2011). Рана интервенција и развојни пореметувања. Симпозиум со мегународно учество. Охрид, 19-21 мај 2011. Зборник на трудови, стр. 399-408.	1,8
2.	**Филипова С.,** Поповска А. (2012). Состојбата на воспитно-образовниот процес за децата со посебни образовни потреби во општина Неготино. Меѓународен научно-стручен собир „Инклузивно образование - состојба и предизвици", Струмица, 17-19 мај 2012. Зборник на трудови, стр. 262-271.	1,8
	Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна)	
1.	Попоска А. **Филипова С.** Телоска Н.:Специфичности у развоју артикулације код деце са развојном дисфазијом. *Дани дефектолоīа Србије*- Стручно-научни семинар са међународним учешћем, Златибор 18-21 јануар 2009. Зборник резимеа, стр. 114.	1
2.	Petrušv G, Popovska A, **Filipova S.**: Early detection-first step in the process of early intervention in children with specific language impairment. 2. *Medjunarodni kongres studenata logopedije "LogOn"* Zagreb, 23 -25 svibanj 2008. Knjiga sazetaka,str.8-9.	1
3.	Теловска Н. **Филипова С.** Јачова З.: Фреквенција говорних поремећаја код деце предшколског узраста. *Дани дефектолоīа Србије*, Златибор, 15-18. јануар 2010. Зборник резимеа,стр.46.	1
4.	Лозановска Б. Петров Р. **Филипова С.** Николов П.: Ниво организованости психомоторике и развој говора код лица са умереним сметњама у интелектуалном развоју. *Дани дефектолоīа Србије*, Златибор, 15-18. јануар 2010. Зборник резимеа, стр.118.	1
5.	Лозановска Б. Петров Р. Стамболциевска Л. **Филипова С.** Живорадиќ Најдовска Д.: Нивото на организираност на психомоториката на горните екстремитети кај лицата со умерена интелектуална попречност. Зборник на резимеа „ 60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија. Меѓународна конференција, 27-29.5.2010 стр. 70-71.	1
6.	Стојменовска-Мицевска М.,**Филипова С.:** Процена на зрелоста и дисграфичноста на ракописот кај слушно оштетените деца од школска возраст. Зборник на резимеа „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија. Меѓународна конференција, 27-29.5.2010 стр.138-139.	1

7.	Живорадиќ-Најдовска Д., Петров Р., Стамболциеваска Л., **Филипова С.,** Лозановска Б.: Развиеноста на рецептивниот говор во однос на гностицката организираност кај децата со умерена интелектуална попречност. Зборник на резимеа „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија". Меѓународна конференција, 27-29.5.2010 стр.162-163.	1
8.	**Филипова С.,** Лозановска Б., Попоска А., Ѓурчиноска Л.: Приказ на дете со ран детски аутизам. Зборник на резимеа „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија". Меѓународна конференција, 27-29.5.2010, стр. 196-197.	1
	Апстракти објавени во зборник на конференција (национална)	
1.	Најдовска Д., Лозановска Б., **Филипова С.,** Ѓурчиновска Л.: Говорот кај децата во предучилишните установи. *15 години студии по дефектологија во Македонија* , Скопје, 2- 3.10. 2008. Зборник на резимеа, стр.157.	0,5
2.	**Филипова С.,** Лозановска Б., Шостер Д., Димитровска Ж.: Развој на артикулацијата на гласовите кај децата на предучилишна возраст. Зборник на резимеа „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија. Меѓународна конференција, 27-29.5. 2010, стр. 150-151.	0,5
3.	**Филипова С.,** Ѓурчиновска Л., Поповска А., Лозановска Б.: Развојот на говорната прагматика кај децата со Даунов синдром. *15 години студии по дефектологија во Македонија,* Скопје, 2-3.10.2008. Зборник на резимеа, стр.155.	0,5
4.	Мифтари Е., **Филипова С.,** Поповска А.: Тестирање на вербалната меморија кај децата со интелектуална попречност. Развојот на говорната прагметика кај децата со Даунов синдром. *15 години студии по дефектологија во Македонија,* Скопје, 2-3.10.2008. Зборник на резимеа, стр.167.	0,5
	Вкупно	32,6

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
Дејности од поширок интерес		
	Член на научен одбор на зборник на трудови на меѓународна конференција „60 години воспитание, образование,рехабилитација и вработување на лица со инвалидност во Република Македонија", Битола, 27-29 мај 2010.	1
	Студиски престој во странство повеќе до 3 месеци: Обука за „Биофидбек методи-терапевт", под супервизија, Софија, Р. Бугарија (октомври-декември 2011)	0,5
	Вкупно	1,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	18,85
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	32,6
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	1,5
ВКУПНО	52,95

Рецензентска комисија

Проф. д-р Славица Голубовиќ, с.р.
Проф. д-р Зора Јачова, с.р.
Проф. д-р Владимир Трајковски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОСНОВНИ ПРОБЛЕМИ И ОСОБЕНОСТИ НА РУСКАТА РЕЛИГИСКА ФИЛОСОФИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТРАЈЧЕ СТОЈАНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 38. редовна седница одржана на 26.4.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Основни проблеми и особености на руската религиска философија", поднесена од м-р Трајче Стојанов, во состав: проф. д-р Вера Георгиева, проф. д-р Љубомир Цуцуловски, проф. д-р Ана Димишковска, проф. д-р Ружица Јанчулева и доц. д-р Ристо Солунчев.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа докторскиот труд, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Основни проблеми и особености на руската религиска философија" е презентирана на 428 страници компјутерски обработен текст и содржи: вовед, три глави, заклучок и библиографија.

Во *Воведот* на докторскиот труд, кандидатот укажува на специфичноста на руската религиска филозофија која иако често била ставана на маргините на теоретското филозофско проучување, сепак, ги носи сите белези на вистинска автентично-руска филозофија. М-р Стојанов смета дека во историскиот развој на руската филозофија, како уникатен руски мисловен продукт, може да се смета и религиската филозофија. Тој, исто така, тврди дека религиската филозофска мисла не е единствениот специфичен производ и го остава отворено прашањето дали врз таа основа може да се создаде нова модерна филозофија, но и прашањето дали ова наследство може да претставува основа за решавање на проблемите на современата филозофија. Ревитализацијата на интересирањето за автентичната руска мисла, според кандидатот, се манифестира преку отворањето на живи дебати за специфичноста на оваа филозофија, а оваа ситуација м-р Стојанов ја гледа како пригода за нејзино афирмирање во македонската академска средина.

Како предмет на неговото теоретско истражување, м-р Т. Стојанов ги зема проблемите на руската религиска филозофија изнесени во делата на руските мислители и коментарите и обработката на таа филозофија во прегледите и историите на руската филозофија. Иако руската филозофија има богата атеистичка и материјалистичка традиција која, како што оценува кандидатот, заслужува должно внимание, сепак ја остава за друга прилика. Целта на неговото

истражување е да се детектираат, да се издвојат, да се вообличат, да се формулираат и да се објаснат основните проблеми на руската религиска филозофија, но и да се дефинираат нејзините специфични обележја, иако кандидатот укажува дека тоа не е работа на само еден труд и на само еден автор. Поради тоа, м-р Стојанов прецизира дека во својата дисертација ги издвојува проблемите кои се незаобиколни при третирањето на руската религиска филозофија, проблеми кои ја одбележале неа како посебна филозофска традиција. Притоа, како своја задача кандидатот ја поставува анализата на делата на авторите кои ги обработуваат фундаменталните проблеми на руската религиска филозофија и механизмите на нивното апстрахирање, но и да се издвојат особеностите на таа филозофија.

Првата глава е насловена „Историски контексти" и е обработена преку осум потпоглавја. Имајќи ја предвид тезата дека социјално-политичките околности и културната средина биле особено значајни за профилирањето на руската филозофска мисла, м-р Т. Стојанов посветува цела глава во која се скицираат културните прилики, условите на црковниот и религискиот живот и идеи, развојот на книжевноста и развојот на социјално-политичката мисла во Русија кои битно ја детерминирале насоката на руската филозофија. Како прва ваква значајна историска детерминанта, кандидатот го истакнува прогласувањето на христијанството како официјална, државна религија, а како втора, монголско-татарското владеење. Со првата, Русија на почетокот се спојува, а потоа се изолира од Западна Европа и од Византија, а со втората таа прима азиски, неевропски карактер. Во оваа источно-западна и европо-азиска руска подвоеност, м-р Т. Стојанов ја увидува трагедијата на руската душа, нејзината бурна историја, врз која се гради руската мисла. Во втората подглава, кандидатот ги проследува реформите на Петар Велики кои во Руската Империја воведуваат силна секуларизација, со што во сериозна криза се доведени православните традиции, верата и позицијата на Црквата. Расколот меѓу општеството и народот, општеството и државата и меѓу интелигенцијата и народот, смета м-р Т. Стојанов, ќе произведе силни општествено-политички и теориски импликации. Оттука, заклучува кандидатот, започнува потрагата на Русија по себеси. Резултатите на Петровите реформи, но и будењето на духовните превирања, м-р Стојанов ги испитува во третата подглава. Потврдувањето на „Велика Русија", а не на „Света Русија" го прави Екатерина Велика, која воведува т.н. „просветителски апсолутизам" како нова државна идеологија. Во меѓувреме, како компензација на старата духовна свест се појавува масонеријата која го буди трагањето по духот и целовитоста, расцепкана со Петровите реформи. Во овој период се јавуваат имињата на Радишчев и Сковорода, во кој се огледува почетокот на две различни традиции, едната на материјалистичката и антирелигиската, а другата на идеалистичката и религиската, со што се создава почвата за бурната историја на руската филозофија. Во меѓувреме, Црквата се насочува кон внатре, а не кон надвор, со што се создаваат темелите на руската исихастичка традиција. Периодот на владеењето на Николај I, кое кандидатот го оценува како период на најмрачен автократски режим, е истовремено ера на сериозно будење на руската мисла во секој аспект од духовното и културно живеење на Русија. Големо влијание во првата половина на XIX век врз будењето на руската филозофија има германскиот идеализам. Филозофијата

излегла надвор од универзитетската средина и се распространила меѓу пошироките интелектуални слоеви, преку формирање на кружоци и друштва кои одиграле голема улога во нејзиниот развој. Во овој период интензивно се разговара за „проблемот Русија", имено за рускиот индентитет и самобитност. Дебатата за овој проблем го поделила интелектуалците на две групи: словенофили и западњаци, поделба која кандидатот оценува дека е во темелот на идниот филозофски развој во Русија. Оваа поделба не претставувала само политичко разединување, но и знак на „отрезнување" од влијанието на германската филозофија и обид да се воспостави автентичен филозофски израз. Првите проблеми кои ја засегале руската филозофија имале историософски и социјално-политички карактер. Имајќи ги предвид овие претпоставки, но и реформите што ги вовел Александар II, како што укажува кандидатот, филозофијата влегува во акција. Со отворање на вратите на универзитетите на широките народни маси, во Русија се појавува т.н. руска интелигенција, како посебна социјална група која произлегува од различни класи во општеството. Особеноста на оваа група била тоа што станала еден вид движење. Тоа била заедница на луѓе што прифатиле одреден начин на живот, основан врз заеднички светоглед. Овие групации, анализира м-р Стојанов, сè повеќе ќе инклинираат кон левичарски идеологии и сè повеќе ќе се радикализираат, што ќе биде основа за прифаќање на марксизмот. Во претпоследното поглавје, кое кандидатот го насловува „Почеток на крајот или нов почеток", тој ја проследува духовната клима на Русија пред почетокот на револуцијата. И покрај силниот подем на науката и развојот на позитивистичките идеи под влијание на материјалистичката идеологија, на почетокот на XX век Русија се наоѓа на почетокот на религиска ренесанса. „По револуцијата", филозофската мисла, анализира кандидатот, се развива во два правца, едниот на марксизмот, а другиот на обработката на религиски и идеалистички проблеми. Во овој период се создава и една трета групација, наречена „Евроазијци", која претендира да заземе трет пат, да претставува алтернатива на долгогодишните проблеми на Русите - Исток-Запад, но и на дуализмот западњаци-словенофили.

Во втората глава „Основни проблеми во руската религиска филозофија", како што укажува и самиот наслов, м-р Т. Стојанов се зафаќа со обработката на најтипичните проблеми во историјата на руската религиска филозофија. Иако укажува на тешкотијата за неможноста тие строго механички да се пребројат, тој издвојува неколку специфични проблеми на руската религиска филозофија. Кандидатот потенцира дека тоа треба да се сфати условно и строго методолошки. Тие проблеми ги проследува во пет потпоглавја: „Соборно познание", „Сеединство", „Софија", „Богочовештво" и „Руска идеја".

Во првата подглава „Соборно познание", кандидатот обработува гносеолошки и антрополошки проблеми кои се карактеристични за руската религиска филозофија, главно во учењата на словенофилите Кирејевски, Хомјаков и Соловјов, како зачетници на оригиналната филозофска мисла во Русија. Овие имиња, како што истакнува м-р Стојанов, не се исклучително значајни само затоа што хронолошки им претходат на останатите руски филозофи, туку затоа што тие нудат прв „демант" на тврдењата дека руската филозофија е неразвиена затоа што нема развиена гносеологија. Критичарите нивната позиција ја градат врз ставот дека оваа филозофија нема гносеологија од западен тип, која кулминира во

Хегеловата филозофија, што ни малку не значи дека нема гносеологија воопшто. За Киреjевски, централна филозофска идеја е целовитоста, односно единството на духовниот живот. Оваа идеја не само што претпоставува познавателна целовитост, туку и антрополошка, имено потреба за целосна личност во која постои хармонично, „соборно" единство на сите човекови моќи. Во овие ставови на Киреjевски, кандидатот ги увидува зборовите на светите отци, кои се само „облечени" во ново руво. Според Киреjевски, како што м-р Т. Стојанов анализира, познанието мора да е производ на нашата личност во целина, имено тоа не е само функција, туку е резултат на севкупното духовно искуство и затоа основните начела треба да се бараат во повисоките сфери на постоењето, односно во православните вистини на верата. Клучна идеја за вториот автор, чија филозофска концепција кандидатот одбира да ја анализира, имено Алексеј С. Хомјаков, а која се надоврзува на онаа на Киреjевски, е дека интегралното знаење и познание мора да е втемелено во полнотата на црковното постоење. Тој воспоставува филозофија sub specie eclesis, каде што духот е слободен, но потопен во Црквата, каде што умот е моќен, но во-црковен. Продоложенuе на идеите на Киреjевски и Хомјаков, кандидатот увидува во текстовите на Соловјов, каде што словенофилските идеи добиваат систематска форма. Соловјов воспоставува онтолошки втемелена гносеологија, па затоа, укажува м-р Стојанов, методолошки е тешко да се одвојат. Поимот „целовитост" во неговата филозофија се проширува на сите сфери опфаќајќи целовито знаење, целовито творештво, целовит живот, целовито општество. Покрај емпиризмот и рационализмот, кои не одговараат на задачата за сеединството, Соловјов го воспоставува третиот вид на познание, мистичкото познание, директниот увид, верувачкото нурнување во стварноста, кое е познание на целината. Големо влијание Соловјов има врз развојот на подоцнежната руска религиска филозофија, кое особено е силно кај браќата Тубецкој.

Во втората подглава, „Сеединство", м-р Т. Стојанов дискутира за автентичноста на поимот за сеединството како оригинално наследство на руската религиска филозофија. И како што сите филозофско-религиските проблеми кај Русите имаат мултиполарни корени, оценува кандидатот, така и проблемот на сеединството, испирација влече уште од Платон и неоплатонизмот, гностицизмот, кабалата, средновековната и европската мистика и маосонерија, германскиот идеализам, до ориенталните филозофии. Меѓутоа, спецификата на овој проблем во руската филозофија е тоа што тој има православно обележје. Поимот на сеединството е генерички поим кој во себе ги опфаќа останатите поими во руската религиска филозофија, односно иако оваа категорија е првенствено онтолошка, го опфаќа учењето за руското сфаќање на Апсолутот, истовремено станува и гносеолошка, антрополошка, етичка, историографска, социолошка и историска категорија. Во таа смисла, концептот на сеединството станува истовремено учење, но и методолошка основа за сите останати концепти. Поимот на сеединството подоцна се операционализира низ останатите два клучни концепта: Софија и Богочовештвото. Кандидатот издвојува четири типа на концептот на сеединството: софиолошки (Соловјов, Булгаков), монодуалистички - пантеистички (Карсавин, Франк), моноплуралистички (Лопатин, Лоски), и филозофски симболизам (Флоренски, Лосев).

Во третата подглава, насловена како „Софија“, м-р Т. Стојанов ги конципира најзначајните аспекти од, како што тој го нарекува, највиталниот поим во руската религиска филозофија. И покрај сите контроверзи, слабости и недоречености, кандидатот оценува дека учењето за Премудроста Божја е дијамант во круната на руската религиска мисла. Овој проблем претставува премин на веќе воспоставените словенофилски концепти во сферата на космологијата. М-р Т. Стојанов концептот на Софија го проследува преку текстовите на три автора: Соловјов, Флоренски и Булгаков. Прв кој го воведува овој концепт во руската религиска мисла е Соловјов каде што, како што оценува кандидатот, Софија е изложена на несистематски и хаотичен начин. Соловјов инсистира на нејзината антрополошка или социјална димензија во функција на остварување на Богочовештвото, за разлика од другите автори кои ја акцентираат нејзината метафизичка улога. Соловјов врши големо влијание врз цела генерација на поети и мислители со својот мистичен аспект на Софија како вечна женственост, со визијата за Софија како убавина на божественият космос, на преобразениот свет. Во таа смисла, Софија станува произведено единство, начело на поврзување, начело на човештвото, идеален или нормативен човек. Софија, според Соловјов, зазема посредничко место меѓу мноштвото на живите суштества и безусловното единство божјо. Флоренски ја разбира Софија како центар во кој се прикрепени сите поединечни нешта, но воедно таа и е самото единство, која поврзува сè и овозможува сè. Тој ја поистоветува Софија со Царството Божјо, со Небесниот Ерусалим, кој е подготвен уште пред создавањето на светот и во кој ќе се врати, но и со историската Црква, видливата, земната, со тоа станувајќи и небесна и земна. Контроверзниот момент кај Флоренски, но и кај другите софиолози, анализира кандидатот, е дека Софија со овие свои карактеристики, мора да учествува во Божественият живот, а сепак да престојува во земското. Со самото тоа што учествува во Триипостасното Божество, Софија може да биде на некој начин и четврто Лице, но Флоренски укажува на нејзината „неединосушност“, имено Софија е во сите ипостаси, но не е идентична сред суштината со нив, иако е појава на таа суштина. Поконкретна концептуализација на Софија, анализира м-р Т. Стојанов, изнесува Булгаков, кој Софија ја воспоставува како четврта ипостас, но ипостас од втор ред, формулација што кандидатот ја оценува како несмасна. Булгаков ја определува Софија како неопределена и несфатлива граница меѓу битието-стварност и надбитието, заземајќи место меѓу Бога и светот. Софија е во светот, таа е неговата основа, но сепак таа не е светот кој, пак, допрва треба да стане Софија, која претставува негова ентелехија.

Проблемот на Богочовештвото, кој м-р Т. Стојанов го обработува во четвртата подглава, е уште еден од карактеристичните концепти со кои се занимава руската религиска филозофија. Во овој проблем, како што тврди кандидатот, се откриваат два аспекта: тајната на Боговоплотувањето-кенозисот и теозисот-односот на човекот и Бог, од кои се изведуваат разни антрополошки, сотириолошки, историозофски и еклесиолошки контексти. Прашањата за суштината на човековата природа, неговото место и улога кои се поставуваат како резултат на дискусијата за воплотувањето, смета м-р Стојанов, го прават рускиот концепт за Богочовештвото еден тип на руски религиозен хуманизам. Потребен е Богочовекот, низ човекот, за да може се приведе историјата до крај, но и да се

спаси сета природа. Човекот се покажува како врзувачка алка меѓу небото и земјата, времето и вечноста. Многу од руските автори, смета кандидатот, Богочовештвото го поврзуваат со Софија, сфаќајќи го човекот како „нетварно-тварна Софија...тварен бог по благодат". Тубецкој, пак, Богочовештвото го гледа од аспект на сеединството, имено богочовечкиот процес е процес на обновување на сеединството, на враќање на загубената полнота после падот. Затоа, целиот концепт на богочовештвото е врзан со поимот на Христос преку кој повторно се воспоставува нарушениот првобитен однос меѓу човекот и природата. Овој однос не може да се оствари надвор од Црквата која е Христовото тело, затоа што само таму се надминува биолошкото постоење и се влегува во нов однос со светот како личност, како слобода. Освен есхатолошкиот аспект на личноста, личноста има истовремено и историска реалност, затоа што преку евхаристијата богочовештвото станува конкретен историски, реален проект. Со конечното остварување на сеединството, заклучува м-р Т. Стојанов, се остварува смислата на историјата, каде што и самата таа завршува.

Во последната, петта подглава, кандидатот м-р Т. Стојанов го разработува концептот на *руската идеја,* кој претставува историска и политичко-социолошка операционализација на веќе претставените проблеми. Под името „руска идеја" се сместуваат сите прашања поврзани со рускиот национален идентитет. Иако овој проблем се однесува само за судбината на Русија, кандидатот укажува дека во својата суштина тој е историозофска и социјално-политичка теорија со универзално значење, имено руско религиско разбирање на историјата, општеството, нациите и политиката. Што означува руската идеја, м-р Т. Стојанов синтетизира во неколку точки: прво, тоа значи патриотизам, но и критички однос кон љубовта кон татковината, второ, реферира на историската мисија на Русија, трето, се однесува на конкретниот и специфичен историски пат кој треба да го оди Русија, четврто, го опфаќа прашањето за руската душа или за спецификите на националниот карактер на рускиот народ, петто, го испитува прашањето за специфичноста на руската национална култура, шесто, ги поставува прашањето за руската држава и политичките и општествените практики, и седмо, поимот руска идеја се однесува на комплексот од идеи формулирани во текот на XIX и XX век кои изразуваат одреден стил на мислење. Од една страна, руската идеја се сфаќа како политички концепт кој е алтернатива на западните вредности, но од друга, таа не се сфаќа само како комплекс од идеи, туку како верба дека историските текови кои се детерминирани од Провидението, а со тоа и верба во големата историска мисија која ја има Русија. Овие идеи, оценува кандидатот, преку текстовите на Соловјев, имаат свој метафизички фундамент преку кој се открива местото и улогата на народите во вселенскиот богочовечки организам. Историјата е есхатолошки процес кој води кон остварување на царството Божје. М-р Т. Стојанов во продолжение ги проследува дискусиите за руската идеја од нејзините зачетоци преку идеите на Чаадајев, Кирејевски, Хомјаков, Данилевски, Леонтјев и многу други, сè до рефлексиите во актуелниот миг.

Третата глава е насловена како „Особености на руската религиска философија" и е структуирана во пет потпоглавја. М-р Т. Стојанов уште на почетокот нагласува дека анализата на основните особености на руската религиска филозофија ќе ја направи на еден необичен начин, имено преку приказ на некои

од најзначајните студии напишани за историјата на руската филозофија. Во првата подглава, кандидатот ги опфаќа првите осврти на руската филозофија кои се публикувани како прилог во рамките на поголеми истории на филозофијата. Првата е онаа на архимандритот Гаврил (1840), во која се обработени околку двесетина имиња, и во која јасно се исцртува религиозниот специфичен карактер на руската филозофија. Прилозите на Колубовски и Чујко ја илустрираат втората струја во историографската традиција во Русија која смета дека руската мисла е позајмена од Западот. Како „први обиди за систематизација на руската философија", кандидатот ги издвојува оние на Воведенски, Радлов, Лосев, Шпет и Јаковенко кои се обидуваат да дадат систематска историска и проблемска рамка на руската филозофија. И овие автори се занимаваат со прашањето за оригиналноста на проблемите на руската филозофија. М-р Т. Стојанов во третата подглава „руската историографија во емиграција" ги проследува историите на филозофијата преку делата на Флоровски, Берѓаев, Зењковски и Лоски, кои поради нивното објавување надвор од Русија, поттикнале големо интересирање за руската филозофија во западниот свет. Во историјата на филозофијата на Флоровски доминира богословската историја и поради неговата методологија да се прогласат за несреќна епизода сите оние што не се држат до светоотечката традиција, потенцира кандидатот, тој испуштил да даде позитивна оценка за голем дел од руските автори. Историјата на Берѓаев, смета м-р Стојанов, е повеќе интимна исповед и лично доживување на руската национална самосвест, отколку преглед на руската филозофија, но поради новата методологија во прикажувањето на етапите на развојот и потрагата по руската идеја, оваа книга предизвикала големо интересирање на Западот. „Историјата на руската филозофија" на Зењковски дала сеопфатна, детална, длабока, обемна и систематска слика за руската филозофија, која го афирмирала нејзиниот религискиот корен, но истовремено ги проследила и материјалистичките и антирелигиските движења. Како типични карактеристики на руската филозофија, Зењковски ги издвојува онтологизмот наспроти гносеологизмот, но и антропоцетризмот. Во освртот на Лоски, големо внимание е обрнато на словенофилските автори чии идеи биле блиски до него, но и на гносеолошката проблематика. Главна заслуга, според кандидатот, е неговата темелна обработка на руската идеалистичка филозофија. Од неруските автори кои пишувале за руската филозофија, во четвртата подглава м-р Стојанов ги издвојува Коплстон, Масарик, Валицки, Еди, Клајн, Берлин итн.

Во заклучокот на оваа докторска дисертација, м-р Т. Стојанов ги сумира резултатите од неговото теориско истражување на проблемскиот и историскиот увид на особеностите и развојот на руската мисла. Кандидатот искажува надеж дека ова истражување ќе фрли светло врз една поинаква филозофска традиција која била неоправдано игнорирана.

На крајот на докторската дисертација е презентирана *Библиоīрафија* која содржи 295 единици, во која посебно се одделени интернет-изворите. Кандидатот користел изворни текстови, студии и статии на англиски, германски, руски, српски и на македонски јазик.

ОЦЕНА И ЗАКЛУЧОК

Преку тематската ширина на трите глави од овој докторски труд се прикажува и се расветлува, како историскиот, исто така и проблемскиот спектар на сложената структура и смисла на руската религиска филозофија. Со извонредна ерудиција и со нагласена дарба за аналитичко-синтетичко изведување, авторот ја претставува внатрешната динамика и богатството на руската религиска филозофија. Докторската дисертација претставува синтетизиран научен труд кој во методолошка и во содржинска смисла се одликува со иманентна кохерентност. Специфичностите на руската религиска филозофија се поставени истовремено во перспективата на православното христијанство и на општествено-историските околности. Кандидатот понудил автентично толкување и креативен приказ со висока научна акрибија. Генезата, насоката и суштинските белези на руската религиска филозофија тој успеал да ги претстави во рамките на духовниот и цивилизациски лик на руската традиција. Врз основа на теолошките и општествените претпоставки, како и врз основа на изворното текстуално наследство, кандидатот извел релевантни заклучоци. Докторската дисертација се одликува со висока научна зрелост и со изразена систематорска моќ на авторот. Тоа што сакаме посебно да го нагласиме е фактот дека овој докторски труд е прв од таков вид во македонската научна средина.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на сите делови на дисертацијата и врз основа на оваа оцена со заклучок, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да го закаже денот за одбрана на докторската дисертација „Основни проблеми и особености на руската религиска философија“, поднесена од м-р Трајче Стојанов.

Скопје,
29. 4. 2013

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Цуцуловски, с.р.
3. Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.
4. Проф. д-р Ружица Јанчулева, с.р.
5. Доц. д-р Ристо Солунчев, с.р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Маја Кајганарова	"Анализа на перформансите на банките во Република Македонија согласно традиционалните методи – студија на случај"	д-р Климентина Попоска
2.	Ана Блажевска	"Влијание на логистиката врз перформансите на претпријатието"	д-р Марија Ацковска
3.	Димче Ациоски	"Мерење и оценка на царинската заштита во Република Македонија"	д-р Силвана Мојсовска
4.	Весна Хрицић	"Улогата и значењето на финансиските анализи во функција на работењето на микро трговските друштва"	д-р Дејан Пендев
5.	Тања Цветковска	"Економска или социјална компонента на микрофинансирањето"	д-р Климентина Попоска
6.	Нада Затараковска	"Финансиската криза и нејзините импликации врз невработеноста во Европската Унија"	д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
7.	Маја Муратовска-Чанговска	"Улогата на микрофинансиите и микрокредитирањето врз работењето на малите и средни претпријатија"	д-р Климентина Попоска
8.	Мишко Штерјов	"Корпоративното претприемништво – значаен фактор за развој на мали и средни претпријатија"	д-р Васил Поповски
9.	Оливера Крстевска	"Практики на селекција на човечки ресурси во државни институции"	д-р Васил Поповски
10.	Виктор Илиевски	"Примена на иновативните практики за развој на МСП во графичко-печатарската дејност"	д-р Васил Поповски
11.	Мартин Михајловић	"Улогата и значењето на изборот на локација и организацијата на просторот за развојот на малите и средни претпријтија"	д-р Дејан Пендев
12.	Никола Намичев	"Развој на локациско базирана платформа и нејзина примена во маркетингот "	д-р Татјана Петковска-Мирчевска
13.	Тијана Јаќимовић	"Кредитна анализа при процесот на кредитирање на правни лица кај банките"	д-р Неда Петроска-Ангеловска

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДЕЛИКВЕНТНОТО ПОВЕДЕНИЕ НА АДОЛЕСЦЕНТИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ВО КОНТЕКСТ НА РОДИТЕЛСКОТО ВОСПИТУВАЊЕ" ОД М-Р АГИМ САЛМАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО - ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со решение на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања–Скопје бр. 02-549/10 од 17.4.2013 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изготвена од м-р Агим Салмани со наслов „Деликвентното поведение на адолесцентите од средните училишта во Р Македонија во контекст на родителското воспитување", во состав: проф. д-р Љубица Чонева-ментор, проф. д-р Ружица Цацаноска, проф. д-р Виолета Чачева, проф. д-р Славејко Сасајковски и проф. д-р Гордана Станковска.

Комисијата во горниот состав ја прегледа докторската дисертација и има чест до Научниот совет на Институтот да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Приказ на содржината на дисертацијата

Докторска дисертација од кандидатот м-р Агим Салмани има 233 страници комјутерски обработен текст, во кои се вклучени 51 табела и 54 графички прикази. Текстот на дисертацијата е структуриран во теоретски и истражувачки дел со посебен финален дел под наслов Дискусија, потоа заклучоци, литература и прилози кои заедно сочинуваат една целина.

Во Воведот се искажани научната и општествената оправданост за проучување на наведениот проблем во оваа докторска дисертација. Во оваа смисла, целта на трудот е деликвентното поведение во периодот на адолесценцијата на младите, да се согледа како комплексна појава во рамките

на семејството, а особено од аспект на влијанието на родителското воспитување како основен елемент на примарната социјализација. Во тој контекст се изнесуваат значајните специфичности на адолесценцијата како специфичен возрасен период во кој настанува созревањето на личноста на детето на воспитен, соматски, психолошки и социјален план. Честопати нарушувањето на балансот меѓу овие неколку фактори доведува до емоционална напнатост, вознемиреност, па дури и неадекватно однесување. Специфичен вид на ваквите појави е деликвентното однесување, кое што во условите на транзиција во Р. Македонија е во постојан подем. Се манифестира низ различни по вид и тежина криминални, антисоцијални и асоцијални поведенија на поединецот и групи што општеството ги забранува и ги казнува, поради што претставува повреда и загрозување на некоја правна норма со која во воспоставениот правен поредок се напаѓаат и загрозуваат некои заштитени и загарантирани општествени и индивидуални вредности и добра, права и слободи.

Оттука, сериозноста на сите форми на деликвентно поведение чија карактеристика е тежината на последиците што ги остават однесувањата на младите личности во периодот на адолесценција се доволни аргументи за реализација на овој научноистражувачки труд, во кој вниманието би било насочено кон идентификување на девијантните облици и објаснување на дел од причините за неприспособеното поведение кај младите во адолесценцијата.

Во првиот дел на трудот авторот дава сублимирана анализа на теоретските гледишта за поимот, суштината и карактеристиките на деликвентното поведение преку осврт на биопсихолошките теории за причините на деликвентното поведение, психолошките и социолошките теории, развојните теории за јавување на деликвентното поведение и мултифакторскиот теоретски пристап во кој ги вбројува економските фактори, училиштето, врсниците, слободното време, урбанизацијата, миграциите, личноста и општеството и сл. Во продолжение на овој дел се елаборирани видовите на деликвентното поведение во периодот на адолесценцијата и процесот на ресоцијализацијата на овие лица

со деликвентно поведение, како и превенцијата на деликвентното однесување на младите на адолесцентска возраст.

Во вториот дел од теоретскиот осврт на докторската дисертација „Адолесценција", авторот м-р Салмани доволно опфатно ги изложува промените на личноста во адолесцентската возраст одредени како рана и средна и доцна адолесценција според хронолошката возраст, со посебен осврт на проблематичниот пубертет. Гледиштето за овој возрасен период во трудот, во поширока смисла, се утврдува како преоден период во кој адолесцентот не е дете, но не е и возрасен човек, соочен со голем број проблеми за кои треба да се бараат нови решенија, учења и приспособување. Карактеристично е дека на ова се придружува недостатокот на искуство и знаење, а од друга страна се јавуваат сè поголеми барања од родителите, наставниците, средината и општеството.

Во третиот дел, авторот својот научен труд го фокусирал на родителското и семејното воспитување како фактори за деликвентното поведение кај малолетниците, во кој доволно опфатно ги има изложено теоретските гледишта за родителската улога во воспитувањето и образованието на своите деца, што е важен сегмент во истражување на поставената тема во овој докторат. Во тој контекст, истражени се суштинските принципи на родителското воспитување како прв вид на воспитување на секое дете, кај кое секој родител има своја непосредна улога, обврска и одговорност. Исто така, тука авторот подвлекува дека мултикултурното општество пред родителите ја поставува одговорноста и обврската своите деца да ги воспитуваат во духот на соживот со различни култури, традиции и слободи на изразување во услови на еволуција на семејството. Во оваа смисла, доминантните карактеристики на современото родителско воспитување се насочени кон изградување на слободна, самостојна и творечки насочена млада личност.

Посебен акцент во овој дел е ставен на злоупотребата на родителските права во процесот на воспитувањето, при што многу често се присутни негрижата, занемарувањето и недоволната заштита на децата, како и конфликтите, напнатоста, различните видови на семејно насилство со кои се нарушува формирањето, идентитетот и интегритетот на младата личност. Во

практична смисла, според авторот м-р Агим Салмани ова воспитување претставува специфично однесување кое во себе вклучува емоционална, психолошка и друг вид на злоупотреба на детето, прогресивна социјална изолација, чести тепања и повреди од страна на несовесните и неодговорни родители.

Последниот дел од теоретската експликација на докторскиот труд, авторот го посветил на анализа на распространетоста и динамиката на малолетничката деликвенција во Република Македонија според кој неповолните економски, социјални и политички услови во Р. Македонија влијаат врз зголемувањето на деликвентното поведение на младите во периодот на адолесценцијата, според статистичките податоци за појавата. Карактеристично е дека малолетничкиот криминалитет по видовите на појавните облици одговара на општиот криминалитет на возрасните, бројот на малолетници-адолесценти постојано се зголемува, возрасната граница е сè пониска и честа е употребата на дрога и алкохол и насилничко однесување од оваа популациона група малолетници.

Истражувачкиот дел е централниот аспект на докторската дисертација во кој се претставени резултатите од анкетното испитување на проблемот за да се утврдат видовите на деликвентно поведение најчесто присутни кај адолесцентите во средните училишта, да видиме каква е улогата на родителите во воспитувањето за настанувањето на деликвентното поведение кај адолесцентните млади.

Во истражувачкиот дел прво е претставена проектната рамка на докторската дисертација, кадешто вообичаено авторот го дефинира предметот на научното истражување, ги разработува целите и хипотезите и ја определува методолошката постапка. Тргнувајќи од доста широко поставените теоретски рамки, кандидатот м-р Салмани во своето истражување на односот адолесцентите-деликвенти од средните училишта и родителското воспитување ја формулира генералната хипотеза: „Во транзицониот период во Р. Македонија заради перманентното зголемување на невработеноста, економската несигурност, немаштијата и негативното влијание на другите придружни појави во општествениот систем, променет е квалитетот на нивото

на извршувањето на родителските функции во семејството и воспитната матрица спрема децата, што придонесе за зголемување на воспитната запуштеност и неодговорно однесување на децата особено во адолесцентската возраст, а со тоа се зголеми и обемот на деликвентното поведение кај оваа популациона група млади".

Во овој дел од дисертацијата се дадени и прецизни информации за изворите на податоци, планирањето на примерокот, системот на индикатори на истражувачкиот зафат.

Емпириските податоци се коректно средени и прикажани со помош на табели и графикони со апсолутни и релативни показатели. Кандидатот детално ги анализира одговорите на испитаниците користејќи се со аналитичка постапка, а делумно са аналитичко-последична анализа во објаснување на врските меѓу и односите на релацијата адолесценти со деликвентно поведение и квалитетот на родителското воспитување на овие млади луѓе.

Финалниот дел, под наслов „Заклучоци", е критичка оцена, но и синтеза на основните сознанија сумирани во прецизни оцени за истражуваниот проблем.

Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Деликвентното поведение на адолесцентите од средните училишта во Р. Македонија во контекст на родителското воспитување", од м-р Агим Салмани, претставува систематична студија за едно актуелно прашање од сферата на вредносниот систем на популацијата адолесценти од средните училишта,поврзано со начинот на нивното родителско воспитување.

Во териската и методолошката обработка, дисертацијата е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за докторска теза. Теориските сознанија, како и општествените импликации содржани во оваа студија се многубројни и со несомнена практична вредност.

Заклучок

Со оглед на важноста на испитуваното прашање, неговата актуелност, општествените импликации, како и начинот на обработка и применетите методолошки стандарди. Комисијата со особено задоволство му предлага на Советот на ИСППИ во Скопје, да ја прифати оваа позитивна оцена и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Агим Салмани.

Комисија

1.Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

2. Проф. д-р Ружица Цацаноска с.р.

3. Проф. д-р Виолета Чачева с.р.

4. Проф. д-р Славејко Сасајковски с.р.

5. Проф. д-р Гордана Станковска с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
СМЕТКОВОДСТВЕНИ АСПЕКТИ НА СОВРЕМЕНИТЕ СИСТЕМИ ЗА МЕРЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ: КОНЦЕПТИ, ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ , ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАРИНА ТРПЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.0202-1226/2, донесена на седницата одржана на 26.4.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марина Трпеска на тема ***Сметководствени аспекти на современите системи за мерење на резултатите од работењето: концепти, проблеми и предизвици***. Претходно, темата беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломски студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет. По внимателно проучување на трудот, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Содржина на докторската дисертација

Проблематиката елаборирана во докторската дисертација на кандидатката м-р Марина Трпеска на тема ***Сметководствени аспекти на современите системи за мерење на резултатите од работењето: концепти, проблеми и предизвици*** е презентирана на вкупно 317 страници, во кои се содржани обработка на проблематиката во шест тематски единици со инкорпорирани табели, графикони и слики, користена методологија, воведни и заклучни согледувања и користена литература. Во прилог даден е е прашалникот кој е користен во истражувањето.

Докторската дисертација тематски е структурирана во девет тематски единици кои се однесуваат на мерењето на резултатите од работењето и негово интегрирање со контролните системи, системите на наградување и интегрираното известување:

1. Вовед,
2. Користена методологија,

3. Влијанието на теоријата на зависни и независни варијабли во мерењето на резултатите,
4. Концепти и проблеми проблеми при имплементација на современи системи за мерење на резултатите од работењето,
5. Мерењето на резултатите од работењето во функција на контролниот систем,
6. Примена на системите за мерење на резултатите за ефикасен систем на наградување,
7. Интегрирано известување за резултатите од работењето,
8. Развивање, оценување и ревидирање на интегриран систем за мерење на резултатите – со практична примена во организации во Република Македонија,
9. Заклучок.

Првото поглавје е посветено на воведување во проблематиката на мерењето на резултатите од работењето преку дефинирање на проблемот кој е издиференциран по бројните истражувања и анализи од оваа област. Презентиран е делокругот на дисертацијата, односно предметот на истражување во целата дисертација. На крај, дефинирани се и академските и практичните цели на дисертацијата.

Во ***втората глава*** е направен краток опис на користената методологија при изработката на докторската дисертација. На самиот почеток од оваа глава е прикажан целиот процес на истражување во докторската дисертација. Во истражувањето се користени квантитативни и квалитативни методи на истражување, односно прашалник и студија на случај на организации од Република Македонија. Во оваа глава накратко е даден и статистички опис на примерокот што е користен во прашалникот, како и изборот на организации за кои е изработена студија на случај.

Третата глава е посветена на теоријата на зависни и независни варијабли и нејзиното влијание врз мерењето на резултатите. Теоријата на зависни и независни варијабли е користена поради нејзината широка примена во сметководството на менаџментот која претставува основа на многу истражувања од оваа област. Како независни варијабли со потенцијално влијание врз системите за мерење на резултатите се избрани деловната стратегија, организационата структура, очекуваната неизвесност во окружувањето, конкуренцијата и големината на организациите. Нивното влијание врз системите за мерење на резултатите е тестирано со помош на непараметарски тестови.

Во ***четвртата глава*** се обработени концептите и проблемите при имплементација на современите системи за мерење на резултатите. На самиот почеток е дадено детално објаснување за потребата и корисноста на системите за мерење на резултатите во организациите. Потоа, даден е детален осврт на финансиските и нефинансиските мерила, како и нивните предности и недостатоци и потребата од нивно користење. Избалансираниот сет финансиски и нефинансиски мерила води кон потребата од

развивање интегрирани системи за мерење на резултатите за кои во сметководствената литература се развиени бројни концепти, кои во дисертацијата накратко се опишани. Преку квантитативно истражување се сумирани и недостатоците и проблемите поврзани со системите за мерење на резултатите, а со кои се соочени организациите во Република Македонија. Како посебен приод во мерењето на резултатите е претставен и бенчмаркингот, односно практиката на споредување со најдобрите организации од одредена дејност или гранка.

Во ***петтата глава*** се обработени контролните системи и нивното влијание во мерењето на резултатите. Притоа посебно внимание се посветува на планирањето, кое е дел од сметководствената контрола, како и на поставувањето на целите со кои се споредуваат фактички остварените резултати. Дел од контролниот систем претставуваат и повратните и превентивните контроли кои се преземаат во организациите. На крај, направен е обид на интегрирање на контролниот систем со системот за мерење на резултатите.

Во ***шестата глава*** се елаборира поврзаноста на мерењето на резултатите со системот на наградување, како негова основна цел и функција во организациите. Наградувањето на менаџментот и на останатите вработени е прикажано само како дел од системот за мерење на резултатите.

Седмата глава е посветена на интегрираното известување во сметководствената практика, пристап кој сè уште е на самиот почеток и е во фаза на развивање. Покрај вклучувањето на нефинансиските информации во годишните извештаи на организациите, интегрираното известување за целите на оваа докторска дисертација е прикажано како известување за резултатите, финансиски и нефинансиски, контролните активности и наградувањето во организациите.

Во ***последната, осма, глава*** од дисертацијата е развиен процес на избор на мерила за резултатите и процес на имплементирање на системите за мерење. Исто така, развиени се модели за оценување и ревидирање на мерилата и системите за мерење на резултатите со цел – нивно континуирано ревидирање и подобрување. Сите овие предложени процеси и модели се тестирани во три организации во Република Македонија од приватен сектор, производствени и услужни, и за секоја од нив е изработена посебна студија на случај.

Докторската дисертација завршува со ***заклучни излагања*** и предлози за понатамошно истражување до кои е дојдено како резултат на опсежните квантитативни и квалитативни истражувања.

Оцена на резултатите од истражувањето

Врз основа на образложените цели и предметот на истражувањето, кое претставува основа за изработка на трудот и накусо прикажаната содржина на поодделните делови и заклучоците можеме да оцениме дека резултатите од истражувањето претставуваат значаен придонес од теоретски и практичен аспект.

Кандидатката преку теоријата на зависни и независни варијабли го има тестирано влијанието на независните варијабли врз имплементирањето на системите за мерење на резултатите, како зависна варијабла. По спроведеното истражување и тестирање на поставените хипотези со χ^2 анализа и корелациона анализа, кандидатката ги има потврдено првите две хипотези, односно дека стратегијата и организациската структура на претпријатијата влијаат на изборот и на успешното имплементирање систем за мерење на резултатите. Ваквите резултати таа ги објаснува со тоа што организациите во Република Македонија, посебно оние што биле предмет на истражување, се во голема мера со доминантен странски капитал и зависни од својата матица во странство. Ова значи дека без оглед на испитуваните варијабли кои имаат влијание врз имплементирањето на системите за мерење на резултатите, организациите имплементираат систем за мерење на резултатите кој ќе им биде предложен од матицата во странство и тоа во време и под услови што тие ќе им ги наметнат.

Во врска со користењето на финансиски и нефинансиски мерила за мерење на резултатите од работењето, кандидатката има дојдено до заклучок дека организациите најмногу ги користат финансиските мерила, а значително помалку внимание посветуваат на нефинансиските мерила. Исто така, значајно е да се истакне дека организациите во Република Македонија значително најмногу, како мерила за резултатите, ги користат мерилата кои се дел од финансиските извештаи, односно износот на продажби, растот на приходите и нето-оперативната добивка. Кандидатката има заклучено дека како финансиски мерила за мерење на резултатите од работењето во нашата практика најчесто се користат финансиски информации од финансиските извештаи на организациите и оние мерила кои, пред сè, се задолжителни показатели пресметани во годишната сметка на организациите која јавно се публикува. Финансиските мерила за мерење на резултатите од работењето кои не се задолжителни многу помалку се користат.

Од нефинансиските мерила, кандидатката истакнува дека организациите во Република Македонија најмногу внимание посветуваат на мерилата од областа на маркетингот, а користењето на останатите нефинансиски мерила е многу мало. Кандидатката ги има

испитувано резултатите, односно добивката што ја остварувале организациите во изминатите три години и нефинансиските мерила кои се применуваат. Од спроведената корелациона анализа има заклучено дека користењето на нефинансиските мерила се статистички значајни за остварување повисок износ на добивка. Нивната врска е оценета како директна, но не многу интензивна, освен кај мерилото „незгоди при работа", каде што врската е инверзна, односно зголемениот број незгоди при работа влијаат на намалување на добивката.

Во дисертацијата е спроведено емпириско истражување на врската помеѓу имплементирањето систем за мерење на резултатите и резултатите, односно добивката и стапката на принос од инвестиции (ROI). Од спроведената χ^2 анализа кандидатката има заклучено дека не постои директна статистички значајна врска помеѓу имплементирањето систем за мерење на резултатите и добивката, но постои статистички значајна врска помеѓу имплементирањето систем за мерење на резултатите и стапката на принос од инвестиции. Ова го поврзува со тоа дека организациите кои имаат имплементирано систем за мерење на резултатите остваруваат повисока стапка на принос од инвестиции како мерило кои ги одразува ставките и од билансот на состојба и од билансот на успех. Оттука и општиот заклучок дека имплементирањето на системите за мерење на резултатите позитивно влијае на остварување подобри резултати од нивното работење.

Кандидатката ги има испитувано и предностите, недостатоците и проблемите поврзани со системите за мерење на резултатите со кои се соочуваат организациите во Република Македонија. Предностите од примената на систем за мерење на резултатите се најизразени во организациите кои имаат целосно имплементиран систем за мерење на резултатите. Организациите кои, пак, делумно имаат имплементирано систем за мерење на резултатите значително ги чувствуваат користите, што само по себе го потврдува светското искуство дека не треба секогаш да се започне со целосно развивање систем за мерење на резултатите во сите аспекти и на сите нивоа во една организација, туку тој постепено треба да почне да се применува, било хоризонтално или вертикално. Што се донесува до недостатоците и проблемите, заклучено е дека со најголем интензитет се соочени организациите кои делумно го имаат имплементирано системот за мерење на резултатите, односно се во фаза на негово развивање и имплементирање, а не организациите кои имаат имплементирано систем за мерење на резултатите или се на самиот почеток од процесот на имплементација. Кандидатката ова го објаснува со фактот дека токму овие организации, во фазата во која се наоѓаат, се соочени со најголемите предизвици и пречки до целосно имплементирање на системот за мерење на резултатите.

Како составен дел на системите за мерење на резултатите, од направената анализа за користење на бенцмаркингот, кандидатката потврдува дека организациите во Република Македонија повеќе користат екстерен бенцмаркинг отколку интерен бенцмаркинг. Притоа е заклучено дека најчести причини за применување на бенцмаркингот се очекувањата на организациите дека ќе ги подобрат своите процеси во работењето, како и нивните финансиски резултати. Организациите кои применуваат бенцмаркинг остваруваат подобри квалитативни резултати од работењето, како што се задоволство на купувачите, квалитетот на производите, поголема продуктивност на вработените, кои, пак, ќе придонесат за остварување повисоки финансиски резултати.

Контролните активности за целите на ова истражување се набљудувани како неизоставен дел од системот за мерење на резултатите и процесот на планирање како главна алатка за спроведување на контролните активности, притоа кандидатката заклучува дека организациите во Република Македонија припаѓаат на конзервативни организации во кои крајниот збор околу поставувањето на плановите го има врвниот менаџмент, а воопшто не се практикува партиципативното планирање во кое свој придонес имаат сите вработени во организацијата.

Исто така, од истражувањето кандидатката има заклучено дека за целите на наградувањето најмногу се користат финансиските мерила. Мерилата поврзани со испитување на купувачите и пазарот не заостануваат многу зад финансиските мерила бидејќи зголемувањето на пазарното учество и задоволството кај купувачите се од круцијална улога за остварување позитивни финансиски резултати во иднина. Од направената корелациона анализа на примената на системот за мерење на резултатите, како основа за системот за мерење на резултатите заклучено е дека финансиските мерила и мерилата поврзани со купувачите и мерилата поврзани со интерните процеси и оперативните резултати се статистички значајни и се користат за оценување на резултатите и наградување на вработените.

Во врска со интегрираното известување, од истражувањето во организациите во Република Македонија, кандидатката има заклучено дека сите се фокусирани само на обелоденување на оние информации, пред сè, финансиски, кои се задолжителни со законската и професионалната регулатива во земјата. Нефинансиските информации во врска со оперативното работење на организациите не се обелоденуваат во финансиските извештаи на организациите. Што се однесува до примената и изготвувањето интегрирани извештаи, заклучокот е дека тие не се применуваат во организациите во Република Македонија.

Развивањето модел за мерење на резултатите, нивното дизајнирање, имплементирање, оценување и ревидирање кандидатката го има тестирано преку спроведени три студии на случај кои се организации од производствен и услужен сектор во Република Макеодниja. Во сите три студии на случај, системите за мерење на резултатите организациите ги имплементираале по барање на нивната странска матица. Рамката на урамнотежени перспективи се користи во две од организациите, а една организација применува матрица на резултати. Трите организации се наоѓаат во различни фази од процесот на имплементирање. Во организацијата која има целосно имплементиран систем, тестирани се рамките за оценување и ревидирање на мерилата и системите за мерење на резултатите од работењето. Во организацијата во која постои делумно имплементиран систем, тестирани се фазите за имплементирање систем за мерење на резултатите. Во организацијата која е на самиот почеток на имплементирање, во фаза на предлагање на мерила и поставување на контурите за системот за мерење на резултатите, им се предложени и фазите за имплементирање и рамките за оцена и ревидирање кои веќе претходно позитивно биле оценети дека функционираат во двете претходни организации.

Оцена на докторската дисертација и предлог

Врз основа на проучувањето на обработената проблематика во дисертацијата, Комисијата ги дава следниве оцени:

- Во докторската дисертацијата на тема *Сметководствени аспекти на современите системи за мерење на резултатите од работењето: концепти, проблеми и предизвици* е обработена актуелна проблематика од областа на сметкводствената теорија. Научниот придонес на докторската дисертација со состои во потврдување на теоретските сознанија од областа на мерењето на резултатите во практичната примена на системите за мерење на резултатите во Република Македонија, како и изнаоѓање на релации помеѓу системите за мерење на резултатите и остварувањето на резултатите на организациите. Научниот придонес може да се согледа и во поврзувањето на мерењето на резултатите со процесите на контролирање, наградување и известување, релации кои во досегашната литература од областа на сметководството не се целосно интегрирани. Исто така, од особено значење во научниот придонес на докторската дисертација претставува развивањето на рамки

за оценување и ревидирање на системите за мерење на резултатите, како значаен чекор за континуирано подобрување на системите за мерење на резултатите.

- Од методолошки аспект, кандидатката користела релевантни статистички техники кои се користат во истражувањата од областа на мерењето на резултатите.
- Темата е обработена на концизен начин, при што кандидатката има користено, пред сé, бројна странска литература и истражувања презентирани во бројни публикации, како и од многубројни конгреси и конференции посветени на проблематиката на системите за мерење на резултатите. Ваквиот начин на пристап и има овозможено на кандидатката да дојде до реални и издражни заклучоци за обработуваната проблематика во Република Македонија врз основа на искуствата и практиката изнесени во странската литература.
- Презентираната структура на докторската дисертација целосно го покрива предметот на истражување во докторската дисертација за испитување на комплексните системи за мерење на резултатите и нивно поврзување со контролните системи, системите на наградување и интегрираното известување во организациите. Исто така, детална обработка на теоријата и практичните истражувања во овие области на кандидатката и имаат овозможено да ја оствари и крајната цел во дисертацијата, односно да предложи постапка за развивање интегриран систем за мерење на резултатите, како и алатки за негово оценување и ревидирање кои се тестирани и позитивно оценети во три студии на случај.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација наполно ги задоволува критериумите за докторска дисертација и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација на тема ***Сметководствени аспекти на современите системи за мерење на резултатите од работењето: концепти, проблеми и предизвици;*** и
2. да и одобри на кандидатката м-р Марина Трпеска јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 09.5.2013 година

Комисија за оцена и одбрана

_____

Проф. д-р Блажо Недев с.р.

_____

Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска с.р.

_____

Проф. д-р Зоран Миновски с.р.

_____

Проф. д-р Љубиша Јаневски с.р.

_____

Проф. д-р Димитар Бојациовски с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
"ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКИОТ СЕКТОР ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА",
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛЕНА НАУМОВСКА,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 26.4.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Наумовска на тема ***Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст, со посебен осврт на Република Македонија***. Претходно, темата беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломски студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет. По читањето на трудот, Комисијата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Материјата елаборирана во докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Наумовска на тема ***Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст со посебен осврт на Република Македонија*** е презентирана на вкупно 300 страници, во кои се содржани 259 страници основен текст со инкорпорирани табели, графикони и слики, 24 страници воведни и заклучни согледувања и 17 страници на кои се презентирани содржината и користената литература. Проверката на докторската дисертација регистрира 4,05% (3216/79449) совпаѓање со зборови од општ карактер регистрирани во 831 документ.

Докторската дисертација тематски е структурирана во четири целини кои се однесуваат на одделните аспекти на анализата на врската помеѓу финасиската развиеност и економскиот раст:

1. Врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст – детерминанти, канали и функции
2. Теоретска рамка
3. Анализа на врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст кај група земји
4. Анализа на состојбите во финансискиот сектор и економската активност во Македонија.

Во рамките на првите две поглавја е извршено истражување и систематизирање на теоретските концепции и расположливата емпириска литература со цел да се создаде аналитичка рамка за оценување врската помеѓу финансиите и растот. Преостанатите две поглавја се креирани преку користење на посебен сет на индикатори и соодветни квантитативни техники и методи за да се процени влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст на примерот на група одбрани земји со посебен осврт на Македонија. Финална цел на овие два пристапа е создавањето на основа за донесување заклучоци и препораки за идните активности на финансискиот сектор во насока на постигнување на поголема ефикасност.

Во рамките на **првото поглавје** на докторската дисертација, вниманието е насочено кон теоретските концепции за врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст. Најнапред, кандидатката го разработува прашањето за детерминантите на финансиската развиеност со посебен акцент на историските и политичките детерминанти. Во продолжение, се осврнува на различните концепциски и методолошки гледишта за факторите на кои се потпира економскиот раст. По презентирањето на бројните фактори кои влијаат на економските перформанси, во фокусот на вниманието е анализата на финансиската развиеност како детерминанта на економскиот раст. Најнапред, следува краток осврт на можните перспективи за набљудување на финансиската интермедијација – институционалната и функционалната перспектива. Понатаму, кандидатката ги елаборира каналите низ кои финансискиот сектор, вршејќи ја улогата на финансиски посредник, влијае врз економскиот раст: поефикасната алокација на капиталот, поефикасната трансформација на заштедите во инвестиции и ефектот на стапката на штедење. Притоа, таа ја истакнува примарната функција на финансискиот сектор во просторното и временското олеснување на алокацијата на економските ресурси во неизвесното окружување. Од најопштото ниво на поединечната примарна функција на алокација на ресурсите, понатаму разграничува дополнителни пет основни функции кои ги врши финансискиот сектор и се е од витално значење во креирањето на економскиот раст: мобилизирање на заштедите, диверзификација на ризикот, олеснување на размената, мониторинг на менаџерите и примена на корпоративно управување.

Во продолжение, вниманието е насочено кон клучната улога на банките во развојот на финансискиот сектор и во целокупното економско окружување. Во таа насока, кандидатката истакнува дека доколку се анализира влијанието на банките врз економскиот раст, во фокусот на вниманието би биле два канала. Првиот канал се однесува на активностите на привлекување на поголеми заштеди, ефикасно и ефективно работење заради креирање на поволни извори на финансирање на кредитната активност.

Втората насока се однесува на операциите на страната на активата, насочени кон соодветна диверзификација на ризикот на кредитното портфолио и селекција на виоскоприносни и сигурни инвестициони проекти за кредитирање. Извршувајќи ги петте функции на финансискиот сектор, низ овие канали банките дејствуваат во насока на поттикнување на економскиот раст.

Првиот дел на докторската дисертација кандидатката го заокружува со анализата на влијанието на институционалните инвеститори врз економскиот раст. По презентирањето на улогата на институционалните инвеститори во поефикасното реализирање на основните функции на финансискиот сектор, следува дополнителен осврт на можните канали на дејствување на економскиот раст од аспект на поодделните институционални инвеститори. Во таа насока, кандидатката истакнува дека институционалните инвеститори можат да го поттикнат економскиот раст преку зголемувањето на стапката на агрегатното штедење, развојот на пазарот на капитал, зголемувањето на маргиналната продуктивност на капиталот, акумулацијата и алокацијата на ресурсите, способноста за воведување на иновативни продукти и инвестициони стратегии и диверзификацијата на инвестициите низ различните продукти кои влијаат врз зголемувањето на ефикасноста на финансискиот сектор со прелевање на позитивните ефекти низ целата економија.

Второто поглавје на докторската дисертација е посветено на теоретската рамка врз основа на која се анализира врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст. Во неа кандидатката ги вклучува основните модели на финансиската развиеност и економскиот раст, примената и ограничувањата на квантитативните методи за оценка на врската помеѓу финансиите и растот, како и систематизацијата на емпириската литература која го оценува влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст. Најнапред, таа прави осврт на основните модели и квантитативните методи за оценка на врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст. Во рамките на оваа точка на докторската дисертација се дискутирани и одреден број нерешени прашања и проблеми кои се јавуваат како ограничувања при нивната примена.

На крајот на второто поглавје на докторската дисертација, кандидатката прави обид преку темелно истражување и систематизирање на емпириската литература која ги анализира различните аспекти на поврзаноста помеѓу финансиите и растот, да востанови аналитичка рамка за квантифицирање и оценување на влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст. Досегашните истражувања ги систематизира врз основа на различните појдовни аспекти, почнувајќи од најраните анализи и движејќи се кон посеопфатна поставеност на анализираната проблематика.

Во рамките на овој дел од докторската дисертација, кандидатката укажува на фактот дека врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст е предмет на долгогодишни дебати. Иако се чини дека е постигнат начелен консензус, економистите пројавуваат различни мислења за важноста на финансискиот сектор врз економскиот раст. Додека едни тврдат дека финансискиот сектор одиграл клучна улога врз економскиот раст преку поттикнувањето на индустријализацијата и технолошките иновации, други се на мислење дека финансискиот развој е едностран приказ на економскиот развој, односно влијанието е во обратна насока - економскиот развој го поттикнува финансискиот развој преку побарувачка за одредени финансиски производи. Во крајна линија, постојат и економисти кои сметаат дека врската помеѓу финансиите и растот е безначајна, а улогата на финансискиот сектор врз економскиот раст пренагласена. Оттука, кандидатката констатира дека проблематиката на финансиите и растот и покрај тоа што е веќе анализирана во бројни научни трудови во еден подолг временски период, сè уште не губи од својата актуелност. И покрај постојаното унапредување и надградување на истражувањата од оваа област, сè уште постои простор за натамошно усовршување.

Во рамките на **третото поглавје** на докторската дисертација, кандидатката прави обид врската помеѓу финансискиот сектор и економскиот раст да ја вгради во одредени квантитативни модели, со цел да се дојде до одредени констатации за влијанието на финанасискиот сектор врз економскиот раст кај анализираниот примерок на земји. Притоа, таа востановува аналитичка рамка преку дефинирање на соодветен сет на индикатори кој се користи во најопфатните и најновите истражувања за врската помеѓу финансискиот сектор и економскиот раст.

Во таа насока, при регресионата анализа на влијанието на определени комбинирани индикатори во форма на индекси (индексот на финансиската развиеност, индексот на финансиската структура и индексот на финансиското окружување) врз реалниот пораст на БДП per capita пресметан како регресионен коефициент, кандидатката доаѓа до следниве резултати: прво, стапката на економскиот раст не зависи од финансиската структура, а финансиската развиеност има значајна и позитивна врска со економскиот раст и второ, позитивната и значајната врска помеѓу финансиската развиеност и растот се потврдува и доколку се земат предвид инструменталните варијабли од политичкото и од економското окружување.

При анализата на врската помеѓу финансиската развиеност и финансиската структура поодделно кај високоразвиените земји и кај транзиционите економии, кандидатката доаѓа до констатација дека земјите со повисоко ниво на финансиска развиеност, претежно имаат

пазарно ориентирани финансиски системи. Дотолку повеќе, нивната финансиска развиеност зависи повеќе од ефикасноста и активноста (обртот и прометот), отколку од самата големина (пазарната капитализација) на нивните финансиски пазари. Во транзиционите економии, кои се повеќе банкарски ориентирани, порастот на финансиската развиенсот се должи на зголемената активност и ефикасност на банкарскиот сектор, а неефикасните и мали финансиски пазари имаа негативен одраз врз нивната финансиска развиеност.

При вклучувањето на инструменталните варијабли од економското и од политичкото окружување во регресионата анлиза, влијанието на финансиската развиеност врз економскиот раст добива различно ниво на значајност кај поодделните групи на земји. Врз основа на добиените резултати, кандидатката доаѓа до констатација дека врската помеѓу финансиската развиеност и реалниот раст на БДП рег capita кај развиените економии станува значајна дури по вклучувањето на влијанието на инструменталните варијабли. Дотолку повеќе, врската покажува највисоко ниво на значајност по вклучувањето на индексот кој се однесува на влијанието на законското окружување. Резултатите кои се однесуваат на транзиционите економии упатуваат на сосема поинаков заклучок. Имено, врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст станува незначајна при користење на инструменталните варијабли од окружувањето. Оттука, токму факторите од макроекономското окружување, како и законското окружување кое се однесува на правата на потенцијалните и постојните инвеститори и кредитори и политичките услови во кои тие дејствуваат неповолно се одразуваат врз потенцијалите за позитивно дејствување на активноста на финансискиот сектор врз економскиот раст.

Во **последното поглавје** на докторската дисертација, врз основа на извршените анализи кандидатката донесува констатации и дава препораки кои се однесуваат на можностите за унапредување на состојбите во финансискиот сектор во насока на поттикнување па економскиот раст во Македонија.

Осврнувајќи се на небанкарските институции во Македонија, таа истакнува дека пазарот на капитал во Македонија се карактеризира со неразвиен примарен пазар, ограничена ликвидност на секундарниот пазар, ограничена понуда на инвестициони алтернативии и изразена чувствителност на инвестиционите одлуки од случувањата на домашното и од меѓународното макроекономско опкружување. Оттука, таа укажува на фактот дека развојот на институционалните инвеститори во Македонија ќе зависи од проширувањето на лепезата на инвестициони продукти, степенот на диверзифицираност на вложените средства, како и степенот на транспарентност на структурата на вложувањата од кој зависи јакнењето на довербата кај инвеститорите. Заживувањето на пазарот на капитал е

предодредено од порастот на животниот стандард на населението, но и од неговата поголема информираност и едуцираност за можностите кои ги нудат различните форми на инвестирање на заштедите, како и зголемената свесност за предностите на вложувањата кои овозможуваат поголема сигурност и поголеми заработки на среден и долг рок. Исто така, создавањето на институционална подлога за постепена преориентација на правните субјекти од банкарско кон пазарно финансирање игра клучна улога во заживувањето и натамошниот развој на пазарот на капитал. Законите во финансиската сфера е неопходно да бидат насочени кон поддршка на зголемениот степен на интегрираност и овозможување на рамноправна положба на различните сегменти на финансискиот сектор.

Врз основа на спроведеното истражување на показателот Кредити/БДП како фунција на одредени фундаментални варијабли на примерот на Македонија, кандидатката доаѓа до неколку констатации и препораки. Прво, депозитното јадро на банките е најзначајна економска варијабла поврзана со кредитирањето во Македонија. Во услови на ограничени можности за финансирање на кредитната активност на меѓународниот финансиски пазар и неповолни случувања во еврозната, монетарната политика на НБРМ и политиката на деловните банки треба да бидат насочени кон задржувањето на довербата во банкарскиот сектор и сочувувањето и зголемувањето на депозитната база како примарен извор за финансирање на домашната кредитна активност. Второ, кредитната активност во Македонија во голема мера е условена и од динамиката на пораст на економската активност. Во услови на нестабилно макроекономско окружување и неизвесност околу надминувањето на кризата во еврозоната, неповолните економски движења, намалениот извоз и падот на индустриското производство, не се создава реална основа за забрзување на кредитната активност. Трето, кредитната активност е комплементарна со странските директни инвестиции, а претставува супститут на пазарното финансирање. Оттука, заживувањето на пазарот на капитал зависи од законската и институционална подлога која ќе овозможи постепена преориентација на правните субјекти од банкарско кон пазарно финансирање.

При истражувањето на врската помеѓу финансиите и растот преку економетриски модел кој низ призмата на банкарскиот сектор го истражува влијанието на функциите на финансиксиот сектор врз економскиот раст, на примерот на Македонија, кандидатката доаѓа до констатација дека ефектите на промовирање на растот од страна на банкарскиот сектор произлегуваат не само од порастот во заштедите и инвестициите, туку и од порастот на маргиналната стапка на повраг на инвестициите која е резултат на поефикасната алокација на заштедите помеѓу потенцијалните инвестиции. Ефектите на економскиот раст кои произлегуваат од подобрената алокација на ресурсите и од порастот на

маргиналната стапка на повpат на финансираните инвестиции, може да бидат од поголемо значење за економскиот раст отколку самото зголемување на заштедите. Оттука, кандидатката упатува на заклучокот дека простата акумулација на капиталот која влијае врз големината на банкарскиот сектор е неопходно да биде проследена со процесот на финансиско продлабочување кој се огледа во поефикасната алокација на капиталот, поефикасната трансформација на заштедите во инвестиции, како и намалувањето на ресурсите употребени во процесот на финансиската интермедијација. Со оглед на фактот што македонскиот банкарски сектор се карактеризира со задоволителен обем на расположливи извори на финансирање на кредитната активност - од сопствената депозитна база и од странските кредитни линии, активноста на банките е препорачливо да биде насочена кон канализирање на расположливите финансиски ресурси кон квалитетни и високоприносни инвестициони проекти кои имаат најголем потенцијал да влијаат на економскиот раст во земјата. За да може ова да се реализира, неопходен предуслов е да постојат кредитни апликации за финансирање на квалитетни инвестициони проекти кои истовремено ги исполнуваат критериумите од кредитните политики и процедури на банките. Притоа, како неопходност се јавува потребата од донесување на закони за поттикнување на инвестициите, но и формирање на гарантни фондови кои ќе го олеснат пристапот до финансиите на потенцијалните инвеститори.

Оцена на докторската дисертација и предлог

Врз основа на читањето на дисертацијата, Комисијата ги дава следниве оцени:

- Докторската дисертацијата на тема *Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст, со посебен осврт на Република Македонија* обработува суштествени прашања од областа на финансиите кои ја истакнуваат неопходноста процесот на кумулирање на финансиските ресурси кој ја детерминира големината на финансискиот сектор да биде проследен со финансиско продлабочување кој се огледа во поефикасната алокација на капиталот, поефикасната трансформација на заштедите во инвестиции, како и намалувањето на ресурсите употребени во процесот на финансиската интермедијација.
- Од методолошки аспект, кандидатката користела релевантни статистички техники и економетриски модели врз основа на соодветен сет на индикатори кој се користи во комплексните и модерни истражувања за врската помеѓу финансискиот сектор и економскиот раст.

- Темата е обработена на концизен начин, при што кандидатката користела релевантна домашна и странска литература. Тоа и овозможило да дојде до релевантни заклучоци и ставови за обработената тема.
- Презентираната структура на докторската дисертација ја остварува својата основна цел, а тоа е врз основа на констатациите добиени од различните аспекти на анализа на врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст да сублимира концепт на препораки кои ќе дејствуваат во насока на јакнење на економските перформанси преку зголемената ефикасност во процесот на финансиска интермедијација.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација наполно ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација на тема ***Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст, со посебен осврт на Република Македонија*** и
2. да и одобри на кандидатката м-р Елена Наумовска јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 9.5.2013 година

Комисија за оцена и одбрана

_____

Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

_____

Акад. д-р Гоце Петрески с.р.

_____

Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.

_____

Проф. д-р Љубе Трпески с.р.

_____

Проф. д-р Горан Петревски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТРУКТУРА НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ И ПСИХОЛОШКИТЕ ОСОБИНИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА УСПЕШНАТА ТЕХНИЧКА ИЗВЕДБА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ОД СПОРТСКА ГИМНАСТИКА КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ПРВА ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ", ОД КАНДИДАТОТ М-Р КАТЕРИНА СТАСОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје број 0201/345/12 од 21.3.2013 година, Комисијата за одбрана на докторската во состав: проф. д-р Јован Јовановски – претседател, проф. д-р Орце Митевски – ментор, проф. д-р Ванчо Поп Петровски - член, проф. д-р Лепче Алексовска Величковска - член, проф. д-р Роберт Христовски - член, сите од Факултетот за физичка култура во Скопје, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација е презентирана на 418 страници во едноколонски [illegible] Содржината содржи 7 поглавја. Дадени се податоци на 302 табели и 31 слика.

Во првата глава "Вовед", авторката ја истакнува потребата за проучување на структурата на антрополошкиот простор на личноста која има значајно влијание врз успехот во спортската гимнастика. За таа цел, авторката направила обид да го проучи морфолошкиот, моторичкиот и психолошкиот суппростор за кој се смета дека имаат најголемо влијание на успешната техничка изведба на одбраните гимнастички елементи.

Од анализата на досегашните истражувања, авторката увидела дека во истражувањата од спортската гимнастика, најчесто бил третиран проблемот на утврдување на структурата и релациите меѓу елементите во еден или два суппростори, и тоа најчесто помеѓу моторичките способности и антропометриските карактеристики и нивните релации со успешната техничка изведба на гимнастичките елементи. Токму од наведените причини, авторката во оваа истражување, покрај можноста да ја утврди структурата на антропометриските карактеристики и моторичките способности, се обидела да ја утврди структурата и на психолошките особини на возрасната група испитаници кои биле предмет на нејзино проучување, како и нивното влијание врз успешната техничка изведба на одредени гимнастички елементи.

Во втората глава, авторката го поставува проблемот на истражувањето. Поаѓајќи од тоа дека антропометриските карактеристики, моторичките способности и психолошките особини се едни од основните фактори во решавањето на моторичките активности (спортската гимнастика), за основен проблем го поставува откривањето на нивната структура, како и нивното влијание врз успешната техничка изведба на гимнастичките елементи.

Во третата глава од трудот, авторката ги цитира дефинираните термини и поимите во морфолошкиот, моторичкиот и психолошкиот простор, како и статистичките термини од страна на повеќе автори кои се занимавале со оваа проблематика.

Третата глава содржи четири подглави во кои станува збор за суштинското значење на морфолошкиот, моторичкиот и психолошкиот простор, со посебен акцент на суштинските чинители кои ги определуваат овие простори, како и статистичките термини и поими што се користени во ова истражување.

Во четвртата глава кандидатката ги наведува бројните научни истражувања од домашни и странски автори. Наведените истражувања авторката ги поделила на 4 групи, и тоа: истражувања кои ги третирале релациите помеѓу антропометриските карактеристики и успешната техничка изведба на елементите од спортска гимнастика, истражувања кои ги третирале релациите помеѓу моторичките способности и успешната техничка изведба на елементите од спортската гимнастика, истражувања за психолошките особини во физичката култура и истражувања кои ја третирале проблематиката на влијанието на одделни антропометриски карактеристики, моторички способности и психолошки особини со успешната техничка изведба на одредени гимнастички елементи.

Наведените истражувања се во директна врска со проблемот и предметот на проучување кои се дефинирани во петтата глава.

Предмет во истражувањето се проучување на некои антропометриски карактеристики, моторички способности, психолошки особини и нивното влијание на успехот по предметот спортска гимнастика кај студентите од прва година на Факултетот за физичка култура во Скопје (учебна 20010/2011 и 2011/2012 год.).

Во петтата глава се дефинирани целите и хипотезите на истражувањето. Авторката поставила една основна и дваесет и две конкретни цели кои се насочени кон утврдување на латентната структура на антропометриските мерки, моторичките способности, психолошките особини и структурата на гимнастичките елементи, како и да се утврди влијанието на антропометриските, моторичките и психолошките фактори на успешната изведба на гимнастичките елементи, успехот на одделните справи и генералниот успех во спортската гимнастика.

Исто така, авторката врз основа на предметот и целите на истражувањето поставил и дваесет и две хипотези, каде што се претпоставува дека ќе биде утврдена структурата на антропометриските мерки, моторичките способности, психолошките особини и структурата на гимнастичките елементи, а ќе биде утврдено и статистички значајно влијание на антропометриските, моторичките и

психолошките фактори на успешната изведба на гимнастичките елементи, успехот на одделните справи и генералниот успех во спортската гимнастика.

Во шестата глава е презентиран методот на работа применет во овој труд. Оваа глава ја сочинуваат шест подглави: примерок на испитаници, примерок на варијабли, услови за мерење на антропометриските варијабли и моторичките способности и за проценување на психолошките особини, општи критериуми за оценување на техничката изведба на гимнастички елементи и стандардизиран критериум за оценување.

Вкупниот примерок на испитаници брои 143 студенти од машки пол од Факултетот за физичка култура во Скопје од прва година во учебните 2010/2011 и 2011/2012 година. За реализација на целите на истражувањето, кандидатката применила вкупно 17 антропометриски мерки, 29 моторички варијабли за проценка на моторичките способности и 8 тестови за проценка на психолошките особини. За проценување на успешната техничка изведба оценувани се 32 гимнастички елементи на пет гимнастички справи. Наведени се условите и техниката на мерењето на проучуваните варијабли, а нивниот целосен опис е прикажан во прилозите од трудот.

Во седмата глава е презентиран методот на обработка на податоците. Добиените податоци од сите мерења се статистички обработени: добиени се податоци за основната дескриптивна анализа (аритметичка средина, стандардна девијација, коефициент на варијабилност, минимален и максимален резултат). Нормалноста на дистрибуцијата на резултатите утврдена е со помош на Колмонгоров-Смировиот тест, а асиметричноста на дистрибуцијата со тестот за асиметричност (Skew). Според заобленоста на дистрибуцијата на резултатите (Kurt), проценета е хомогеноста на резултатите. Покрај тоа, авторката за секој елемент посебно на секоја справа добиените оценки за техничката изведба ги изразила преку фреквенција на оценките, а за поврзаноста помеѓу антропометриските карактеристики, моторичките тестови и психолошките особини пресметала коефициенти на корелација. За утврдување на латентната структура на антропометриските мерки, моторичките способности, психолошките особини и на гимнастичките елементи, авторката применила факторска анализа. За утврдување на влијанието на антропометриските, моторичките и психолошките фактори на успешната изведба на гимнастичките елементи, успехот на одделните справи и генералниот успех во спортската гимнастика ја применила регресивната анализа.

Интерпретацијата и дискусијата на резултатите се дадени во осмата глава "Резултати и дискусија", која наедно е и најобемна, а добиените резултатите рационално се презентирани преку 302 табели и 31 слика (кинограм). Кандидатката на почетокот се задржала на анализата и интерпретацијата на дескриптивните статистички показатели, посебно за антропометриските, моторичките варијабли, психолошките особини, како и за гимнастичките елементи, за парцијалниот успех по справи и генералната оценка по спортска гимнастика за целиот примерок на испитаници. Преку фреквенцијата на оценките, авторката умешно ги анализира, ги дискутира и ги систематизира добиените оценки за секој елемент на секоја справа

посебно. Преку комплетниот преглед на фреквенциите на оценките за сите елементи на петте справи, авторката дошла до заклучок дека за избраниот примерок на испитаници најтешки елементи претставувале стриж затворен, коло заножно и стриж отворен на справата коњ со рачки, разношка со заножување на прескок и саскок одбочка на разбој, а најлесен премет во страна "ѕвезда" на партер и тркалање назад од упор преден на вратило. Со факторска анализа, авторката ја утврдила латентната структура во морфолошкиот простор каде што со Варимакс-ротација изолирала три латентни антропометриски мерки, и тоа: 1. фактор на поткожно масно ткиво; 2.фактор на трансверзална и циркуларна димензионалност; 3.фактор на лонгитудинална димензионалност. Во моторичкиот суппростор се изолирале осум моторички фактори: 1.фактор за изведување на брзи координирани движења; 2.фактор на експлозивна сила - тип на исфрлање; 3.фактор на репетитивна сила на предната страна на трупот; 4. фактор на ритмички движења; 5. фактор на флексибилност; 6.фактор на експлозивна сила- тип на скокови; 7. фактор на фреквенција на движењата; 8. фактор за изведување на брзи и координирани движења во одреден ритам. Во психолошкиот простор се изолирани пет фактори: 1.фактор на мотив за општо постигнување; 2. фактор на невротизам или емоционална нестабилност проследена со анксиозни промени и значајно негативна емоционална ангажираност во услови на општо постигнување; 3.фактор на екстровертност, проследена со низок степен на социјална прифатливост од средината или дисимулација; 4. фактор на позитивна емоционална ангажираност во услови на општо постигнување проследено со реакции на сомнеж; 5. фактор на општа и специфични интелектуални способности или фактор на когнитивниот психолошки простор. Факторската структура на гимнастичките елементи се состои од пет фактори: 1. фактор за успешна изведба на применетите гимнастички елементи на вратило; 2. фактор за успешна изведба на применетите гимнастички елементи на коњ со рачки; 3. фактор за успешна изведба на применетите гимнастички елементи на прескок; 4. фактор за успешна изведба на применетите гимнастички елементи на партер; 5. фактор за успешна изведба на применетите гимнастички елементи на разбој. За утврдување на влијанието на изолираните антропометриски, моторички и психолошки фактори (предиктори) со успешната техничка изведба на 32 гимнастички елементи (критериуми), направени се посебни регресивни анализи. За секоја регресивна анализа, за изолираните моторички фактори е вршена и анализа на техничката изведба на секој гимнастички елемент, со што е направен обид за објаснување на влијанието на одредени фактори на успешната техничка изведба.

Значењето на истражувањето е презентирано во главата број девет. Авторката наведува дека резултатите од истражувањето треба да најдат соодветна практична примена на факултетите за физичка култура по предметот спортска гимнастика. Резултатите од истражувањето ќе укажат на потребата студентите што се запишуваат во прва година на ФФК да располагаат со потребните антропометриски карактеристики, моторички способности и психолошки особини, неопходни за успешна реализација на содржините предвидени во програмата по спортска гимнастика. Со добиените резултати, се нуди можност за усогласување, дополнување или потврдување на постоечката програма по спортска гимнастика за студентите од прва година на ФФК според новиот начин на студирање.

Во десеттата глава "Заклучоци" преку табела и текстуално сумирани се добиените резултати, за на крајот како одлен генерален заклучок, да се забележи дека антропометрискиот систем има статистички значајно влијание кај најголемиот број гимнастички елементи, освен на гимнастичкиот елемент коло заножно на коњ со рачки. Моторичкиот систем има статистички значајно влијание на сите гимнастички елементи, додека системот на психолошките фактори има статистички значајно влијание кај повеќето гимнастички елементи, освен на склопка од чело на партер, наупор усклопно на вратило, саскок предношка на разбој, наупор усклопно на разбој, упор усклопно на разбој, коло предножно, коло заножно и саскок подметен на коњ со рачки. Сублимирано се прикажани и резултатите од парцијалото влијание на изолираните антропометриски, моторички и психолошки фактори врз успешната изведба на 32. гимнастички елемент на петте гимнастички справи. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност и конкретно ги објаснуваат добиените резултати.

Наведената литература од 105 единици од странски и домашни автори во последната 11. глава соодветствува со предметот и целта на истражувањето. Библиографските единици се коректно цитирани со доследна и систематска примена според современите барања и критериуми во таа насока.

Прилозите презентирани на педесет и три страници во докторската дисертација на м-р Катерина Спасовска се одбрани со цел да ги нагласат носечките елементи во истражувањето, со што се дава јасна слика за целокупната постапка.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација „Структура на антропометриските карактеристики, моторичките способности и психолошките особини и нивното влијание на успешната техничка изведба на елементите од спортска гимнастика кај студентите од прва година на Факултетот за физичка култура во Скопје", од кандидатката м-р Катерина Спасовска е самостоен научен труд во кој преку добиените резултати на адекватен начин е одговорено на поставените цели и хипотези и тој според применетата методологија дава значаен придонес во кинезиологијата, со што авторката ја потврдила својата способност за научна работа.

Комисијата, ценејќи ги наодите во докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Спасовска, му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на кандидатката и да и овозможи нејзина јавна одбрана.

КОМИСИЈА

Ред. проф. д-р Јован Јовановски – претседател, с.р.

Ред. проф. д-р Орце Митевски – ментор, с.р.

Ред. проф. д-р Ванчо Пон Петровски - член, с.р.

Ред. проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член, с.р.

Ред. проф. д-р Роберт Христовски - член, с.р.

Maj 2013

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ФЛЕЈТА, ОРКЕСТАРСКИ ДЕЛНИЦИ ЗА ФЛЕЈТА И КАМЕРНА МУЗИКА ЗА ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИНА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на својата седница одржана на 13.02.2013 година, донесе решение за формирање рецензентска комисија во состав: проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска, проф. м-р Васо Ристов и проф. м-р Билјана Јакимовска. На конкурсот објавен на 12.1.2013 година во дневните весници „Дневник" и „Коха", за избор на еден наставник во сите звања по наставните предмети флејта, оркестарски делници за флејта и камерна музика за дувачки инструменти на Факултетот за музичка уметност-Скопје, се пријави кандидатот вонр. проф. м-р Страшо Темков

Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Страшо Темков е еден од најуспешните македонски музички уметници од својата генерација чијашто многустрана дејност ја зацврстува традицијата на уметничката музика во земјава, промовирајќи ја интерпретацијата на дувачките инструменти што се толку карактеристични за ова поднебје. Музиката како животна определба тој ја сфаќа уште на најмлади години, посетувајќи го основното музичко училиште во својот роден град Кавадарци, и натаму ги поминува сите скалила за долгото и макотрпно формирање на музичар-интерпретатор: средниот оддел на Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски-Луј", Факултетот за музичка уметност во Скопје, последипломските студии на Музичката академија „Панчо Владигеров" во Софија. Во текот на студирањето Страшо Темков соработува со реномираните уметници и педагози од Македонија и Балканот: Никола Атанасов, Бети Станковска, Миодраг Азањац, Лидија Ошавкова. Одличната школа се потврдува со стекнување на бројни награди на републичките и сојузните – во рамките на поранешната СФРЈ – натпревари на млади уметници. За време на студиите Страшо Темков го остварува и првиот солистички настап со Македонската Филхармонија. Од 1991 година неговата флејта станува своевиден „препознатлив знак" на оваа институција: како прв флејтист на Филхармонијата тој редовно ги изведува впечатливите сола на светската оркестарска литература. Талентот и желбата за уметничкото реализирање го водат на концертните подиуми – како солист со повеќе оркестри (Македонска филхармонија, Француско-американскиот камерен оркестар, Камерниот оркестар на Македонската филхармонија и др.), солист со

рецитални програми, учесник на реномираниот Македонски дувачки квинтет и други камерни состави. Страшо Темков настапува на познатите музички фестивали во земјава и во странство: „Охридско лето", „Скопско лето", „Денови на македонска музика", НИМУС – Србија и др., а се вбројува меѓу малкуте македонски уметници кои настапиле во Карнеги-хол – една од најпрестижните светски концертни сали. Репертоарот на Страшо Темков ги опфаќа периодите од Барок до современата музика, а забележлив е неговиот стремеж за промовирање на нови дела – како на светската литература за флејта, така и на домашното музичко творештво.
Покрај уметничката дејност, Страшо Темков активно се занимава со педагогијата. Повеќе години тој е професор на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ментор на студентите на додипломските и магистерските студии. Очигледни се резултатите на неговата педагошка дејност: сега веќе неговите ученици освојуваат награди на натпреварите за млади музичари, а нивниот професор е редовно поканување да води семинари во образовните институции на соседните држави и да биде член на жири на меѓународни натпревари по флејта. Страшо Темков е на врвот на својата професија – зрел уметник со впечатлив индивидуален стил на интерпретацијата . Страшо Темков има издадено 2 компакт-диска во периодот 2002-2010 година.

НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

20.11.2009 г., Квартет флејти "Аулос" рецитал Радовиш
17. 3.2010 г., К. Бачевска солист на флејта со "солисти на ФМУ"
17. 8.2008 г. ,Концерт на класа во Кавадарци
26. 5.2008 г. ,Рецитал К. Бачевска
30. 5.2008 г., Рецитал Квартет флејти "Аулос" Гевгелија
12.12.2008 г., Концерт на класа – сала ФМУ
1. 4.2009 г.,,Концерт на класа – сала ФМУ
19. 5.2009 г., Квартет флејти "Аулос" – "Даут Пашин Амам"
25.11.2009 г., Камерен орк. "Арко" солист А. Катмерова-флејта
23.12.2009 г., Концерт на класа - сала ФМУ
16. 3.2010 г., Рецитал на К. Бачевска фл. "Доаѓаме..."- салон 19'19
29. 4.2010 г., Солистички настап на В. Аревски и М. Станковска со симфониски оркестар на ФМУ – Дом на АРМ
04. 5.2010 г., Рецитал Марија Јакимовска фл. – "Даут Пашин Амам"
27. 5.2010 г., Солистички настап на К. Бачевска со М.Ф – Дом на АРМ
10. 5.2010 г., Вечер на Роберт Шуман соло настап А. Тевдовска фл.
16. 9.2010 г., Рецитал Квартет флејти "Аулос"- национална Галерија Р. Бугарија- Софија
2. 3.2012 г., Концерт на класа- сала ФМУ
1. 4.2012 г., Рецитал на А. Катмерова фл. – Кочани
24. 3.2011 г., Концерт на класа – сала ФМУ
23.12.2010 г., Рецитал М. Јакимовска фл. – сала ФМУ
8. 6.2011 г., Рецитал А. Тевдовска фл. – "Даутпашин амам"
13. 6.2011 г., Рецитал М. Јакимовска фл. – "Даутпашин амам"
19. 5.2011 г., Солистички настап со МФ К. Бачевска – Дом на АРМ

9. 4.2011 г., Солистички настап на Б. Камчева фл. со солисти на ФМУ
6. 6.2012 г., Концерт на Ива Блажевска фл. – сала ФМУ
16.11.2011 г., Есенски музички свечености- соло настап на М. Јакимовска фл.
15. 6.2012 г., Рецитал Елена Дојчинова фл. сала ФМУ
18. 6.2012 г., Рецитал Квартет флејти "Аулос" – "Даут Пашин Амам"
19. 6.2012 г., Рецитал Квартет флејти "Аулос" Фестивал Ледамус – Р.Србија
23.1.2011 г., "Златна Лира" соло настап на М. Јакимовска фл.музеј на град СК
12.11.212 г., "Есенски Музички Свечености" соло настап на Б. Камчева и Е. Дојчинова фл.
13.	Учество на научен/стручен собир со орална презентација: GTCbio 3rd Annual Rediscovering Biomarkers, July 9-10, 2009, San Diego, CA: "Emerging affinity mass spectrometry technologies for biomarker evaluation".	**1**
14.	Учество на научен/стручен собир со орална презентација: Clinical Proteomics Technologies for Cancer 2009 Annual Meeting, October 5-7, 2009, Bethesda, MD: "Multiplex Mass Spectrometric Immunoassays".	**1**
15.	Учество на научен/стручен собир со орална презентација: Pacific Southwest RCE 6th Annual Meeting, July 25, 2010, Palo Alto, CA: "Benchtop device for detection of BoNT in clinical samples".	**1**
16.	Учество на научен/стручен собир со орална презентација: Regional Center of Excellence (RCE) National Meeting, April 3-5, 2011, Denver, CO: "Benchtop device for detection of BoNT in clinical samples".	**1**
17.	Учество на научен/стручен собир со орална презентација: The 60h ASMS conference on Mass Spectrometry and Allied Topics, May 20-24, 2012, Vancouver, Canada: "Mass spectrometric immunoassay for insulin-like growth factor 1	**1**
18.	Учество на научен/стручен собир со реферат – постер (меѓународна): 7	**3,5**
19	Коментор на докторска дисертација	**1,5**
19.	Апстракт објавен во зборник на конференција – меѓународна:	**19**
	ВКУПНО	**99,3**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	nd assays for myocardial infarction", US Patent No. 7,816,095, October 19, 2010.	**4**
2.	nd assays for myocardial infarction", US Patent No. 8,030,011, October 4, 2011.	**4**
3.	Проект: "Multiplex Mass Spectrometric Immunoassays" (PI), National Cancer Institute (NCI), SBIR Phase I Contract (HHSN261200800055C), 09/30/08-03/30/09, $147,160.	**9**
4.	Проект: "Multiplex Mass Spectrometric Immunoassays" (PI), National Cancer Institute (NCI), SBIR Phase II Contract (HHSN261200800055C), 03/31/09-03/30/11, $983,112.	**9**
5.	Проект: "Benchtop Device for Detection of BoNT in Clinical samples" (PI), National Institute of Allergy and Infectious Diseases (NIAID), PSWRCE Grant (2U54AI065359-05, Sub-Project ID: 6073), 05/01/09-07/31/11, $245,401.	**9**
6.	Проект: "Quantitative Mass Spectrometric Immunoassays for Population Proteomics" (PI), National Center for Research Resources (NCRR), SBIR Phase I Grant (1 R43 RR025701-01A1), 09/25/09-09/24/10, $197,319.	**9**
7.	NIH Review Panel: March 2010, NCI Special Emphasis Panel, ZCA1 SRLB-1 (C1): Development of Cancer Proteomics Reagents.	**6**
8.	NIH Review Panel: June 2012, NIH Center for Scientific Review, ZRG1 IMST (11), Biological Chemistry, Biophysics, and Drug Discovery.	**6**
Дејности од поширок интерес		
9.	Член на American Chemical Society	**2**
10.	Член на American Association for Cancer Research	**2**

11.	Член на American Society for Biochemistry and Molecular Biology	2
	Вкупно	**62**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**1,5**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**99,3**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**-**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**62**
Вкупно	**162,8**

ЗАКЛУЧОК

Од вкупната активност на д-р Добрин Неделков, насловен доцент на Институтот за хемија, многу јасно произлегува заклучокот дека се работи за многу искусен истражувач со огромно искуство во работа на мали научноистражувачки компании и со големи научноистражувачки можности во областа на примената на биохемијата. Тој поседува извонредна креативност и работоспособност во оваа област. Од неодамна, со влегувањето во големата компанија *Thermo Fisher Scientific,* се стекнува со искуство во работа на овие системи на глобално ниво. За квалитетот на постигнатите научни резултати јасно зборуваат новите публикации објавени во врвни научни светски списанија, неколкуте нови прегледни трудови и поглавја во други книги и монографии од областа на протеомиката. Со својата работа веќе е изграден како самостоен истражувач со меѓународен углед во научната јавност во областа на протеомиката и примената на масената спектрометрија во анализата на биомаркери и нивната примена во практиката.

Треба да се истакне неговата улога во приемот на млади научни работници од Република Македонија во неговата компанија каде што несебично го пренесува своето искуство од оваа област. Заради тоа, продолжувањето на соработката со д-р Добрин Неделков е од особена важност не само за Институтот за хемија и Природно-математичкиот факултет во целост, туку и за нашата земја, којашто д-р Добрин Неделков толку успешно ја презентира во САД и во светот.

Поради сето тоа, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го избере д-р Добрин Неделков во звањето насловен вонреден професор од група предмети од областа на биохемијата на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Членови на Комисијата

1. Д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Богдан Богданов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АНАЛИТИЧКАТА ХЕМИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-608/3 од 7.V 2013 год., донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, одржана на 25.IV 2013 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на аналитичката хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 28.III 2013 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Јасмина Петреска Станоева. Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката Јасмина Петреска Станоева е родена на 30.VII 1984 год. во Прилеп. Основно и средно училиште, ДСУ Гимназија „Мирче Ацев", завршила во Прилеп. Во учебната 2003/2004 се запишала на студиите по хемија на Природно – математичкиот факултет во Скопје, аналитичко-структурна насока. Студиите ги завршила во јули 2007 година како најдобар студент во својата генерација (со среден успех 9,82) и се стекнала со звањето дипломиран инженер по хемија. Во учебната 2007/2008 година се запишала на постдипломските студии на Природно – математичкиот факултет, кои ги завршила со просечен успех 10,00 на 8.XI 2010 година со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Студија на хидратацијата на хидроксидниот јон во водни раствори со хибриден статистичко-физички – квантномеханички пристап" и се стекнала со звањето магистер на хемиски науки. Во март 2011 година пријавила докторска дисертација под наслов „Полифенолен состав и антиоксидантна активност на планински чај од родот *Sideritis* од Балканскиот регион и карактеризација на метаболити од полифеноли во урина" и неа ја одбранила на 6.VII 2012 година со што се стекнала со звањето доктор на хемиски науки.

Од зимскиот семестар, во учебната 2007/2008 година, е ангажирана како демонстратор на Институтот за хемија. Учествувала во изведување на вежбите по предметите аналитичка хемија за студентите од биохемиско – физиолошка насока и биологија – хемија, инструментална хемија за студентите од биохемиско – физиолошка насока, аналитичка хемија I и II (А и Б–ниво), инструментална анализа I и II, инструментални аналитички методи (А и Б–ниво) и хроматографски методи за студентите од применета хемија и аналитичка биохемија, како и хроматографски методи и форензичка хемија за студентите од постдипломските студии. Од 27. XII 2010 год. е вработена како помлад асистент на Институтот за хемија при Природно–математичкиот факултет во Скопје.

Покрај ангажманот во практичната настава, Јасмина Петреска Станоева, како млад истражувач била вклучена во научноистражувачкиот проект „Засилување на истражувачкиот капацитет на земјите од Западен Балкан за карактеризација на квалитет на храна", под раководство на проф. д-р Марина Стефова. Во периодот од 1. X до 17. XII 2009 година престојувала во лабораторијата на Group on Quality, Safety and Bioactivity of Plant Foods при CSIC-CEBAS во Мурсија, Шпанија, со цел да се оспособи за работа со масен спектрометар врзан за течен хроматограф. Во периодот од 28. V до 11.VI 2010

учествувала на курсот организиран од страна на Организацијата за забрана на хемиско оружје (OPCW) на Универзитетот во Хелсинки, Финска, каде што стекнала знаења за анализа на хемиски оружја користејќи гасна хроматографија врзана со масена спектрометрија. Досега објавила 13 научни труда (10 по изборот за помлад асистент) и учествувала на повеќе научни конгреси со 29 соопштенија (14 по изборот за помлад асистент), кои се наброени подолу.

Објавени трудови (по изборот за помлад асистент):

4. **J. Petreska**, G. Stefkov, S. Kulevanova, K. Alipieva, V. Bankova, M. Stefova, Phenolic compounds of mountain tea from the Balkans: LC/DAD/ESI/MS^n profile and content. *Natural Product Communications*, 2011 (6), 21-30.
5. M. Kajdžanoska, **J. Petreska**, M. Stefova, Comparison of different extraction solvent mixtures for characterization of phenolic compounds in strawberries. *Journal of Agricultural and Food Chemistry*, 2011, 59 (10), 5272–5278.
6. I. Bogeski, R. Gulaboski, R. Kappl, V. Mirceski, M. Stefova, **J. Petreska**, M. Hoth, Calcium Binding and Transport by Coenzyme Q. *Journal of the American Chemical Society*, 2011, 133, 9293–9303.
7. **J. Petreska**, M. Stefova, F. Ferreres, D. A. Moreno, F. A. Tomás-Barberán, G. Stefkov, S. Kulevanova, A. Gil-Izquierdo, Dietary burden of phenolics per serving of "Mountain Tea" (*Sideritis*) from Macedonia and correlation to antioxidant activity. *Natural Product Communications*, 2011, 6, 1305–1314.
8. **J. Petreska Stanoeva**, D. Bagashovska, M. Stefova, Characterization of urinary bioactive phenolic metabolites excreted after consumption of a cup of mountain tea (*Sideritis scardica*) using liquid chromatography – tandem mass spectrometry. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* 2012, 229–243.
9. **J. Petreska Stanoeva**, M. Stefova, Evaluation of the ion trap MS performance for quantication of flavonoids and comparison to UV detection, *Journal of Mass Spectrometry*, 2012, 47, 1395–1406.
10. S. Gadzovska-Simic, O. Tusevski, S. Antevski, N. Atanasova-Pancevska, **J. Petreska**, M. Stefova, D. Kungulovski, M. Spasenoski, Secondary metabolite production in *Hypericum perforatum* L. cell suspensions upon elicitation with fungal mycelia from *Aspergillus Flavus*. *Archives of Biological Sciences*, Belgrade, 2012, 64, 113–121.
11. I. Cvetkovikj, G. Stefkov, J. Acevska, **J. Petreska Stanoeva**, M. Karapandzova, M. Stefova, A. Dimitrovska, S. Kulevanova, Polyphenolic characterization and chromatographic methods for fast assessment of culinary *Salvia* species from South East Europe, *Journal of Chromatography A*, 2013, 1282, 38–45.
12. P. D. Mitev, P. A. Bopp, **J. Petreska**, K. Coutinho, H. Agren, Lj. Pejov, K. Hermansson, Different structures give similar vibrational spectra: The case of OH^- in aqueous solution, *The Journal of Chemical Physics*, 2013, 138, 064503, 1–10.
13. O. Tusevski, **J. Petreska Stanoeva**, M. Stefova, Dz. Kungulovski, N. Atanasova Pancevska, S. Panov, S. Gadzovska-Simic, Xanthone production in *Hypericum perforatum* hairy root cultures transformed with *Agrobacterium rhizogenes* A4, *Proceedings*, Conference on Medicinal and Aromatic plants of South East European Countries, 7th CMAPSEEC, 2012, 381–388.

Презентирани трудови (по изборот за помлад асистент):

16. S. Gadzovska-Simic, O. Tusevski, M. Stefova, **J. Petreska**, Secondary metabolite profiles in different *in vitro* cultures of *Hypericum perforatum* L. 19th Symposium of the Serbian Plant Physiology Society, Banja Vrujci, 2011, pp. 63.

17. E. Lazarevska, **J. Petreska**, M. Stefova, Characterization of the polyphenolic profile of *Aronia melanocarpa* using HPLC-DAD-ESI-MS^n, IX Congress of pure and applied Chemistry of Students from Macedonia, Skopje, R. Macedonia, 2011, pp. 31.
18. H. Dichoska, **J. Petreska**, M. Stefova, Identification of phenolic compounds of *Sideritis* species from Turkey by HPLC/DAD/MS^n, IX Congress of pure and applied Chemistry of Students from Macedonia, Skopje, R. Macedonia, 2011, pp. 34.
19. S. Trajkovic, **J. Petreska**, M. Stefova, Identification of phenolic compounds in *Thymus tosevi* from Macedonia by liquid chromatography/electrospray ionizatio mass spectrometry, IX Congress of pure and applied Chemistry of Students from Macedonia, Skopje, R. Macedonia, 2011, pp. 47.
20. M. Stefova, V. Gavrilova, M. Kajdžanoska, **J. Petreska**, Varietal differences in the polyphenolic profile of cultivated blueberries studied by HPLC/DAD/MS^n, 10th International Symposium and CEEPUS Summer School on Bioanalysis, Graz, 2011, pp. 25.
21. M. Stefova, **J. Petreska Stanoeva**, HPLC-Ion Trap MS Perofrmance for quantification of flavonoids and comparison to UV detection, 12th International Symposium and CEEPUS Summer School on Bioanalysis, Cluj-Napoca, 2012.
22. S. Duridanska, **J. Petreska Stanoeva**, M. Stefova, Comparison of different extraction mixtures for characterization of polyphenolic compounds in raspberries using HPLC-DAD-ESI-MS^n and UV-spectrophotometry, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012, pp. 65.
23. O. Blazeska, **J. Petreska Stanoeva**, M. Stefova, Assay of cannabinoids in Cannabis sativa L. from macedonia using gas chromatography coupled to mass spectrometry, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012, pp. 67.
24. M. Petkovska, O. Trenchevska, **J. Petreska**, K. Stojanoski, Electrospray ionisation study of proteins. ESI-MS spectra of casein and beta lactoglobulin, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012, pp. 71.
25. N. Josifovska, O. Trenchevska, **J. Petreska**, K. Stojanoski, Electrospray ionisation study of small peptides. ESI MS^n spectra of l-leucyl-glycine. XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012, pp. 72.
26. D. Bagashovska, **J. Petreska Stanoeva**, M. Stefova, Characterization of urinary bioactive phenolic metabolites excreted after consumption of a cup of mountain tea (*Sideritis scardica*) using liquid chromatography – tandem mass spectrometry. XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012, pp. 83.
27. E. Lazarevska, **J. Petreska**, M. Stefova, Characterization of the polyphenolic content of *Aronia melanocarpa* from Macedonia using HPLC-DAD-ESI-MS^n and UV-spectrophotometry. XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012, pp. 284.
28. O. Tusevski, **J. Petreska Stanoeva**, M. Stefova, Dz. Kungulovski, N. Atanasova Pancevska, S. Panov, S. Gadzovska-Simic, Xanthone production in *Hypericum perforatum* hairy root cultures transformed with *Agrobacterium rhizogenes* A4, 7th Conference on Medicinal and Aromatic plants of South East European Countries, 7th CMAPSEEC, Subotica, Serbia, 2012, pp. 189.
29. I. Cvetkovikj, G. Stefkov, J. Acevska, **J. Petreska**, M. Karapandzova, M. Stefova, A. Dimitrovska, S. Kulevanova, Polyphenolic characterization and chromatographic methods for fast assessment of culinary *Salvia* species from South East Europe. 29th International Symposium on Chromatography, Toruń, Poland, 2012, pp. 540.

Според основните карактеристики на содржината на отпечатените трудови на д-р Јасмина Петреска Станоева, може да се забележи нејзината специјалност за примена на високоефикасната течна хроматографија поврзана со UV-Vis детектор со низа од диоди и масен спектрометар со јонска стапица (HPLC/DAD/MS^n) за карактеризација на полифенолни компоненти во различни примероци. Тоа, пред сè, се однесува на определување на полифенолниот состав на планинскиот чај од родот *Sideritis* (труд 4), како и на неговата антиоксидантна

активност (труд 7), но и карактеризација на метаболитите од полифенолите од планинскиот чај во уринатa по неговото внесување во човечкиот организам (труд 8) со цел да утврди биорасположивоста на овие компоненти, т.е. колку организмот може да искористи од нив, што е многу актуелно прашање во современите истражувања на полифенолите. Освен тоа, во трудот 9 е објавена систематски изведена студија за оцена на можностите на масениот анализатор со јонска стапица за квантификација на флавоноиди и е направена споредба со селективноста и осетливоста на UV-Vis детекторот со низа од диоди како најчесто и рутински користен детектор. Во овие публикации се презентирани резултатите од истражувањата од докторската дисертација на кандидатката.

Јасмина Петреска Станоева работела и на карактеризација на полифенолниот состав на јаготки со HPLC/DAD/MS^n, при што биле испитувани различни растворувачи за екстракција на различните групи полифеноли (антоцијани, флавоноли, флаваноли, фенолни киселини), што е детално прикажано во трудот 5. Определувањето на полифенолните компоненти во 118 примероци од 68 популации од жалфија (*Salvia)* од југоисточна Европа, како критериум за квалитетот, е предмет на истражувањето чии резултати се објавени во трудот 11. Добиени се податоци за содржината на 50 полифенолни супстанци, што придонесува за зголемување на сознанијата за хемидоверзитетот на овој род. Во трудот 10 е проучувана продукцијата на секундарни фенилпропаноиди (фенолни соединенија, флаваноли, флавоноли и антоцијани) и нафтодиантрони (хиперицини) во елицитирани клеточни суспензии од *Hypericum perforatum* L., изложени на екстракт од мицели од *Aspergillus flavus*. Во трудот 13 е следена продукцијата на ксантони во клеточни култури од *Hypericum perforatum* L., генетски трансформирани со помош на *Agrobacterium rhizogenes* A4.

Во трудот 6 се презентирани резултатите од проучувањето на однесувањето на коензим Q10 и коензим Q1 во алкална средина и во присуство на цитохром P450 со употреба на повеќе инструментални техники, меѓу кои и HPLC/DAD/MS^n. Утврдено е дека CoQ10 и неговиот аналог CoQ1 при овие услови се трансформираат низ сложена низа на реакции формирајќи хинонски структури во кои едната или обете метокси групи во положбите 2 и 3 во хинонскиот прстен се заменуваат со хидроксилни групи со текот на времето.

Во трудот 12 е пресметан анхармоничниот OH–(aq) вибрационен спектар во воден раствор со „класична Monte Carlo симулација + QM/MM + вибрационен" секвенцијален пристап. Употребен е нов модел за Monte Carlo-симулациите, кој е модифицирана верзија од моделот наелектризиран прстен-хидроксид-вода познат во литературата. Резултатите елаборирани во овој труд се дел од истражувањата реализирани во магистерската работа на кандидатката.

Освен овие активности, Јасмина Петреска Станоева учествувала во реализацијата на три меѓународни проекти како млад истражувач, а веќе станува и активен рецензент на научни трудови во реномирани меѓународни списанија. Покрај тоа, таа била член на Организациониот одбор на IX конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија и на XXII конгрес на хемичарите и технолозите од Македонија.

Покрај работата на научноистражувачкото поле, Јасмина Петреска Станоева мошне совесно и со голем успех ги извршува и секојдневните задолженија поврзани со работата со студенти. Наставниците по соодветните предмети, како и студентите со кои работи, имаат високо мислење за нејзиниот однос и посветеност и на овој аспект на нејзината активност.

Сумарно, Јасмина Петреска Станоева во досегашниот период од своето работење се покажала како извонредно успешен млад соработник.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го превид сето погоре кажано, може да се констатира дека кандидатката д-р Јасмина Петреска Станоева во изминатиот релативно кус период, по изборот за помлад асистент (во декември 2010 година), покажала исклучително голема активност и способност да се справува со сите предизвици што пред еден млад научник ги поставуваат научноистражувачката работа и работата со студентите. Според резултатите, таа ги задоволува и надминува условите предвидени со Законот за високото образование на Република Македонија за избор во звањето асистент. Покрај формалното задоволување на условите, таа се истакнува во практичната настава на додипломските и постдипломските студии, но уште повеќе во научноистражувачката работа покажувајќи способност за работа во повеќе области од хемијата, како и за соработка со колеги од различни истражувачки групи од земјата и од странство, што говори дека се работи за одличен млад научен работник. По изборот за помлад асистент, таа се здобила со звањето доктор на хемиски науки, објавила десет труда во меѓународни списанија и со голем успех работела со студентите во рамките на практичната настава.

Од тие причини, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја избере м-р Јасмина Петреска Станоева за асистент од областа на аналитичката хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Симка Петровска-Јовановиќ, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Марина Стефова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Љупчо Пејов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Formatted

РЕФЕРЕАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: МЕТОДИ НА ИСПИТУВАЊЕ НА ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА, ПРЕРАБОТКА НА ПОЛИМЕРИТЕ 1, КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ПОЛИМЕРИТЕ, БИОРАЗГРАДЛИВИ ПОЛИМЕРНИ МАТЕРИЈАЛИ, ПОЛИМЕРИ И ПОЛИМЕРНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА АМБАЛАЖА ЗА ХРАНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XXV редовна седница одржана на 29.4.2013 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на **наставник во сите наставно-научни звања** по групата предмети: **методи на испитување на органски соединенија, преработка на полимерите 1, карактеризација на полимерите, биоразградливи полимерни материјали, полимери и полимерни материјали за амбалажа за храна,** во состав:

- д-р Љубомир Арсов, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет - Скопје, претседател;
- д-р Маја Цветковска, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет - Скопје, член;
- д-р Гордана Богоева-Гацева, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет -Скопје, член.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весниците „Дневник" и „КОХА", од 7.3.2013 година се пријави д-р Александра Бужаровска, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Александра Бужаровска е родена на 1.7.1965 година во Скопје, Република Македонија.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

2003 год. **Докторска дисертација:** Електроспроводливи материјали врз база на политиофен и негови полиалкил деривати.
Технолошко-металуршки факултет,

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија.

1994 год. **Магистерска работа:** Полимерни бленди на база на поли(дициклохексилитаконат).
Технолошко металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија.

1993 год. **Специјализација:** Polymer Matrix Interactions in Polymer composite Materials.
University of Ferrara, Italy.

1989 год. **Дипломска работа:** Определување на Flory-Huggins-овиот параметар на интеракција со инверзна гасна хроматографија.
Технолошко металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

1989 год. Избор во звањето помлад **помлад асистент** по предметите: методи на испитување на органски соединенија и технологија на секундарни петрохемиски процеси и производи.

1994 год. Избор во звањето **асистент** по предметите:
методи на испитување на органски соединенија и технологија на секундарни петрохемиски процеси и производи.

2003 год. Избор во звањето **насловен доцент** по предметите:
методи на испитување на органски соединенија, технологија на секундарни петрохемиски процеси, структура и својства на полимерите, одбрани поглавја од применета хемија.

од 2008 год. до денес
Избор во звањето **вонреден професор** по предметите: методи на испитување на органски соединенија, преработка на полимерите 1 и биоразградливи полимерни материјали.

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

По изборот во звањето вонреден професор, кандидатката д-р Александра Бужаровска континуирано е ангажирана во изведувањето на наставата и вежбите по предметите за кои е избрана. Во изминатиот период доделена и е настава и вежби по предметите технологија на базно-органски производи,

предвидување на својствата на полимерите, како и карактеризација на полимерите. Кандидатката д-р Александра Бужаровска е вклучена и во изведувањето на наставата од втор циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет и тоа на постдипломските студии по инженерство на животна средина и нови материјали полимери.

На постдипломските студии на Технолошко-металуршкиот факултет (студиска програма: прехранбена технологија-ПТ), е ангажирана во изведувањето на наставата по предметот амбалажни материјали и системи за пакување (50%). Во периодот од јуни 2008 до март 2013 година, д-р Александра Бужаровска била ментор на дипломски работи и член на комисија за одбрана на дипломски работи. Исто така, била ментор и член во комисии за одбрана на специјалистички и магистерски трудови.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Како вонреден професор, кандидатката д-р Александра Бужаровска била член за оцена и одбрана на 3 докторски труда.

Д-р Александра Бужаровска била раководител на 1 национален научен проект и 1 меѓународен научен билатерален проект со Република Словенија.

По изборот во звањето вонреден професор, како автор и коавтор д-р Александра Бужаровска има објавено: 11 труда со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор (од кои 7 со фактор на влијание), поглавје во книга објавена од Koninklijke Brill NV.Leiden, The Netherlands и е учесник на 14 научно/стручни собири со реферат.

Кандидатката д-р Александра Бужаровска одржала 3 предавања по покана и 4 предавања на летни училишта.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Александра Бужаровска била рецензент на 16 оригинални научни труда објавени во странски списанија со фактор на влијание.

Исто така, вклучена е во извршување на анализи и подготвување на извештаи по барања доставени до Технолошко-металуршкиот факултет.
Активно учествува во повеќе факултетски комисии и во промотивни активности на Факултетот. Д-р Александра Бужаровска е член на уредувачки одбор во меѓународните списанија, Annals, International Journal of Engineering и ISRN Polymer Science, Hindawi.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на изнесените активности на д-р Александра Бужаровска по изборот во звањето вонреден професор, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката реализирала интензивна и континуирана активност во наставата и научноистражувачката дејност.

Од приложените трудови може да се заклучи дека интересот и научно-истражувачките активности се насочени кон полимерните материјали, особено

биоразградливите, користејќи голем број на современи инструментални техники за анализа и нивна карактерицја.

Врз основа на горенаведеното и во согласност со новите критериуми за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во повисоко звање со вкупно 217,85 бодоа (Анекс 2) и нашата позитивна оцена во однос на нејзината наставно-образовна и научноистражувачка активност, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, кандидатката д-р Александра Бужаровска, досегашен вонреден професор, да биде предложена за избор во звањето редовен професор по групата предмети: методи на испитување на органски соединенија, преработка на полимерите 1, карактеризација на полимерите, биоразградливи полимерни материјали, полимери и полимерни материјали за амбалажа за храна.

Рецензентска комисија

1. Д-р Љубомир Арсов, редовен професор во пензија,
Технолошко-металуршки факултет, с.р.

2. Д-р Маја Цветковска, редовен професор во пензија,
Технолошко-металуршки факултет, с.р.

3. Д-р Гордана Богоева Гацева, редовен професор,
Технолошко-металуршки факултет, с.р.

АКТИВА РЕФЕРИРАНА ВО БИЛТЕН бр.940 од 15 април 2008 год. (стр.92-98) за избор во звање вонреден професор

1. Оригинални научни трудови печатени во списанија со фактор на влијание = 8

2. Трудови презентирани на конгреси и симпозиуми во странство = 18

3. Трудови презентирани на конгреси и симпозиуми во Македонија = 6

4. Одржани предавања и семинари = 2

5. Издаден учебник = 1

6. Рецензент во меѓународни списанија со фактор на влијание = 19

7. Проекти

    Раководител = 1

    Учесник = 3

АКТИВА РЕФЕРИРАНА ВО БИЛТЕН бр.833 од 15 јули 2003 год. (стр.186-192) за избор во звање насловен доцент

1. Оригинални научни трудови печатени во списанија со фактор на влијание = 11

2. Трудови презентирани на конгреси и симпозиуми во странство = 27

3. Трудови презентирани на конгреси и симпозиуми во Македонија = 13

4. Проекти

    Учесник = 6

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Александра Гапе Бужаровска**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Технолошко-металуршки факултет**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: методи на испитување на органски соединенија (10702), преработка на полимерите 1 (21012), карактеризација на полимерите (20906), биоразградливи полимерни материјали (21506), полимери и полимерни материјали за амбалажа на храна (21506)

НАСТАВНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава - прв циклус студии = ч · нед. · 0,04**	
	Преработка на полимерите 1, 7. семестар, (3+3) 2008-2013	9
	Методи на испитување на органски соединенија, 4. семестар (2+2) 2008-2013	6
	Биоразградливи полимерни материјали. семестар, (2+0) 2008-2013	6
	Технологија на базно органски процеси и производи (3+3) (2011, 2012,2013)	5.4
	Карактеризација на полимерите, 7.семестар (3+3) 2012	1.8
2	**Одржување на настава - втор циклус студии, постдипломски студии = ч · нед. · 0,05**	
	Инструментални техники и методи за анализа на примероци од животната средина - 50%. Инженерство на животна средина, 9. семестар (3+3), 6 ЕКТС, 2008-2013	5.6
	Одбрани поглавја од физичка хемија и физика на полимерите-60%. Нови материјали полимери,9 семестар (3+3), 6 ЕКТС, 2012-2013	1.35
	Одбрани поглавја од хемија на полимери и карактеризација-30%. Нови материјали полимери, 9 семестар (3+3), 6 ЕКТС, 2012-2013	0.67
	Одбрани инструментални методи за карактеризација на хемиски влакна-100%. Текстилна хемиска технологија и екологија (3+3), 7 ЕКТС, 2011-2013	4.5
	Амбалажни материјали и системи за пакување- 50%. Прехрамбена технологија (2+2), 5 ЕКТС, 2012	0.75

3	**Одржување на вежби - прв циклус студии = ч · нед. · 0,03**	
	Преработка на полимерите 1, 7. семестар, (3+3) 2008-2013	6,75
	Методи на испитување на органски соединенија, 4. семестар (2+2) 2008-2013	4.5
	Предвидување на својствата на полимерите, 6 семестар (2+1) 2008-2013	2.25
	Карактеризација на полимерите, 7.семестар (3+3) 2012	1.35
4	**Подготовка на нов предмет**	
	Технологија на базно-органски процеси и производи	1
	Полимери и полимерни материјали за амбалажа за храна	1
	Карактеризација на полимерите	1
5	**Консултации со студенти = број · 0,002**	
	од 2008-2013 вкупно 219 студенти	0.4
6	**Ментор на дипломска работа = број · 0,2**	
	Ментор на 5 дипломски работи (2008 –2013)	1
	Ментор на специјалистичка работа = број · 1,0	
	1. Мицовски Игор, Подобрување на реолошките особини на наменското брашно. Технолошко-металуршки факултет, Скопје, септември 2011	1
7	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат = број · 0,5**	
	1. Љуљета Рака, Добивање и карактеризација на нанокомпозити на база на полипропилен. 2. Анета Васиљевиќ Шикалеска. Смолкнувачо индуцирани микро и макроструктурни промени кај полимерни бленди на база на поливинолхлорид со полиметилметакрилати и нивно влијание врз реологијата и механичките својства. 3. Димитровска Маја, Антоцијански профил на македонските црвени вина.	1.5
8	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура = број · 0,3**	
	1. Димитровски Дарко, Оптотермички прозорец и колориметрија-директни медоди за квантификација на каротеноиди во овошјето и зеленчукот, 2010. 2. Чадиковски Александар, Влијание на процесните параметри и амбалажата врз вкусовиот профил на пивото, 2010. 3. Лазова Даниела, Карактеризација на ПЕТ амбалажа за храна со импендансна спектроскопија и диелектрична термичка анализа, 2011.	0.9
9	**Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа = број · 0,2**	
	1. Сенчева Маја. Остатоци од пестициди во медот, 2010. 2. Илијева Благица. Органофосфатни инсектициди и резидуи од нив во храната, 2011.	0,4
10	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа= број· 0,1**	
	Член во 25 комисии за одбрана на дипломски работи	2.5
	Вкупно	66.62

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Коментор на докторска дисертација= број · 1.5**	
	1. Александар Чадиковски. Развој на нов вид пиво со функционални карактеристики и влијание на сорпционите, миграционите и бариерните својства на амбалажата врз вкусовиот профил.Технолошко-металуршки факултет, Скопје, март 2012.	1.5
2	**Коментор на магистерска работа = број · 0.5**	
	1. Александра Иваноска Дациќ. Нанокомпозити на база на гума и монтморилонит: Добивање и својства.Технолошко-металуршки факултет, Скопје, март 2012.	0.5
3	**Раководител на национален научен проект = број · 6**	
	1. Биоразградливи полимерни смеси, 2006-2009 (финансиран од МОН на Република Македонија, раководител и истражувач).	6
4	**Раководител на меѓународен научен проект = број · 9**	
	1. Нанокомпозити од биоразградливи полимери и керамички полнители, 2010-2011 (билатерален проект со Република Словенија, финансиран од МОН на Република Македонија).	9
5	**Учесник во национален научен проект= број · 3**	
	1. Примена на природни влакна како зајакнувачи во еколошки композити.Национален, 2006-2009 (финансиран од МОН на Република Македонија)	3
6	**Учесник на меѓународен национален научен проект = број · 5**	
	1. NMPTeAm2-Improving the services of the NMP NCP Network through Trans-national Activities II (FP7-290428-NMP-2011-CSA-5)(2012-213)	5
7	**Дел од монографија објавен во странство = број · 6**	
	1. M.Avella, M.E.Errico, G.Gentile, **A.Buzarovska**, A.Grozdanov. Chapter 13: Green composites based on biodegradable polymer matrices, in "ENVIRONMETALLY DEGRADABLE MATERIALS BASED ON MULTICOMPONENT POLYMERIC SYSTEMS, Ed. by Cornelie Vasile and Gennady E.Zaikov, Koninklijke Brill NV.Leiden, The Netherlands **(2009) ISBN 978 90 04 164109.**	6
8	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = 6 + и.ф.**	
	1. **A.Buzarovska**, G.Bogoeva-Gaceva, A. Grozdanov, M.Avella, G.Gentile, M. Errico, Potential use of rice straw as filler in eco-composite materials. *Australian Journal of Crop Science* 1(2), 37-42, **2008. (и.ф.= 0.667)**	4.27
	2. M.Avella, G. Bogoeva-Gaceva, **A. Buzarovska**, M.Errico, G.Gentile, A. Grozdanov, Poly(lactic acid)-based biocomposites with kenaf fibers, *J. Appl. Polym. Sci.*, 108 (6), 3542-3551, **2008 (и.ф.= 1.187)**	4.79
	3. G.Bogoeva-Gaceva, **A. Buzarovska**, B. Dimzovski, Discoloration of Synthetic Dyeing Wastewater using Polyaluminium Chloride, *G.U. Journal of Science* 21(4), 123-128, **2008**	4.8

	4. G.Bogoeva-Gaceca, A.Grozdanov, **A.Buzarovska**, M.Avella, Polymer Eco-composite material, Journal of Engineering Creation and Technology, 15-25, April **2008**	**3.6**
	5. **Buzarovska**, A.Grozdanov, Crystallization kinetics of poly(hydroxybutyrate-co-hydroxyvalerate) and poly(dicyclohexy-litaconate) PHBV/PDCHI blends: thermal properties and hydrolytic degradation, *J Mater Sci* 44, 1844-1850, **2009(и.ф.= 1.471)**	**6.87**
	6. **A. Buzarovska**, A. Grozdanov, M.Avella, G.Gentile, M.Errico, Poly(hydroxybutyrate-co-hydroxyvalerate)/Titanium Dioxide Nanocomposites: A Degradation Study, *J Appl Polym Sci* 114, 5, 3118-3124, **2009 (и.ф.= 1.187)**	**4.79**
	7. M. Avella, **A. Buzarovska**, M.Errico, G.Gentile, A.Grozdanov, Eco-Challenges of Bio-Based Polymer Composites, *Materials* 2, 911-925, **2009**	**3,6**
	8. A. Grozdanov, M.Avella, **A.Buzarovska**, G.Gentile, M.Errico Reuse of Natural reinforced eco-composites in polymer mortars *Polymer Engineering and Science*, 50, 4, 762-766, **2010 (и.ф.= 2.137)**	**5.74**
	9. A.Grozdanov, **A.Buzarovska**, M.Avella, M.Errico, G.Gentile, PCL/MWCNT Nanocomposites as nanosensors, Nato Science for Peace and Security Series-B: Physics and Biophysics, Chapter 15, 149-154, **2011**	**3.6**
	10. **A.Buzarovska**, A.Grozdanov, Biodegradable Poly(L-lactic acid)/TiO_2 nanocomposites: Thermal properties and degradation, *J Appl Polym Sci*, 123, 2187-2193, **2012 (и.ф.= 1.289)**	**6.69**
	11. **A.Buzarovska**, PLA Nanocomposites with funcionalized TiO_2 nanoparticles, *Polym.-Plast. Technol. Eng.* 52, 280-286, **2013** (и.ф=1.279)	**7.279**
9	**Апстракти објавени во зборник на конференција = број · 1,0**	
	1. **A.Buzarovska**, J Blazevska Gilev, A. Grozdanov, Fabrication, characterization and assessment of degradability of poly(hydroxy butyrate-co-hydrohy valerate) (PHBV/TiO_2) nanocomposites, International Workshop on Biomacromolecules, Stockholm, Sweden , June 1-4, 2008 2. A.Grozdanov, M.Avella, **A.Buzarovska**, G.Bogoeva-Gaceva, G.Gentile, M.Errico, Reuse of natural fiber reinforced eco-composites into polymer mortars for low-cost construction sector, European Conference on Composite Materials, ECCM 13, Stockholm, Sweden, June 2-5, 2008 3. M.Avella, G.Gentile, G.Bogoeva-Gaceva, M.Errico, A.Grozdanov, **A.Buzarovska**, V.Srebrenkoska, Recycling and Reuse of facilities of lignocellulosic material filled eco-composites, European Conference on Composite Materials, ECCM 13, Stockholm, Sweden, June 2-5, 2008 4. A. Grozdanov, **A. Buzarovska**, M.Avella, M.Prendjova, G.Gentile, M.Errico Application of non-woven performs based on natural fiber reinforcement in eco-composites, European Conference on Composite	**14**

	Materials, ECCM 13, Stockholm, Sweden, June 2-5, 2008 5. A.Grozdanov, B.Petrusevska, **A.Buzarovska**, V.Panova, Processing of composites based on wood flour and phenolic resin, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 17-20, 2008 6. **A.Buzarovska**, A.Grozdanov, J.Gilev, Biodegradable polymer films filled with TiO_2 nano particles, EPF 09, Graz, Austria , July 12-17, 2009 7. **A.Buzarovska**, A.Grozdanov,G.Gentile, M.Errico, M.Avella, Morphology and Mechanical properties of fully bio-degradable flax reinforced poly(lactic acid) composites, EPF 09, Graz, Austria , July 12-17, 2009 8. A.Grozdanov, **A.Buzarovska**, M.Avella, M. Errico, G.Gentile, PCL/MWCNT nanocomposites as nanosensors, SMART'09, Porto, Portugal, July 13-15, 2009 9. G. Ruseska, **A. Bužarovska**, Evaluating of biodegradability of plastics through titrimetric determination of CO_2, XXI Congress of Chemists and Technologists of Ohrid, Macedonia, September 23-26, 2010 10. J. Blaževska Gilev, **A. Bužarovska**, Poly(lactic acid)-TiO_2 nanocomposites with improved dispersability, XXI Congress of Chemists and Technologists of Ohrid, Macedonia, September 23-26, 2010 11. **A.Buzarovska**, A. Grozdanov, M.Avella, E. Errico, G. Gentile, Mechanical properties of PLA/TiO_2 functionalized nano particles, EUPOC2011, 2905-3.06.2011, Gargnanno, Italy 12. A. Tomova, A. Grozdanov, **A. Buzarovska**, P.Paunovic, M.Avella, M. Eerrico, G.Gentile, Biocompatible PMMA/MWCNT nanocomposites aimed for nanosensors, EUPOC2011, 2905-3.06.2011, Gargnanno, Italy 13. A. Grozdanov, V. Vasilevska, K.Mladenovska, **A.Buzarovska**, Nanocomposites based on PMMA with SIC and MWCNT: Application and risk assessment, EuroNanoForum in partnership with Nanotech Europe, Budapest, Hungary, June 30-1,2011 14. A.Dacik, Lj.Raka, **A.Buzarovska**, G.Bogoeva-Gaceva, Thermal Behaviour of vulcanized rubber filled with carbon black, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia 2012 Ohrid	
10.	**Предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество= број - 2**	
	1. A. Buzarovska, Bio-nanocomposites of biodegradable polymers and inorganic fillers, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, September 23-26, 2010	2
11	**Одржани предавања по покана = број - 1**	

	1. **А. Бужаровска** *Strengthening of Municipal Capacities for Waste Management.* Biological tretment of municipal solid waste. Faculty of Technology and Metallurgy, November 22, 2008 Skopje, Republic of Macedonia **2. А.Бужаровска** *Strengthening of Municipal Capacities for Waste Management.* Biological tretment of municipal solid waste. Faculty of Technology and Metallurgy, January 30, 2010 Skopje, Republic of Macedonia	2
12	**Одржани предавања на летни училишта = број · 1**	
	1. **A. Buzarovska**, Introduction to chromatographic techniques/Gas Chromatography, July 14, 2008, Skopje (ISS Skopje, 13-20 July, Skopje, Republic of Macedonia) 2. **A.Buzarovska**, UV/VIS as analytical technique July 15, 2008, Skopje (ISS Skopje, 13-20 July, Skopje, Republic of Macedonia) 3. **A.Buzarovska**, UV/VIS as analytical technique, July 11, 2011, Skopje (ISS Skopje, 10-17 July, Skopje, Republic of Macedonia) 4. **A.Buzarovska,** Introduction to chromatographic techniques/Gas Chromatography, July 12, 2011, Skopje (ISS Skopje, 10-17 July, Skopje, Republic of Macedonia)	4
	Вкупно	**109.03**

СТРУЧНА АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма**	
	Полимерни материјали, дизајн и менаџмент	1
2	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија = број · 1**	
	1. Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering (4) 2. ISRN Polymer Science (5) 3. Journal of Thermal Analysis and Calorimetry (1) 4. Journal of Composites A (1) 5. Journal of Applied Polymer Science (1) 6.Journal of Polymer Research (2) 7. Journal of Reinforced Plastics and Composites (1) 8. BioResources (1)	16
3	**Извршени анализи:** 1.Извештај за FTIR извршена анализа на мостри од чизма (ѓон, влошка, капна), Бомако, (бр.08-121, 12. 2.2009). 2.Извештај за FTIR-извршена анализа на тип на влакно инкорпорирано во полимерна матрица, Контихидропласт, (бр. 298, 23.2.2010). 3. Извештај за извршена анализа за миграција на адитиви од	3

	пластично шише, ТЕ-Те Пласт (бр. 08-2338, 19.11.2010)	
	Учество во промотивни активности на Факултетот = број · 0,5	
	1.Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во СУ Георги Димитров, Скопје, 2008 2. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Велес, Кавадарци и Прилеп, 2009 3. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Неготино, Кавадарци и Прилеп, 2010 4. Презентација на студиските програми на Технолошко-металуршкиот факултет во Битола, 2012	2
	Вкупно	**22.0**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание=број· 1**	
	1. ISRN Polymer Science, Hindawi 2. Annals, International Journal of Engineering	2
2	**Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир = број · 2**	
	1. Претседател на организационен одбор на VIIIth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation), Skopje, Macedonia, October 8-10, 2009.	2
3	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект = број · 2**	
	1.Green nano-biocomposites of biodegradable polymers and inorganic fillers. **COST**, Proposal Reference **oc-2009-2-5550** (носител). 2. Environmental Impacts of Renewable Polymer and Plastics. ASO for Eastern Europe' Scientific Response to Biodiversity protection, climate change and energy scarcity. Proposal number **4-14-2008** (носител). 3. Stimulation and strengthening the full research potential in Material Science Engineering. FP7-REGPOT-2008, **Proposal Nc 229497** (соработник). 4. Multi nanosensors based on carbon nanotubes and bio-polymer matrix (**SfP 983811-2009**) (соработник).	6
4	**Член на Универзитетски сенат =број · 2**	
	Член на Универзитетски сенат, 2011-2012 Член на Универзитетски сенат, 2012-2016	4
5	**Член на факултетска комисија = број ·0,5**	

	1. Член во Комисија за наука (период 2007-2011, бр. 07-1585, 22.10.2007) 2. Член во Комисија за самоевалуација (период 2007-2011, 07-2140, 26.12.2007) 3. Член во подготовката на елаборат за кадровски, просторни и технички можности за потребите на Царинска управа од Скопје (бр.09-64,18.1.2008) 4. Член во Комисија за изработка на материјал-Водич низ студиите на Технолошко-металуршки факултет (бр.04-1665, 16.10.2008) 5. Член на комисија за акредитација на лабораторија за материјали (бр. 07-24, 14.01.2008) 6. Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии за студиската програма инженерство на животна средина (бр. 02-682,26.4.2011) 7. Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии за студиската програма текстилна хемиска технологија и екологија (бр. 02-686,26.4.2011) 8. Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии, за студиска програма процесно инженерство (бр. 02-691,26.4.2011) 9. Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии, за студиската програма нови материјали-полимери (бр. 02-690, 26.4.2011) 10. Претседател во пописна комисија за парични средства и попис на побарувачката и обврските (бр. 02-2227, 6.11.2012)	5
6	**Член на комисија за избор во звање= број ·0,2**	
	1. Решение бр 07-2369/2 , 04.12.2012	0.2
7	**Учество во комисии и тела на државни и други органи = број · 1**	
	1. Претседател на Технички комитет К-28 Пластика при Инситутот за стандардизација на Република Македонија 16.06.2008-16.10-2011	1
	Вкупно	**20.2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:	66.62
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:	109.03
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	22.0
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	20.2
Вкупно	**217.85**

Рецензентска комисија

1. Д-р Љубомир Арсов, редовен професор во пензија,
   Технолошко-металуршки факултет, с.р.

2. Д-р Маја Цветковска, редовен професор во пензија,
   Технолошко-металуршки факултет, с.р.

3. Д-р Гордана Богоева Гацева, редовен професор,
   Технолошко-металуршки факултет, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА И КОМПЈУТЕРСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одлука број 04-549/1 од својата седница одржана на 25.4.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на информатика и компјутерското инженерство при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Журнал“ на 17 април 2013 година се пријавија два кандидата: д-р Сашко Ристов, асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје и д-р Данко Илиќ, доктор на науки од областа на иформатиката. По прегледувањето на конкурсните материјали го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Биографски податоци, наставна, научна и стручна дејност на д-р Сашко Ристов

1. Биографски податоци

Сашко Ристов е роден на 20.11.1976 година во Кавадарци. Основно образование во ОУ „Димката Ангелов Габерот“ – Кавадарци и средно образование во Природно-математичката гимназија “Добри Даскалов” ги завршил како еден од двајцата првенци во генерацијата, со освоени преку 100 пофалници и награди на градските, регионалните и државните натпревари по математика, физика и информатика, како и медали на државните олимпијади по математика. Во 1995 година учествувал на 37. Меѓународна олимпијада по математика како репрезентативец на Македонија.

Дипломирал во 2000 година на Електротехничкиот факултет во Скопје, насока: компјутерска техника, информатика и автоматика со просечен успех 9,29, каде што секоја година е наградуван меѓу најдобрите студенти во генерацијата. Магистрирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии со просечен успех 10,0 во 2011 година со тема „Анализа на безбедноста на веб сервиси и нејзино влијание врз перформансите на веб серверите“. Во 2012 година ја брани својата докторска дисертација на тема: „Перформанси и безбедност кај пресметување во облак“ на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Во периодот 2000-2008 година работел во Македонски телеком АД (МТнет, АД Македонски телекомуникации), како проект-менаџер за софтверски апликации, виш специјалист за ИТ безбедност, прв офицер за безбедност на MTnet CA PKI системот, каде што во 2002 година е прогласен за работник на годината. Од 2008 до 2011 година работел на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје како стручен соработник, а од 2011, па до денес работи како асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Инструктор е за CISCO CCNA-курсевите на Регионалната и локалната CISCO-академија.

Автор и коавтор е на 50-тина трудови и технички извештаи објавени на домашни и меѓународни научни конференции и меѓународни списанија.

2. Наставно-образовна дејност за д-р Сашко Ристов

Д-р Сашко Ристов држел вежби по предметите: архитектура на компјутери, микропроцесори и микроконтролери, микропроцесори, тимска работа, компјутерски мрежи, податочни и компјутерски комуникации, проектирање компјутерски мрежи, интернет програмирање и квалитет на софтвер и тестирање на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје. На Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство држел вежби по предметите: Е-бизнис архитектури и дизајн, оперативни системи, микропроцесори и микроконтролери, тимска работа, компјутерски мрежи, проектирање компјутерски мрежи, интернет, податочни и компјутерски комуникации, паралелно и дистрибуирано процесирање, безжични мрежи, архитектура на компјутери. За исклучителниот квалитет на вежбите, како и за односот кон студентите сведочи и фактот дека постојано бил одлично оценуван на анкетите спроведени меѓу студентите. Вложил огромни напори за осовременување на наставата со воведување на повеќе курсеви со низа придружни програми за да се овозможи поедноставно и визуелно следење на предвидените лабораториски вежби, особено на курсевите: микропроцесори и микроконтролери, квалитет на софтвер и тестирање, како и компјутерски мрежи, архитектура на компјутери, паралелно и дистрибуирано процесирање, за што има објавено повеќе трудови на меѓународни конференции и презентација на меѓународна работилница. Членувал повеќепати во комисија за одбрана на дипломски работи. Редовно одржува и консултации со студенти.

Учествувал и во Проектот на Владата на РМ за превод на стручни книги (учебници), како стручен соработник при преводот на книгата H. Garcia-Molina, J. D. Ullman, J. Widom "Database Systems, the Complete Book", 2nd Edition.

3. Научноистражувачка дејност на д-р Сашко Ристов

Во досегашната научноистражувачка дејност, д-р Сашко Ристов има објавено 39 рецензирани научни труда, од кои 2 статии во научни списанија.

Кандидатот ги има објавено следниве статии во референтни меѓународни списанија или зборници на трудови со меѓународен уредувачки одбор:

1. Ristov, S., Stolikj, M., Ackovska, N.: Awakening curiosity – hardware education for computer science students. In: MIPRO, 2011 Proceedings of the 34th International Convention, IEEE Conference Publications. pp. 1275-1280 (May 2011)
2. Stolikj, M., Ristov, S., Ackovska, N.: Challenging students' software skills to learn hardware based courses. In: Information Technology Interfaces (ITI), Proceedings of the ITI 2011 33rd International Conference on. IEEE Conference Publications. pp. 339-344 (june 2011)
3. Ristov, S., Tentov, A.: Performance impact correlation of message size vs. concurrent users implementing web service security on linux platform. In: ICT Innovations 2011. Advances in Intelligent and Soft Computing, vol. 150, pp. 367-377. Springer Berlin / Heidelberg (2012)
4. K. Kiroski, M. Gushev, M. Kostoska, S. Ristov, "Modifications and improvements on CEN/BII profiles", In: ICT Innovations 2011. Advances in Intelligent and Soft Computing, vol. 150, pp. 395-404. Springer Berlin / Heidelberg (2012)
5. Gusev, M., Ristov, S.: Matrix multiplication performance analysis in virtualized shared memory multiprocessor. In: MIPRO, 2012 Proceedings of the 35th International Convention, IEEE Conference Publications. pp. 264-269 (2012)

6. Ristov, S., Gusev, M., Kostoska, M.: A new methodology for security evaluation in cloud computing. In: MIPRO, 2012 Proc. of the 35th Int. Convention, IEEE Conference Publications. pp. 1808-1813 (2012)
7. Gusev, M., Ristov, S.: The optimal resource allocation among virtual machines in cloud computing. In: Proceedings of The 3rd International Conference on Cloud Computing, GRIDs, and Virtualization (CLOUD COMPUTING 2012). pp. 36-42 (2012)
8. Ristov, S., Gusev, M.: Achieving maximum performance for matrix multiplication using set associative cache. In: The 8th Int. Conf. on Computing Technology and Information Management (ICCM2012), IEEE Conference Publications. ICNIT '12, vol. 2, pp. 542-547 (2012)
9. Ristov, S., Gusev, M.: Superlinear speedup for matrix multiplication. In: Information Technology Interfaces, Proceedings of the ITI 2012 34th International Conference on. pp. 499-504 (2012)
10. Kiroski K., Gusev M., Kostoska M., and Ristov S. 2012. Growth rate analysis of e-Government development. In Proceedings of the Fifth Balkan Conference in Informatics (BCI '12). ACM, New York, NY, USA, 106-111.
11. S. Ristov, M. Gusev, M. Kostoska, and K. Kiroski. 2012. Virtualized environments in cloud can have superlinear speedup. In Proceedings of the Fifth Balkan Conference in Informatics (BCI '12). ACM, New York, NY, USA, 8-13.
12. Gusev, M., Ristov, S.: Performance gains and drawbacks using set associative cache. Journal of Next Generation Information Technology (JNIT) 3(3) 87–98 (31 Aug 2012) – Scopus
13. Ristov, S., Gusev, M., Kostoska, M.: Cloud computing security in business information systems. International Journal of Network Security & Its Applications (IJNSA) 4(2), 75-93 (2012) - DBLP
14. M. Gusev and S. Ristov, "Superlinear speedup in Windows Azure Cloud," in 2012 IEEE 1st International Conference on Cloud Networking (CLOUDNET) (IEEE CloudNet'12), Paris, France, Nov 2012, pp 173-175.
15. S. Ristov, G. Velkoski, M. Gusev, M. Kostoska, and K. Kjirovski, "Compute and Memory Intensive Web Service Performance in the Cloud", in ICT Innovations 2012, Advances in Intelligent and Soft Computing, (ed. S. Markovski and M. Gusev), Springer Verlag, Berlin Heidelberg, 2013, volume AISC 257, ISBN 978-3-642-37168-4, ISSN 2194-5357, pp.215-224, DOI: 10.1007/978-3-642-37169-1
16. N. Anchev, M. Gusev, S. Ristov, and B. Atanasovski, "Optimal Cache Replacement Policy for Matrix Multiplication", in ICT Innovations 2012, Advances in Intelligent and Soft Computing, (ed. S. Markovski and M. Gusev), Springer Verlag, Berlin Heidelberg, 2013, volume AISC 257, ISBN 978-3-642-37168-4, ISSN 2194-5357, pp.71-80, DOI: 10.1007/978-3-642-37169-1
17. M. Gusev, S. Ristov, and G. Velkoski, "Hybrid 2D/1D Blocking as Optimal Matrix Multiplication", in ICT Innovations 2012, Advances in Intelligent and Soft Computing, (ed. S. Markovski and M. Gusev), Springer Verlag, Berlin Heidelberg, 2013, volume AISC 257, ISBN 978-3-642-37168-4, ISSN 2194-5357, pp.13-22, DOI: 10.1007/978-3-642-37169-1
18. L. Djinevski, S. Ristov, and M. Gusev, "Superlinear Speedup for Matrix Multiplication in GPU Devices", in ICT Innovations 2012, Advances in Intelligent and Soft Computing, (ed. S. Markovski and M. Gusev), Springer Verlag, Berlin Heidelberg, 2013, volume AISC 257, ISBN 978-3-642-37168-4, ISSN 2194-5357, pp.285-296, DOI: 10.1007/978-3-642-37169-1
19. S. Ristov, M. Gusev, G. Armenski, K. Bozinoski and G. Velkoski, "Architecture and Organization of e-Assessment Cloud Solution," IEEE Global Engineering Education

Conference (EDUCON), 2013 IEEE, Berlin, Germany, March 2013, pp. 736-743, Best Paper Award

20. N. Ackovska and S. Ristov, "Hands-on Improvements for Efficient Teaching Computer Science Students About Hardware," IEEE Global Engineering Education Conference (EDUCON), 2013 IEEE, Berlin, Germany, March 2013, pp. 295-302
21. B. Atanasovski, S. Ristov, M. Gusev, and N. Anchev, "EDUCache Simulator for Teaching Computer Architecture and Organization," IEEE Global Engineering Education Conference (EDUCON), 2013 IEEE, Berlin, Germany, March 2013, pp. 1015-1022

Покрај објавените статии во научни списанија и колекции од трудови, авторот ги има објавено следниве статии во зборници од рецензирани меѓународни и национални конференции со меѓународно учество:

1. S. Ristov, "SQL Injection Vulnerability", the 1st International Conference for Information and Communication Technologies (ICT Innovations 2009), September 2009, Ohrid, Rep. of Macedonia.
2. D. Spasov, M. Gusev, S. Ristov, "On the Convergence of the EIGRP Routing Protocol", the 1st International Conference for Information and Communication Technologies (ICT Innovations 2009), September 2009, Ohrid, Rep. of Macedonia.
3. S. Ristov, "Hop count in EIGRP metric", Proceedings of the 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), February 2010, Bitola, Rep. of Macedonia, pp. 35-36, ISBN 978-9989-668-88-3
4. S. Ristov, A. Pechkov "Machine Learning Approach for Early Detection of Cardiovascular Deceases (CVD)", in ICT Innovations 2010, Web Proceedings, 2010, Ohrid, Rep. of Macedonia, ISSN 1857 7288, pp. 41-50.
5. Ristov, S., Gusev, M., Kostoska, M.: Information security management system for cloud computing. In: ICT Innovations 2011, Web Proceedings, Skopje, Macedonia (2011), pp. 49-55
6. Ristov, S., Gusev, M., Kostoska, M., Kiroski, K.: Business continuity challenges in cloud computing. In: ICT Innovations 2011, Web Proceedings, Skopje, Macedonia (2011), pp. 149-157
7. Ristov, S., Tentov, A.: Security based performance issues in agent-based web services integrating legacy information systems. In: CEUR Work shop Proceedings. WASA 2011, vol. 752, pp. 45-51 (2011)
8. Ristov, S., Tentov, A.: Performance comparison of web service security on windows platform message size vs concurrent users. In: X International Conference ETAI 2011 (2011)
9. S. Ristov, P. Ribarski, "Security Implementation of Digital Tachograph System in Macedonia", the 8th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011), pp. 11-13, March 2011, Bitola, Rep. of Macedonia
10. P. Ribarski, S. Ristov, "Architectural and Design Overview of Digital Tachographs in Macedonia", the 8th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011), pp. 8-10, March 2011, Bitola, Rep. of Macedonia
11. I. Chorbev, M. Gusev, D. Gjorgjevikj, S. Ristov, "User Interface Agile Development and Evaluation of the iKnow Student Services System", in Proceedings of the 9th Conf on Informatics and Information Technologies, (editors Bakeva and Gjorgjevikj) CiiT 2012, Bitola, Macedonia, 2012, http://ciit.finki.ukim.mk/, pp.288 – 290.
12. S. Ristov, M. Gushev, G. Velkoski, "A Middleware Strategy to Survive Compute Peak Loads in Cloud", in Proceedings of the 9th Conf on Informatics and Information Technologies, (editors Bakeva and Gjorgjevikj) CiiT 2012, Bitola, Macedonia, 2012, http://ciit.finki.ukim.mk/, pp.164 – 169.

13. S. Ristov, M. Gushev, G. Velkoski, "Message Transformation to Gain Maximum Web Server Performance in Cloud Computing", in Proceedings of the 9th Conf on Informatics and Information Technologies, (editors Bakeva and Gjorgjevikj) CiiT 2012, Bitola, Macedonia, 2012, http://ciit.finki.ukim.mk/, pp.155 – 158.
14. Ristov, S., Gusev, M., Kostoska, M.: Security assessment of openstack open source cloud solution. In: Proceedings of the 7th South East European Doctoral Student Conference (DSC2012) (2012), pp. 577-587
15. Kostoska M., Gusev M., Ristov S., and Kiroski K. 2012. Cloud Computing Interoperability Approaches – Possibilities and Challenges. In Proceedings of the Fifth Balkan Conference in Informatics (BCI '12). Local Proceedings, Serbia pp. 30-34.
16. Kostoska M., Velkoski G., Bozinoski K., Gusev M., Ristov S. 2012. Service Agents for Calendar Exchange. In Proceedings of the Fifth Balkan Conference in Informatics (BCI '12). Local Proceedings, Serbia 142-146.
17. Atanasovski, B., Ristov, S., Gusev, M., Anchev, N.: MMCacheSim: A highly configurable matrix multiplication cache simulator. In: ICT Innovations 2012, Web Proceedings, Skopje, Macedonia (2012), pp. 185-194
18. Ristov, S., Gusev, M., Osmanovic, S., Rahmani, K.: Optimal resource scaling for hpc in windows azure. In: ICT Innovations 2012, Web Proceedings, Skopje, Macedonia (2012), pp. 1-8.

Во периодот од последниот избор во звањето асистент во 2011 година ги има објавено и презентирано научните трудови под реден број 5-21 и 32-39 на меѓународни рецензирани научни конференции и научните трудови под реден број 12 и 13 кои се објавени во меѓународни списанија. Иако е избор во ново наставно звање, заради концизност се образложени само статиите кои не се опфатени со претходниот извештај за избор во звањето асистент. Образложенијата на трудовите 1-4 и 22-31 се презентирани во рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од 17.10.2011.

Во трудот под реден број 5 се најдени региони во кои се добиваат подобри перформанси и покрај дополнителниот слој од виртуелизацијата. Имено, процесорите со приватна кеш-меморија по јадро имаат подобри перформанси од оние чија кеш-меморија е споделена во виртуелна околина.

Трудот со реден број 6 дефинира нова методологија за евалуација на безбедноста на добавувачите на услуги во облак. Анализирани се контролните цели на стандардот ИСО 27001 од аспект на безбедност при миграција во облак.

Кандидатот во трудот под реден број 7 врши анализа на најдобрата распределба на ресурсите во облак за да се добијат најдобри перформанси за иста цена. Авторот ги потврдува и наодите од трудот 5, експериментално докажувајќи дека помалиот број на промашувањата во кеш-меморијата во виртуелна околина се причина за подобрите перформанси.

Во статијата под реден број 8, кандидатот ги анализира наглите падови на перформансите на алгоритамот за множење на густи матрици и теоретската анализа ја потврдува и со експериментални докази. Овде кандидатот воведува и неколку теореми кои ги поврзуваат параметрите на кеш меморијата со големината на матриците во кои што ќе се намалат перформансите.

Кандидатот во трудот со реден број 9 добива феномен, а тоа е суперлинеарно забрзување, т.е. забрзување поголемо од бројот на употребени процесори и нишки при паралелно извршување на алгоритамот за множење на густи матрици. Покрај тоа, кандидатот дефинира и хипотеза дека постојат и региони во кои може да се појави истото.

Во трудот под реден број 10 кандидатот воведува 2 индикатора: годишен раст и раст за период за развој на е-влада и предлага методологија за мерење на растот на е-влада базирана на новите индикатори.

Кандидатот ги спојува истражувањата од трудовите 5 и 9 во трудот со реден број 11, односно, добива суперлинеарно забрзување и во виртуелна околина и во облак за алгоритамот за множење на густи матрици, при што околината во облак добива најдобри перформанси и покрај дополнителниот слој на виртуелизација и софтверот за облак - OpenStack.

Статијата под реден број 12 е објавена во референтно списание и во него кандидатот го проширува истражувањето од трудот 8 со мерење и на промашувањата на кеш-меморијата, со што наоѓа дека наглите падови на перформансите се поради промашувањата во последното ниво (L3) на кеш-меморијата. Големите промашувања во пониските нивоа на кеш-меморијата (например L1) не придонесуваат за нагли падови на перформансите.

Трудот со реден број 13 ја анализира безбедноста на деловните информациски системи при миграција на некој од слоевите на услуги во облакот (инфраструктура како сервис, платформа како сервис и софтвер како сервис). Притоа, евалуирајќи го стандардот ИСО 27001 за примена во облак, кандидадот увидува негови недостатоци и предлага 2 контроли и 1 контролна цел во врска со виртуелизацијата и нејзино управување.

Во трудот со реден број 14, кандидатот за првпат анализира паралелизација со C# во облакот Мајкрософт азуре и добива суперлинеарно забрзување. Исто така, кандидатот анализира и која е најдобрата распределба на ресурсите за да се добијат најдобри перформанси.

И покрај суперлинеарното забрзување во облак објавено во неколкуте претходни трудови, во трудот со реден број 15 кандидатот утврдува дека облакот сепак ги намалува перформансите на веб-сервисите над 30%. Тој го анализира и оптоварувањето (број и големина на пораки) каде што облакот има најмали падови на перформансите.

Во трудот со реден број 16, кандидатот ги анализира двете најкористени политики на замена во кеш-меморијата, FIFO и LRU, и експериментално добива дека LRU е многу подобра политика за алгоритамот за множење на густи матрици. Кандидатот го разделува вкупното време на извршување на време за операции и време за пристап до меморија и добива нивна зависност во однос на големината на матриците.

Кандидатот предлага нов начин на множење матрици со блокови базиран на 2Д, но со употреба на претходните истражувања во трудот под реден број 17. Имено, користејќи го фактот дека процесорите АМД имаат многу помала асоцијативност на кеш-меморијата, кандидатот предлага поделба на матрици во правоаголници наместо во квадрати, со што иако се зголемува бројот на операции, времето на пристап до податоците драстично се намалува.

Кандидатот го продолжува своето истражување на алгоритамот за множење на густи матрици и на платформа на графички картички во трудот со реден број 18, каде што исто така добива суперлинеарен регион и суперлинеарно забрзување. Причината за ова кандидатот ја наоѓа во конфигурливата кеш меморија кај архитектурите на Ферми од НВИДИА.

Кандидатот предлага и нова архитектура и организација на систем за електронско тестирање во облак во трудот под реден број 19, кој е избран за најдобар труд на конференцијата IEEE EDUCON 2013. Кандидатот предлага секое тестирање да се поставува на посебна виртуелна машина во облакот со што ќе може да се доделуваат динамички ресурси и ќе се намали времето потребно за извршување на прашалници до базата на податоци поради работа со мали бази на податоци за секој тест поединечно.

Во трудот со реден број 20, кандидатот предлага нова методологија за оценување и нови лабораториски вежби по предметот микропроцесори и

микроконтролери со кои што се мотивираат студентите за поредовно учење, добивајќи многу подобри резултати во оцените на студентите и преку колоквиуми и преку завршни испити.

Со воведување на симулаторот EDUCache (трудот со реден број 21), кандидатот го олеснува учењето и на уште еден хардверски предмет, архитектура и организација на компјутери. Со овој симулатор им се овозможува на студентите со визуелна симулација да ја научат полесно архитектурата на процесорот и мемориската хиерархија, како и параметрите на кеш-меморијата при определено извршување на читања од меморија.

Во трудот со реден број 32, кандидатот го опишува корисничкиот интерфејс на системот за работа со студенти iKnow. Преку изработената анкета, кандидатот го евалуира системот со цел негово подобрување.

Кандидатот предлага нов метод за подобрување на перформансите на веб-сервиси поставени во облак во трудот со реден број 33. Со воведување на посредник се нуди можност за подигање на нови виртуелни машини и балансирање на оптоварувањето во облакот по надминување на прагот на дефинирани перформанси. По намалување на оптоварувањето, тие ќе се изгаснат.

Кандидатот во трудот со реден број 34 го продолжува истражувањето од претходниот труд предлагајќи трансформација на големите пораки во повеќе помали и нивно препраќање на виртуелни машини со оперативен систем Линукс наместо со Виндоус.

Во трудот со реден број 35 кандидатот ја анализира усогласеноста на 4 софтвери за облак со отворен код. Кандидатот евалуирал дека Eucalyptus и CloudStack имплементирале најмногу контролни цели од ИСО 27001 пред OpenNebula. OpenStack има интегрирано најмалку безбедност.

Кандидатот ги анализира предложените протоколи за интероперабилност во облак во трудот со реден број 36 и заклучува дека ниту еден од постојните протоколи не може да се избере како стандард. Наместо нив, кандидатот предлага решение базирано на адаптери (посредници), со главна цел поврзување со доминантните добавувачи на ресурси во облак.

Во трудот со реден број 37 кандидатот ги анализира електронските календари и воведува идеја за креирање на агент за сервиси за календари предлагајќи и протоколи и шаблони.

Трудот со реден број 38 го опишува симулаторот MMCacheSim, кој е наменет за симулација на извршување на алгоритамот за множење на густи матрици на произволни процесорски архитектури. Кандидатот добива прилично точни предвидувања за секвенцијално извршување споредувајќи го извршувањето на реални процесори и симулирајќи со симулаторот.

И во трудот со реден број 39, кандидатот анализира која виртуелна машина има најдобри перформанси претставени со брзина и забрзување, исто така на облакот Виндоус азуре.

Покрај огромниот број на објавени трудови, кандидатот учествува и на повеќе научни и стручни конференции со свои презентации: CIIT 2010 (Битола, Македонија), CIIT 2011 (Битола, Македонија), CIIT 2012 (Битола, Македонија), CIIT 2013 (Битола, Македонија), ICT Innovations 2009 (Охрид, Македонија), ICT Innovations 2010 (Охрид, Македонија), ICT Innovations 2011 (Скопје, Македонија), ICT Innovations 2012 (Охрид, Македонија), Mipro 2011 (Опатија, Хрватска), Mipro 2012 (Опатија, Хрватска), ITI 2011 (Цавтат, Хрватска), ITI 2012 (Цавтат, Хрватска), BCI 2012 (Нови Сад, Србија), EDUCON 2013 (Берлин, Германија), IEEE CloudNet 2012 (Париз, Франција), Cloud Computing 2012 (Ница, Франција), DSC 2012 (Солун, Грција), и ETAI 2011 (Охрид, Македонија).

Учествувал со своја презентација "Practical Approach to Teaching Software Testing" на 11-тата работилница "Software Engineering Education and Reverse Engineering" во 2011 година во Охрид и на WASA 2011 (Нови Сад, Србија) со презентацијата „Security based performance issues in agent-based web services integrating legacy information systems". Кандидатот учествувал и на работилниците во рамките на проектот iKnow во Дормтунд, Германија (2012), Љубљана, Словенија (2012), Битола (2012), Охрид (2012).

4. Учество во проекти и стручна активност

Вклучувајќи го извештајот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 17.10.2011, д-р Сашко Ристов досега има учествувано во 7 проекти на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство: Пресметување со високи перформанси кај пресметување во облак – HPCinCloud, Моделирање на нови функционалности и пресметување во облак за електронски набавки – eProcurementCloud, Интероперабилност на Софтвер како сервис во Пресметување во облак - Cloud SaaS Interoperability, Развивање на софтверски агент за зголемување на перформансите на веб сервиси кај пресметување во облак – CloudPerformanceAgent, Електронско тестирање како сервис – eAssess, Развивање на напредни средини за учење – EduLrn, Развивање на сервиси за подобри безбедност, перформанси, интероперабилност и е-учење во облак – SPIELinCLOUD. Учествувал и како виш експерт за системска архитектура и хардвер за проектот од Европската комисија EuropeAid/129385/C/SER/MK „Management Support to the New Computerised Transit System (NCTS) Implementation".

Кандидатот има изработено повеќе информациски системи. Следните информациски системи се за потребите на Воена болница – Скопје: комплетен информациски систем (КИС) за РТГ-одделение, Интерни одделенија, Клиничка лабораторија, Институт за превентивна медицина и Интендантска служба. За системот за дигитални тахографи во Македонија го има изработено системите за издавање на дигитални сертификати (MKD-CA) и подготовка на податоците за внес во дигиталните тахографи (MKD-DP). Кандидатот го изработил и информацискиот систем за управување со Slowmovers и Nomovers за Лек-Скопје.

Покрај изработка на информациски системи, кандидатот ја проектира и компјутерската мрежа во Воена болница – Скопје.

Кандидатот има учество и во неколку проекти како експерт и ревизор. Врши ревизија на безбедноста на системот за ERP-системот (SSB) во Лек-Скопје, ревизија и практично тестирање на процедури за обновување по испад (Disaster recovery) во Лек-Скопје, и двапати врши супервизија на безбедноста на информацискиот систем за избори во Косово во 2009 и 2010. Двапати има вршено ревизија на усогласеноста на Интервеј ДОО со ИСО 9001 како ИТ-експерт. Врширевизија на безбедноста на ИТ-системите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Исто така, врши надворешна ревизија на Сигма СБ за Quality Management System и хармонизација со барањата на Sandoz.

Кандидатот двапати учествува во промоција на Факултетот низ средните училишта низ државата, како и 4 пати на промоцијата на факултетот на Саемот за образование и 4 пати на Отворениот ден на УКИМ.

5. Други активности

Кандидатот одлично го познава англискиот јазик. Тој е активен член на следниве научни и стручни организации: IEEE (Institute of Electrical and Electronics Engineering). Член е на програмскиот одбор на конференциите IEEE EUROCON 2013 и IARIA Cloud Computing 2013.

Во 2013 година ја организира јубилејната 10. Меѓународна конференција CIIT 2013 во Молика, Битола. Учествува во организацијата на конференциите ICT

Innovations 2009-2012 и е технички едитор на веб-публикацијата од конференциите во 2010, 2011 и 2012.

Работел на поставувањето и одржувањето на веб-страниците за предметите на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје.

II. Биографски податоци, наставна, научна и стручна дејност на д-р Данко Илиќ

1. Биографски податоци

Данко Илиќ е роден во Скопје на 6 август 1979 година. Во јули 2003 година дипломирал на Институтот за информатика на ПМФ во Скопје и се стекнал со диплома на инженер по информатика. Во август 2004 година се запишал на постдипломски студии на Универзитетот Чалмерс во Гетеборг, Шведска, каде што магистрирал во март 2006 со одбрана на тезата „Теоремата на Цермело за добро подредување во теоријата на типовите", под менторство на проф. Тиери Коканд. Во октомври 2007 е вработен како докторанд при Лабораторијата за информатика на Политехничката школа во Париз, Франција. Докторирал во октомври 2010 година со одбрана на дисертацијата „Constructive completeness proofs and delimited control", под ментроство на проф. Хуго Хербелин, и се стекнал со докторат на науки од областа на информатиката. Во 2011 година ја добил наградата „Курт Гедел" за истражувања во областа на теоријата на доказите.

Кандидатот бил една година доцент на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (февруари 2011 – февруари 2012), а во текот на 2012 година соработувал во истражувачки проект при МАНУ. Неговиот поширок научен интерес се теоретските компјутерски науки, посебно математичката логика, од што има издадено неколку научни трудови, а своите резултати ги презентирал на повеќе научни конференции. Имал неколку студиски престои: два месеца на Универзитетот во Љубљана во 2008 година, два месеца на Универзитетот во Падова во 2009 година, еден месец на Универзитетот во Орхус во 2009 година, 4 месеци на Политехничката школа во Париз, годишен престој на Универзитетот во Утрехт во учебната 2006/2007 година.

2. Наставна активност

Како доцент на Факултетот за информатика при УГД во Штип, Илиќ држел настава во траење од еден семестар по предметите компајлери, стандарди за квалитет на софтвер, информатика за музичари и математика 1. За наставата подготвил пакет со наставни материјали. Бил член на комисија за одбрана на 5 дипломски работи.

Во 2012 година одржал едномесечен курс за докторанди на Универзитетот во Орхус, Данска.

3. Научноистражувачка дејност

Во својата научна работа, Илиќ отпечатил 4 научни труда, одржал презентации на петнаесетина научни конференции, бил учесник во 2 меѓународни научни проекта и имал други научни активности.

Публикувани научни трудови:

Трудови објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор со фактор со влијание:

[1] D. Ilik, G. Lee, H. Herbelin: Kripke models for classical logic, Annals of pure and applied logic 161 (2010), pp. 1367 – 1378.

[2] D. Ilik: Delimited control operators prove double-negation shift, Annals of pure and applied logic 163 (2012), pp. 1549 – 1559.

[3] D. Ilik: Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic, Annals of pure and applied logic 164 (2013), pp. 651 – 662.

Трудови објавени во зборници од конференции:

[4] D. Ilik: Zermelo's well-ordering theorem in type theory, T. Altenkirch and C. McBride (Eds), TYPES 2006, LNCS 4502, pp. 175 – 187.

Кус приказ на објавените резултати: Ќе дадеме кус приказ на добиените резултати од кандидатот.

Моделите на Крипке се користат за воведување семантика на модалните логики и на интуиционистичката логика. Во трудот [1] се покажува дека моделите на Крипке можат исто така да се користат како семантика за класичната логика. Притоа, пристапот во трудот е таков што дава директна презентација на Крипкеовата семантика за класичната логика.

Делимитирачките контролни оператори (ДКО) се користат во семантиките на програмските јазици како средство за пресметување на т.н. пресметувачки ефекти. Притоа, давањето добри математички објаснувања на ефектите е еден од главните истражувачки проблеми во семантиката. Во статијата [2] се даваат одговри на повеќе прашања, поставени од Хербелин, Филински и други: позитивно е одговорено дека постои логички систем кој ги има својствата за дисјункција и егзистенција, покрај двојно негирачката шема; даден е придонес во воспоставувањето логички статус на ДКО шифт/ресет; покажано е дека теоремата на Гливенко важи за системот MQC^{+} воведен од авторот.

Иако моделите на Крипке се стандардна семантика за интуиционистичката логика, сеуште не постои едноставен конструктивен доказ за нивната комплетост кога се земаат сите логички сврзници. Во трудот [3] се врши модифкација на моделите на Крипке и со тоа се дава доказ на комплетноста за интуиционистичката логика без потпирање на ДКО во мета јазикот. Врз оваа основа е изведен алгоритам за ламбда сметањето $\lambda^{\to\square}$.

Трудот [4] ги содржи резултатите од магистерската работа на кандидатот. Даден е доказ на теоремата на Цермело за добрата подреденост на секое 'множество', каде што под 'множество' се подразбира тип заедно со релација за еквиваленција. Притоа, во логичките рамки се користи проширувачка аксиома на избор. Авторот успева успешно да го проследи оригиналниот резултат на Цермело и во овој модифициран случај.

Кандидатот со свои соопштенија учествувал на следниве конференции.

1. A direct constructive proof of open induction on Cantor space, 12-th workshop PCC2013, Toulouse, France, 2013.

2. Application and meta-mathematical implications of double-negation shift, Workshop of RM and TT, Seoul, Korea, 2013.

3. Application and meta-mathematical implications of double-negation shift, INRIA, Paris, 2013.

4. Open induction on Cantor space via constructive control operators, LIP, Lyon, France, 2013.

5. Control operators as constructive extensions of intuitionictic logic, LIX, Parsifal, France, 2013.

6. Dependently typed continuation monads and normalization by evaluation, MSFP12, Tallin, Estonia, 2012.

7. Continuation-passing-style models, once more. LPPS, Paris, France, 2011.

8. L'argumentation dans les science mathematique et l'isomorphisme de Curry-Howard. OFFRES, Ohrid, Macedonia, 2011.

9. From models towards strong reduction for delimited control operators, RDP 2011, novi sad, Serbia, 2011.

10. Towards a new computational interpretation of sub-classical principles, AAS, Vienna, 2011.

11. Completeness proofs of classical, intuitionistic and one intermediate logic proving doble-negotion shift, based on forcing in Kripke-CPS models, KGRMW, Vienna, Austria, 2011.

12. Constructive proofs of completeness, extra-intuitionistic principles, and delimited control operators. ENS Lyon, France, 2011.

13. Constructive completeness theorems and delimited control, workshop CALM, Kanazawa, Japan, 2010.

14. Kripke models for classical logic, University of Padova, Italy, 2009.

15. Formalizing a completeness theorem in Coq, seminar FMTCS, Ljubljana, Slovenia, 2008.

16. Deliomited control derives double-negation shift, Logic Colloqium, Paris, France, 2010.

17. Zermello's well-ordering theorem in type theory, AMASL, Montreal, Canada, 2006.

Кандидатот е учесник во два меѓународни проекти: Types for proofs and programs и Non-coherent communication for future wireless.

4. **Стручна дејност.** Илиќ има соработувано во изработка на софтверски пакети, бил шеф на катедра и членувал во комисија при ФИ на УГД во Штип.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходното, Рецензентската комисија ги донесе следниве заклучоци:

1. Д-р Сашко Ристов во текот на целата своја работна активност како асистент постигнувал завидни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручната дејност. Тој успешно работел во областа на пресметување во облак, процесорски архитектури и паралелно процесирање и развој на методологии за полесно учење на хардверски предмети. Во целокупната досегашна научна активност, кандидатот д-р Сашко Ристов има објавено вкупно 21 рецензиран научен труд во врвни меѓународни списанија и реферирани конференции, како и има објавено уште 18 труда во зборници од меѓународни конференции. Според google scholar има реферирано 26 труда и 30 цитати за две години и постигнал h-индекс 3. Според scopus-индексираната база на научни трудови, има вреднувано 16 труда. DBLP-базата на библиографскки единици има евидентирано 7 труда во 2012 и 1 во 2011. Arnetminer-базата евидентира 7 труда. Според IEEE-базата има објавено 7 труда, а според ACM digital library-базата има 3 труда. Бил активен во 7 проекти на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и во 1 проект на Европската комисија. Д-р Сашко Ристов е добитник на наградата „Научник на годината“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2012 година, како и на наградата за најдобар труд на конференцијата IEEE EDUCON 2013, за трудот под реден број 19. Тој е активен член на повеќе реномирани научни и стручни организации. Активно учествува во наставните и организациони активности на Факултетот.

2. Д-р Данко Илиќ е без асистентско искуство и само со едногодишно наставно искуство. Неговото пошироко општествено и стручно дејствување е исто така минимално. Тој има поголем научноистражувачки придонес во неговото потесно научно подрачје, математичката логика, посебно во интуционистичката логика, користењето на делимитирачките контролни оператори, и во нивната примена во теоретските компјутерски науки. Преку печатените трудови и учеството во бројни научни конференции, работилници и семинари, како и со добивањето на Геделовата награда, веќе се афирмирал како признат млад научен работник. Во целокупната досегашна научна активност, кандидатот д-р Данко Илиќ има објавено вкупно 4 рецензирани научни трудови во врвни меѓународни списанија и реферирани конференции, а учествувал и на 17 меѓународни конференции со свои презентации. Според google scholar има реферирано 9 труда и 16 цитати и нема профил со пресметан h-индекс. Според academics.research.microsoft има публикувано 5 труда и еден цитат. Според scopus-индексираната база на научни трудови има вреднувано 12 труда. DBLP-базата на библиографскки единици има евидентирано 9 труда. Arnetminer-базата евидентира 8 труда. Според IEEE-базата нема објавувано трудови, а според ACM digital library-базата има еден труд.

Според горенаведеното, имаме чест на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје, да му предложиме д-р Сашко Ристов да биде избран во звањето доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марјан Гушев, редовен професор на ФИНКИ во Скопје с.р.

Д-р Љупчо Антовски, вонреден професор на ФИНКИ во Скопје с.р.

Д-р Иван Чорбев, доцент на ФИНКИ во Скопје с.р.

Скопје, 7. 5.2013

АНЕКС

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Данко Миломир Илиќ
(име, татково име, презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
(назив на факултетот/институцијата)

Научна област: информатика и компјутерско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Настава од прв циклус студии 2010-2011 Летен семестар - вкупно 10 часа - Компајлери - 4 часа неделно - Стандарди за квалитет на софтвер – 4 часа неделно - Информатика (Факултет за музичка уметност) – 2 часа 2011-2012 Зимски семестар - вкупно 6 часа - Компајлери - 4 часа неделно - Математика 1 - 2 часа неделно Вкупно: 16*19*0,04=12,16	12,16
2	Настава од трет циклус студии 2012 - Proofs-as-programs correspondence, recent developments and type isomorphisms на Универзитетот Орхус, Данска – 20 часа Вкупно: 20*0,06=1,2	1,2
3	Подготовка на нов предмет Предавања на додипломски студии - Компајлери - Стандарди за квалитет на софтвер - Информатика - Математика 1 Предавања на трет циклус студии - Proofs-as-programs correspondence, recent developments and type isomorphisms Вкупно 5*1 = 5	5
4	Консултации со студенти Настава прв циклус на Универзитетот „Гоце Делчев“ - 678 студенти Настава од трет циклус на Универзитетот во Орхус, Данска - 10 студенти Вкупно: 688*0,002 =1,376	1.376

5	Член на комисија за дипломска 5*0,1	0,5
	Интерна скрипта од предавања - Компајлери 4 (дали е помината на ннс)	
	Вкупно	20,676

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
1	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: 1. **D. Ilik**, G. Lee, H. Herbelin, Kripke models for classical logic, Annals of pure and Applied Logic, 161(11) 1367-1378, August 2010 – impact factor 0,646. 2. **D. Ilik**, Delimited control operators prove double-negation shift, Annals of pure and Applied Logic, 163(11) 1549-1559, November 2012 – impact factor 0,646. 3. **D. Ilik**, Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic, Annals of pure and Applied Logic, 164(6) 659-662, June 2013 – impact factor 0,646. Вкупно: 2*(6+0,646)*1+(6+0,646)*0,8*1 = 13.292+6.317	18,609
2	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор 1. **D. Ilik**, Zermelo's Well-Ordering Theorem in Type Theory, Thorsten Altekirch and Conor McBridge, editors, Types for proves and Programs, Volume 4502 of Lecture Notes in Computer Science, 175-187, 2007. Вкупно: 1*3*1= 3	3
3	Пленарни предавања на научен собир со меѓународно учество: 1. 15 Mart, 2013 The Deducteam Seminar, INRIA, Paris, France 2012 со презентацијата Application and meta-mathematical implications of Double negation Shift. 2. 18 Mart, 2013 LIP, ENS-Lyon, France 2012 со презентацијата Open Induction on Cantor Space. 3. 25 Март 2012, The fourth workshop on Mathematically Structured Functional Programming 2012, со презентацијата Dependently typed continuation monads and normalization by evaluation. 4. 28-29 April 2011, Conference honoring the Winners of the Kurt Gödel Research Prize Fellowships 2008 and 2011, презентација " Towards a new Computational Interpretation of Sub-Classical Principles ". Вкупно: 4*3=12	12

4	Секциски предавања на научен собир со меѓународно учество: 1. 22-23 април 2013, учесник на Twelfth International Workshop, Toulose, France, со презентацијата A Direct Constructive Proof of Open Induction on Cantor Space. 2. 25-30 март 2013 учесник на Workshop on Reverse Mathematics and Type Theory, Seoul National University, Seoul, Korea, со презентацијата, Application and meta-mathematical implications of Double negation Shift. 3. 16 - 24 јули Droit, polittique, sciencies, XIe Universite europeenne d'ete du reseau PFFERES, Ohrid, Macedonia со предавањето L'argumentation dans les science mathematiques et l'isomorphisme de Curry-Howard. L'argumentation. 4. 29 мај 2012, Theory and Practice of Delimited Continuations Workshop TPDC 2011, a Workshop affiliated with RDP 2011, Short abstract: From models towards strong reduction for delimited control operators. 5. 27 April 2011, Kurt Gödel Research Mini-Workshop, предавање: Completeness proofs for classical, intuitionistic and one intermediate logic proving Double-negation Shift, based on forcing in Kripke-CPS models 6. 6 January 2011, одржал семинар на Laboratoire de l'Informatique du Parallélisme, Лион, Франција, презентација: "Constructive proofs of completeness, extra-intuitionistic principles, and delimited control operators". 7. July 2010, Logic Colloquium 2010, Assotiation for symbolic logic, Universite Paris-Diderot, France, предавање: Delimited Control Derives Double-negation Shift; 8. 8 - 12 March 2010, Workshop on Constructive Aspects of Logic and Mathematics, предавање: Constructive Completeness Theorems and Delimited Control 9. 19 May 2006, Annual Meeting of the Assotiation for Symbolic Logic, Quebec University of Montreal, Canada, презентација: Zermelo's Well-Ordering Theorem in Type Theory Вкупно: 9*2=18	18
5	Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет: 1. 19 Mart, Parisfal, LIX, Ecole, Polityteknique, France со излагањето Control operators as constructive extensions of intuitionistic logic. 2. 29 Ноември, Groupe de travil Semantique, Laboratoire Preuves, Programmes et Systems, Paris, France со предавањето Continuation-passing-style models once more. Вкупно: 2*3=6	6

6	Учество на научен/стручен собир со реферат - Усна презентација 1. March 2009, Seminar of Logic group , Department of pure and Applied Mathematics, University of Padova, Italy, Предавање: Kripke Models for Clasical Logic. 2. 5 July 2008, Seminar za osnove matematike in teoretičnega računalništva, предавање: " Formalising a Completeness theorem in Coq ". Вкупно 2*1=2	2
	Вкупно	59.609

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
	Вкупно	/

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
3	Изработка на нов софтверски пакет систем: - Софтверски пакет за тестирање на карактеристики на криптографски хаш функции - Collaborative Dictionaries, веб-апликација за колаборативно создавање на реченици - Парцијален евалуатор/нормализатор за класични и за ламбда терми со суми, со формален доказ за коректност во Coq Вкупно:3*2	6
Дејности од поширок интерес		
1	Награда за научни истражувања од струкова организација (самостојна): - награда „Kurt Godel Research Prize" 2011, за научни истражувања доделена од Kurt Godel Society, Виена, Австрија. Вкупно: 1*3=3	3
2	Студиски престој во странство до 3 месеци: - мај-јуни 2008, Факултет за математика и физика, Универзитет во Љубљана, Словенија; - март-април 2009, Факултет за чиста и применета математика, универзитет во Падова, Италија; - септември 2012, Оддел за информатика, Универзитет во Орхус. Студиски престој во странство до 6 месеци: - мај-август 2006, студиска практика на Политехничката школа во Париз, Франција.	8,5

	- Студиски престој во странство повеќе од 6 месеци: - август 2004- март 2006, магистерски студии на Универзитетот во Чемерс во Гетеборг, Шведска; - септември 2006 – јуни 2007, специјалистички студии на Универзитетот Утрецт и Универзитетот Најмаген, Холандија; - октомври 2007 – октомври 2010, докторски студии на Политехничката школа во Париз, Франција. Вкупно: 3*0,5 + 1*1+3*2=8,5	
4	Раководител на внатрешна организациона единица: - шеф на Катедрата за програмски јазици, технологии и алгоритми при Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ Вкупно: 1*3	
5	Член на факултетска комисија: - Член на Комисија за признавање на предмети од други факултети при Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ Вкупно: 1*0.5=1	1
Спортска дејност		/
	Вкупно	18,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	20,676
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	59,609
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	18,5
Вкупно	98,785

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марјан Гушев, редовен професор на ФИНКИ во Скопје с.р.

Д-р Љупчо Антовски, вонреден професор на ФИНКИ во Скопје с.р.

Д-р Иван Чорбев, доцент на ФИНКИ во Скопје с.р.

Скопје, 7. 5.2013

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: _____ **САШКО ЌИРО РИСТОВ** _____
(име, татково име и презиме)

Институција: __**Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** _____
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: ___ **информатика и компјутерско инженерство** _____

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или семинарски труд) - Прилог 1	61,65
2	Консултации со студенти - Прилог 1	4,514
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 35)	7
6	Превод на книга H. Garcia-Molina, J. D. Ullman, J. Widom "Database Systems, the Complete Book", 2nd Edition.	3
	Вкупно	**76,164**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одбранета докторска дисертација на тема: „ПЕРФОРМАНСИ И БЕЗБЕДНОСТ КАЈ ПРЕСМЕТУВАЊЕ ВО ОБЛАК", Скопје, 14.11.2012	8
2	Одбранета магистерска теза на тема: „АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВЕБ СЕРВИСИ И НЕЈЗИНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ВЕБ СЕРВЕРИТЕ", Скопје, 11.5.2011	4
3	Труд со оригинални научни/стручни рез., објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 2)	10
4	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 2)	70,8
5	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 2)	5,4
6	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (прилог 2)	3,2
7	Учесник во национален научен проект (7 проекта), Прилог 3	21
6	Учество на научен/стручен собир со реферат (18 конференции, 7 работилници)	25
	Вкупно	**147,4**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (2011, 2012 Промоција на Финки низ средните училишта, 4 пати на Саем за образование 2009-2013, 2009-2013 Отворен ден на УКИМ)	6
2	Експертски активности (ревизија на безбедноста на SSB, Disaster recovery, супервизија на безбедноста на информацискиот систем за избори (2), ИСО 9001 (2), безбедноста на ИТ-системите на ФИНКИ, Сигма СБ за QMS	8
3	Виш експерт за системска архитектура и хардвер за проектот EuropeAid/129385/C/SER/MK „Management Support to the New Computerised Transit System (NCTS) Implementation" во Царина на РМ	1
4	Одговорен проектант на проектот: Компјутерска мрежа во „Воена болница" - Скопје	1
5	Дизајн или изработка на информациски систем (РТГ, Интерни одделенија, Клиничка лабораторија, ИПМ, Интендантска служба, MKD-CA, MKD-DP, Slowmovers и Nomovers)	8
Дејности од поширок интерес		
1	Награда за научник на годината на УКИМ за 2012	3
2	Награда за најдобар труд на IEEE конференција EDUCON 2013	1
3	Краток студиски престој од TEMPUS-постдипломските студии на насоката софтверско инженерство во Нови Сад, Република Србија, во 2009 година	0,5
4	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (IEEE EUROCON 2013, CloudComputing 2013, CIIT 2013)	3
5	Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (CIIT 2013)	1
	Вкупно	**32,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	76,164
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	147,4
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	32,5
Вкупно	**256,064**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Марјан Гушев, с.р., претседател
2. Вонр. проф. д-р Љупчо Антовски, с.р., член
3. Доц. д-р Иван Чорбев, с.р., член

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Факултет за информатички науки
и компјутерско инженерство

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА И ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИНФОРМАТИКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, одржана на 25. 4. 2013 година, во врска со конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Журнал" на 17.4.2013 година, бевме избрани за Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања на наставно-научната област математика и теориски основи на информатиката.

На конкурсот се пријавија д-р Марија Михова, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, доктор на математички науки, и д-р Данко Илиќ, доктор на науки од областа на информатиката. По разгледувањето на приложените документи, до Наставно-научниот совет го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. *Биографски податоци, наставна, научна и стручна дејност на д-р Марија Михова*

1. **Основни биографски податоци.** Марија Михова е родена на 21 август 1976 година во Штип. Основно и средно образование има завршено во Штип. Во текот на основното и средното образование, а и како студент, учествувала на повеќе републички, државни, сојузни и меѓународни натпревари по математика, физика и информатика, на кои има освојувано поголем број на награди. На Природно-математичкиот факултет во Скопје, отсек математика, наставна насока, е запишана учебната 1995/96 година, а дипломирала во ноември 1999 година.

Постдипломски студии запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на отсекот теориска математика, и во јули 2004 година го одбранила магистерскиот труд "Моделирање на надежност на системи со повеќе состојби", под менторство на проф. Жанета Попеска, и се стекнала со звањето магистер на математички науки. На иститот Факултет во февруари 2008 ја одбранила својата докторска дисертација „Моделирање на надежност на непоправливи повеќе-состојбени системи со независни компоненти и хомогени Маркови транзиции", под менторство на проф. Жанета Попеска, и се стекнала со научен степен доктор на математички науки.

Демонстратор на Институтот за информатика на ПМФ била во периодот од октомври 2000 година до март 2001, кога е избрана за помлад асистент на Заводот за теориски основи на информатиката на Институтот за информатика. Во 2005 година е избрана за асистент, а 2008 година за доцент на Институтот за информатика на ПМФ. Од 2011 година, по формирањето на Факултетот за информатички технологии и компјутерско инженерство, продолжува да работи на Факултетот за информатички технологии и компјутерско инженерство како доцент.

Во текот на својот работен ангажман на ПМФ и ФИНКИ, Михова одржува вежби и настава по повеќе наставни предмети и работи со голем број студенти, како на додипломските, така и на постдипломските студии. Нејзиниот научен интерес пошироко е во областите на дискретната математика и теоретските

компјутерски науки, а посебно се интересира за надежност на системи, теоријата на графови, теоријата на броеви, примена на квазигрупите, како и за дигитизација на културното и националното богатство. Во нејзината стручна дејност е забележлив нејзиниот ангажман во Здружението на информатичарите на Република Македонија, посебно во работата со учениците од средните и основните училишта од нашата држава.

Понатаму ќе дадеме поширока анализа и преглед на активноста на кандидатката во наставната, научната и стручната дејност.

2. **Наставна активност.** Како асистент на ИИ на ПМФ, Михова има одржувано вежби по вкупно 14 предмети на институтите за информатика, математика, географија и хемија на ПМФ, како и на Земјоделскиот факултет.

Како доцент на ПМФ и ФИНКИ, во периодот 2009 - 2014 година, кандидатката го имала следниов наставен ангажман:

Предавања на додипломски студии од прв циклус: мултимедија, компајлери, дискретни структури 1, математика 1, линеарна алгебра, алгоритми и сложеност, дискретни структури 2, алгоритми, мултимедијални технологии, формални јазици и автомати, тимска работа, дигитизација и е-презентација. (Дел од овие предавања се одржани по повик и на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип.)

Аудиториумски вежби на додипломски студии и студии од прв циклус: дискретни структури 1, статистика, алгоритми и сложеност, компајлери.

Предавања на студии од втор циклус 4+1: напредни алгоритми, динамичко програмирање и стохастичка контрола, математички основи на роботика, надежност на компјутерски системи и мрежи, проект.

Предавања на студии од втор циклус 3+2: компајлери, формални јазици и автомати, алгоритми, дискретни структури 1.

Учество во проекти: ЕДУБУНТУ – проект за обука на наставниците од средните училишта.

Ментор на магистерски теми: Наташа Максимова, „Надежност на повеќе – состојбени двотерминални транспортни системи"

По голем дел од предметите за кои одржувала предавања, Михова има подготвено наставни материјали во вид на слајдови или скрипти:

- Скрипта по предметот Алгоритми;
- Слајдови по предметите дискретна математика 1, дискретни структури 1, дискретна математика 2, мултимедијални технологии и компајлери.

Во текот на изминативе 5 години, кандидатката била ментор на 30 дипломски работи и била член на 40 комисии за одбрана на дипломска работа.

За истакнување е дека Михова вовела неколку нови наставни предмети и дека постојано се труди да ги открие надарените студенти, на кои им дава дополнителни и предизвикувачки проблеми, со цел да ги воведе во почетоците на научноистражувачката работа.

3. Научноистражувачка дејност. Во периодот од последниве пет години, Михова има учествувано на поголем број научни конференции со свои пленарни предавања и реферати, и има објавено повеќе научни трудови во научни списанија и зборници од конференции.

Публикувани научни трудови:

Трудови објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор со импакт фактор:

[1] **M. Mihova**, Z.Popeska, Multi-state Systems with Graduate Failure and Equal Transition Intensities, Mediterranean Journal of Mathematics , Vol 6, No 1, March 2009 , pp. 61-72.

Трудови објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:

[2] **M. Mihova**, N. Maksimova, Estimation of Minimal Path Vectors of Multi State Two Terminal Networks with Cycles Control, Mathematica Balcanica, Vol. 25 (2011), Fasc. 4, 437-446, http://www.mathbalkanica.info/toc/siteCONT25-4.pdf

[3] **M. Mihova**, Zh. Popeska, Estimation of Minimal Path Vectors of Multi-state Systems from Failure Data, ICT Innovation 2011, (2012), 299-208

[4] S. Markovski, **M. Mihova**, An Explicit Formula for Computing the Partition Numbers p(n), Mathematica Balcanica, Vol. 22 (2008), Fasc. 1-2, 101-120, http://www.mathbalkanica.info/toc/Cont2212.pdf

Трудови објавени во научно списание:

[5] **M. Mihova**, Zh. Popeska, Estimation the Failure Intensities of Multi – component System with Multi-state Components, Mathematica Macedonica Vol.8 (2010) 107-114; http://www.institutzamatematika.com/images/3/36/Povekekomp_ocenuv2.pdf

[6] N. Ackovska, M. Jovanov, **M. Mihova**, S. Markovski, Achevements and Results of Center for Digitization of the National Heritage of Macedonia, Review of the National Center for Digitization, 12 (2008), 96-102.

Трудови објавени во зборници од конференции:

[7] **M. Mihova**, B. Iliovski, The Optimal Profit Repairs Policy of One-component Multi-state System with Graduate Failure, Proceeding of the The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 2002-2005.

[8] **M. Mihova**, N. Stojkovska, Simulating the Profit of Work on Multi-state two terminal transportation system, Proceeding of the The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 2009-2013.

[9] **M. Mihova**, M. Siljanoska, S. Markovski, Tracing Bit Differences in Strings Transformen by Linear Quasigroups of Order 4, Proceeding of the The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 229-233.

[10] M. Jovanov, **M. Mihova**, E. Stankov, N. Ackovska, Informatics in Primary and Secondary Schools: Revision in Macedonian Education, Proceeding of the 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 352-355.

[11] M. Jovanov, **M. Mihova**, E. Stankov, E. Janevska, New Web Site and Services of Computer Society of Macedonia, Proceeding of the The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), 356-358.

[12] M. Jovanov, **M. Mihova**, Extending the Web Portal CDNN for Presenting Video Projects, Proceedings of the 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011) 138 – 140.

[13] M. Jovanov, **M. Mihova**, N. Ackovska, S. Markovski, Re-design of the CDNH Portal, Proceedings of the 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), (2010), 133-136.

[14] **M. Mihova**, N. Maksimova, Minimal Cut Sets for Transportation System, Proceedings of the 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), (2010) 188-193.

[15] **M.Mihova**, N. Maksimova, Kj. Gjorgjiev, Optimal improving of network reliability: Reliability of the improved network, Proceedings of the IV Congress of the Mathematicians of Republic of Macedonia, Struga 2008, (2010) 247-257.
[16] **Mihova**, S. Markovski, Statistical test for randomness of the sequence using random walk on thorus, Proceedings of the IV Congress of the Mathematicians of Republic of Macedonia, Struga 2008, (2010) 203-214.
[17] **M. Mihova**, N. Synagina, "An algorithm for calculating multi-state network reliability using minimal path vectors", Proceedings of the Sixth International Conference on Informatics and Information Technology, Bitola 2008, Faculty of natural sciences and mathematics, Institute of informatics, 2009, ISBN 978-9989-668-784, 12-15.
[18] **M. Mihova**, M. Jovanov, N. Ackovska, S. Markovski: "CDNH Portal" Proceedings of the Sixth International Conference on Informatics and Information Technology, Bitola 2008, Faculty of natural sciences and mathematics, Institute of informatics, 2009, ISBN 978-9989-668-784, 12-15, 60-63.
[19] **M. Mihova**, B. Ilijoski,.N. Stojkovic. The Optimization of the Profit of a Parallel System with Independent Components and Linear Repairing Cost, ICT Innovations 2012, Web Proceedings, 507-516.
[20] R.S. Ødegård, **M. Mihova**, D.Gligoroski, On some properties of Boolean matrices from Latin squares, Proceedings on the 1st International Workshop on Security and Communication Networks (IWSCN), 2009, IEEE, (2011), 1-4. http://ieeexplore.ieee.org/xpl/mostRecentIssue.jsp?punumber=5677668.

[21] D. Gligoroski, R.S. Ødegård, **M. Mihova**, S.J. Knapskog, A. Drapal, V. Klima, J. Amundse, M. El-Hadedy, Cryptographic hash function Edon-R, Proceedings on the 1st International Workshop on Security and Communication Networks (IWSCN), 2009, IEEE, (2011), 1-9. http://ieeexplore.ieee.org/xpl/mostRecentIssue.jsp?punumber=5677668.

[22] **M.Mihova**, N. Maksimova, Analysis of an Algorithm for finding Minimal Cut Set, ICT Innovations 2010 Web Proceedings (2010), 299-308.

[23] **M. Mihova**, N. Maksimova, Z. Popeska, "An algorithm for calculating multi-state network reliability with arbitrary capacities of the links", Proceedings of the Fourth International Bulgarian-Greek Conference - Computer Science'2008, September 2008, Kavala, Greece.

Кус приказ на објавените резултати: Ќе дадеме кус приказ на добиените резултати од кандидатката.

Во трудот [1] се разгледува непоправлив повеќе - состојбен систем со постепено расипување и еднакви интензитети на расипување, каде што секоја компонента може да работи во една од $M+1$ линеарно подредени состојби. Процесот на расипување на компонентите се моделира како хомоген Марков процес, со тоа што се претпоставува дека секоја од компонентите може да се расипе само за едно ниво надолу. Уште повеќе, се претпоставува дека компонентите работат независно една од друга. Под претпоставка дека интензитетите на расипување се еднакви, во трудот се изведуваат оценувачи за непознатите интензитети на расипување, кои помагаат во пресметка на надежноста на системот.

Трудовите [3] и [5] разгледуваат повеќе - состојбени системи, со постепено расипување на компонентите (расипување за едно ниво во еден момнент) или со независни компоненти кои можат да се расипуваат само за едно ниво во даден момент. Преку дадените алгоритми се даваат оценувачи за горната граница на

функцијата на надежност, односно за интензитетите на транзиција на системите за едно ниво.

Проблеми поврзани со двотерминалните мрежи, односно мрежи со еден извор и еден сливник, се третирани во повеќе трудови од кандидатката, тоа се [2], [14], [15], [22], [23], [8] и [7]. Наведени се повеќе алгоритми со кои се пресметуваат: а) сите минимални пат вектори за одредено ниво на проток од изворот до сливникот, со тоа што се прават одредени оптимизации на брзината на алгоритамот кои се базирани на контрола на циклусите; б) минималните пресек - множества на двотерминален транспортен систем; в) надежноста на поправен систем со зголемена брзина, кога системот има експоненцијална сложеност; г) минималните пресек множества на двотерминална мрежа, каде што линковите можат да се најдат само во една од двете состојби – работи или не работи; д) надежноста на повеќе-состојбени двотерминални мрежи кај кои протокот низ секој од линковите не мора да има целобројна вредност, т.е. може да биде кој било реален број; ѓ) минималните пат вектори за дадено ниво j на повеќе - состојбена двотерминална мрежа, кај која линковите можат да работат со одредено ниво на работа.

Во трудовите [6], [11], [12], [13] и [18] е прикажана работата на Центарот за дигитизација на националното наследство (ЦДНН) и неговиот портал, како и сајтот на Здружението на информатичарите на Македонија. Прикажани се резултатите на ЦДНН, посебно на неговиот веб - портал за презентација на националното наследство, кој во тој момент нуди голем број содржини и претставува најголем веб - портал за презентација на македонското национално наследство. Објаснета е улогата на порталот на ЦДНН, неговата идеја и неговата цел. Прикажан е неговиот дизајн, архитектура, содржина и начин на пребарување.

Еднокомпонентен повеќе - состојбен системи кој може да се расипува постепено, за едно ниво полошо во еден момент, но за кој се дозволени поправки за одредена цена, се разгледува во [7]. Цената на поправката зависи од нивото со кое работи системот. Во трудот се пресметува нивото од кое треба да се поправа системот, секогаш кога ќе се најде во тоа ниво, под претпоставка на позната цена на поправка за секое ниво на работа и познат профит ако системот работи со одредено ниво единица време, така што се добива оптимален профит при работата на системот.

Во [19] се разгледува паралелен систем со независни компоненти, кај кој секоја од компонентите независно се расипува. Се претпоставува дека секоја компонента едакво придонесува во профитот на системот, и дека е дадена цената на поправка на множество расипани компоенти. Врз основа на ваквите претпоставки се пресметува оптималниот број на компоненти кои треба да се расипат, за да се прави поправка на дел од компонентите, како и оптималниот број на компоненти кои треба да се поправат. Покажано е дека секогаш е најисплатливо да се поправаат сите расипани компоненти.

Главниот резултат во трудот [4] е изведувањето на експлицитна формула за пресметување на бројот p(n) од партиции на природните броеви n, т.е кардиналниот број на множеството P (n), множество од сите подредени n-торки $(k_1, k_2, \ldots, k_n)$ за кои важи дека сумата од броевите ik_i го дава n. Оваа формула е изведена врз основа на некои рекурзивни формули за пресметување на ваквите броеви.

Трудот [9] претставува анализа на Буловата презентација на квазигрупите од ред 4, која се базира на изведување на некои својства кои важат за параметрите кои се јавуваат во таквата презентација. Посебно се разгледуваат линеарните

квазигрупи од ред 4 за кои се анализира аваланш ефектот при криптирање со е-трансформации и се добива дека ваквите квазигрупи се лоши за криптирање на податоци. Изведени се повеќе својства за овие квазигрупи и е добиено дека врз основа на тие својства бројот на вакви квазигрупи може многу лесно да се пресмета.

Ако имаме случајно шетање по дискретен торус, тогаш по n чекори со одредена веројатност би се нашле во дадена точка од тој торус. Во трудот [16] се изведуваат овие веројатности, кои понатаму се користат за изведување на статистички тест кој ќе проверува дали дадена низа е случајна или не.

Трудовите [20] и [21] го прикажуваат придонесот на Михова во тимот во состав D. Gligoroski, R.S. Ødegård, **M. Mihova,** S.J. Knapskog, A. Drapal, V. Klima, J. Amundse, M. El-Hadedy, со кој учествава на отворениот натпревар за избор на хаш функција, NIST hash function competition, организиран од National Institute of Standards and Technology (NIST), со нивната хаш функција Cryptographic hash function Edon-R. Оваа функција користи специфични Булови матрици, за кои се докажуваат неколку својства што овие матрици ги поседуваат. EDON-R е најбрза функција предложена на натпреварот на NIST, и покажаните својства се користат за анализа на нејзината резистентност од некои видови напади.

Учество на конференции. Михова, со свои презентации, учествувала на повеќе конференции во земјата и во странство.

1. 18-21 април 2013, Молика, Битола, 10-th Conference for Informatics and Information Technology CIIT2013, со две презентации: Analysis of the Problem of Macedonian Folk Dance Recognition и Matrix Presentation of Quasigroups of Order 4;
2. 20-21 септември 2012, Beograd, The XI National Conference New Technologies and Standards: Digitization of National Heritage 2012 со презентација: Promotion of Macedonian Traditional Folk Songs Through Modern Musics Videos.
3. 19-23 септември 2012, Сараево, International Congress on Mathematics MICOM 2012, со презентација: Optimal Repairing Policy for Parallel System with Independent Components and Linear Repairing Cost.
4. 12-15 September 2012, Ohrid, ICT Innovation 2012, со презентација: Promotion of Macedonian traditional folk song through modern music videos.
5. 19-22 April 2012, Molika, Bitola, Ninth Conference for Informatics and Information Technology CIIT2012 со 5 презентации: Simulating the Profit of Work on Multi-state two terminal transportation system, The Optimal Profit Repairs Policy of One-component Multi-state System with Graduate Failure, Tracing Bit Differences in Strings Transformen by Linear Quasigroups of Order 4, Informatics in Primary and Secondary Schools: Revision in Macedonian Education, New Web Site and Services of Computer Society of Macedonia.
6. 14-16 September 2011, Skopje, ICT Innovation 2011 со презентација: Estimation of Minimal Path Vectors of Multi-state Systems from Failure Data;
7. 16-18 март 2011, Битола, 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010) со презентација: Extending the Web Portal CDNN for Presenting Video Projects.
8. 24-27 февруари 2010, Битола, Seventh International Conference on Informatics and Information Technology, со 4 презентации: Infoboard for ongoing II teaching activities, A Construction of Projective Planes using Two Operation Algebras, Minimal Cut Sets for Transportation system и Redesign of the CDNH portal.

9. 10 - 13 септември 2010, Охрид, Mathematical Conference 2010 Dedicated to Professor Gorgi Cupona, со презентација: Analysis of an Algorithm for Finding Minimal Cut Set for Directed Network.
10. 16 – 20 September, 2009, Охрид, MASSEE - International Congress on Mathematics, MICOM 2009, со презентација: Estimation of minimal path vectors of multi state two terminal networks with cycles control.
11. 18 - 19 септември 2008, Кавала, Грција, Fourth International Bulgarian-Greek Conference, Computer Science'2008, со презентација: An Algorithm for Calculating Multi-State Network Reliability with Arbitrary Capacities of the Links.
12. 04-07 September 2008, Охрид, Математичка Конференција - 85 години од животот на Професор Благој Попов, со 2 презентации: Multi-state two terminal network reliability estimation using minimal path vectors of the sub networks и Reliability estimation of unrecoverable one-component homogenous systems with graduate failure.
13. 12-15 јуни 2008, Брлград, Србија, The fourth SEEDI International Conference: Digitization of cultural and scientific heritage, со презентација: Directory search of digitized content: an implement solution.
14. 10-14 февруари 2008, Битола, Sixth International Conference on Informatics and Information Technology, со 2 презентации: An algorithm for calculating multi-state network reliability using minimal path vectors и Enrichments of the portal of CDNH.
15. Октомври 2008, Струга, IV Congress of the Mathematicians of Republic of Macedonia, со презентација: Optimal improving of network reliability: Reliability of the improved network.
16. 20 мај 2011, Скопје, LAN Fest Conference 2011, со предавањето: „Центар за дигитализација на национално наследство - достигнувања и резултати".

Кандидатката го има пријавено проектот „Анализа и моделирање на повеќе-состојбени и комплексни системи" во Министерството за образование и наука.

4. Стручна дејност. Михова е еден од основачите на Центарот за дигитизација на културно наследство кој работеше на Институтот за информатика на ПМФ, односно сега на ФИНКИ, и е член на SEEDI, Јужно - европска иницијатива за дигитизација. Во склоп на овој центар учествувала во изработка на голем број проекти за презентација на македонското национално наследство, од кои повеќето се презентирани на веб - порталот http://cdnh.ii.edu.mk/. Под нејзино менторство се изработени и неколку документарни филмови кои го презентираат македонското национално наследство, и во текот на 2009 година шест од тие филмови беа прикажани на Македонската телевизија.

Кандидатката е активен член на Здружението на информатичарите на Македонија, и од 2010 година е член на Извршниот одбор на ЗИМ. Учествувала во изработката на веб - порталот на Здружението, http://cs.org.mk/. Како член на ова Здружение, во последните пет години учествувала во организацијата на голем број натпревари по информатика, и тоа како: член на комисиите за регионалните натпревари по програмирање за учениците од основно и средно образование; член на комисиите за државните натпревари по програмирање за учениците од основно и средно образование; член на комисиите за Македонските олимпијади по информатика; член на жири - комисиите за оцена на проекти на државните натпревари по информатика по апликативни вештини за учениците од основното образование; член на Организациониот одбор на Балканската олимпијада по

информатика во 2008 година; член на Научниот одбор на Јуниорската балканска олимпијада по информатика во 2012 година; организирала подготовки на студентите за меѓународни натпревари по информатика во периодот од 2010 до 2012 година; била лидер на македонската екипа на Балканската олимпијада по информатика во 2008 година; лидер на македонската екипа на Балканската олимпијада по информатика во 2009 година; лидер на македонската екипа на Јуниорската балканска олимпијада по информатика во 2009 година.

Михова секоја година учествува во организацијата на подготовките на учениците од основно и средно образование за меѓународни натпревари по програмирање, за таа цел има изработено материјали за учење, а на дел од овие подготовки се појавувала и како предавач. Учествувала во повеќе комисии од разни видови: за оцена на студентски проекти од областа математика и областа информатика, за изработка на наставни планови по информатика за средно образование и тоа за прва и втора година гимназиско и средно стручно образование, за промоција на ИИ на ПМФ и на ФИНКИ.

Во периодот од 2008 до 2012 година е координатор по ЕКТС на Институтот за информатика на ПМФ и на студиите на насоките АСИ и ИТ на ФИНКИ.

Била член на Организиционио одбор на Првата SEEDI конференција што се одржа во Охрид. Учествува и во програмските одбори на 7, 8 и 9-тата Интернационална конференција за информатика и информатички технологии и во програмските одбори за конференциите ICT-ACT. Исто така е уредник на Зборникот на трудови од Шестата интернационална конференција по информатика и информатички технологии одржана во Битола, Македонија.

II. *Биографски податоци, наставна, научна и стручна дејност на д-р Данко Илиќ*

1. **Основни биографски податоци.** Данко Илиќ е роден во Скопје на 6 август 1979 година. Во јули 2003 година дипломирал на Институтот за информатика на ПМФ во Скопје и се стекнал со диплома на инженер по информатика. Во август 2004 година се запишал на постдипломски студии на Универзитетот Чалмерс во Гетеборг, Шведска, каде што магистрирал во март 2006 со одбрана на тезата „Теоремата на Цермело за добро подредување во теоријата на типовите“, под менторство на проф. Тиери Коканд. Во октомври 2007 е вработен како докторанд при Лабораторијата за информатика на Политехничката школа во Париз, Франција. Докторирал во октомври 2010 година со одбрана на дисертацијата „Constructive completeness proofs and delimited control“, под ментроство на проф. Хуго Хербелин, и се стекнал со докторат на науки од областа на информатиката. Во 2011 година ја добил наградата „Курт Гедел” за истражувања во областа на теоријата на доказите.

Кандидатот бил една година доцент на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (февруари 2011 – февруари 2012), а во текот на 2012 година соработувал во истражувачки проект при МАНУ. Неговиот поширок научен интерес се теоретските компјутерски науки, посебно математичката логика, од што има издадено неколку научни трудови, а своите резултати ги презентирал на повеќе научни конференции. Имал неколку студиски престои: два месеца на Универзитетот во Љубљана во 2008 година, два месеца на Универзитетот во Падова во 2009 година, еден месец на Универзитетот во Орхус во 2009 година, 4 месеци на Политехничката школа во Париз, годишен престој на Универзитетот во Утрехт во учебната 2006/2007 година.

2. Наставна активност. Како доцент на Факултетот за информатика при УГД во Штип, Илиќ држел настава во траење од еден семестар по предметите компајлери, стандарди за квалитет на софтвер, информатика за музичари и математика 1. За наставата подготвил пакет со наставни материјали. Бил член на комисија за одбрана на 5 дипломски работи.

Во 2012 година одржал едномесечен курс за докторанди на Универзитетот во Орхус, Данска.

3. **Научноистражувачка дејност.** Во својата научна работа, Илиќ отпечатил 4 научни труда, одржал презентации на петнаесетина научни конференции, бил учесник во 2 меѓународни научни проекта и имал други научни активности.

Публикувани научни трудови:

Трудови објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор со фактор на влијание:

[1] D. Ilik, G. Lee, H. Herbelin: Kripke models for classical logic, Annals of pure and applied logic 161 (2010), pp. 1367 – 1378.

[2] D. Ilik: Delimited control operators prove double-negation shift, Annals of pure and applied logic 163 (2012), pp. 1549 – 1559.

[3] D. Ilik: Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic, Annals of pure and applied logic 164 (2013), pp. 651 – 662.

Трудови објавени во зборници од конференции:

[4] D. Ilik: Zermelo's well-ordering theorem in type theory, T. Altenkirch and C. McBride (Eds), TYPES 2006, LNCS 4502, pp. 175 – 187.

Кус приказ на објавените резултати: Ќе дадеме кус приказ на добиените резултати од кандидатот.

Моделите на Крипке се користат за воведување семантика на модалните логики и на интуиционистичката логика. Во трудот [1] се покажува дека моделите на Крипке можат исто така да се користат како семантика за класичната логика. Притоа, пристапот во трудот е таков што дава директна презентација на Крипкеовата семантика за класичната логика.

Делимитирачките контролни оператори (ДКО) се користат во семантиките на програмските јазици како средство за пресметување на т.н. пресметувачки ефекти. Притоа, давањето добри математички објаснувања на ефектите е еден од главните истражувачки проблеми во семантиката. Во статијата [2] се даваат одговри на повеќе прашања, поставени од Херберлин, Филински и други: позитивно е одговорено дека постои логички систем кој ги има својствата за дисјункција и егзистенција, покрај двојно - негирачката шема; е даден придонес во воспоставувањето логички статус на ДКО шифт/ресет; покажано е дека теоремата на Гливенко важи за системот MQC^{+} воведен од авторот.

Иако моделите на Крипке се стандардна семантика за интуиционистичката логика, уште не постои едноставен конструктивен доказ за нивната комплетост кога се земаат сите логички сврзници. Во трудот [3] се врши модифкација на моделите на Крипке и со тоа се дава доказ на комплетноста за интуиционистичката логика без потпирање на ДКО во метајазикот. Врз оваа основа е изведен алгоритам за ламбда сметањето $\lambda^{\rightarrow/}$.

Трудот [4] ги содржи резултатите од магистерската работа на кандидатот. Даден е доказ на теоремата на Цермело за добрата подреденост на секое 'множество', каде што под 'множество' се подразбира тип заедно со релација за

еквиваленција. Притоа, во логичките рамки се користи проширувачка аксиома на избор. Авторот успева успешно да го проследи оригиналниот резултат на Цермело и во овој модифициран случај.

Учество на конференции. Кандидатот со свои соопштенија учествувал на следниве конференции.

1. A direct constructive proof of open induction on Cantor space, 12-th workshop PCC2013,Toulouse, France, 2013.

2. Application and meta-mathematical implications of double-negation shift, Workshop of RM and TT, Seoul, Korea, 2013.

3. Application and meta-mathematical implications of double-negation shift, INRIA, Paris, 2013.

4. Open induction on Cantor space via constructive control operators, LIP, Lyon, France, 2013.

5. Control operators as constructive extensions of intuitionictic logic, LIX, Parsifal, France, 2013.

6. Dependently typed continuation monads and normalization by evaluation, MSFP12, Tallin, Estonia, 2012.

7. Continuation-passing-style models, once more. LPPS, Paris, France, 2011.

8. L'argumentation dans les science mathematique et l'isomorphisme de Curry-Howard. OFFRES, Ohrid, Macedonia, 2011.

9. From models towards strong reduction for delimited control operators, RDP 2011, novi sad, Serbia, 2011.

10. Towards a new computational interpretation of sub-classical principles, AAS, Vienna, 2011.

11. Completeness proofs of classical, intuitionistic and one intermediate logic proving doble-negotion shift, based on forcing in Kripke-CPS models, KGRMW, Vienna, Austria, 2011.

12. Constructive proofs of completeness, extra-intuitionistic principles, and delimited control operators. ENS Lyon, France, 2011.

13. Constructive completeness theorems and delimited control, workshop CALM, Kanazawa, Japan, 2010.

14. Kripke models for classical logic, University of Padova, Italy, 2009.

15. Formalizing a completeness theorem in Coq, seminar FMTCS, Ljubljana, Slovenia, 2008.

16. Deliomited control derives double-negation shift, Logic Colloqium, Paris, France, 2010.

17. Zermello's well-ordering theorem in type theory, AMASL, Montreal, Canada, 2006.

Кандидатот е учесник во два меѓународни проекта: Types for proofs and programs и Non-coherent communication for future wireless.

4. Стручна дејност. Илиќ има соработувано во изработка на софтверски пакети, бил шеф на катедра и членувал во комисија при ФИ на УГД во Штип.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно наведените факти, Рецензентската комисија ги донесе следниве заклучоци:

1. Д-р Марија Михова во текот на целата своја работна активност како асистент и доцент на Природно-математичкиот факултет и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство постигнувала завидни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручната дејност.

Постојано работела со голем број студенти на кои им држела настава од повеќе наставни предмети, дел од кои таа за прв пат ги вовела. Нејзиниот однос кон студентите е стимулирачки и со задавање предизвикувачки проблеми ги поттикнува да се вклучуваат во решавање и на научноистражувачки проблеми. За потребите на наставата подготвувала помошни материјали, скрипти, слајдови, дополнителни задачи и друго.

Нејзиниот научен ангажман само во последниве пет години се согледува преку публикувањето на 23 труда во меѓународни и домашни списанија и зборници на трудови од меѓународни и домашни конференции, како и со учеството на 16 меѓународни и домашни конференции, каде што презентирала повеќе од 20 реферати. Со тоа кандидатката веќе стекнала соодветно научно реноме во земјава и пошироко.

За потенцирање е ангажманот на Михова во популаризацијата и ширењето на науката меѓу младата популација кај нас. Активно учествува во изведувањата на натпреварите по информатика на сите нивоа, како и во подготовките на учениците за натпревари. Таа е еден од основачите на ЦДНН, и активно учествува во презентацијата на нашето дигитизирано национално наследство. Во рамките на ИИ на ПМФ, како и на ФИНКИ, Михова дала свој придонес во работата на бројни комисии и извршувала поголем број задолженија.

2. Д-р Данко Илиќ е без асистентско искуство и само со едногодишно наставно искуство. Неговото пошироко општествено и стручно дејствување е исто така минимално. Тој има поголем научноистражувачки придонес во неговото потесно научно подрачје, математичката логика, посебно во интуционистичката логика, користењето на делимитирачките контролни оператори, и во нивната примена во теоретските компјутерски науки. Преку печатените трудови и учеството во бројни научни конференции, работилници и семинари, како и со добивањето на Геделовата награда, веќе се афирмирал како признат млад научен работник.

Според покажаните досегашни резултати, Рецензентската комисија со големо задоволство заклучи да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство **да ја избере д-р Марија Михова за вонреден професор по наставно-научната област математика и теориски основи на информатиката.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ФИНКИ с.р.

Д-р Жанета Попеска, редовен професор на ФИНКИ с.р.

Д-р Верица Бакева, редовен професор на ФИНКИ с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО – СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Данко Миломир Илиќ
(име, татково име, презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
(назив на факултетот/институцијата)

Научна област: математика и теориски основи на информатика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
1	Настава од прв циклус студии 2010-2011 Летен семестар - вкупно 10 часа - Компајлери - 4 часа неделно - Стандарди за квалитет на софтвер – 4 часа неделно - Информатика (Факултет за музичка уметност) – 2 часа 2011-2012 Зимски семестар - вкупно 6 часа - Компајлери - 4 часа неделно - Математика 1 - 2 часа неделно Вкупно: 16*19*0,04=12,16	12,16
2	Настава од трет циклус студии 2012 - Proofs-as-programs correspondence, recent developments and type isomorphisms на Универзитетот Орхус, Данска – 20 часа Вкупно: 20*0,06=1,2	1,2
3	Подготовка на нов предмет Предавања на додипломски - Компајлери - Стандарди за квалитет на софтвер - Информатика - Математика 1 Предавања на трет циклус студии - Proofs-as-programs correspondence, recent developments and type isomorphisms Вкупно 5*1 = 5	5
4	Консултации со студенти Настава од прв циклус на Универзитетот „Гоце Делчев” - 678 студенти Настава од трет циклус на Универзитетот во Орхус, Данска - 10 студенти	1.376

	Вкупно: 688*0,002 =1,376	
5	Член на комисија за дипломска 5*0,1	0,5
	Вкупно	20,676

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
1	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: 1. **D. Ilik**, G. Lee, H. Herbelin, Kripke models for classical logic, Annals of pure and Applied Logic, 161(11) 1367-1378, August 2010 – impact factor 0,646. 2. **D. Ilik**, Delimited control operators prove double-negation shift, Annals of pure and Applied Logic, 163(11) 1549-1559, November 2012 – impact factor 0,646. 3. **D. Ilik**, Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic, Annals of pure and Applied Logic, 164(6) 659-662, June 2013 – impact factor 0,646. Вкупно: 2*(6+0,646)*1+(6+0,646)*0,8*1 = 13.292+6.317	18,609
2	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: 1. **D. Ilik**, Zermelo's Well-Ordering Theorem in Type Theory, Thorsten Altekirch and Conor McBridge, editors, Types for proves and Programs, Volume 4502 of Lecture Notes in Computer Science, 175-187, 2007. Вкупно: 1*3*1= 3	3
3	Пленарни предавања на научен собир со меѓународно учество: 1. 15 Mart, 2013 The Deducteam Seminar, INRIA, Paris, France 2012 со презентацијата Application and meta-mathematical implications of Double negation Shift. 2. 18 Mart, 2013 LIP, ENS-Lyon, France 2012 со презентацијата Open Induction on Cantor Space. 3. 25 Март 2012, The fourth workshop on Mathematically Structured Functional Programming 2012, со презентацијата Dependently typed continuation monads and normalization by evaluation. 4. 28-29 April 2011, Conference honoring the Winners of the Kurt Gödel Research Prize Fellowships 2008 and 2011, презентација " Towards a new Computational Interpretation of Sub-Classical Principles ". Вкупно: 4*3=12	12
4	Секциски предавања на научен собир со меѓународно учество: 1. 22-23 април 2013, учесник на Twelfth International Workshop,	18

	Toulose, France, со презентацијата A Direct Constructive Proof of Open Induction on Cantor Space. 2. 25-30 март 2013 учесник на Workshop on Reverse Mathematics and Type Theory, Seoul National University, Seoul, Korea, со презентацијата, Application and meta-mathematical implications of Double negation Shift. 3. 16 - 24 јули Droit, polittique, sciencies, XIe Universite europeenne d'ete du reseau PFFERES, Ohrid, Macedonia со предавањето L'argumentation dans les science mathematiques et l'isomorphisme de Curry-Howard. L'argumentation. 4. 29 мај 2012, Theory and Practice of Delimited Continuations Workshop TPDC 2011, a Workshop affiliated with RDP 2011, Short abstract: From models towards strong reduction for delimited control operators. 5. 27 April 2011, Kurt Gödel Research Mini-Workshop, предавање: Completeness proofs for classical, intuitionistic and one intermediate logic proving Double-negation Shift, based on forcing in Kripke-CPS models. 6. 6 January 2011, одржал семинар на Laboratoire de l'Informatique du Parallélisme, Лион, Франција, презентација: "Constructive proofs of completeness, extra-intuitionistic principles, and delimited control operators". 7. July 2010, Logic Colloquium 2010, Assotiation for symbolic logic, Universite Paris-Diderot, France, предавање: Delimited Control Derives Double-negation Shift. 8. 8 - 12 March 2010, Workshop on Constructive Aspects of Logic and Mathematics, предавање: Constructive Completeness Theorems and Delimited Control. 9. 19 May 2006, Annual Meeting of the Assotiation for Symbolic Logic, Quebec University of Montreal, Canada, презентација: Zermelo's Well-Ordering Theorem in Type Theory. Вкупно: 9*2=18	
5	Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет: 1. 19 март, Parisfal, LIX, Ecole, Polityteknique, France со излагањето Control operators as constructive extensions of intuitionistic logic. 2. 29 ноември, Groupe de travil Semantique, Laboratoire Preuves, Programmes et Systems, Paris, France со предавањето Continuation-passing-style models once more. Вкупно: 2*3=6	6
6	Учество на научен/стручен собир со реферат - усна презентација	2

	1. March 2009, Seminar of Logic group , Department of pure and Applied Mathematics, University of Padova, Italy, Предавање: Kripke Models for Clasical Logic. 2. 5 July 2008, Seminar za osnove matematike in teoretičnega računalništva, predavaње: " Formalising a Completeness theorem in Coq". Вкупно 2*1=2	
	Вкупно	59.609

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
	Вкупно	/

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активоста:	Поени
3	Изработка на нов софтверски пакет систем: - Софтверски пакет за тестирање на карактеристики на криптографски хаш функции - Collaborative Dictionaries, веб апликација за колаборативно создавање на реченици - Парцијален евалуатор/нормализатор за класични и за ламбда терми со суми, со формален доказ за коректност во Coq Вкупно:3*2	6
Дејности од поширок интерес		
1	Награда за научни истражувања од струкова организација: (самостојна) - награда „Kurt Godel Research Prize", 2011, за научни истражувања доделена од Kurt Godel Society, Виена, Австрија. Вкупно: 1*3=3	3
2	Студиски престој во странство до 3 месеци - мај-јуни 2008, Факултет за математика и физика, Универзитет во Љубљана, Словенија; - март-април 2009, Факултет за чиста и применета математика, Универзитет во Падова, Италија; - септември 2012 Оддел за информатика, Универзитет во Орхус. Студиски престој во странство до 6 месеци - **мај-август 2006, студиска практика на Политехничката** школа во Париз, Франција.	8,5

